■ **Светската премиера на проектот "Клуч" го наполни Антички театар до последното место. Бројни беа посетителите на овој концерт преку кој се зборува со јазикот на музиката. Песните беа отсвирени со стаклени инструменти чии корени се од времињата на митовите, а беше претставена врвната интерпретација на уметниците**



Со прекрасните звуци на топчестата флејта од стакло со идентична форма на неолитската флејта, кавалот и окарината, древните инструменти изработени од стакло, македонскиот мултиинструменталист проф. м-р Драган Даутовски, завчеравечер на бината на Антички театар во Охрид ја плени публиката.

Музиката чиста како стакло на најголемиот празник Илинден уште еднаш ја раскажа македонската приказна преку автентичните инструменти.

Светската премиера на проектот „Клуч" го наполни Антички театар до последното место. Бројни беа посетителите на овој концертот преку кој се зборува со јазикот на музиката. Песните беа отсвирени со стаклени инструменти чии корени се од времињата на митовите, а прикажана е и врвната интерпретација на уметниците. Охриѓани и туристите имаа единствена можност да проследат спектакуларен перформанс на македонскиот уметник и да бидат дел од големиот музички спектакл. Ова беше и ретка прилика за многумина да бидат дел од настапот на врвниот уметник и музичар Даутовски кој покрај на кавал, гајда и тамбура свиреше и на топчеста флејта стара 6000 години. Заедно со него на сцената настапи и неговиот Квартет кој изведе композиции од постариот материјал, како и нови кои досега не се изведени.

– На Антички присуствував на извонреден концерт. Беше отсвирена македонската приказна преку музиката чиста како стакло. Ретки се вакавите уметници кои знаат да направат спектакал со древни инструменти, но И инструменти изработени од стакло, вели добар познавач на музиката на Даутоски од Скопје.

Стаклените инструменти, специјално за македонскиот музички виртуоз, се создадени од рацете на сликарот Стевче Јованоски, кој се занимава и со обработка на предмети од ваков материјал. ■

(С.В.)

...бота 21
...дела 22
...рил
...07
...дина VII
...ој 2051
**ВЕСТ** www.vest.com.mk

Читај и мисли слободно

# Оживеана по 6.000 години



ИСТОРИСКИ НАСТАН: ДАУТОВСКИ ЈА РАЗБУДИ ДРЕВНАТА ОКАРИНА

СТР. 32-33

# Окарината оживеана по 6 илјади години

ИСТОРИСКИ НАСТАН



Совршен мир и совршен спој предодреден за средбата на Даутовски и топчестата флејта од пред 6 илјади години



Квартетот на Драган Даутовски свири ворлд мјузик рамен на светските музички имиња од оваа област

Историски настан беше концертот на квартетот на Драган Даутовски, завчеравечер во Универзалната сала на првата концертна промоција на 6 илјади стариот инструмент, топчестата флејта или "Флејтата од Македонија". Поголем дел од публиката плачеше, возбудата беше нескриена, со аплаузи на отворена сцена, со овации, со извици браво.

Свечен и величествен чин беше овој настан не само за уметникот и неговата придружба и особено возбудливиот вокал на Александра Поповска, туку и за сите присутни и за оние што го овозможија спојот на вредната окарина со Даутовски. Музиколозите велат дека тој ја потсети окарината да свири, ги повика гласовите стари илјадници години, а звукот што излезе од неа беше вонвременски и вонпросторен, тој беше универзален што потсетуваше на светската музика на сите најстари цивилизации на човештвото.

Како да се случи чудо со допирот на Даутовски со ова топче на кое тој вежба година и пол и за кое имаше компонирано 4 стилски различни композиции, покажувајќи ги можностите на флејтата дека таа е инструмент која ја спојува традиционалната музика со технолошките достигнувања на 21 век. Аплаузи и воодушевувања предизвика и изведбата за крај на "Си залубив едно моме" во современ аранжман што беше вистински погодок за будење на вековната духовна вертикала на востоението на музичкиот генij на овие простори.

Даутовски на крајот им се заблагодари на сите заслужни за овој настан, особено на семејството кое го трпело да вежба и додаде:"Не беше лошо, но имам уште многу да учам". *(М. За.)*



Беровските тапанџии главен музички акцент во најавата на свечениот крај на концертот



Возбудлив глас.- Александра Поповска

фото. В. Танушовски



## Gayda

The *gayda* (bagpipes) is an aerophonic instrument. A mouthpiece is used to inflate the sheepskin bag which releases air into the pipes that produce the sound.



## Kaval

A *kaval* is an aerophonic instrument with a soft, tender and sophisticated sound. It is traditionally a shepherds' instrument.



## Tapan

A drum in the form a hollow cylinder with leather stretched over both its sides. The leather is most often of goatskin, lambskin or calfskin. The cylinder ring is made of nutwood with a thickness of about 5mm.



## Zurla

The *zurla* is an aerophonic instrument with an oboe-type double reed. It is a funnel-shaped pipe with eight playing holes (seven on the front and one on the back of the pipe), seven sound holes (*plasnici*), beak (*stivec*) and the mouthpiece (*mednik*).



## Tambura

A Macedonian strummed string instrument with an original sound and a very long tradition. It is carved from a single piece of timber.



## Tarabuka

A hand percussion instrument which has been used in Macedonian music since ancient times and is believed to originate from Babylonia. The body is made of pottery decorated with ethnic designs. The *tarabuka* is used mostly in folk ensembles, usually at fairs, weddings and other festive occasions.

# The Music & Instruments

Macedonian music is characterised by soft and beautiful melodies, and highly irregular rhythm. It often has polyrhythmic combinations, where 4/8 is followed by 5/8, 7/8 by 4/8, 9/8 by 11/8 - variations of time and beat frequently unnoticeable to the Western ear. The typical *sedmorka* (the seventh) 7/16 is a three-beat measure. There is also the Macedonian 13/16 measure. There are also quarter tones and even smaller interval fractions.

According to some musicologists, the archaism in Macedonian music, costumes and dances can be attributed to the fact that many parts of Macedonia have survived for centuries in servitude. However, during the period of Ottoman rule, the augmented second was introduced to Macedonian folk singing. In the second half of the 19th century, as contact with the West grew through increased travel abroad, the thirds and seconds and harmonisation were gradually introduced.

The Macedonian woman deserves most of the credit for preserving the purity of the Macedonian folk songs, particularly those that contain the folk legends and traditions. Among the many songs for females only are the ritual songs of St. Lazarus (*lazarice*), sung in combination with dances and performed on St. Lazarus Day, eight days before Easter, on the eve of Palm Sunday. They are songs and dances of rebirth. The girls hold rehearsals every evening for several days leading up to St. Lazarus Day. The first evening of rehearsal is held at the house of the oldest girl, with all further rehearsals held at the other girls' house in order of age. Related to the *lazarice* are the *kralici* (Queens) on St. George's Day or at Whitsuntide. Here, the women wear tall headdresses, often adorned with a sacred picture. The singer-dancers used to carry swords, later replaced by handkerchiefs and fluttering banners of red silk or roughly woven cloth, decorated with apples, bells and magic plants. The aim of the *kralici*, like that of the *lazarice*, is to bring health and happiness.

In the final decade of the 19th century, around 400 Macedonian folk songs were collected and published in Sofia, Bulgaria. Following WWI, a large number of Macedonian folk songs were published by Serbian, Bulgarian and Macedonian musicologists. By 1982, more than 2,500 were published. The first compilers of Macedonian folk songs were influenced by Western European musical traditions and could not easily analyze the Macedonian meter and rhythm.

*Source:* Stoyan Pribichevich





**СИМБОЛ** „Инструментот е симбол на постојаната потреба од духовна слобода", открива Драган Даутовски

инструменти како, кавал, тамбура, гајда, тапан", објаснува Даутовски.

**■ ФЛЕЈТА** Откога во близината на Велес беше пронајдена топчестата флејта, која потекнува од времето на неолитот пред шест илјади години, Даутовски стана нејзиниот неразделен пријател, или поточно, собеседник. Откривајќи ги тајните на инструментот, Даутовски ги

на музичарот. Веројатно тука лежи клучот на проектот „Клуч". Инспириран од совршеното создание на навидум едноставната флејта, која може да произведе вистинско богатство на звучната слика, се наметнува прашањето: „Од каде пред 6.000 години стигнало такво совршенство?". Невозможно е да се даде одговор на вечните прашања, но со внимателна анализа на распоредот на трите отвори на древното 'топче' може да се насети симболиката на обединувањето на телото – умот – духот, на минатото – сегашноста – иднината, на уметноста – науката – религијата, на Светото Тројство. Во откривањето на совршените димензии на музиката, несебична поддршка Даутовски

# ...тичниот звук на исконот



**ДРЕВНОСТ** Откривајќи ги тајните на топчестата флејта, Даутовски ги открива и тајните на древноста

на човекот со човека, времиња кога вербата во себе и во сè она што го опкружувало човекот била единствената движечка сила во битката за неговото опстојување. Нашата музика претставува синтеза на традиционалното со модерното, базирана врз автентичниот амбиент што го прават традиционалните

открива и тајните на древноста. Откривајќи го нејзиниот вонвременски звук кој поврзува векови и поколенија, како да ја открил сопствената мисија на живеењето во сегашно време и на овие простори. Велат, за да се откријат сите тајни на неолитскиот инструмент потребна е духовна подготовка

добива од музичарите кои го сочинуваат неговиот квартет: Александра Поповска, Бајса Арифовска и Ратко Даутовски.

**■ ГОСТИ** Сепак, настапот на Драган Даутовски во Античкиот театар во Охрид ќе биде нешто многу повеќе од концерт. Замислен како музички спектакл, покрај Александра Поповска, како вокален солист, и Ратко Даутовски, на удиралки, во проектот учествуваат и Драгана Даутовска, клавијатури, Цоле Максимовски, бас-гитара, Саша Ефтимова, кореограф и балетски уметник, КУД „Китка" од селото Истибања, КУД „Илинден" од Битола, КУД „Отекс" од Охрид и зурлациските состав „Беровци". Повеќе од сто музичари ќе ја пренесат пораката за мир и толеранција која Драган Даутовски со проектот „Клуч" ја упатува кон светот, во обид да стигне до „звучниот код на вечноста". ■

ПРЕКРАСНА ЗАВРШНИЦА НА ДЕНОВИТЕ НА МАКЕДОНСКАТА КУЛТУРА ВО САД

# Древната македонска окарина одекна во Светска банка

**Со "Holly night" отпеана од маестро Борис Трајанов и басот Александар Стефаноски, во чест на божикните празници во Америка, повеќе од достојно заврши нашето претставување на културата во САД**

*Дејан ТРАЈКОСКИ*
*Наш специјален известувач од Вашингтон*



Оддалеку се слуша магичен звук. На затемнетата сцена излегува човек со качулка на главата, и свири на чуден инструмент. Потоа зема гајда, и продолжува со македонски мелос...

Вака започна прекрасната и достојна завршница на Деновите на македонската култура во САД. Завчеравечер, во преполната сала на Светската банка во Вашингтон, Драган Даутовски ги изненади гостите со древниот инструмент, стар 6000 години, по што на сцената се појави маестро Борис Трајанов, пеејќи ја „Со маки сум се родил". Придружуван од пијанистот Дарко Мариновски, маестро Трајанов ги отпеа и традиционалните „Си заљубив едно моме", „Сношти минав", и „Кога падна на Пирина".

По паузата, на која поезија читаше Никола Маџиров, поддржан од тамбурата на Даутовски, следеше вториот дел, на кој Трајанов, Мариновски и басот Александар Стефаноски изведоа наполитански арии. По импресивниот настап, проследен со овации, следеше завршницата со „Holly night„ во чест на божикните празници во Америка. На сцената и во холот во салата на Светска банка, беше поставена и изложбата на Димче Исаиловски.

Последниот ден на Деновите на македонската култура во САД ги најави заменик-министерот за култура на Македонија, Драган Недељковиќ.

– Македонија е една од ретките земји во светот, која со факти ја докажува далечната историја на својата цивилизација. Земја со длабоки корени, земја на археолошки локалитети, на цркви, манастири, на тврдини и чаршии – на артефакти со висока историска и уметничка вредност, рече Недељковиќ, додавајќи дека Манифестацијата е извонредна можност за зацврстување на пријателството што постои помеѓу македонскиот и американскиот народ.

Деновите... понудија концерт на маестро Симон Трпчески со Симфонискиот оркестар на Чикаго, изложба на нашето современо сликарство, Македонски филмски фестивал во Њујорк, и настаните во Вашингтон. ■

## Имаше гости од Светска банка, ММФ, Стејт Департмент, Белата куќа...

*- Целта на културното претставување на Македонија на Деновите на македонската култура во САД, е да се допре до одредени таргетирани групи на американското општество. Со овој последен концерт организиран во Светската банка сакавме на некој начин и да го заокружиме претседавањето на Зоран Ставрески со бордот на директори на Светската банка и ММФ, така што имавме дел од гостите од овие реномирани финансиски институции. Имавме претставници на Стејт департментот и на Белата куќа, со цел да ја запознаеме администрацијата дека Македонија, и на културен план ги споделува вредностите на западната цивилизација. И самиот концерт беше така организиран. Се појавивме прво со нашето традиционално творештво, а вториот дел беше со оперски арии. Исто, гости беа и дел од македонската дијаспора.*

*Ова за ВЕЧЕР ги изјави македонскиот амбасадор во Вашингтон, Зоран Јолевски.*

*-Следната година поголемо внимание ќе посветиме на Конгресот. Ќе покaниме сенатори, конгресмени, и други вработени во Конгресот, со цел да ја претставиме македонската култура пред нив..., додаде амбасадорот Јолевски, кој ни откри и дека Кочани оркестра имаат покана за настап на најголемиот џез фестивал во Америка, покана што следувала по нивното претставување во Луизијана.* ■

**шата средина овде?**

**ерենц:** Има разлики и сличности меѓу копје и Загреб. За време на сите тие години поминати таму имавме можност да го познаеме и „Бјело дугме", групата што ги едини сите простори, а токму во Загреб ушнав и за Тоше Проески, за кој потоа знав дека е голема личност. Ние во Загреб го запознавме начинот на опуштено ужење. Овде, пак, комуникација е уште слободна и особено отворена спрема другите. Ми се чини дека во Загреб научивме се дружиме спонтано, а овде навистина киваме во тоа.

**нгарија е земја која од 2005 година е л од Европската унија. Да се биде дел Европа има предности, но и мани?**

**еренц:** Пред 20 години во нашата земпочнавме големи демократски промени и на сосема нова фаза во уредувањето на државата, политичка промена на системот од тоталитаризам во демократија. Ние 20 години градиме демократија, а доказ за тоа е членството во НАТО и во Европската унија. Ги средивме односите со соседите и покажавме дека сме многу подобри отколку што бевме. Мислам дека сега треба да дојдат на ред некои духовни работи во преден план, односно она што треба да им го оставиме на нашите синови. Во секој случај, тоа е процес на растење и на созревање на една држава. Знаете, да се влезе во Европската унија и да се има шенген-зона е голема работа. Јас сум роден во едно историско гратче на Дунав што се граничи со Словачка. Како деца ние постојано гледавме на другата страна од границата. Денес лесно одиме таму без пасоши, само го преминуваме мостот преку Дунав. Тоа е особено чувство. Пред 20 години не ни сонувавме





двајцата се едногсни дека во Македонија има сè што е требно за добар семен живот. Брачната ојка Кекеш овде се ствува како дома



## Концертот во Марковиот манастир - незаборавно искуство

**Во рамките на манифестацијата „Скопско лето", брачната двојка Кекеш присуствувала на концертот за промоција на новиот албум „Клуч" на Драган Даутовски. За нив тоа искуство навистина било незаборавно, па иако времето не им било многу наклонето, а патот непрооден, таму навистина ги дочекал убав амбиент.**

***- Мислам дека во целата таа атмосфера на концертот имаше некоја мистика. Јас ги обожавам македонските песни, особено „Зајди зајди", а секој ден откривам по некој рефрен*** **- ни открива Ала.**

ДРАГАН ДАУТОВСКИ КВАРТЕТ“ ВО УНИВЕРЗАЛНА САЛА

# крик стар шест милениуми



Членовите на квартетот со огромна самодоверба ги претставија новите нумери



Фото: Бисера Станоеска

Драган Даутовски свири на окарината

...зе со-
...народи
...де што
...т лока-

...от нас-
..., „Гла-
...осмис-
...овара-
...: прво
...откако
...пат на
... 6.000
...а беше
...ата на
...ужува-
...сти, на
...ел од
...еколку
... албум
...рни на
...скусен
...овска,
...ексан-
...каа де-

**Свирејќи на окарината, Даутовски го поврза современото со неолитските народи што живееле на овие простори пред повеќе од 6.000 години**

ка се суштински дел од составот, а не придружни сешн-музичари што можат лесно да се заменат а звукот на квартетот да не претрпи забележителни промени.

Свесни за силната „хемија“ што постои меѓу нив, членовите на квартетот со огромна самодоверба ги претставија новите нумери, се свртеа кон својот најдобар материјал досега и со невидена леснотија ја „прикажаа“ окарината во вистинско светло. Иако и последните композиции зрачат со топлината карактеристична за бендот, четворката најдобро звучи во својата основна форма, односно без електронските мирудии во заднина. Токму затоа „Копнеж“, „Балкан“ и „Јано, Јано“ отскокнаа со емотивноста, искреноста и меланхолијата што не може да се „одглуми“ при изведбата на традиционалната македонска музичка форма. Внесувањето, пак, на современи звучни елементи, ги прави овие теми „разбирливи“ и блиски до денешните „дигитални“ генерации. Најинтересен пример за ваквата фузија беше интерпретацијата на „Не си го продавај Кољо чифликот“, каде што можеа да се чујат денс и цез-влијанија, а љубопитните пронајдоа и танго-ритам во заднина. Всушност, тоа отсекогаш била и најсилната страна на „Драган Даутовски квартет“: тие не го китат традиционалниот мелос со одвишни елементи, туку го изведуваат на соголен начин низ модерна призма. А освен окарината, бисер на вечерта беше чистиот и вознесувачки глас на младата Александра Поповска, која на моменти повеќе го користи како инструмент отколку како вокал во класична смисла.

Концертот во Универзална сала повторно докажа дека, како и флејтата што ја претстави во јавноста, „Драган Даутовски квартет“ е формација што на вистински начин ги негува македонските музички вредности. На бендот сега му преостанува да го задоволи гладот на публиката за нов албум што трае од 2001 година, кога се појави епохалниот „Патот на сонцето“. ■

Нова Македонија | Вторник, 4 октомври 2011

Телефон: ++389 (0)2 5511711
Факс: ++389 (0)2 3060651
E-mail: zabavna@novamakedonija.com.mk

# Даутовски во нов минималистички музички проект



Практично, музиката на овој проект ќе биде во рамките на таканаречениот музички правец ворлд-мјузик, кој Драган одлично се снаоѓа во изнативе децении. Во творештвото уметникот, кое најмногу се базира традиционалниот македонски музички фолклор, често може да се препознаат елементи од класичната музика, од џез или поп-културата, но и традиционални мотиви и од другите етноси присутни на Балканот. На тој начин Даутовски создава сопствен и препознатлив стил. **М.Г.**

## „Културно уметнички работници“ промовира четврти албум

Новото албумско издание на скопската саркастична рокенрол-група „Културно уметнички работници“ на 10 октомври ќе биде концертно промовирано во клубот „МЦМ“.

Влезниците ќе чинат 150 денари, а секој посетител ќе добие и по еден примерок од новиот албум, насловен „Ha Ha Jolly Jolly“. Истиот ден албумот ќе биде пуштен за слободно симнување од Интернет, на страницата на веб-магазинот „Тајм машин мјузик“ (www.timemachinemusic.org). Албумот таму ќе биде достапен сè до 10 декември годинава.

За групата ова е четврти албум во кариерата, а досега во нивната дискографија се запишани изданијата: „Културно уметнички работници“ од 2002 година, „Amore Bene Tutti Prego“ од 2008 година, кој излезе под етикетата на „Рок-фест“, како и албумот насловен „Unplugged@Kanal 103“, што всушност е снимка од нивниот радиоконцерт во 2009 година.

Новото музичко парче на „работниците“ донесува 12 композиции, а некои од нив веќе се изведувани на концертите. Меѓу песните се наоѓаат „Вечниот студент“, „Ристе“, „Здравјето пред сè“, „Folsom prison blues“, како и „Ѓубрето“, која е во соработка со хипхоп-изведувачот Стиховен калибар. Насловната страница на албумот е дело на американскиот алтернативен уметник **Даниел Џонстон**, за чие користење „работниците“ добија дозвола лично од него.

Покрај стандардните членови, во реализацијата на „Ha Ha Jolly Jolly“ учествуваа и неколку гости меѓу кои: **Дарко Поповски-Блуз** на клавијатури, **Даме Златков** на труба, **Марија Неданова** на флејта и други. **М.Г.**

▶ **МАЛА СТАНИЦА**

# Даутовски засвири на окарината

## Звукот на топчестата флеjта стара 6000 години повторно ќе го чуеме на 19 април во Универзална сала





ФОТО: Ѓ. ЛИЧОВСКИ



Музичарот и етномузиколог Драган Даутовски прексиноќа во Мултимедијалниот центар „Мала Станица" за прв пат пред јавноста засвире на шест милениуми стариот археолошки наод – топчестата флејта наречена окарина. Официјалната промоција на окарината ќе се случи на на 19 април во Универзалната сала, каде со концертот „Глас на минатото" етносоставот Драган Даутовски Квартет ќе го промовира својот најнов албум.

Топчестата флејта – окарина е совршено сочуван и извонредно атрактивен музички инструмент и заедно со несекојдневната приказна која го следи овој археолошки наод, откриен пред 17 години на локалитетот Мраморот кај Чашка, Велес, само по себе претставува светска атракција од највисок уметнички и културолошки ранг. Даутовски претпостави дека откритието на окарината ќе побие многу музиколошки теории, а откривачот на топчестата флејта, советник кустос Трајанка Јовчевска од Музеј Велес најави голема промоција на „Флејтата од Македонија". ■ (А. Ј.)



ДНЕВНИК, **петок, 7 октомври 2011**

## „Биг С адреналин“ подготвува нов албум

Македонскиот алтернативен рок-бенд „Биг С адреналин“, по издавањето на синглот Personal Moon, работи на материјалот за својот прв албум. Групата деновиве доби нов гитарист во своите редови - Кристијан Волчев. Деби-изданието на „Биг С адреналин“ се очекува да биде издадено напролет.

**ДРАГАН ДАУТОВСКИ СО НОВАТА ИНСТРУМЕНТАЛНА ФОРМАЦИЈА**



**Новиот проект го основа зашто Даутовски смета дека како изведувач сè уште се нема изнасвирено, па инструментален состав е вистинскиот начин да го задоволи овој апетит**

# Со импровизации до

### Во план албум и настапи на светски фестивали

Вечерва ќе биде премиерниот настап на формацијата. Даутовски посочува дека проектот постојано ќе го „храни“ со нов репертоар и во иднина планира албум, настапи на светски фестивали, клупски свирки.

- Кај мене ништо не е еднократно. Ќе продолжам да правам музика и во оваа формација имам шанса да се релаксирам и да му се вратам на квартетот - појаснува тој.

желбата за работа. Тоа се млади луѓе кои имаат завршено или сè уште студираат на Факултетот за музичка уметност. Само Ратко во формацијата е дел и од квартетот - појаснува Даутовски.

Иако првично е замислено формацијата да биде отворена, лежерна и подложна на промени, музичарот признава дека неговата досегашна професионална биографија кажува дека ја сака постојаноста.

- Мислам дека само со стандардна формација може да се постигне нешто. Се работи за енергија, еден вид едноумие во музичка смисла. Не сум љубител на проекти на кои ќе гостуваат

▶ СПЕКТАКУЛАРНА ПРОМОЦИЈА НА ОКАРИНАТА



ФОТО: А. ИВАНОВСКИ



**Драган Даутовски Квартет прексинoќа во Универзална сала презентираа топчеста флејта, историја, древност пронајдена на овие простори која вади совршени звуци, иако е изработена од генијалец пред шест милениуми**

# ФАНТАСТИЧНИ ЗВУЦИ
## ОД МАКЕДОНИЈА ПРЕД 6000 ГОДИНИ

*Анита ЈОВАНОСКА*

Драган Даутовски, мултиинструменталист и професор на Факултетот за музичка уметност, прексинoќа во Универзалната сала сигурно се чувствуваше како најстариот човек на планетата, бидејќи свиреше на топчестата флејта, инструмент стар 6.000 години. Окарината пронајдена на локалитетот Мраморот кај населба Чашка произведува фантастични звуци, а публиката која беше присутна, иако не ја пополни до последно место Универзална сала, може да каже дека беше дел од историски настан.

Даутовски, Александра, Ратко, Бајса, Влатко и Брацо- тимот кој ни ги пренесе гласот од минатото, ги донесе исконските свети звуци на топчестата флејта – окарина, поради која Македонија ќе биде во редот со Кина, бидејќи само таму е пронајден еден толку редок инструмент од неолитот.

– Бог ни ја испрати топчестата флејта и јас ќе ја свирам за сите добри луѓе во светот. За официјалната политика окарината изгледа не значи ништо, меѓутоа за културното наследство на Македонија и за мојот народ флејтата е од епохално значење, изјави Даутовски по концертот.

Советник кустос Трајанка Јовчевска од Музеј Велес, која пред 17 години го откри овој наод вели дека во следниот период ќе треба да се одлучи конкретно за иднината на „Флејтата од Македонија".

– Сметам дека предметот од археолошка точка е исцрпен, сега на ред следуваат музиколозите и тие конкретно ќе треба да го проучат, да се изјаснат, вели Јовчевска. Таа се надева дека ќе бидат организирани и трибини, тркалезни маси, форуми преку кои ќе се анализира музиколошката страна на окарината.

– Ќе дадам се од себе приказната околу окарината да не се искористи во намери коишто не се во согласност со националниот интерес. Фокусот треба да биде окарината, а не правењето пари, вели Јовчевска. Таа објаснува дека кога пред 17 години го пронашла предметот, многу често им го покажувала на колегите што доаѓале во Музејот, но тие не верувале во неговата вредност.

– Јас верувам дека и сега ќе има Неверни Томи. И сега некои колеги ме прашуваат дали сум сигурна во тоа што го тврдам. Тоа е исто како да прашувате доктор дали неговиот пациент е болен од грип или не. Треба да има малку поголема доверба меѓу колегите, вели археологот и додава дека целиот проект околу промоцијата на окарината траел година и пол. Таа пред околу две години наодот го однела кај Драган Даутовски, како кај експерт, професор на Факултет за музичка уметност, којшто можел да го проучи и да даде мислење за него.

– Со договор со Управата за заштита на спомениците на културата, одлучивме предметот да се чува во домот на Даутовски, бидејќи на Драган му требаше време да го проучи и да научи да свири на него, објаснува Јовчевска. Таа како археолог смета дека Македонија како држава има голема среќа бидејќи голема реткост е на неолитски локалитет да биде пронајдена целосна, неуништена окарина.

– Ова наведува дека ако на локалитетот Мраморот најдовме топчеста флјета, тогаш сигурно има и во околните локалитети. Но, вистинска среќа е да се најде неуништена, целосно сочувана. Ние сигурно пронаоѓаме фрагменти, но не можеме да знаеме дека се од окарина. Човекот што предметот го изработил пред 6.000 години сигурно бил генијалец, бидејќи окарината претставува готов индустриски производ на музички инструмент, вели Јовчевска. ■

Телефон: ++389 (0)2 5511711
Факс: ++389 (0)2 3060651
E-mail: zabavna@novamakedonija.com.mk

# озвучи своето Скришно место



**Со писокот на гајдата светна и манастирот**

Даутовски се ре-
јанта, блесна це-
I, потем...стори-
іојот вистински
присутните, а бо-
ногу повеќе од
ој, техничките
оија за миг. И до-
е им се нафрлаа
акот одекна еле-
опчестата флеј-
олшебник со на-
почна да ги одо-
те и да ги дови-
отници да ја за-
. На писокот од
говори тапанот
одекнаа и тамбу-
**фовска** и вокал-
**Александра По-**

ожени од новата
публика на едно
о, Скришно ме-
абележи писате-
**ски**, тие во ние-

ден момент не калкулираа со сопствените енергии. И почнаа да ги нижат: „Патот на сонцето“, „Зајди, зајди“, „Молитва“, „Огледало“, „Гороцвет“... Првата голема експлозија од задоволство одекна по изведбата на „Велигденското оро“, а потем како мевлем за душата дојдоа и „Оф, Јано, Јано“ и особено „Со маки сум се родил“... Притоа, Даутовски кој не е само одличен инструменталист и автор туку и педагог, не можеше да го скрие задоволството од исполнетата виртуозност на своите млади соработници. Нивната потреба заеднички да слезат до изворот, каде што се напојувал народниот гениј, но наедно и да си дадат слобода непречено да исчекорат во нови современи звуковни пространства. Ова особено е бележито кај Поповска, која несомнено докажа дека по годините студии во Холандија суверено владе со својот глас како инструмент. Инструмент што провоцира и воодушевува, што отвора невидени можности во потрагата и во промоцијата на кодот на македонскиот музички јазик.

А по нецел час и половина, во миговите кога над Марков манастир небото се покри со ѕвезди, квартетот излегувајќи повторно на сцената се прости од публиката со сопствената изведба на „Јовка кумановка“. Емотивно, свирачки моќно и дефинитивно незаборавно.

Згора, со реализацијата на „Скришно место“ и симболичното звуковно обојување на Марков манастир, Драган Даутовски ја стори увертирата за својот проект „Клуч“, чија изведба е закажана за 2 август, на Илинден, во Античкиот театар на годинешново издание на интернационалниот фестивал „Охридско лето“. Таму уметникот на УНЕСКО чии изведби одамна се привилегија на светската културна понуда, очекува над 2.000 посетители и ведра ноќ. Умешноста, храброста и вербата во Бога ги има одамна во себе.



**Даутовски и Поповска**




was also invited to play with the Preservation Hall Jazz Band. In 2004, she premiered "Ping Pong," composer Anthony De Ritis' pipa concerto, with the Taipei Chinese Music Orchestra. Her piece "The Loneliest Monk" was commissioned and performed by House Blend at The Kitchen in New York City. Recent highlights included concerts with her Blue Pipa Trio at the JVC Jazz Festival and a guest appearance on Björk's new album, *Volta*. This year, she was a featured composer and performer with the American Composers Orchestra's "Composer Out Front" project. Ms. Min lives in Forest Hills, New York. She is also the founder of Blue Pipa, Inc.



ARA

*Talking Drum* (Nigeria)

The heritage of Ara is African. Her birth was shrouded in mystery, as she was being prepared by the ancestors for the task ahead of her as a music icon.

She was born into an aristocratic family in the early 1970s, who believes so much in keeping the good name of the family and as such places a premium on education and not "frivolities" like music. She started playing African percussions, like the conga, in her primary school days. She developed her skills up to secondary school where she formed her own band. Later, she joined several bands throughout Africa. She recorded a number of Afro beat tracks for a promotional outfit in Nigeria. In her sojourn for a proper identity of herself, her music, her origin and an identification of her roots, she stumbled on the Motown of Africa known as Atunda ENT.



SHYAMAL MAITRA

*Tablas* (India)

Born in Calcutta, India, Shyamal Maitra is a multi percussionist and composer. He studied Indian classical music which led him to the mastery of the tablas. Open to occidental influences, he experimented with electro, jazz and contemporary music without renouncing his cultural background. He has played and recorded with international artists GONG, Brian Eno, Khaled, Hector Zazou, DJ Cam, Smadj, Suns of Arqa and also with the most acclaimed Indian classical musicians. He is also involved in educational projects (Charles Cros award in 2002 for the CD nursery rhymes of Bengal) and wrote several music scores for films. In 2004 he received the ARIEL (Mexican Academy Award) for the "best feature film music" for the Mexican movie *Vera*. In December 2005 he worked with Radio France on the recording of the Grigg Percussion Ensemble (contemporary music of Bielorussia). In 2007, he was nominated for the "Bharat Ratan Award" and the "Jewel Of India Award". One of his compositions can be heard in the film *L'Invité* by Luc Besson (French film maker).

Mr Maitra has performed with the Melody for Dialogue among Civilizations Association since its inception in 2005.

PROGRAM



DRAGAN DAUTOVSKI

*Kaval, tambura, other instruments* (Republic of Macedonia)

Born in 1957 in the village of Rusinovo Berovo, Macedonia, Dragan Dautovsky has composed many works for various instrumental and vocal soloists, groups, and orchestras, including usage of folk instruments performed or recorded in Macedonia and the South East European region.

He teaches at the University of Sts. Cyril and Methodius as professor of the folk instruments kaval, gaida, and tambura. In 1992 he formed the Ensemble Mile Kolarovski performing concerts in Macedonia and other countries. This group also composed and performed music for the film *Before the Rain*. Dragan Dautovski is a great musician who has mastered more than twenty different musical instruments. He has performed across Europe and has featured in many articles on Eastern European folk music and art. He recently became the owner of an ancient musical instrument dating back to 2000 BC and is trying to register it as a heritage of his country.

Mr Dutovski has performed as a featured artist with the « Melody for Dialogue among Civilizations» Association since its inception in 2005.



ISMAIL ISIK

*Baglama* (Turkey)

Born in Turkey in 1953, Ismail Isik began playing the Turkish traditional instrument *baglama* (part of the *saz* family of instruments) at the age of six. His music studies with various experts in folk music helped him to perfectionize his art of playing and before graduating from university he became a renowned player accompanying famous Turkish singers.

He graduated in 1976 from Middle East Technical University (ODTÜ) as Civil Engineer, and completed his Master Degree in 1978 in Business Management. During this period (1970-1978), he was the President and Conductor of the Turkish Folk Music Society (THBT). He has performed many concerts in Turkey and abroad and he represented the Turkish Ministry of Culture in Japan where he introduced the Turkish traditional music to public.

He has four albums to his credit: Sarı Durnam (1976), Anadolu Döktürmeleri (1978), Altın Hzma (1997) and Bir Nefeste Anadolu (2006). A fifth album is under preparation.

All proceed from sales of his albums are donated to poor students who are unable to follow musical studies at university or college.



BAHMAN PANAHI

*Tar and setar* (Persia)

Bahman Panahi was born in 1967. He obtained his BA degree in design and visual art from the Fine Arts Faculty of Tehran University and completed studies in calligraphy with the Association of Calligraphers of Persia. He mastered the Iranian classical music in *tar* and *setar* early in his life. At present, he is a doctoral candidate at the Sorbonne in Paris. Bahman Panahi conducted many concerts, exhibitions and workshops in England, Syria, India, the Netherlands, Nigera, Mauritania, the Maldives, Tunisia, Morocco, Spain, Sri Lanka, Belgium and France.

In 2006 he established his musical group Voyage which has performed a

Вести́к
ПЕТОК 13 АПРИЛ 2007



# Топчестата флејта - светска атракција

На 19 април во Универзална сала „Квартетот Драган Даутовски" ќе одржи концерт на кој ќе ја промовира уникатната окарина

ТИНА ИВАНОВА

„Глас од минатото" е насловот на концертот на „Квартетот Драган Даутовски" на кој, македонскиот виртуоз на народни инструменти, ќе го промовира неодамна откриениот археолошки наод-топчестата флејта, окарина, чија старост е проценета на над 6000 години и претставува еден од најстарите инструменти во светот. Концертот, кој ќе се одржи на 19 април во Универзалната сала во 20 часот, е во организација на „Литиум рекордс", Концертната агенција „Алеа" и СОКОМ и претставува завршен настан на јубилејното, 30-то издание на манифестацијата „Денови на македонска музика".

Македонскиот уникатен инструмент, топчестата окарина, својата прва јавна светска презентација ќе ја доживее токму на концертот на „Квартетот Драган Даутовски". Овој инструмент датира од неолитскиот период, изработен е од теракота (глина), а е пронајден во 1989 година при археолошки истражувања непосредно до населбата Чашка на археолошкиот локалитет Мрамор, кој се наоѓа на 15 километри од Велес. Инструментот е пронајден од страна на Трајанка Јовчевска, советник-кустос при Народниот музеј во Велес, која вели дека предметот треба да се наметне како наод кој ќе побуди голем интерес не само кај нас, туку и во светот. „Не сакав инструментот само да го изложам во витрина, туку сакав оваа флејта која го симболизира животот, да живее и во иднина. Ова е инструмент направен од некој голем ум, од човек кој точно знаел што сака и каков звук да произведе. Иако е пронајден пред 18 години, дури сега се чувствувам зрела да ја потврдам вредноста на инструментот и покрај мислењето на некои луѓе дека моето толкување за неговото потекло е преамбициозно", вели Јовчевска.

„Голема чест ми е што ќе настапам во рамките на фестивалот „Денови на македонска музика" кој годинава слави еден извонреден јубилеј - 30 години од постоењето. Секогаш кога настапувам во Скопје, имам поголема грижа отколку било каде во светот", вели Драган Даутовски. Концертот „Глас од минатото" ќе биде поделен на три дела, каде во третиот сегмент, по 6 илјади години првпат ќе прозвучи топчестата флејта. „Возбуден сум од даденоста да бидам јас токму тој кој по толку многу години ќе го изнесе во јавноста овој уникатен инструмент, а ќе изведувам музика која и јас и инструментот ја носиме во себе. Мислам дека задачата да свирам на оваа флејта ми е доверена од Бога. Ќе споменам еден податок. На концертните настапи со мојот Квартет во Москва и Санкт Петербург, два месеци пред телефонскиот повик на Трајанка Јовчевска, сонував чуден сон кој што најпрвин сериозно ме загрижи. Сметам дека малку е невкусно, па затоа ќе ги изнесам само последните зборови од испишаната порака на ливче кое на рака ми падна од височините. „... од друг свет ќе чуеш глас". Се друго беше на мое барање, и секако во договор со Трајанка. Таа ми го донесе археолошкиот наод на експертиза пред две години и се воспостави дека станува збор за еден многу редок инструмент кој е совршено сочуван, кој совршено штима", вели Даутовски. За него, топчестата флејта претставува симбол како да се однесуваме кон културното наследство. Даутовски вели дека инструментот не му припаѓа само на нашето културно наследство, туку на целото човештво.

Концертот „Глас од минатото", кој се најавува како светска атракција од највисок уметнички и културолошки ранг, е почеток кон промоцијата на окарината низ светот.

Концертната промоција на топчестата флејта е прво искуство во Македонија на поинаков начин да се постави еден движен археолошки наод. Според Данче Голубовска, советник за археолошки локалитети при Управата за заштита на културното наследство, окарината е исклучително важен археолошки наод за Македонија и нејзината вистинска вредност може да се согледа само преку континуирани активности. Голубовска вели дека на соодветен начин се регулирани и утврдени правата и обврските кои се однесуваат на времено користење на овој предмет, заради негово проучување, користење и презентација.





**ГЛАС** Возбуден сум од можноста да бидам токму тој што во јавноста ќе го претстави овој уникатен инструмент, вели Даутовски, кој концертот го насލови „Глас од минатото"; топчестата флејта е пронајдена на археолошкиот локалитет Мрамор во близина на Велес, а нејзината старост е проценета на над 6.000 години (лево)


Федеральное Агентство по культуре и кинематографии (Роскультура)
и Министерство Культуры Республики Македония представляют
Дни культуры Македонии в России 5-8 сентября
5 сентября
Гала-концерт мастеров искусств Македонии
Выставка фотографий Атанаса Талевского "Македония. Охрид"
Московский театрально-концертный центр Павла Слободкина
Ул. Арбат, 48; тел. 241 9093


Федеральное Агентство по культуре и кинематографии (Роскультура)
и Министерство Культуры Республики Македония представляют
Дни культуры Македонии в России 5-8 сентября
8 сентября
Гала-концерт мастеров искусств Македонии
Выставка фотографий Атанаса Талевского "Македония. Охрид"
Санкт-Петербургский Государственный Академический драматический театр имени В. Ф. Комиссаржевской
Ул. Итальянская, 19; 315 5355


Приглашаем Вас на Гала-концерт мастеров искусств Македонии
Ансамбль "Танец" и Влатко Стефановский
Солистка Македонского театра оперы и балета Весна Гиноская
(Мария Вршковская - фортепиано)
Квартет Драгана Даутовского,
Эсма Реджепова и
Ансамбль Теодосиевского
Артисты балета Македонского театра оперы и балета
(фрагмент из балета "Охридская рыбиня Ташула").
Ведущий Зафир Хаджиманов
Режиссер Иван Поповски
Сценограф Валентин Светозарев
Дни культуры Македонии в России
5-8 сентября
Начало концерта в 19.00


Приглашаем Вас на Гала-концерт мастеров искусств Македонии
Ансамбль "Танец" и Влатко Стефановский
Солистка Македонского театра оперы и балета Весна Гиноская
(Мария Вршковская - фортепиано)
Квартет Драгана Даутовского,
Эсма Реджепова и
Ансамбль Теодосиевского
Артисты балета Македонского театра оперы и балета
(фрагмент из балета "Охридская рыбиня Ташула").
Ведущий Зафир Хаджиманов
Режиссер Иван Поповски
Сценограф Валентин Светозарев
Дни культуры Македонии в России
5-8 сентября
Начало концерта в 19.00

Нова Македонија | Понеделник–вторник, 10–11 октомври 2011

**Забава**

„ЊУ ПРОЦЕКТ" НА ДРАГАН ДАУТОВСКИ ВО МКЦ



Настапот беше изведен беспрекорно и во еден здив

Фото: Маја Арсова

# Виртуозен сплет на џез, блуз и на македонски звук

**Жарко Каранфилов**

Секогаш одличниот **Драган Даутовски** со својата електрична тамбура пред мал број пријатели, обожаватели и не толку заинтересирани посетители на клуб-ресторанот на МКЦ со „Њу процект" претстави нови алтернативни звуци на старата добра македонска традиционална музика. Со ова ново музичко четиво, во кое, покрај Даутовски, членуваат и **Мартин Јосифовски** на бас, **Живко Чиритоски** на саксофон и **Ратко Даутовски** на ударни инструменти, пред сѐ преовладува импровизацијата. Саксофонот на Живко ја имаше целата слобода да избега од изворното и да вметне свој печат на традицијата. Ни Даутовски, а ни другите не одолеаја да вметнат нешто ново врз целата таа музичка историја што виртуозот секогаш добро ја раскажува со својата електрична тамбура. Музиката со која четворицата музичари ги посипаа присутните беше препознатливо изворна, но истовремено и интересната импровизација од џез, блуз и од ворлд-мјузик, во која Даутовски мајсторски музицираше и ги водеше помладите.

**Во настапот, како и во целото творештво на уметникот, разбирливо преовладува традиционалниот македонски музички фолклор, на кој често во вакви креативни проекти може да се слушнат и елементи од класичната музика, џез, блуз, како и музички мотиви од целиот Балкан**

Настапот беше изведен беспрекорно и во еден здив, а покрај мелодии од постарата и поновата дискографија на уметникот беа отсвирени и неколку стари македонски изворни песни, на кои, за жал, имаше и такви посетители што едноставно не беа дојдени да ги слушнат мајсторот и неговата придружба, па затоа на моменти вревата од приборот за јадење беше и погласна од музичарите. Во настапот, како и во целото творештво на уметникот, разбирливо преовладува традиционалниот македонски музички фолклор, на кој често во вакви креативни проекти може да се слушнат и елементи од класичната музика, џез, блуз, како и музички мотиви од целиот Балкан. Фактот што Даутовски е музичар на УНЕСКО, кој со леснотија го пренесува македонскиот звук во светот, без сомневање го прави голем уметник, кој со богат творечки опус, долгогодишно педагошко искуство и богата концертна активност на домашните и на светските сцени секогаш безрезервно свири од срце.

Проф. д-р **ДРАГАН ДАУТОВСКИ**



**ДРАГАН ДАУТОВСКИ,**
**музичар и универзитетски професор**

# *Само бизнисмените*
## *ги знаат „тајните ходници“*

Особено последните години, младите припадници на музичката фела во земјата милуваат себеси да се нарекуваат бизнисмени. Блазе си им. Сè повеќе почнувам да им верувам. Финансирањето на музичкото творештво кај нас и уметноста воопшто, знаете подобро од мене, најмногу доаѓа од „неисцрпните“ ризници на државата. И разбирливо е дека секој сака да биде близок до тие трезори. Но, само бизнисмените ги знаат „тајните ходници“ до истите. Дозволете ми да се пофалам дека Министерството за култура на Република Македонија годинава, првпат во мојата кариера, благодарение на големото разбирање на министерката за култура, финансиски партиципираше во мој проект. Тоа е проектот „Клуч“ изведен на фестивалот „Охридско лето“. Што се однесува до генералната состојба кај нас, секако во врска за културата, можам само да кажам дека сум горд што ѝ припаѓам на „ниската каста“ културни работници и со сите сили настојувам да се приближам уште повеќе до огромната плејада фолклорни работници и генијални народни уметници, кои во многу нешта ја задолжиле нацијата, а која им возвраќа со крајно непочитување и со заборав. Типичен пример за културно исфрустрирана и длабоко искомплексирана средина.



НА ЛИЧНА ПОКАНА ОД УНЕСКО ДО МАКЕДОНСКИОТ ЕТНО МУЗИЧАР

# Даутовски во Париз ќе го свири Моцарт на кавал

**Во концертната сала во седиштето на УНЕСКО Даски ќе има соло со Парискиот симфониски оркеса на гајда и тамбура е избран да солира и македоннапеви, придружуван од меѓународен оркестар на одни инструменти**

но музичарот Драган Даутовски рискиот симфониски оркестар иштето на УНЕСКО во Париз а соло-настап и ќе го свири Мона кавал. Ќе го изведе Првиот д Петтата симфонија на Моцарт ена "Хафнер".

аутовски за концертот во Париз лична покана од УНЕСКО. Овој рт, кој ќе се одржи на 16. овој , е во рамките на манифестацииkои оваа меѓународна организаа одбележува 60-годишнината од ењето.

утовски напоредно ќе солира и кестарот на народни инструмено е составен со музичари од 30 членки на УНЕСКО, со намера покаже народното традиционалструментално богатство на земтрументи кои се архаични за земјите од каде што доаѓаат.

И со овој оркестар Даутовски е избран да свири соло. Ни изјави дека од сите земји кои го сочинуваат оркестарот за соло-настап се избрани само тој и музичар од Индија. Драган, овој пат придружуван од мултинационалниот оркестар, на гајда ќе изведе импровизации на стара македонска народна песна, а ќе има солирање и со тамбура.

"На сцената во концертната сала на УНЕСКО во Париз ќе бидат двата оркестра, а јас на сцената ќе свирам едновремено и со двата. Прво Моцарт, а после и ќе импровизирам македонски традиционални напеви со оркестарот на народни инструменти", ни изјави Даутовски, кој од денес е во Париз и до 16-ти ќе има проби и со двата ор-



*Избран и поканет од УНЕСКО да солира со кавал, гајда и со тамбура: Драган Даутовски*



**La Flûte Enchantée...**
*mais pas seulement*

Un dialogue entre musiques classique, traditionnelle et contemporaine (Mozart... mais pas seulement, IIIe partie)

Concert organisé à l'occasion de la clôture du *Soixantième anniversaire de l'UNESCO*

organisé et présenté par l'Association *Mélodie pour le Dialogue entre les Civilisations*

Maison de l'UNESCO, salle 1
le 6 novembre 2006



***Liu Fang***

◆ Pipa ◆ China ◆

Montreal resident Liu Fang achieved an international reputation for her masterful and deeply spirited pipa playing. Born in 1974, in Kunming in the Chinese province of Yunnan, she began studying the pipa at the age of six and gave her first performance as a pipa soloist when she was nine. In 1985, she played for Queen Elizabeth during Her Majesty's visit to China. Honoured with several provincial and national prizes, Liu Fang graduated from the Shanghai Conservatory of Music, where she also studied the guzheng, a Chinese zither. Since moving to Canada in 1996, she has built up a remarkable artistic profile by captivating audiences and critics with the richness and grace of her playing as well as her wide-ranging repertoire.

***Dragan Dautovski***

◆ Kaval, Tambura and other instruments ◆ The Former Yugoslav Republic of Macedonia ◆

Born in 1957 in the village of Rusinovo Berovo, Macedonia. He has composed many works for various instrumental and vocal soloists, groups, and orchestras, including usage of folk instruments performed or recorded in Macedonia and the region.

He teaches at the University of "Sts Cyril and Methodius" as a professor of folk instruments: Kaval, Gaida, and Tambura.

In 1992 he formed the ensemble "Mile Kolarovski" performing concerts in Macedonia and elsewhere. Music of the film "Before the Rain" was also composed and performed by this group. Dragan Dautovski is a great musician who has mastered more than twenty different musical instruments.

***Sophia Bint Muhallad & Tariq Bin Mohammed***

Angefangen hatte er in der traditionellen MILE KOLAROVSKI BAND; DD SYNTHESIS ist DAUTOVSKIS erste eigene Band. Auch hier baut er auf traditionelles Instrumentarium. Doch wo seine Wege hinführen, dafür liefert die Plattenfirma Fingerzeige: SJF RECORDS ist das Label des Skopje Jazz Festivals. Dichte, von der Rockmusik geprägte Arrangements und freie Improvisationen ergeben auf der Basis der komplexen mazedonischen Rhythmen eine scharfe musikalische Mixtur.

Outside his native Macedonia, multi-instrumentalist Dragan Dautovski is best known for his score to the film »Before The Rain«. DD Synthesis is his first own band. With the full range of traditional Macedonian instruments, the newly arranged traditional songs have the typical complexity of the Macedonian rhythms and the emotional power of the rich musical heritage.

DRAGAN DAUTOVSKI kaval, gaida, zurla, tambura
YANE JOVCHEV p, keyb
MARJAN JOVANOVSKI ac-g, tambura
GOCE UZUNSKI tapan, tarabuka, congas, bongos
RADISLAV ŠIKUTEVSKI dr, perc
ANETA SHULANKOVSKA voc
BILJANA RISTEVSKA voc
MIRJANA JOSHEVSKA voc

aktuelle CD
»DD Synthesis« (SJF 107)

Kontakt
SJF Records
ul. Maksim Gorki 5
91000 Skopje
Mazedonien
T 00389-91-13 10 90
Fax 00389-91-22 50 33
E-mail sjf@ultra.ultra.com.mk

FOLKSHOP
Versand / Laden ab '71: 25.000 verschied. CDs, LPs, MCs, Bücher usw.
DIE world famous Fundgrube! Nicht nur aktuelles Repertoire... Auch wer knietief in Folkhistorie waten möchte, ist beim Folkshop richtig. Ferner Weltmusik/Ethno. Im gleichen Hause AUTOGRAM-Records (30 years of Folk), COSTBAR (90ies-Folkrock). Schnupperlisten anfordern.
Burgstr.9, 48301 Nottuln (Münster), Tel. 02502-6151, Fax -1825












ЦАМАЛА-ВОДИЧАРКИ

кореографија
**СВЕТЛАНА ЌИРИЌ**

стилизација и обработка на музиката
**Драган Даутовски**

изведба
Ансамбл на народни игри и песни на Македонија
**"ТАНЕЦ"**

промотор
Проф. Др. **Анета Светиева**

Ве покануваме во

МУЗЕЈ НА МАКЕДОНИЈА
на 06.12.1999 год., во 18ч.

Изразуваме благодарност за вашето присуство.

Директор
**Бошко Треневски**

**Учествуваат:**

ЏАМАЛАРИ
СОЛИСТИ

***Старец 1***
Љупчо Маневски
***Старец 2***
Гоце Бојковски
***Орешка***
Владимир Јаневски
***Невеста***
Стојанче Павловски

ПРИДРУЖНИЦИ НА
ЏАМАЛАРИТЕ (војска)

Александар Ѓорѓиев
Ерик Белимов
Оливер Петров
Киро Малиновски

ДОМАЌИНКА

Маргарета Поповска

ДОМАЌИН

Димитар Андреев

ИГРАОРЕН КОР МАЖИ
КОЛЕДАРИ

Кирчо Богоевски
Симеон Чулев
Димитар Делев
Гоце Саздов

ВОДИЧАРКИ

Лилјана Каранфовска
Благица Илиева
Лилјана Михајловска
Снежана Балканска
Весна Миновска
Анета Димитриева

ПЕАЧКА ГРУПА

Марија Поп Николова
Слободанка Миленковиќ
Иланка Спасовска
Славица Личовска
Славка Наскова
Едита Антова
Анета Трпковска
Драгица Доневска
Наташа Гребенарова
Искра Петровиќ
Вера Димитрова

ОРКЕСТАР

Стојанче Костовски
Влатко Терзиски
Ќазим Идриз
Димче Стојановски
Горан Ангелов
Кирил Зифовски
Методија Димовски

РАКОВОДИТЕЛ НА
ИГРАОРЕН КОР

Љубе Ангеловски

РАКОВОДИТЕЛ НА
МУЗИЧКИ КОР

Радомир Галевски

ГАРДЕРОБЕР

Лилјана Печевска


イベントカレンダー
EVENT CALENDAR
1999-2000
三重県総合文化センター
三重県文化会館


1999
EV
5/2(日)
大ホール
ライプツィヒ・ゲヴァントハウス管弦楽団
7/4(日)
大ホール
新日本フィルハーモニー交響楽団
5/27(木)
小ホール
民族音楽シリーズ
シンテシス
7/11(日)
大ホール
演劇「欲望という名の電車」
6/11(金)
中ホール
河南省雑技団三重県友好公演
8/31(火)
中ホール
松竹大歌舞伎
シアターメイツ会員


Freitag, 8. August 1997
Winzer Krems, Sandgrube 13
18.00 Uhr
Cymbal Classic
19.30 Uhr
21.00 Uhr
22.30 Uhr
WINZER KREMS


KUNST HALLE KREMS
GLATT und verkehrt
internationales Festival für neue Volksmusik
Freitag, 8. August bis Sonntag, 10. August 1997
Winzer Krems, Sandgrube 13
ZEITUNG NO 38






ДРАГАН ДАУТОВСКИ

Интервју

# ОД ОГНИШТЕТО КОН СВЕТОТ!

4

5


シンテシス マケドニア旧ユーゴスラビア共和国
1999年5月18日(火)
国際交流フォーラム(赤坂)
開場●18:00 開演●18:30
入場料●前売り1,300円・当日1,500円 全席自由
チケットは4月1日より発売開始！
アジア初公演・待望の初来日
現代と歴史の見事な統合
精神的な深みと哀愁、思わず身体を動かしたくなる複合リズム
洗練された民族音楽、バルカン半島より上陸——！
CONCERT SCHEDULE
DD SYNTHESIS


シンテシス
マケドニア旧ユーゴスラビア共和国
ロンドン
パリ
ハンガリー
ルーマニア
ローマ
マケドニア
アルバニア
現代と歴史が統合(シンテシス)したバンド
「シンテシス」の音楽は、マケドニア地域にキリスト教が広まる9世紀頃より以前から存在した古い民謡を取り入れ、カヴァル、ガイダ、ズルラ、タパン、タラブカ、タンブラといった、バルカン独自の伝統楽器の魅力をフルに発揮しながら、現代風に作曲・アレンジしたものばかり。
女性ヴォーカル3名、伝統楽器、パーカッション、キーボードなどの楽器奏者5名は、いずれも国内の精鋭を集めた実力派。深みのある哀愁を帯びた旋律に郷愁に似た気持ちを抱くかと思えば、8分の7、8分の11拍子といった、独特の力強い複合リズムには、思わず身体が動いてしまうだろう。
DD SYNTHESIS
Mirjana Joshevska
ミリヤナ・ヨシェフスカ
ヴォーカル 1975年生まれ。
Biljana Ristevska
ビリヤナ・リステフスカ
ヴォーカル 1976年生まれ。
Goce Uzunski
ゴツェ・ウズンスキ
タパン、コンガ、ボンゴ、タラブカ 1974年生まれ。
Vane Jovchev
ヴァネ・ヨフチェフ
ピアノ、キーボード 1973年生まれ。
Aneta Shulankovska
アネタ・シュランコフスカ
ヴォーカル 1976年生まれ。
Dragan Dautovski
ドラガン・ダウトフスキ
カヴァル、ガイダ、ズルラ、タンブラ、作曲・編曲担当
Radoslav Shutevski
ラドスラフ・シュテフスキ
ドラム 1949年生まれ。
Marjan Jovanovski
マリヤン・ヨヴァノフスキ
タンブラ、アコースティック・ギター 1968年生まれ。
国際交流フォーラム(赤坂)
東京都港区赤坂2-17-22赤坂ツインタワー1F
赤坂ツインタワー




Newspaper Articles on Japanese Concert Tour of "DD Synthesis" in 1999.

15th May. 1999 ◆ RYUKYU SHIMPO
"Macedonian DD SYNTHESIS Concert on 29th"

20th May. 1999 ◆ HOKKAIDO SHIMBUN
"Listen Macedonian Music in Kitami"
"Macedonian Folk Music Group - Playing for Peace"

◆ KITAMI SHIMBUN
"DD SYNTHESIS Concert in Kitami"

◆ KEIZAI NO DENSHOBATO
"Macedonian Folkmusic Group Visit Hokkaido"

21st May. 1999 ◆ KOCHI SHIMBUN
"Concert of Macedonian Folkmusic Group on 25th"

24th May. 1999 ◆ MAINICHI SHIMBUN
"Forceful Macedonian Rhythm - SYNTHESIS Mito Concert"

27th May. 1999 ◆ KOCHI SHIMBUN
"Audience Enjoy Macedonian Music Enthusiastically - Motoyama Concert"

29th May. 1999 ◆ OKINAWA TIMES
"Music Sustains Folk Culture - Macedonian Group in Ishikawa City Today"

2nd June. 1999 ◆ KOCHI SHIMBUN
"Successful Macedonian Concert"

◆ RYUKYU SHIMPO
"Enjoyable Macedonian Folkmusic"

4th June. 1999 ◆ OKINAWA TIMES
"Exchange of Music with Macedonia - DD SYNTHESIS Concert"






**Sobota, 13. junij – 20.00**
**OTVORITVENI VEČER**
**Otvoritev razstave - Smiljan Zavrtanik**
Podvodne fotografije člana Foto kluba NG.
**Literarno-glasbena predstava "Steza"**
Predstavitev poezije Vaska Atanasovskega, poezija, glasba, diapozitivi.
**Work in progress - projekt bobni v glasbi**
Pet bobnarjev, kitarist, basist in klavirturist.
**Manč Kovačič**
Predstavil bo igranje na didgeridoo.
**Nino Mureškič & Afir Bafir s plesalkami**
10-članski tolkalski ansambel s petimi plesalkami.

**Nedelja, 14. junij – 21.30**
**FILM: Polnočni kavboj**, 1969, ZDA,
Režija: John Schlesinger

**Sobota, 20. junij – 21.00**
**DI NAYE KAPELYE** (ZDA / H)
Madžarsko-ameriška skupina igra tradicionalno židovsko glasbo - klezmer.

**Nedelja, 21. junij – 21.30**
**FILM: Oklepnica Potemkin**, 1925, Rusija,
Režija: Sergej Eisenstein

**Četrtek, 25. junij – 21.00**
**TEATER GROMKI & The STROJ**
Scenski spektakel s glasbo v živo.

**Petek, 26. junij – 21.00**
**Zuf De ŽUR**
Zamejska skupina.

**Sobota, 27. junij – 21.00**
**DD SYNTHESIS** (Makedonija)
11-članska skupina.
Etno glasba križana z modernimi stili.
Avtorji glasbe za film "Pred dežjem".

**Nedelja, 28. junij – 21.30**
**FILM: Zadnji tango v Parizu**, 1973, it-fra. film,
Režija: Bernardo Bertolucci

ЕМИСИЈА: "ТВОРЕЧКА ЛАБОРАТОРИЈА"
ИНТЕРВЈУ СО ДРАГАН ДАУТОВСКИ - ДОЦЕНТ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ (ОТСЕК ОРГАНОЛОГИЈА - НАРОДНИ ИНСТРУМЕНТИ) ОСНОВАЧ И УМЕТНИЧКИ РАКОВОДИТЕЛ НА ОРКЕСТАРОТ ЗА ИЗВОРНИ НАРОДНИ ИНСТРУМЕНТИ "МИЛЕ КОЛАРОВСКИ", ЛИДЕР НА ГРУПАТА Д.Д. "СИНТЕЗИС"

Прашања: 1. Господине ДАутовски, во моментот кога ќе бидат изречени овие зборови мигновено бива потисната настрана мислата за вашето скорешно присуство на сцената. Напротив, дури тогаш на човек му станув јасно дека во музиката и со неа сте малку подолго. Сепак, на самиот почеток да се нурнеме наназад за да ги извадиме овие битни работи од вашата потрага по себе и по она што е битен чинител на вашиот досегашен живот. Како го изодевте патот до ова што сега како вреден документ го чмате - албумот на групата Д.Д."СИНТЕЗИС"?

2. Колку работата на Факултетот за музичка уметност е различна од вашата активност во оркестарот "Миле Коларовски" и она што го пројавувате со "СИНТЕЗИС", а колку истата претпоставува единечна пројавност на човек кој решил да се нурне во традицијата и изворот на македонскиот мелос?

3. Какви се реакциите од публикумот на она што вие го работите, на вашите потраги, колку притоа мисијата може да биде храбрена токму од таквите реакции на оние кои знаат да ја ценат и почитуваат македонската изворна музика?

4. Живееме во време во кое се врши силна атака врз она што ние го имаме како наше големо богатство - изворната македонска музика. Притоа, не се бираат средства во додворувањето на публиката и истата бива доведувана во позиција да го голта само сомнителниот продукт на некаква си мешавина на созвучја од сè и сешто и, притоа, дефинитивно бива бришан оној значаен момент на со ништо не загадениот фолклор

./..

## УМЕТНИЧКА КРШТЕВКА

**ПРОМОТИВЕН КОНЦЕРТ НА ОРКЕСТАРОТ ОД НАРОДНИ ИНСТРУМЕНТИ**
***"МИЛЕ КОЛАРОВСКИ"***

## П Р О Г Р А М А

"КИТКА ОРО" - *ИНСТРУМЕНТАЛНА ИЗВЕДБА*
ПРИГОДНА РЕЧ И ВРАЧУВАЊЕ ПОВЕЛБА НА СЕМЕЈСТВОТО НА ПАТРОНОТ - *ДИМЧЕ НИКОЛЕСКИ*
"АЈДЕ ЗАЈДЕ ЈАСНА МЕСЕЧИНА" - *ЖЕНСКА ПЕАЧКА ГРУПА "ДЕТЕЛИНКИ"*
"НЕ ИГРАЈ МОМЕ СОМЕНЕ" - *ДУЕТ ЦВЕТАНОВСКИ-БОЦЕВСКИ И ЖЕНСКА ПЕАЧКА ГРУПА "ДЕТЕЛИНКИ"*
"МНОГУ МИ ГО ФАЛАТ БАБО" - *ВАЊА ЛАЗАРОВА*
"ПРОШЕТА СЕ ЈОВКА КУМАНОВКА"
"СТОЈНЕ ЛЕ МЛАДА НЕВЕСТО" - *МИМОЗА НИКОЛОВА*
"ТРГНАЛА ЛИЧНА РАДА" - *ДУЕТ ЦВЕТАНОВСКИ - БОЦЕВСКИ*
"ЗАПЕЈ МИ БРЕ ПЕТРЕ" - *ВИДАНКА ГЕОРГИЕВА*
"ИЗВИЛА СЕ ЗМИЈА ИЗВИЛНИЦА" -
"ЕЈ СОКОЛЕ" - *ЖЕНСКА ПЕАЧКА ГРУПА "КИТКА" ОД С.ИСТИБАЊЕ, КОЧАНСКО*
"МОРИ ВЕНО"
"ЗАЖЕНИЛ СЕ КОЈ СИ ЖЕНА НЕМА" - *ДУЕТ ЦВЕТАНОВСКИ - БОЦЕВСКИ*
"АЛЃА ПЕРЕ НА РЕКАТА" - *ЗАХАРИНКА МИЛОСАВЛЕВИЌ*
"НЕДЕНО МОРИ НЕДЕНО"
"ЕЛЕНА МАЈКА КАРАЛА" - *ЖЕНСКА ПЕАЧКА ГРУПА "ДЕТЕЛИНКИ"*
"НИКО, НИКО - МЕАНЏИКО" - *ДУЕТ ЦВЕТАНОВСКИ - БОЦЕВСКИ*
"ДРАЧЕВКА" - *ИНСТРУМЕНТАЛНА ИЗВЕДБА*

Уметнички раководител: ДРАГАН ДАУТОВСКИ



става што ја носи изворната форма и фолклорна специфика на „Миле Коларовски", оркестар што инаку брои дванаесет членови, а разликата пак е во тоа што „Д. Д. Синтезис" не е само фолклорен оркестар ами е чекор напред кон надградување на етно базата во некакви поосовремени музички визии. Поточно, современа (се разбира, автентична) етно музика, а не архаична...

**– Ајде малку сликовито да се изразам: Има два цина во оваа наша музика блиска до она кон што оди „Д. Д. Синтезис" – „Леб и сол", „Анастасија". Да речеме тие „произлегуваат" од некакво друго музичко милје – џез, џез-рок, рок и тн. па дури потоа се навраќаат на своите етно корени, додека пак „Д. Д. Синтезис" се автентични од таа страна, но затоа пак, се приближувате до она што значи синтеза на етно матрицата и современиот музички говор, што ќе рече блиску до она што се нарекува world music. Каков ќе биде тој некаков, условно, „трет пат" на „Д. Д. Синтезис" и воопшто какви се твоите размислувања за таа корелација во овој наш музички микропростор?**

● Мене како музички педагог ми е туѓо – „она што го знам – го чувам за себе". Ниту пак сум во натпревар со некого... Напротив, сето она што се случува во тоа „братство" може да биде само – позитивно за културата во Македонија. Е сега, нашата предност, ако можам слободно да речам – предност, во овој дел, е тоа што ние тргнуваме од базата, „во коренот", веќе десет години (со „Миле Коларовски"), така што нашиот пат е малку попрочистен што се однесува до оние музички влијанија од светот, од типот на техно, поп, рок и не знам уште кои сè не правци, во таа смисла тргнувајќи од мене, па сè до другите членови од „Д. Д. Синтезис" сме „прочистени" на некој начин, за разлика од некои групи што ги спомена што веќе имале големи резултати во една музичка сфера, во еден музички правец, па се принудени да се „прочистуваат" да се вратат кон коренот... Тоа е апсолутно поволно и може да раудва, меѓутоа во секој случај тој пат треба да се измине, каков и да е, колку и да е долг, за да може да се ослободи токму од тие влијанија. А она што значи осовременување, техничко и во квалитетот на звучната слика, па тука сме рамноправни како пред Бога... Сите ги имаме „на дофат". Мајсторијата е во синтезата на идеите не нарушувајќи го скалодот на музичкиот корен...

**– Имаше некакви недоразбирања со „Анастасија" околу обемот на твојата партиципација во саундтракот „Пред дождот". Или пак сметаш дека медиумите тоа го предимензионираа?**

● Немам коментар на тоа.

**– На промоцијата вашиот промотер Оливер Белопета најави неколку настапи на „Д. Д. Синтезис". Што значи тоа? Каде сè настапувате?**

● Имаме светска промоција на Љубљанскиот џез фестивал, всушност услов за да настапиме на фестивалот е да се има третман на светска промоција, тоа ќе биде во јуни годинава, во јули имаме настап во Анталија, како културна размена меѓу Македонија и Турција, со посредство на Министерството за култура, и некаде на 8-9 август заминуваме на голем светски фестивал во Австрија каде што имаме одлична минутажа за презентација – 40 минути. Тоа, всушност е можност за презентирање на севкупниот звучен материјал на групата.

**– Кога ќе има можност домашната публика да го види концертот на „Д. Д. Синтезис"...?**

● Во Скопје? Најверојатно кон крајот на годината. Инаку нè радува можноста да настапиме на „Охридско лето" и „Хераклејски вечери". Тие се два сигурни настапа на „Д. Д. Синтезис" во Македонија. Настапот во Скопје е малку поделикатен.

Љубомир Грбевски



# ЦИОНАЛНО

струменти полека почнуваат да паѓаат во заборав, но сега полека, полека ги враќаме и се создава една многу поволна клима така што сега – да употребам една многу смела изјава – се спасени. Сè повеќе млади луѓе почнуваат да се интересираат за тие инструменти, сè повеќе луѓе кои порано ги свиреле им се вратија. Зашто, вистина е дека до неодамна ние се срамевме од нашиот фолклор, од нашиот корен. Кога почнував да свирам гајда не сакајќи размислував за тоа што ќе кажат моите колеги, роднини, пријатели, дека ќе ми се смеат... но сега сето тоа е надминато, така што мислам дека оваа област ќе има перспектива. Инаку се трудам оркестарот „Миле Коларовски" да добие посебен статус во општеството, зашто такви форми ни се потребни.

**– Како и кога настана Д.Д. „Синтезис"?**

● „Синтезис" дојде како рефлексија на „Анастазија" во смисла на звук. Нема овде да зборуваме за нив, но овој состав дојде како рефлекс на филмот „Пред дождот", на еден звук кој доживеа светска промоција и на тоа што тој звук излезе во светот на најдобар можен начин. И мене ми е апсолутно драго поради тоа. Но, не доживувам некоја еуфоричност од тој успех, зашто го сметам за еден од редицата врзани за тој звук. Така „Синтезис" се јави како еден рефлекс на тоа затишје по филмот, за што сметав дека воопшто не е паметно. Дека не е момент тој звук повторно да спласне, особено што во тоа учествував и јас. Дадов еден огромен придонес во тој звук, а и како човек кој професионално се занимава со тие звуци. „Синтезис" се појави како едно логично решение, како еден логичен чекор... А, што со тој звук? Па тој онака суров веќе живееше во „Коларовски", и опстанува како таков. Половина на членовите од „Синтезис" се од „Коларовски". Тоа се девојките Анета, Билјана и Мирјана, тука е Марјан кој ги свири сите жичани инструменти, па Гоце кој е задолжен за перкашнот, заедно со Шуте, а тука е и Раде кој свири синтисајзер... Но, тоа што ни е заедничко е духовното, тој некој емотивен дел што сите го внесуваат, па така и се прави целината на овој состав. Во овој состав инаку работиме четири месеци, а името „Синтезис" датира од пред тоа.

**– Дали имате јавни настапи и како луѓето ве примаат?**

● Пре настап имавме во Струга, летоска, на некој балкански симпозиум на медицинари. И, можам слободно да кажам дека одлично бевме примени. Три дена се зборуваше само за нас, луѓето ни бараа касети, разговараа со нас. „Синтезис" како оркестар сценски ќе созрева, всушност созрева многу брзо, а нашето прво јавно претставување беше на Екрановите манифестации. Инаку, многу забрзано работиме на материјал што е веќе при крај. Треба да се постават уште две-три нумери и ќе биде готово, оформено, а потоа – со бога напред! Има некои најави од Запад, не би зборувал сега за тоа додека не се потпишат договорите. Но, има голем интерес за гостувања, за настапи на фестивали... но дотогаш ќе треба да разрешиме некои технички проблеми – мораме да имаме наш човек на микс пултот и слично...

**– Кои се спецификите на звукот на Д.Д. „Синтезис"?**

● Па, оригиналноста и традицијата. Затоа се трудиме сите овие звучни корени, звучни специфики да се постават во една многу оригинална нишка, нормално со примеси на одредени западни влијанија, некои модерни тонови... Меѓутоа, спецификата останува на изворниот звук. Наша желба е оваа звучна магија што опстојува илјадници години, што веќе длабоко е навлезена во нашите души да остане...

**– Вие не обработувате стари македонски песни?**

● За композициите сум задолжен јас, но не ги преработуваме туку како лајт мотив користиме одредени мелодиски линии што мене ми доаѓаат, понекогаш и доцна во ноќта. Нема класични форми туку е сè поинакво. Не размислувам кога ја правам музиката – да биде вака или онака, туку едноставно седнувам покрај клавирот и го пишувам тоа што излегува од мене. Во таа музика што ја правам има едно делче, едно катче кое е исклучиво традиционално. И тоа не го чепкам, туку подоцна го надградувам сам или со помош на другите од „Синтезис". Кога дома на сопруга ми Мони ќе ѝ засвирам нешто, сфаќам дека е тоа дел од некоја песна, зашто таа веднаш ми ја запеува... Имам голема поддршка од неа во работата, но понекогаш и пречи што со ноќи и денови се затворам во мојата работна соба и постојано нешто свирам...

Г. Оџакова
Фото: А. Ѓорѓиева

5



РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
X-ти ИНТЕРНАЦИОНАЛЕН ФОЛКЛОРЕН ФЕСТИВАЛ
„ИСТИБАЊСКО ЗДРАВОЖИВО“
ИСТИБАЊА, 21 - 24 СЕПТЕМВРИ 1995 ГОДИНА

ЗЕМЈИ УЧЕСНИЧКИ:
БУГАРИЈА
ЈУГОСЛАВИЈА
ТУРЦИЈА
РОМАНИЈА
МАКЕДОНИЈА

ДИПЛОМА

На фолклорниот ансамбл
„Миле Коларовски“ Скопје-Македонија

УМЕТНИЧКИ РАКОВОДИТЕЛ. Г-ИН ДРАГАН ДАУТОВСКИ

За успешна презентација на фолклорот

Уметнички директор:
СТОЈКО МИТКОВСКИ

Претседател на Советот:
МЛАДЕН РИСТОВ
М. Ристов






ПЪРВИ МЕЖДУНАРОДЕН
ФОЛКЛОРЕН СЪБОР
КЕРМЕН '93

ДИПЛОМ

Драган Даутовски

гайда, кавал

Скопие, Македония

май 1993 г.
Кермен

Председател
на орг. комитет:
/Хр. Петков/

ЈУБИЛЕЈ

Утрински весник 11.11.2005 петок



[illegible]

## УНЕСКО ќе ги слави своите 60 години цели 60 недели

ОД НАШИОТ ДОПИСНИК
ТОНИ ГЛАВРЕВСКИ

[illegible]

---

На јубилејот 60 години УНЕСКО во Париз

## ДАУТОВСКИ ЌЕ НАСТАПИ НА ГАЛА КОНЦЕРТ

На 16 ноември во Париз, на централната прослава на јубилејот - 60 години од УНЕСКО, ќе учествува и македонскиот афирмиран музички уметник Драган Даутовски. Даутовски на оваа манифестација ќе гостува на покана од УНЕСКО, а ќе настапи на Гала концерт со Светскиот ансамбл на традиционални инструменти составен од уметници од целиот свет. На препорака и предлог на УНЕСКО, Даутовски на тамбура ќе го свири првиот став од Петтата симфонија „Хафнер" на Волфганг Амадеус Моцарт, заедно со Парискиот симфониски оркестар.

Утрински весник 11.11.2005 петок

---

### ДРАГАН ДАУТОВСКИ - Патот на сонцето



- Ова е сигурно едно од најдобрите музички остварувања на сите времиња во Македонија. Секогаш кога го слушам одново се воодушевувам. Едноставно, прекрасно. Мислам дека Драган Даутовски и неговиот квартет на одреден начин измислија нова уметност.

### U2 - October & Boy




- Не знам кој од овие два албума на *У2* ми е подраг, едноставно браво. Сè она што *У2* го прави е надвор од сите временски норми, но сепак овие два нивни албума се вистински темел на музиката. Иако можеби е тешко од сè она што тие го имаат работено, да издвојувам само два албума, сепак, морам да се решам за овие два, според мене, клучни плочи на бендот.

### BRYAN FERRY + ROXY MUSIC - The Best Of




- Ако нешто ве вози до крај, тоа е овој албум - најдоброто од Фери и *Рокси музик*, иако има уште неколку работи што јас би ги додал во ова остварување, но сепак и носачите на звук се ограничени, па некој од синглови̇те како *Limbo* се изоставени. Сепак е одличен избор.

Антена

3

25. XII. 2005 - Дневник

---

Дневник 24.10.05 понеделник

## Бела ноќ во Скопје

Првата културна манифестација „Бела ноќ" на скопјани им донесе концерти, изложби на современ дизајн, спорт, кратки филмови, литературни читања, модни ревии, разновидна музика, огномет и река од луѓе во центарот на Скопје. Со манифестацијата со која е прославен 60-тиот роденден на Обединетите нации, Скопје се обиде да ја отвори културната и духовната ризница.

Понудата не беше спектакуларна, но покажа дека скопјани се гладни за вакви настани. Имаше жонглери за најмладите, кошарка и шах за средношколците, изложба на слики за љубителите на фотографијата и поп, рок, опера, етно и техно за вљубениците во музиката. Плоштадот и културните институции врвеа од луѓе, на кафеаните и кафулињата им беше продолжено работното време, а во центарот на градот беше забележлива голема раздвиженост.

Градските власти најавија дека и в година ќе се организира „Бела ноќ".

Оваа манифестација веќе е дел од животот во европските метрополи Рим, Париз и Брисел.



Драган Даутовски свиреше за вљубениците во етномузиката

---

8 | ПОНЕДЕЛНИК 24 ОКТОМВРИ 2005 ВЕСТ

НОЌНА ШЕМА ДО САБАЈЛЕ

## Скопјани на улица

Неколкуминутен огномет завеčерта околу 21 часот на плоштадот Македонија го најави свеченото отворање на "Бела ноќ". Долгонајавуваниот настан на скопскиот градоначалник Трифун Костовски центарот го претвори во река народ. Скопје завчера имаше журка која траеше до рано наутро, што е прв пат по донесувањето на Законот за ограничено работно време на кафеаните што Владата го донесе во 2003.

Журката се случуваше на девет локации. Настапија познатите македонски музички ѕвезди. Имаше музика за сечиј вкус, од детски шлагери, класична музика, поп забава до техно ритам.

Благодарение на "Бела ноќ" кафеаните и кафулињата работеа до рано наутро. Скопјани одамна имаа заборавено како е да се тера журка до раните утрински ча-



*Оперската пејачка Весна Гиновска-Илкова ја испеа "Калеш Анѓо" со Квартет Даутовски*

---



**СЛИКА СО ЅВЕЗДИТЕ**
Нашиот политички врв на гала приемот во Брисел најмногу се сликаше со македонските музички ѕвезди: Симон Трпчески, Драган Даутовски и Тоше

**ВО ИСЧЕКУВАЊЕ НА ДОМАШНИТЕ ГРЕМИ-НАГРАДИ**

# Номинирани и избрани „12 величествени"

*Дваесеттина македонски новинари (од електронските и од пишаните медиуми) - таканаречената Академија - во петокот, одлучуваа кој сè од музичкиот свет во државата ќе влезе во изборот за „12 величествени", а веднаш по изборот на номинациите (по пет во секоја категорија), со тајно гласање беа избрани најдобрите за изминатата 2002 година. Сепак, до дознавање на резултатите ќе треба да почекаме до 27 февруари, датум за кога е закажано одржувањето на грандиозното шоу*

Во петокот, во просториите на Македонската радио- телевизија, дваесеттина македонски новинари (од електронските и од пишаните медиуми) - таканаречената Академија - одлучуваа кој сè од музичкиот свет во државата ќе влезе во изборот за „12 величествени", а веднаш по изборот на номинациите (по пет во секоја категорија), со тајно гласање беа избрани најдобрите за изминатата 2002 година. Сепак, за тоа кој сè триумфираше во изборот на дванаесеттите „Македонски греми-награди" - „12 величествени" - јавноста ќе дознае во последниот четврток од овој месец - 27 февруари. Како коорганизатор на гала-инаугурацијата на најдобрите, покрај Македонската радио-телевизија, годинава, учествува и видеопродукцијата „Томато", институција повеќепати докажана во организирање на вакви и на слични манифестации. За тоа што сè ќе се случува на самата „величествена" вечер (кој ќе настапи во ревијалниот дел, и кој ќе ги доделува статуетките) јавноста ќе биде благовремено известена, со напомена, дека, сепак, некои работи мора да останат прекриени со велот на тајната.




Фото-архив на „Македонија денес" - еден од поранешните избори на „12 Величествени"

**12 ВЕЛИЧЕСТВЕНИ - НОМИНАЦИИ**

**ОТКРИТИЕ:** Мартин Вучиќ; Тамара; Елена Ристеска; Маја Саздановска и Четкар

**СОЛИСТИЧКИ КОНЦЕРТ:** Тоше Проески (Сајмиште); Калиопи (Универзална сала); Владо Јаневски (Универзална сала); Ареа (Сајмиште) и Дарио (Универзална сала)

**ПРОДУЦЕНТ:** Дарко Димитров; Валентино Скендеровски; Мите Димовски; Ивица Брчиоски и Александар Митевски

**АРАНЖЕР:** Владимир Дојчиновски - Дојчин; Дарко Димитров; Дарко Тасев; Валентино Скендеровски и Дамир Имери

**ТЕКСТОПИСЕЦ:** Владо Јаневски, Огнен Неделковски, Калиопи, Весна Малинова и Александар Митевски

**КОМПОЗИТОР:** Владимир Дојчиновски - Дојчин; Дарко Димитров; Калиопи; Владо Јаневски и Ивица Брчиоски

**ПЕЈАЧКА:** Каролина; Калиопи; Биба Додева; Кристина Арнаудова и Тамара

**ПЕЈАЧ:** Тоше Проески, Владо Јаневски; Арбен Шаќири - Бени; Дарко Гелев - Брејк и Маријан Стојановски

**ГРУПА:** Ареа; Нон-стоп; Стринг форенс; Д.Н.О. и Суперхикс

**АЛБУМ:** „Ако ме погледнеш во очи" - Тоше Проески; „Има нешто посилно од сè" - Владо Јаневски; „Нешто недостасува" - Ареа; „Суперстар" - Нон-стоп, и „Изохронија" - Стринг Форенс

**ХИТ:** „Магија" - Тоше & Есма; „Некогаш и негде" - „Штомеслаш" - Каролина; „Јас и мојот бенд" - Биба Додева и „Рано е да се враќам" - Мартин Вучиќ

**ВИДЕОСПОТ:** „Овој град е магичен" - Д.С.Г. (ЗД); „Јас сум таков и таков сум бил" - Брејк (Игор Џамбазов); „Слушни го срцето" - Маја Гроздановска - Панчева (ДВД); „Магија" - Тоше & Есма (Томато) и „И ќе биде се во ред" - Каролина (XXX)

Покрај официјалните, македонското греми - „12 величествени" доделува уште две награди. Трајни вредности - награда за животно дело, која годинава, според одлуката на Академијата, постхумно ќе му биде доделена на основоположникот на македонската забавна и џез музика - Драган Гаконовски - Шпато; и наградата - Избор на публиката. За неа, сите корисници на мобилната телефонија во државата имаат право да го дадат својот глас неограничен број пати, во временскиот интервал помеѓу 10 и 25 февруари, со испраќање СМС порака на број 070/ 142-012. За оваа категоријата важат веќе изгласаните номинации, во категориите: пејач, пејачка и музичка група, кои беа најдобри (најпопуларни) во изминатава година. И овој избор на „Величествените" ќе се одвива по замисла на Антонио Димитриевски, човекот кој веќе дванаесет години е најдиректно инволвиран во организација на оваа манифестација.

Иван **БЕЌКОВИЌ**














## "Лав сикрет" на Драган Даутовски - апсолутен хит на македонските радија

7.05.2002 ВЕСТ

**■ Кога е создадена песната "Лав сикрет"?**

- Оваа песна е од албумот "Бахар" на Гркот Макис Аблијанитис, на кој гостувам на шест композиции со музицирање на кавал и на гајда. Тој свири акустична гитара, а оваа песна е дует на кавал и на гитара. Албумот е издаден во 2000 година од издавачката куќа "Либра музик" од Атина. Композицијата "Лав сикрет" е пробиена на нашиот пазар преку една француска компилација која се вика "Буда бар" и која кај нас може да се купи во ЦД-теките. Албумот "Бахар" го нема на нашиот пазар, иако претставува значајна плоча - ЦД во светот на етномузиката, зашто на плочата гостува и Харипрасад Церуасија од Индија на преостанатите пет композиции од албумот, кој свири на бансур-индиска флејта. Ова големо светско име има работено со Џон Меклафлин, Јан Гарбарек...

**■ Кади ќе ја започнете концертната турнеја?**

- Пред сè, тоа не е класична турнеја, зашто од 15 мај секој месец ќе имаме неколку концертни настапи, по кои се враќаме во Скопје и сè така до крајот на годината. Таков беше и нашиот последен настап во Сараево. Засега се договорени настапи во Грција, Словенија, Хрватска и во некои европски земји, но точниот распоред и бројот на настапите ќе се знае до крајот на мај. Иако ни е најбитна, поточно целото внимание ни е посветено на концертната активност, квартетот има доста работи направено и на полето на програмската музика: драма, филм...

(В.П.)

Етнопесната "Лав сикрет" на Драган Даутовски е апсолутен хит по радиостаниците во Скопје и низ Републиката. Но, овој квартет во чиј состав се уште и Александра Поповска - вокал, Бајса Арифовска и Ратко Даутовски, не мирува. Имаше настап во Сараево, рамките на манифестацијата "Сараевска зима", а сега ја прави музиката за драмата "Писание" што е на репертоарот на МНТ.



ПЕЦЕ АТАНАСОВСКИ

29. II. 1996 год.

# ФОЛК ДУЕЛ

(предизвикувач: В. Хаџи-Скерлева)

**НАМЕСТО СООБРАЌАЕЦ:**
Исти, а сепак различни. Од ист занает, а инаку го тераат. Цел живот во една иста „тиква дуваат", а пак... Имаат ли што да си речат, да си прречат. За фолквремето – фолкдуел, оти такви се времињата. Дуелистички!



ДРАГАН ДАУТОВСКИ




# ВРАЌАЊЕ КОН ИДНИНАТА

**Фолк мегдан, а на мегданот – двајца „народни свирачи". Непоколебливи заговорници на онаа „каде јас застанав – ти продолжи". Дали е постариот, Пеце Атанасовски, „виновен" што помладиот, Драган Даутовски, немаше од кого да учи за гајдите, кавалите...па учеше сам?! Или виновни се – некои други за обајцата?!**

За денеска - фолк мегдан. А на мегданот двајца „народни свирачи". Првиот – вистинска легенда: Пеце Атанасовски, прва гајда на светот (по еден дамнешен меѓународен натпревар), долгогодишен прв човек на Народните инструменти на тогашна РТС, основач на фестивалот во Долнени, предавач на небројно многу светски универзитети...Вториот многу помлад: Драган Даутовски, долги години подоцна „заразен" од истата болка. Народните инструменти и музичка предавања – во магистратура, докторат, на катедрата во Средното музичко, во извиканиот веќе „Пред дождот" во оркестарот „Миле Коларовски" во „ДД Синтезис", конечно. Фолк мегдан, значи.

**–За почеток, релацијата од која тргнуваме: две различни генерации и односот (можеби) на учител и ученик?**

**Атанасовски:●** Не, Даутовски мој ученик не е. Е, сега стилот? Стилот колку е мој, колку на Миле Коларовски...тоа е сега друга работа. Меѓутоа, човекот најзаслужен за зачувувањето на ова богатство, е без сомнение, Живко Фирфов – тој го формираше Оркестарот на народни инструменти во „Танец". А во Радио Скопје сум го формирал јас, заедно со Васил Хаџиманов, кој изрази желба да направиме такоо оркестар, во составот на Чалгиите.

**Даутовски:●** Апсолутно се согласувам со чичко Пеце дека тие се творци на акупната оваа формациска поставa. Меѓутоа, јас би сакал повеќе со него да ја начнеме онаа тема. Тоа во овој момент повеќе ме боли, повеќе ме интересира – каде бил проблемот што досега, толку години, фолклорот, изворниот не си го најшол местото во образовниот систем? Се работи за едно мое убедување дека тоа, сепак, било работење на одредени личности – помал број, нели, неколцина, што се потпирале на својот ентузијазам. Зашто, оркестрите постоеја и си го направија своето на тоа поле, луѓето, поединци, како вас, како Живко Фирфов, исто така, го дадоа својот удел, широко низ светот. Меѓутоа, што станува со ова подножје?

**Атанасовски:●** Што е најважно, за ова што го прашавте? Во тоа време ние направивме еден елаборат до Министерството за култура и просвета не знам, ама мислам оти дома се уште го имам сакавме уште во тоа време овие инструменти да влезат во образование.

**Даутовски:●** Што беше причината да не влезат?

**Атанасовски:●** Видете, како и секогаш, луѓето она што го немаат – по тоа чезнеат. И ние се некако сакавме, преку ноќ, да се вклучиме во некоја друга вроте цивилизација. Јас не го критикувам тоа, не е на одмет нашиот човек да знае се, ама не да го заборави своето. Во тоа време кога ние го предложивме тоа, можам и да цитирам некои луѓе – беше тоа Димче Мире, кој беше министер за култура и просвета, па Прокопиев, Кочко и некои други – рекоа: доста со тие олинци, не ќе одиме со нив во свет – треба модерен звук...И не беше тоа само еднаш многупати го покренувавме тоа прашање. Оти, ако не беа некои добри инструменталисти, некои луѓе наклонети кон тоа – веќе речиси се ќе беше заборавено. Можам со сигурност да тврдам: некои сега и сакаат да пишуваат за тие инструменти – ама не знаат.

**Даутовски:●** Пред малку пак почувствував потреба од прашање: зашто? Јас, како релативно млад човек и како некој што доаѓа од онаа средина што пред малку ја спомена чичко Пеце – од факултетот, од Средното за музичка уметност, каде што дваесетина години ми пласираа еден образовен систем кој не и припаѓа

Портрет

Драган Даутовски

Март 2002, година IV, број 47

# Пребарувајќи по КОРЕНИТЕ го најдов МОЈОТ МИР

Климентина ИЛИЈЕВСКИ

Бил вистински мудар што во времето кога се тежнееше да се создава музика како и Запад тој си останал достоен на својата идеја дека треба да се пребарува по корените и да се претвори наследството во наследство. Движејќи се по звукот на потеклото



Важи за човек кој цврсто се држи до својата замисла. Кога утврдил дека фолклорот е она што најмногу го инспирира, често се судирал со сомничавост меѓу круговите во кои се движел слушајќи ставови дека не е веќе интересно да се слушаат зурли, тапани и кавали. Му се забележувало и тоа што е професор, а се облекува во народна носија. Но, бил сигурен дека меѓу оставштините од старите е неговиот свет и дека надвор од тој круг, кој тој го вика магија, не ќе може да ја покаже својата умешност. За фолклорот велат дека е длабочина во која ако не знаеш да пливаш опасно е да пребаруваш. "Но, ете, се покажа дека не е опасно. Јас сум човек што ја поддржува настојчивоста. Треба да се истражува она што е вредно. Ако се посегнува по нешто што е вредно од аспект на комерцијализација, тогаш се создаваат производи кои траат кратко. А сè што е уметност создавана со голем респект, ќе си остане".
Во дружењето со неговиот генетски кодиран и локациски одреден спој со традицијата се судирал и со елементи што пропатувале и оставиле белег на овие простори. "Македонија е стратешко културно место низ кое поминале илјадници култури и цивилизации кои




заслужени или незаслужени награди...
Но, лошото, вели, брзо го заборава. "Не ми паѓаат тешко "препукувањата", особено ако сметам дека не се основани. Најчесто сум окупиран со мојата подвижност. Да се качам уште едно скалило погоре".
Драган Даутовски квартет го оформил кога собрал храброст да се втурне во посмели истражувања во фолклорот. "Токму тогаш сфатив дека сакам со фолклорот да правам чудни миксови, да истражувам, а и да се посветам на самиот себе си".
Напуштањето на едната формација и влегување во другата, за него сега омилениот Драган Даутовски квартет, тој го означува како слобода. "Во "ДД Синтезис" уживав една форма, но се создаде друга форма, покласичарска... Ми требаше импровизација која во оваа група не постоеше. Секој знаеше што пее, што свири, кога завршува... Сега се базирам на моментална инспирација. Го свириме она што го чувствуваме, импровизираме, а тоа е основната методологија и на џезот. Сите четворица имаме удел во создавање на музиката"
Се разбира, сé се одвива под негова контрола, но секој од квартетот има слобода во творењето. "Јас ги давам насоките, основните тематски и ритмички параметри, но влезот на секој од уметниците во квартетот е индивидуален. На тој начин се создава вистинска уметност. Со тројцата уметници со кои работам – Александра , Бајса и Ратко ми е преубаво да музицирам, а тоа се чувствува и на сцена. Сега сум максимално комотен да ја изнесам целата моја интима". За првиот албум на квартетот критиката ќе забележи "Се работи за авторски компактно, обмислено и исклучително квалитетно музичко дело кое може да ги задоволи и највисоките критериуми, не само во локални туку и во светски рамки. Постигната е рамнотежа меѓу она што значи авторски печат и колективно музичко наследство". А музиката на Даутовски сега или некогаш, никого не го остава рамнодушен. Особено оние кои во генот го носат музичкиот израз што тој го негува, тоа чувство како музички јазик на овие простори. И му успева да го пронајде, да го разбуди... Преку неговата музика и навидум ладните народи се мамат по духовноста што тргнува од ова поднебје. И замолчуваат.□



Проф. д-р **ДРАГАН ДАУТОВСКИ**



## МАКЕДОНИЈА ГО ПРИМИ ПРЕТСЕДАТЕЛСТВУВАЊЕТО НА АУДИОВИЗУЕЛ ЕУРЕКА

# Аирлија работа со шампањско и лосос

Ете, на крајот од викендот, Македонија во Брисел го прими и претседателствувањето со Аудиовизуел Еурека, панеуропска интервладина организација која се занимава со аудиовизуелните уметности, па и со филмот. Значи, добивме чест, но пари не, бидејќи Еурека не дава пари, туку таа се занимава повеќе со прашања врзани со образовниот процес за филмот, со скриншнгот, со организирање тркалезни маси и со министерски конференции околу авторските права и сите правни работи врзани со филмот. Парите се во Еуроимаж, која е директно дел од Советот на Европа, но таму бидејќи тешко се влегува. Иако министерката за култура Ганка Самоиловска - Цветанова смета дека можеби годините на чекање за влез во Еуроимаж би се скратиле, затоа што директор на Еурека стана Волтер Леруж, кој доаѓа од местото на директорите во Еуроимаж. Леруж, барем лани имаше почести доаѓања во Македонија. Летоска си поседе и во Охрид, а му беше дадена чест да го отвори и фестивалот "Браќа Манаки" во Битола. Ако е тоа доволно.

Министерката за култура Ганка Самоиловска -Цветанова, завчера во Брисел прими седна на претседателската фотелја на Аудиовизуел Еурека. Тоа беше и прво заседавање на министерката за култура на Македонија со комесарите од сите земји - 35 на број, членки во Еурека. Пред тоа, во четвртокот во т.н. Сала на таписедиите во Министерството за надворешни работи на Белгија во Брисел, на Ганка ѝ беше приредена церемонија на преземање на претседателствувањето на Македонија со Еурека. Во последниве две години со Еурека претседателствуваше Турција.



*Директорот на Еурека Волтер Леруж ѝ наздрави на Ганка Самоиловска -Цветанова што како претседателка на Еурека влегува во светот на мажите. Жени меѓу комесарите на Еурека баш и нема.*

Церемонијата на примопредавањето на функцијата беше со стил: се наздравуваше со шампањско и се служеа крокети од риба.

Комесарите од 35-те земји членки на Еурека, со аплауз ги испратија Турците, со аплауз ја пречекаа и Ганка. Пред тоа, во една од салите за конференции во Министерството за надворешни работи, на комесарите на Еурека им беше направена проекција на филмот со снимките на браќата Манаки. За да кажеме дека не сме дрво без корен. А за да не оди само нем филм, квартетот на Драган Даутовски, во живо беше



*Македонскиот етно звук донесен на самото место: во салата за конференции во Министерството за надворешни работи во Брисел.*

музичка завеса. Репертоарот на Даутовски квартет се знае: етно музиката. Потоа им кажавме и дека сме за балканска федерација, преку документарецот за првиот концерт од формирањето на Балканската филхармонија. Идејата за филмот е на Ганка, а и идејата за Балканска филхармонија е нејзина.

Министерката за култура малце им пушти поздрав на еврокомесарите и во својот говор, во моментот кога го прими претседателствувањето на Еурека. Потсети дека во почетокот на '92 година, Македонија беше единствена држава што Европа ја посочуваше како држава која знае да живее мултиетнички, а последниве година ги доживеавме најголемите критики од истата Европа, а рече и дека се надева оти честа Македонија да претседателствува со Еурека, дава надеж дека ќе бидеме дел од европската заедница.

За да биде сѐ на високо стил, откако заврши церемонијата кога Ганка го прими претседателствувањето на Еурека, таа приреди вечера. Во ресторан со рејтинг, бидејќи се наоѓа во кварт каде е и кралската палата. На менито, се разбира, имаше белгиски специјалитети, залеани со вино. Пивото што во Белгија го има над 50 видови, е за во пабовите.

*Цветанка Зојчевска*



*Гостите на вечерата што ја приреди министерката за култура беа и шефот на мисијата на Македонија во Брисел Сашо Стефков, на НАТО Нано Ружин, новинари од десет редакции од Македонија. На менито се служеше: предјадење - супа од морски плодови во чинијче како нарезок, потоа лосос во бешамел сос, и главно јадење - свински крокети полнети со бешамел сос и гарнир од салатки. Сѐ тоа со вино.*

Travel agency
Orfej
118 602
Побарајте ги програмите
8-ми МАРТ
* КИПАР *
* ВЕНЕЦИЈА *
* ВИЕНА *
* БУДИМПЕШТА *
* СОЛУН *
* ИСТАНБУЛ *
РИМ * АТИНА
ЕКСКЛУЗИВНО
* МЕКСИКО *
* КУБА *
* БРАЗИЛ *
* БАНГКОК *
* ПУКЕТ *
* ЕГИПЕТ *
*ДОМЕНИКАНА*
* МАЛТА *
ПРОБЛЕМОТ ОКОЛУ ВАШЕТО ПАТУВАЊЕ, ДОЗВОЛЕТЕ НИЕ ДА ГО РЕШИМЕ:
- ШИРОКА ЛЕПЕЗА ХОТЕЛИ НИЗ ЦЕЛИОТ СВЕТ ПО НАЈНОВОЛНИ ЦЕНИ
- АВИОНСКИ КАРТИ ОД СИТЕ СВЕТСКИ АВИО КОМПАНИИ



# ЕТНО БОЖИЛАК

## КОГА КАВАЛИТЕ И СИНТИСАЈЗЕРИТЕ ОДАТ „РАКА ПОД РАКА"...

**Деби албумот на „Д.Д. Синтезис" концилиран пред сè како извозен продукт е една музичка синтеза на домашната етно музика и современото „толкување" на она што се нарекува ворлд мјузик. Снимен во Љубљана, а наскоро ќе се печати во Австрија.**

*5.09.1996 Екран*

„Д.Д. Синтезис", музичката дружина на Драган Даутовски веќе позната по своите концертни настапи го подготви својот деби материјал за целовечерен албум. Материјалот е снимен во мај годинава во Љубљана. Снимањето и пост-продукцијата се изработени во тонското студио „Тиволи", со сниматèл и копродуцентот Јанез Крижај, човек што ги работел сите албуми на познатите групи „Лајбах", „Лачни Франц" „Миладојка јунид" и др. Снимањето токму во ова студио е извршено пред сè заради извонредните профи услови, едно супер модерно студио што ги задоволува европските стандарди. Преостојат уште оние завршни, технички подготовки (изработка на обвивка, редослед на темите на идниот носач на звук и сл.), и материјалот оди во печат. Се работи за печатење на два вида носачи на звук – на компакт диск и аудиокасета. Печатењето ќе биде во „Сони" во Австрија. Овој музички материјал го издава „Скопскиот Џез Фестивал".

Материјалот е создаден пред половина година, еден дел, а вториот дел непосредно пред самото снимање. Всушност се работи за музика што не го изневерува досегашното музичко кредо на оваа група. Значи, фолклорна музика, базично, но „пропуштена" низ призма на една синтеза со современо „толкување", а пред сè со употреба и на некои нетипични инструменти за овој вид музика – клавир, синтисајзери, батерија-тапани... Иако токму лидерот на „Д.Д.Синтезис", Драган Даутовски, веќе имаше едно искуство со „Анастасија" на нивниот проект, саундтракот „Пред дождот" овде, акцентот е фрлен токму на зачувување на домашниот народен звук, без многу интервенции, прочистен, без примеси на некои музички влијанија од Балканот... Инаку, музичката приказна е исплетена со употреба на: три женски вокали, тапан, батерија-тапани, тамбура, кавал, гајди, синтисајзери, клавир, зурли... Материјалот содржи околу педесеттина минути музика поделен во седум теми дел изворни, а дел оригинални. Поширoко, снимени се и уште две теми, една со употреба на електрична гитара, помалку третирана „леб и солoвски" и уште една многу оригинална етно поп-денс тема што би можела да биде и за прв пат автентична македонска поп-песна. Но, едноставно, овие две теми се по малку надвор од севкупниот, на овој неполулистички и некомерцијален концепт и најверојатно нема да се најдат на албумот, ами ќе бидат на „стенд бај"...



Лидерот на „Д.Д.Синтезис": Драган Даутовски

Овој албум веќе можеме да го очекуваме при крајот на септември, а веќе од јануари следната година следува и реализација на вториот албум на „Д.Д. Синтезис".

## ЛИЧНА КАРТА

*22.11.96 год.*

## ДРАГАН ДАУТОВСКИ



**Име:** Драган
**Презиме:** Даутовски
**Прекар:** нема
**Дата на раѓање:** 21.11.1957 година
**Место на раѓање:** Берово
**Професија:** музика
**Висина:** 174 см.
**Тежина:** непозната
**Боја на очи:** зелени
**Боја на коса:** костенлива
**Родители:** има
**Браќа и сестри:** сестра
**Семејна состојба:** оженет, две деца
**Сака:** сè што е убаво
**Не сака:** сè што не е убаво
**Глумец:** сите македонски глумци
**Глумица:** Лабина Митевска
**Пејач:** Сарievски
**Пејачка:** Стојна Китанова
**Омилена книга:** сите
**Квалитети:** има
**Слабости:** нема
**Автомобил:** "сузуки"
**Омилено јадење:** сè
**Хоби:** музика
**Образование:** високо
**Астролошки знак:** Скорпија
**Контакт адреса:** дома

узанси на сè повеќе акутелниот светски тренд – world music. Материјалот содржи малку повеќе од педесеттина минути музика поделена во осум теми и претставува исклучително успешна синтеза на „базичниот" фолк сентимент и современото толкување на музичката креативна технологија. Снимен е во тонското студио „Тиволи" во Љубљана во периодот мај-јули 1996 г., а ремастеризиран во „Сони" филијалата во Австрија.

Музичката дружина предводена од лидерот **Драган Даутовски** кавал, гајда, зурла и тамбура, потоа **Ване Јовчев** пиано и кибордс, **Марјан Јовановски**, тамубра и акустична гитара, **Гоце Узунски**, тапан, тарабука, конги и бонгоси, **Радослав Шутевски**, тапани и перкаши, како и моминскиот вокален трилинг – **Анета Шуланковска, Биљана Ристевска и Мирјана Јошевска** ги плете музичките приказни: „Готен", „Две девојки", „Селска игра", „Клетва", „Ајде поминувам заминувам", „Љубов и Смрт", „Чума", и „Времиња" во едно вдахновено инспиративно расположение на својата Муза со што овој финален продукт, покрај збогатувањето на и онака сиромашната номенклатура сериозни наслови сосема извесно ќе партиципира во македонскиот музички експорт. Ова е само „влезниот билет" за концертната презентација надвор од земјава што ја има на ум (со реални шанси да се оствари) групата „Д.Д. Синтезис"...

Љ. Грбевски

# Животна исповед



Роден сум '57-ма година, во Русиново- село близу Берово. Кога сум имал само една година моите се преселиле во Берово, такашто за жал многу малку сум имал можност да живеам таму-во Русиново. Да живеам таков вистински селски живот, со вистински селски мирис, со вистински селски утра и ноќи,






Има ли секогаш одговор на сè што ќе не прашаат!? Има!!
Што и да кажеме, и вистина и не вистина, и свое и туѓо, сепак кажуваме. Дури и ако речеме не знам, сепак кажуваме. Дури и ако молчиме, сепак кажуваме. И тоа е тогаш одговор. Тогаш и туѓото е наше.
А, има ли секогаш одговор на сè што самите ќе се прашаме!? Има и тогаш! Само што тогаш, туѓиот и невистинитиот не можеме долго да го слушаме. Оти му пречи, а и одоздола притиска оној нашиот. Вистинскиот! Кога тогаш мора да си ги заменат местата. Некогаш веднаш, некогаш дури на половина пат, некогаш одеднаш, некогаш преку друг, некогаш во огледало, некогаш низ магла, некогаш.... Како и да е, само нека не е некогаш никогаш!!

секогаш сè да ни биде јасно. Едноставно некои нешта се такви, оти само такви можат да постојат и никако поинаку. Го велам ова и си се потемевам самиот себе си, зошто не се смирија дамарите во мене додека не открив што е тоа што ги држи нештата длабоко во нас, додека не открив каде се тие и што прават цело време, додека се скриени таму некаде длабоко во душата. Ги криеме ние, или тие си знаат кога треба да чукнат за да им се отвори портата. И знам што открив. Дознав, кога ме прашаа и кога ми рекоа оти е несфатливо цели 30 години „Јана„ да била во мене, а јас да не ја чујам одвнатре. Им реков- сфатливо е, им реков- некои работи може и цел живот да патуваат преку нас. Им реков- тоа се патишта, долги патишта, на кои некои ќе се изморат, ќе седнат да се одморат и можеби така седејќи ќе си речат- добро е, доволно е! Толку! Не можам повеќе! Вакво нешто може да ти текне само дури седиш или ако предолго заседнеш. А, им реков има некои дуѓе кои одат понатаму. Секогаш одат понатаму. Можеби некогаш изгледа како да не знаат каде, но

# Дете на мечтите

со таков убав студ, но и со една таква единствена топлина на селскиот дом и селскиот живот. И кога го говорам ова, го говорам, како желба, како потреба како копнеење по нешто што не ми се случило, а можеби можело. И затоа сега, а и цел живот сакам да кажувам дека сум роден таму, иако не се ни сеќавам, на ништо што би значело куќа или спомен, или слика од детство таму, но ете говорејќи и споменувајќи го Русиново, понекогаш ми успева мислата да ми создаде реален миг. За миг желбата да се претвори во нешто што реално не постоело, но постои во мојата душа. Којзнае дали баш добро го објаснувам ова, зошто и мене понекогаш морам да признаам ми звучи чудно, оти со ништо друго не ми успеваат ваквите патувања како што ми успеваат со Русиново, и како што ми успеваат со музиката. Тоа се тие посебни светови, а Русиново е еден токму таков свет. Го сакам зошто е посебно, зошто таму луѓето имаат една посебна духовна сила, една непокорност која зрачи од секој од нив. Луѓето во Русиново имаат еден необјаснив талент за играње, за пеење, што е речиси невозможно да не го почувствува и да не го забележи секој кој ќе мине низ овој крај. Затоа го сакам, затоа е и толку голем и толку силен дел од мене. Носиме енергија и духовно наследство од родителите, но ги носиме и овие нешта како наследство и од почвата на која сме чекореле во детството.

## Нешта што не се заборават

Но, ако некои нешта јас си ги создавам вака, на овој начин, силно посакувајќи ги, некои нешта силно ги паметам и сè уште како живи слики ги гледам пред мене. Никогаш нема да ја заборавам мајка ми седната со преслото в раце како пее, а јас ја слушам и ја вракам безброј пати од почеток на песната барајќи ја со прстите и со душата, по мојата прва мандолина мелодијата што таа си ја потпевнува. Не се заборава ова! Никогаш нема да го заборавам ниту татко ми како влегува дома со трупци дрва во рацете и пее. Пее на сиот глас. Ова се тие вечни спомени, вечни слики кои ти кажуваат кој си, што си, и што носиш во душата, и од каде ти се сите нешта. Понекогаш не ми се верува, но моите први мелодии потекнуваат токму од тука, од овој албум на животот. Понекогаш не ми се верува но и Јана- ..Јано мори.. излезе токму од тука, од овој албум. Требаше да поминат цели 30 години, за да го најде патот оваа песна и да излезе и од мене и од кавалот. Но, не мора одат. Можеби понекогаш и тие навистина не знаат каде, но одат. Им реков- толку му требало на овој уметник, Драган Даутовски да созрее и да се осознае себеси. 30 години! Изгледа многу. Ама не е! Им реков- вие не знаете колку е убав тој немир кој го чувствуваш додека се нештата во тебе и додека те буричкаат одвнатре, а ти чепкаш по нив. Тој немир е духот на човекот. Тој немир е духот на уметникот. Преку тој немир се создава, преку тој немир се патува и се открива. И сега, 30 години, многу ли се!? Им реков- не! Колку подолго, толку поубаво. Оти таму се мечтите! Таму е сè!

## Кога музиката се претвора во боја

Јас сум Драган, детето кое

„ЕКРАН“ ДОЗНАВА: 4.05.1995 г.

### ДАУТОВСКИ СИ ГИ БАРА ПРАВАТА

# СЛАВА СО ТУЃИ ПЕРЈА?!?

**Зошто Драган Даутовски не се согласува со изјавите на членовите на „Анастасија“ околу авторството на музиката за филмот „Пред дождот“?
Што најмногу го револтира уметникот кој повеќе од една деценија ја истражува македонската изворна музика?**

Околу музиката за филмот „Пред дождот“ на Милчо Манчевски се крена „голема прашина“, а се околу признанијата за изворноста, оригиналноста... претставувањето на македонскиот изворен звук на „светско ниво“. Во повеќе наврати пишувавме за „Анастасија“, за членовите: Златко Ориѓански, Горан Трајковски и Зоран Спасовски и за нивните искуства сè до излегувањето од студиото и издавањето на касетата и компакт дискот...

„Кога Академијата ќе го гледа филмот 2000 луѓе нека се глуви, илјада нека имаат апаратчиња за слушање, илјада нека не слушаат пак ќе останат околу илјада кои додека го следат филмот ќе слушнат што сме напишале, каква музика сме напишале“ – ја парафразираме изјавата на Златко Ориѓански во нашето интервју со нив, непосредно пред доделувањето на годинешните Оскари. Во ниту едно интервју не се споменува и името на Драган Даутовски, професор во Средното музичко училиште во Скопје на катедрата за народни инструменти... Токму заради тоа, а како што ни рече и затоа што „Анастасија“ се претставува за нешто што не е, Драган Даутовски сакаше да ни ја раскаже својата вистина...

Таа пак вели – уште од подготовките на музиката за „Пред дождот“ Даутовски бил заедно со Ориѓански, Спасовски и Трајковски... Тие биле кај него, побарале помош, совети но и неговото активно учество во работата, со тоа што тој би бил рамноправен член на „Анастасија“... Како човек кој повеќе од една деценија посветил на истражувањата во изворната музика, а и свирач на повеќе народни инструменти тој дал голем придонес во креирањето но и изведувањето на музиката во филмот „Пред дождот“. Негова желба е да „си ја заштити музиката во филмот“. Инаку односите со тројцата членови на „Анастасија“ биле одлични сè до моментот на потпишувањето на договорот со „Полиграм“... Тогаш дошло до разидување. Даутовски ни потенцира дека тој бил правилно исплатен за својот труд во креирањето на музиката за филмот, но неговата „лутина“ се однесува на други сегменти. Му пречи фактот дека јавноста малку знае за вистинските автори на музиката и што „Анастасија“ (тројцата членови) сите пофалби си ги земаат за себе... особено зашто тој придонел со доста авторска музика, но и интерпретација...

Вистина е и тоа дека „Анастасија“ (тројцата членови) во ниту едно јавно искажување не го споменуваат името на Драган Даутовски и како што тој ни вели – со месеци не му дозволуваат да го види договорот со „Полиграм“, на кој како што му е речено Ориѓански го потпишал и него зашто во моментот тој не бил со нив во Лондон.

Имавме можност да го видиме пропагандниот материјал што „НОА“ продакшн го имаше направено веднаш по фестивалот во Венеција каде „Пред дождот“ го освои Златниот лав. Во тој материјал, како што и самите можете да видите, пишува дека оригиналната музика за филмот е дело на групата „Анастасија“ и дека нејзини членови се: Златко Ориѓански, Зоран Спасовски, Горан Трајковски и Драган Даутовски...

Доколку Даутовски навистина не зел никакво учество во креирањето на музиката за „Пред дождот“ како што инаку произлегува од сите изјави на тројцата членови на „Анастасија“, тогаш со кое право продуцентот на филмот го споменува во рекламниот филмски материјал кој е поделен во светот...

Musique originale composée par
"Anastasia"
Zlatko Origjanski - Zoran Spasovski
Goran Trajkovski - Dragan Dautovski
Musique additionnelle interprétée par
Gorgjo Ibrahim - Dubravka Zajkova
Kjazim Jashar - Senko Velinov
Daniela Tosic
et
Vanja Lazarova

*Кои се членовите на „Анастасија“ според „НОА“ продакшн?*

Г. О.



Вест 15.10.2002



Фото: Г. Личовски

# "Драган Даутовски квартет" на етно-фестивал во Загреб

Извонредниот "Драган Даутовски квартет" вечерва ќе биде дел од учесниците на "Небо", интернационалниот етнофестивал кој во саботата беше отворен во Загреб. Даутовски е и еден од задолжените за музичката работилница, која ќе функционира во рамките на фестивалот. Во текот на целиот ден Даутовски ќе ги подучува сите заинтересирани да свират на повеќе од 20 вида традиционални инструменти за кои тој е специјализиран. Освен нашиот квартет, на фестивалот настапуваат уште десетина светски етноизведувачи.

(М.Ц.)

ДРАГАН ДАУТОВСКИ **ИНТЕРВЈУ**



ПРОФИЛ ◆ ПРОФИЛ

PETAK **17.** AVGUST **2001.** BLIC

Kultura

*Gost „Budva grada teatra" Dragan Dautovski, istraživač makedonskog narodnog blaga*

# Raste potreba za lepotom

## *Širem auditorijumu poznat po muzici koju je komponovao za film „Pre kiše"*

Muzičar iz Makedonije Dragan Dautovski (1957) nedavno je (14. avgusta) imao izuzetno uspešan koncert u Budvi u okviru muzičkog programa „Grada teatra" sa svojim kvartetom, koji sem njega čine Ana Popovska, Bajsa Arifovska i Ratko Dautovski. Bilo je to muziciranje u znaku istraživanja makedonskog narodnog blaga, što se publici, očigledno, veoma dopalo. Reč je o muzičaru koji je širem auditorijumu poznat po muzici koju je komponovao za film „Pre kiše", potom je 1995. osnovao „DD Sythesis", muzičku trupu sa kojom je gostovao u Izraelu, Nemačkoj, Japanu i drugim zemljama izvodeći muziku na tradicionalnim instrumentima kao što su kaval, gajde, tambura i drugi.

Govoreći o svojim inostranim koncertima, kaže, da ga je, pre svega, fascinirao Japan.



„Ne samo što je sve bilo besprekorno organizovano i što su koncerti u sva četiri grada u kojima smo svirali bili vrlo uspešni, već sam prevashodno bio opčinjen načinom na koji ti ljudi slušaju muziku sa nekih, njima dalekih, prostora. Znate, Japanci su vrlo duhovna nacija i strahovito poštuju tradiciju. Naravno, ne samo svoju, već i tuđu. Uvrežena je o njima slika kao hladnim, poslovnim i prezauzetim ljudima. A zaista nije tako. Vrlo me prijatno iznenadilo kako, recimo, reaguju na kaval, drveni duvački instrument sa kojim se oni prvi put sreću.

**Muzički trend Evrope, pa i sveta je povratak etno motivima. Šta za vas znači taj kontekst? Da li je on opredelio vaše stvaralaštvo?**

- To jeste, da tako kažemo, globalni svetski trend. I mislim da se on događa zbog potrebe za pronalaženjem novih muzičkih pravaca. Grubo govoreći, otprilike na sličan način nastao je svojevremeno, na primer, džez. U tim cikličnim tokovima, u jednom trenutku, na ovaj ili onaj način, stvari se moraju vratiti na početak, odnosno, korenima.

**Vi ste muzičar koji živi i radi u Makedoniji. Kako ova ratna zbivanja u vašoj zemlji utiču na vas? Nije li i to možda bitka oko sopstvenih korena?**

- Takve neprilike po prirodi stvari utiču, ne samo na muziku, nego i na umetnost uopšte. Jer, kada se oko nas vodi rat i padaju glave, malo ima mesta za umetnost. Ali, s druge strane, narasta ljudska potreba za lepotom, ili čak za nekim pribežištem i utehom u svetu stvaralaštva. Po mom uverenju, rat je klasična budalaština i niko me ne može uveriti da postoji pravedan rat.

**Kako se vi lično branite od te pošasti?**

- Trudim se da sav svoj ljudski bes usmerim, odnosno ulijem u note i tonove. Znate, umetnost u ovako gorućim situacijama deluje nemoćno, ali verujte da nije. Njena snaga je u tome što opstaje, a politički trendovi prolaze zajedno sa svojim žrtvama.

**Kakvi su vam planovi posle gostovanja u Budvi?**

- Ubrzo idemo u Grčku, Sloveniju i Nemačku. Čeka me i komponovanje za jedan filmski projekat. Zaista sam mnogo angažovan i to je najbolje, da ne kažem, da me baš upravo to spašava. No, uprkos svom tom angažmanu, trudim se da radim polako. Jer, po mom uverenju, svaka ljubav iziskuje vreme.

*T. NJEŽIĆ*

CAFFÉ SOCIETY СПОРТ ФИЛМ

форум 20. 06. 2003



МУЗИКА

**На** прославата на роденденот на Кралицата што ја приреди Британската амбасада од Скопје, меѓународно познатиот македонски музичар **Драган Даутовски** свиреше гајди заедно со шкотскиот гајдар **Џим Никол** од Единбург.

Британскиот амбасадор, **Џорџ Едгар**, во таа пригода, во својата здравица, рече: "Ова е можеби прв пат македонски и шкотски гајдари да свират заедно иста песна. Прекрасно е да се види шкотскиот гајдарски костим до традиционалната македонска носија во Музејот на современа уметност во Скопје".

Овогодишната прослава, што се организира секоја година во чест на официјалниот роденден на британската **Кралица Елизабета 2**, беше организиран во Музејот на современа уметност. Британската амбасада воедно ја прославуваше и педесетгодишнината од крунисувањето на Кралицата и за таа цел го покани гајдарот Џим Никол од Шкотска.

Бидејќи Македонија е една од неколкуте земји со традиција на свирење гајди, Амбасадата го покани и Драган Даутовски да го придружува Џим Никол на гајда.

Двајцата гајдари изјавија за медиумите дека начинот на свирење на шкотската и македонската гајда не се многу компатибилни, зашто шкотската гајда е повеќе за воена музика и имала за цел да поттикне верба во победа кај војниците пред битка, додека македонскиот начин на свирење гајда е со слободен ритам и е повеќе лирски. Сепак, откако секој од гајдарите отсвири по неколку национални нумери, тие успеаја да се надополнат при изведбата на една македонска нумера на огромно задоволство на присутните гости. ф

КУЛТУРА
БУЛ. СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ 68а
Тел. 111-332; Факс 22 86 08

# Култура

КУЛТУРА
e-mail: ipkultura@unet.com.mk
www.kultura.com.mk



Двегодишно претседавање: Момент од свеченото примопредавање на претседавањето на "Аудиовизуел еурека"

## МАКЕДОНИЈА ПРЕТСЕДАВА СО „ЕУРЕКА"

# Голема шанса за македонската кинематографија

## *Одлична презентација на македонската култура во Брисел*

SВЕЗДАН ГЕОРГИЕВСКИ

Последниот четврток од јануари во Брисел Македонија официјално (и свечено) го презеде своето прво претседавање со една паневропска меѓувладина организација. Станува збор за "Аудиовизуел Еурека", организација за унапредување на аудиовизуелните уметности, вклучувајќи ја тука и кинематографијата, а со оваа организација во следниот двегодишен мандат ќе претседава овдешниот министер за култура, во случајов Ганка Самоиловска - Цветанова.

Првичниот впечаток на големата македонска новинарска експедиција (13 новинари) што по овој повод присуствуваше во Брисел е дека Македонија успешно се претстави на примопредавањето на претседателската функција. На почетокот беше прикажан еден омнибус од филмови на браќата Манаки (колку да се знае дека македонската кинематографија не е дрво без корен, иако денес делува како корен без дрво). Посебен шмек на проекцијата му даде живата музичка придружба на одличниот квартет на Драган Даутовски, кој специјално за оваа прилика го прилагоди својот репертоар. Посебна приказна беше и претпремиерното прикажување на долгометражниот документарец "Радоста на животот" на младиот Светозар Ристовски. Поводот за филмско раскажување на оваа балканска сага е првиот концерт на Балканската филхармонија одржан во Скопје во 2000 година. Автентично прикажаните судбини на музичарите од балканските земји

### „ЕУРЕКА" НУДИ НИЗА МОЖНОСТИ ШТО ТРЕБА ДА СЕ ИСКОРИСТАТ

(Босна и Херцеговина, Турција, Албанија, Романија, Грција, Бугарија и Македонија), всушност, го доловија сиот немир и сите турбуленции на овдешната стварност. Но, она што за новинарскиот локал-патриотизам и за балканската гордост беше поважно е фактот што филмот буквално ги остави без зборови присутните координатори и функционери на организацијата "Еурека" и на европскиот филмски фонд "Еуроимаж". Веднаш потоа на пригоден коктел министерката Ганка Самоиловска - Цветанова го прими претседателствувањето со "Еурека" од нејзиниот турски колега.

Тоа, се разбира, се површните впечатоци од бриселската атмосфера. Она што е побитно е важноста на овој "историски ден за македонската кинематографија" (како што го нарече директорката на Македонската кинотека Весна Масловарик). Според министерката за култура, претседавањето со "Еурека" и контактите што ќе се добијат преку неа ќе бидат искористени за зачленување во најголемиот европски инвестиционен кинематографски фонд "Еуроимаж", што може да претставува реална финансиска база за оживување на македонската кинематографија. "Еурека" овозможува размена на филмови на млади автори, односно нивна афирмација, но и организирање на семинари, обуки и слично. Со оглед на македонската позиција во организацијата повеќето од овие активности ќе бидат насочени во Македонија, така што директен кар ќе имаат и нашите млади автори. Во тие активности спаѓа и организирањето на конференција на министрите за култура на земјите-членки на "Еурека", што исто така ќе се одржи во Македонија (со организациона помош од белгиската влада), а не смее да се заборави ни претстојниот Кански фестивал, каде што "Еурека" ќе има свој штанд од околу 300 квадратни метри, при што голем дел од квадратурата ќе добие Македонија за претставување на своите кинематографски достигнувања и можности.

Тоа во куси црти се придобивките на овој "историски ден на македонската кинематографија", констатација која треба да се потврди по завршувањето на двегодишниот мандат на нашето претседавање.

мирен... Значи светската сцена може да очекува едни сериозни луѓе со една сериозна поткованост и сериозни умеења. Ратко, во тој контекст е задолжен за ударните инструменти и редовно го надополнува својот инструментариум... а свири и неколку народни инструменти: тамбура, кавал, тапани да не зборуваме... Плус, свири виолина од средно училиште и клавир (како обврска на факултетот) итн. Бајса е исто така мултиинструменталист којашто убаво ме следи во настојувањата да се проникне во инструментите од ова поднебје , така што, квартетот располага со еден огромен арсенал на инструменти, кои пак од друга страна, се услов човек воопшто да не се плаши за некаква креативност и лансирање на идеи во иднина...

**- Конечно при крај на разговоров: Како ти како стручњак и како педагог го гледаш развитокот на македонската музика во делот на она што се нарекува "ново читање на фолклорната баштина", она за што во светот се користат термините - етно или music world. Односно има ли на повидок нови сили покрај она што е веќе етаблирано (.како вашиот квартет, Анастасија, Синтезис итн.)**



Сите тие што ги спомена пред малку се дел од еден процес кој е почнат некаде деведесеттите години, којшто јас го сметам за една ренесанса на нашата музичка култура, во смисла на убаво речен термин "ново читање на фолклорната баштина" и сметам дека од тој период наваму традиционалната музика си зазема сериозно место. Особено во образовниот систем, а со тоа и во културниот третман на фолклорната проблематика воопшто. Нормално, штом има образовен систем, штом во јавноста е посочено вниманието кон сите вредности на традицијата автоматски се создава клима , никнуваат млади уметници, нивниот интерес е сѐ помасовен за изучување и продлабочување на таа проблематика. Без разлика дали станува збор од музички аспект, значи станува збор за пошироко, воопшто за фолклорна тематика - етнологија, фолклористика итн. и во тој контекст влегува и потесниот пример - во музиката... Сепак, морам да споменам дека ова се неубави времиња за опстојување на културата, пред сѐ од аспект на ентузијазам. Сметам дека образованиот систем како едно академско влијание, што значи традиција, треба да го направи токму тоа - сите оние што се занимавале или оние што се занимаваат да ја чуваат традицијата фолклорна, односно повторно да се завртат кон самите себеси и своите корени... Тоа сметам дека е најбитната улога на образованието и на академизмот воопшто, кон третманот на фолклорот, за да се појават млади луѓе коишто треба да ја освежат базата како таква. Инаку, сметам дека има една мала стагнација во овој, евидентен развиток во последниве години, иако доаѓаат многу млади луѓе кои секако ќе имаат влијание врз музичката култура. Впрочем не случајно е кажано дека во моментов македонската музика (без разлика дали некој го прифаќа тоа или не) зборувано од културен аспект значи онаа спрега со традицијата и воопшто сите музички збиднувања и правци што се случуваат во Македонија , се на највисоко ниво... Македонската музичка сцена е највисоко котирана во однос на земјите што не опкружуваат на Балканот. И можеби е една од највлијателните! Барем годиниве наназад... Јас се надевам дека тоа ќе продолжи ... Со една забелешка дека треба да се води сметка дека опстојот на самите уметници е од пресудно значење... Сепак сме мала средина, мал пазар, објективно постојат многу малку концерти и сето тоа влијае на еланот и на вољата на младите луѓе целосно да се втурнат во таа проблематика...

# МУЛТИМЕДИЈАЛЕН ПРОЕКТ НА ДРАГАН ДАУТОВСКИ КВАРТЕТ

На 24 април, во универзалната сала во Скопје, со почеток во 20.30 часот, квартетот на Драган Даутовски, ќе одржи концерт. Освен музичарите од квартетот Драган Даутовски, Александра Поповска, Бајса Арифовска, Ратко Даутовски, како специјални гости ќе се појават Кренаре Невзати – Кери, двајца тапанџии од "Галичка свадба", Василичарска група од Кавадарци. Во овој мултимедијален проект насловен како "Сонот на Марија", ќе содржи и разни уметнички танци, во изведба на глумците и танцовата група од Драмскиот театар.



4

24·04·'03

ВЕСТ 26, 27 и 28 АПРИЛ 2003 29

ДРАГАН ДАУТОВСКИ-КВАРТЕТ

# Концерт за вистинско уживање



Фото: Вест

"Сонот на Марија", мултимедијалниот проект на виртуозите Драган Даутовски-квартет, завчера во скопска Универзална сала доживеа два биса, громогласни аплаузи и овации. Првиот дел од концертот беше во знакот на извонредната Кренаре Невзати - Кери, кореограф, која танцуваше заедно со нејзините ученици од МНТ, моќните тапанџии, браќата Салоски од Дебарско и Василичарската група од Кавадаречко. Квартетот, за оние кои не беа запознати, го докажа своето умеење и во тетарската музика, а Кери беше тука за да го доживее публиката тоа на вистински начин.

Вториот дел, резервиран за неизбежните "Јана", "Учи ме мајко, карај ме"..., и мало потсетување на ланскиот концерт, со делови од албумот "Патот на сонцето"... Аплаузите не стивнуваат, Драган, Александра, Бајса и Ратко ни подаруваат уште некоја минута уживање, а концертот завршува токму кога е "најслатко", во најголемата еуфорија, кога се сите на нозе...

*(М.Ц.)*

ОБЈЕКТИВ

# Спектакл на *Драган Даутовски* квартет во *Стоби*

*Драган Даутовски квартет* вечерва ќе одржи голем концертен спектакл во античкиот театар *Стоби*, крај Велес. Настанот е во организација на *Центарот за култура и уметност Велес* и на првото отворено музичко студио во градот. Концертот ќе се одржи под спонзорство на *Скопска пивара*. Според организаторите, ова ќе биде "навистина голем спектакл, со специјален сценски перформанс, бидејќи *Стоби* претставува вистинското место, со идеална атмосфера за презентирање на музиката на *Драган Даутовски квартет*".

Цената на влезните билети за овој концерт во Стоби изнесува 120 денари.

Драган Даутовски, пак, во пресрет на овој настап истакна дека "ова е преубава можност, во еден извонреден амбиент каков што е оној во Стоби, неговиот квартет на публиката да и понуди репертоар без ограничувања, со пресек на материјалот од обете изданија и она што составот досега го има работено како театарска и филмска музика".

Инаку, нашиот прочуен музичар и неговите придружници на крајот на јули патуваат во Австралија каде што за големиот јубилеј 100 го-



Илинден, на 2 август ќе настапат во Мелбурн. Покрај овој настап, *Драган Даутовски квартет*, веќе следниот ден ќе музицира во славната *Опера хаус* во Сиднеј, а во деновите што следуваат ќе свири и во Камбера и уште неколку по-

КОНЦЕРТ ВО СТОБИ

# Драган Даутовски-квартет го „оживеа“ античкиот град

**Двочасовната изведба измами многу ракоплескања од публиката, која не го криеше своето воодушевување од овој несекојдневен настан**

**СОЊА ХРИСТОВСКА**

Античкиот град Стоби во петочната вечер беше местото каде што се собраа стотици вљубеници на традиционалните македонски звуци, од сите краеви на Македонија, за да уживаат во концертното издание на творештвото на „Драган Даутовски-квартет“.

Под отворено небо и полна месечина мултиинструменталистот Драган Даутовски и членовите на неговиот бенд - Александра Поповска, Ратко Даутовски и Басја Арифовска, ги разиграа емоциите на присутните со познатите звуци на тамбурата, зурлата, кавалот, тапанот, гајдата и други инструменти од нашето поднебје. Двочасовната изведба на нумерите од нивниот албум „Патот на сонцето“ и од максисинглот „Корени и цутови“, доведена до совршенство, и неверојатните варијации на вокалот на Александра, измамија многу ракоплескања од публиката, која не го криеше своето воодушевување од овој несекојдневен настан. Гости на концертот беше групата „Џоломари“ од селото Бегниште, Кавадаречко, кои, како и секогаш, воодушевија со својата појава. Паганските звуци на многубројните ѕвончиња и разните тропалки по нивната облека, совршено се вклопија во специфичната атмосферата во накратко оживеаниот прастар град.



Драган Даутовски - квартет ги разигра емоциите на публиката во Стоби

Ветерот цела вечер не успеа да ја „премисли“ публиката во стрмиот амфитеатар, која не се задоволи кога квартетот си замина од сцената и повторно ги повика, за уште десетминутно уживање во нивната хармонија.

*Драган Даутовски*

# Во прегратките на традицијата

**Вљубеникот во изворниот македонски фолклор, по извонредниот успех со „Анастазија“ го продолжува одот со групата Д. Д. „Синтезис“**

Бумот кој го направи извонредната музика на групата „Анастазија“, во прв план го исфрли и професорот по народни инструменти Драган Даутовски, иако тој во групата членуваше само за време на создавањето на музиката за филмот „Пред дождот“ на Милчо Манчевски. Како основач, пак, на групата Д. Д. „Синтезис“ која со своите настапи и оригиналниот звук, го привлече вниманието на музичката критика, Даутовски, трајно определен за македонскиот изворен фолклор, се обидува да ја следи својата музичка визија – неконвенционална музика, со многу етно–елементи, која се заснова врз македонската традиција.

Даутовски е роден во, по играорците, песнопојците и свирачите познатото беровско село Русиново. Оттаму и љубовта кон музиката: на својот прв инструмент, жолтата мандолина, со години ги свирел традиционалните малешевски песни. И потоа, по зацртаниот пат – средното музичкото училиште го завршува во Штип – во класата за дувачки инструменти на професорот Докузов, а Факултетот за музичка уметност во Скопје. По вработувањето, со избор на особено талентирани деца, ја оформува детската фолклорна група „Детелинки“ која го презентира изворниот македонски фолклор на високо уметничко ниво. Основач е и на оркестарот од народни инструменти „Миле Коларовски“ (кон кој се приклучува и женската пејачка група „Детелинки“) кој во последниве две години ја презентира помалку заборавената музичка традиција на извонредно свеж и оригинален начин, за што е и носител на голем број признанија.

Во поплавата на шундот во сите сфери на животот, појавата на Д. Д. „Синтезис“ и ентузијазмот на Даутовски се вистинско пријатно освежување на македонската музичка сцена.



ПУЛС, 29 декември 1995

МАКЕДОНИЈА ВО 1995 ГОДИНА

*Традиција*

# УМЕТНИЧКА КРШТЕВКА

Изворната музика отсекогаш се сметала за еден од најавтентичните белези на македонскиот народ. Традицијата од тој вид, со векови пренесувана преку усното и инструменталното предание, денес стои исправена пред загрозата од нејзино уништување, но и пред предизвикот повторно да воскресне. Позитивно во поглед на ова второво е секако појавата на сè поголем број групи и мали ансамбли свртени кон изворното музичко наследство, особено во внатрешноста, во кои доминираат младите изведувачи.

Сеќавајќи ја опасноста од задушувањето не само на овој позитивен тренд, туку и, воопшто, на изворното и автентично македонско музичко богатство пред бескрупулозниот налет на комерцијалното фабрикување на компонираната „народна музика“, кој, патем, свесно или несвесно го протежираат и медиумите, група познавачи и ентузијасти се собра зад идејата да се создаде една потрајна рамка за негување на музичкото наследство. Имено, благодарејќи на младиот професор Драган Даутовски е создаден и активно дејствува оркестар од традиционални македонски инструменти, еден од најоригиналните ансамбли од овој вид кај нас. Оркестарот работи при Културно просветното друштво „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје и веќе е активно вклучен во музичкиот живот во Републикава. Според начинот на работа (три проби неделно и еден настап), како и според квалитетот на програмите, слободно може да се каже дека работи професионално, иако без никаков материјален надомест. Составен е од пет кавали, четири тамбури, кемане, гајда, а постојат идеи за проширување. Инаку, со него работат и машко вокално дуо и вокалната група „Детелинки“.

Своето прво целовечерно претставување пред македонската публика, својот таканаречен „промотивен концерт“, овој оркестар ќе го има на 3 март во Домот на Армијата во Скопје, додека на 5 април ќе настапи на завршната приредба на годинешниве „Денови на македонската музика“ што традиционално ги организира Сојузот на композиторите на Македонија. Патем, да кажеме дека на концертот во Домот на Армијата, ансамблот ќе го добие и своето име по познатиот уметник на кавал Миле Коларовски. Инаку на овој концерт, што ќе се одржи во соорганизација со Културно-просветната заедница на Скопје, ќе настапат и реномираните исполнители на изворен мелос: **Вања Лазарева, Виданка Георгиева, Захаринка Милосављевиќ**, како и изворната вокална група „Китка“ од село Истибања - Кочанско, која ќе го изведе автентичниот играорно-слевен обред „Крштевка“, токму по повод „крштевањето“ на ансамблот.



**За зачувување на изворноста: Од еден од поранешните настапи на оркестар на изворни народни инструменти, кој во иднина ќе го носи името „Миле Коларовски“**

*...пре, во „Стоби“, концерт на квартетот „Драган Даутовски“*

# ...онските корени ќе расцутат во Зимбабве



"Настојувавме годинава да ги расцутиме корените, но за мене ова значи дека плодовите треба да ги лоцираме некаде во Зимбабве, а не во Македонија."

Квартетот Драган Даутовски во состав: Драган Даутовски, народни инструменти, Александра Поповска, вокал и синтисајзер, Басја Арифовска, кавал и тамбура и Ратко Даутовски, тапани, на утрешниот концерт ќе изведуваат композиции од нивниот досегашен целокупен музички материјал. Концертот се предвидува да трае повеќе од два часа. Организиран превоз за концертот ќе има само од Велес, а влезниците, кои во Скопје можат да се набават во музичките продавници "Југотон" и "Чув де чув", чинат 120 денари. (Т.И.)

...Даутов-
...сала.
...што до-
...оработу-
...култура
...нашиот
...промови-
...контину-
...ели Дау-
...от "Сто-
...бидејќи
...ивме на-
...ната ат-
...а карак-
...па. Сме-
...ор треба
...е, бидеј-
...недоста-
...ги про-
...на кон-

...медиуми-
...с-конфе-
...от ја одр-
...ртот во
...а Драган
...статира:



Вечерва на „Скопско лето“

## Патувачки театар, инсталација, филм и концерт

Вечерва на плоштадот "Македонија" во 20 часот, во организација на Францускиот културен центар, уличниот театар "Алхемичари" од Франција ќе изведе патувачка претстава без зборови во која играат тројца актери. Претставата е базирана само на играта на маските и телесниот израз. Во Даут пашиниот амам пак, со почеток во 20.30 часот, ќе биде поставена инсталација под наслов "Стебло на желбите" на нашиот скулптор Ибрахим Беди.

Во рамките на манифестацијата "Кафе кино", во Музејот на град Скопје - бифе "Музеум", во 21 часот ќе се прикаже филмот "Адаптација" во режија на Спајк Џоунс. Улогите ги толкуваат: Николас Кејџ, Мерил Стрип и Крис Купер.

Во рамките на вонредната програма на "Скопско лето" пак, во Куршумли ан со почеток во 20.30 часот, концерт ќе одржи Мандолинскиот оркестар "Скопје" под мотото "За Скопје-градот на солидарноста", со што се приклучува кон одбележувањето на 40 години од катастрофалниот земјотрес. Под диригентство на Рамадан и Ерхан Шукри, ќе бидат изведени дела од Џамбазов, Терзиев, Вивалди, Глук, Бочели. Солисти на концертот се Виолета и Јован Радаковиќ, сопран и баритон од Србија и Црна Гора, како и нашата певица, мецосопранот Милка Ефтимова. (Т.И.)

3. 12. 2001 Нова Македонија



По концертот на Квартетот на Драган Даутовски

# Патот до сонцето – пат до срцето

ПО Есенските музички свечености концертниот живот во Скопје пред крајот на годинава продолжува со еднаков интензитет. Меѓу неколкуте интересни концерти кои деновиве се нудат на радост на публиката беше и настапот на Квартетот на Драган Даутовски, што се одржа во четвртокот во Универзалната сала, во организација н_ Дирекцијата за култура и уметност. Познатиот македонски музичар со својата група во текот на еден и пол час го задржа интересот на публиката исполнувајќи десетина нумери од албумот што го носи истото име - "Пат до сонцето".

Ова е прв албум на групата која минатата година ја отвори есенската музичка манифестација. Сега ветувањето за уште еден, овој пат промотивен концерт, дадено лани по повод востановувањето на новата музичка приредба, е одржано, а Квартетот на Даутовски го изоде патот до срцето на почитувачите на овој вид музика со која се допира до корените на нашето битие. На сцената поставена во средината на Универзалната сала над илјада присутни го следеа настапот на Драган Даутовски и на Бајса Арифовска на кавал, тамбура и на мандола, на вокалистката со извонредни гласовни можности Александра Поповска и на Ратко Даутовски на удиралки. Многумина во еден здив го проследија исполнувањето на нумерите од овој албум, но и на некои постари на Даутовски. Тој одамна ѝ е познат на нашата јавност со своите длабоки истражувања на македонската фолклорна музичка традиција и спојувањето на ова богатство со една современа музичка експресија. Даутовски својот интерес , освен како професор по народни инструменти на ФМУ , го покажува и многу порано работејќи самостојно и на различни проекти. Тука е формирањето на ансамблот "Миле Коларовски", потоа на групата "ДД Синтезис", а по неговото излегување оттаму, неговиот последен проект, овој квартет и албум, се само логично продолжување на неговата впечатлива уметничка ангажираност на полето на етномузиката. Секако, живото исполнување, демонстрираните можности на групата и на народните инструменти беа на задоволство на публиката која уживаше со некои од највпечатливите нумери: "Гороцвет", "Месечина", "Спроти ветрот", "Јано мори", "Балкан", "Зајди, зајди..."

**В.Д.**

Нова Македонија
3/12. 2001



# ДРАГАН ДАУТОВСКИ

# МАКЕДОНСКИОТ КАВАЛ ВО ИСУСОВОТО РОДНО МЕСТО

Разговорот со Драган Даутовски, лидерот на „ДД Синтезис" секогаш е благодарен, заради големато музичко покритие на групата. Овојпат, особено, по нивниот успешен концерт во „Куршумли ан" во рамките на „Скопско лето" и многу други настапи надвор од земјава.

**-Иако од промотивниот концерт на „ДД Синтезис" во Универзалната сала во Скопје одржан 16 април до најновиов настап во „Куршумли ан" на 13 јули годинава поминаа неколку месеци и навидум се чини дека групата не беше многу активна, сепак имавте настапи надвор од Македонија и допрва ќе имате. За што станува збор?**

● Најбитни беа настапите во Рим на интернационалниот фестивал „Дионизус", фестивал на театар и музика, каде што имаше по една претстава и еден концерт на вечер. Таму имавме можност да свириме пред претежно публика од уметничкиот свет (режисери, глумци, композитори, продуценти...) потоа заминавме во Словенија каде што по втор пат настапивме како претставници на Македонското радио на фестивалот EBU (Фестивал на Европската радиодифузна унија).

**-Но таму како претставник на Македонското радио настапивте и лани. Како се случи повторно да настапите на истава манифестација ?**

● Овојпат за разлика од минатиот пат, бевме директно поканети од организаторот. Но, кога веќе бевме во Словенија, придружно настапивме на уште еден фестивал, во малото градче Канал, близу Бовец, каде што впрочем го имавме најприсниот и најемотивниот концерт пред Словенечката публика, што е уште еден показател дека „ДД Синтезис" има огромен број почитувачи.

**-Имавте и настапи во Германија...**

● Да, таму имавме два концерти во градот Рудолфштат на истоимениот етно фестивал кој што е всушност и најголем фестивал на етно музика во Европа.

**-На последниов концерт во „Куршумли ан", „ДД Синтезис" повторно настапи со материјалот од компак дискот, односно со стар материјал со една-две нови теми. Нели се чини дека време е на настапите да имате повеќе нов материјал ?**

● Да, свиревме од стариот материјал но вметнавме и неколку нови песни. Во групата сметаме дека материјалот од компакт дискот сеуште не е доволно концертно презентиран. Сепак, тука ги исполнивме новите нумери: „Балкан", „Гороцвет" и Што е лудо". Пракса ни е постапно да уфрламе на секој концерт по некоја нова нумера, со што покрајконцертната новина го увежбуваме и материјалот за наредниот албум. И воедно јавно го „тестираме".

**-Пред три-четири месеци направивте неколку снимки во студиото „До ре ми" од Скопје. Дали тие нумери веќе дефинитивно ќе се најдат на вториот албум ?**

● Ако покажат задоволително техничка и продукциска избалансираност со останатиот материјал што допрва ќе се снима, нема тие аудиозаписи да не се најдат на новиот компакт диск. На првиов компакт диск ставивме една снимка (за песната „Клетва") од едно скопско студио, а останатиот материјал беше снимен како што е познато во „Тиволи" во Љубљана така што подоцна сватиВме дека има голема продукциска дискрапанција. Затоа сега сме многу повнимателни.

**-Кога ќе се појави новиот, втор по ред, компакт диск на „ДД Синтезис" ?**

● Не брзаме и немаме строго фиксиран датум. Се надевам дека тоа ќе се случи околу Нова година.

**-Многу групи и поединечни автори (Влатко Стефановски, Бодан Арсовски, „Анастасија" и тн.) параелно со снимање албуми се впуштаат и во пишување наменска музика за филм, театар и сл. Дали си имал понуди за нешто слично ?**

● „ДД Синтезис" веќе реализира е музика за проектот „Цезар", театарска престава во копродукција на МКЦ од Скопје и Словенско гледалиште, плус хрватски продуцент. Станува збор за претстава што ја режира Бранко Брезовац, а учествува интернационална глумачко-сценографско-кореографска екипа. Премиерата на „Цезар" е закажана во Пула кон крајот на јули и потоа и на Охридско лето.

**-Ви претстои концертирање во Израел...**

● Да, ќе настапиме на фестивал во Западна Галилеја еден мамутски фестивал (во време на излегувањето на текстов „ДД Синтезис"веќе ќе биде веќе заминати, нов. заб.) што всушност треба да биде генерална проба пред изданието на истиов фестивал што ќе се одржи за пречек на двеилјадитата година, односно двеилјади години од рагањето Исусово. Тоа е и подтекстот на тој гандиозен потфат и идејата е културно да се обедини сето човештво. Затоа дури и учеството на оваа „претпремиера" го сметам за голема чест . Не само за групата ами за вкупната македонска музичка култура и традиција воопшто.

**Љ. Грбевски**

10

# Животна исповед

отсекогаш мечтаеше да биде на сцена. Уште од најраните, најискрените детски соништа знаев дека го сакам токму тоа, да сум на сцена со своите играчки и со оние кои ќе знаат да патуваат со мене. Каде!? По патеките на космичките простори реални нереални, каде што носи кавалот. Каде што патувајќи се гледаат бои. Каде што музиката се претворa во колорит. Бев мал, бев дете, кога, кога ќе ме искараа родителите, кога ќе ме казнеа, се затворав во мојата соба, каде што беа мечтите. И ја чекав ноќта. Ноќите од секогаш беа мои. Ќе ги затворев очите и прво го слушав кавалот, а, потоа ги гледав боите. Собата ми се претвораше во сцена, а во неа блеснуваа разни црвени светла. Тоа се моите космички патеки. Тоа се моите музички светови. Отсекогаш го носам чувството дека таму е најубаво, најбезбедно, најтопло!! И денес се фаќам себеси како чувствувам потреба да избегам таму. Оти таму нема ниту болка, ниту страв, таму нема ниту товар, ниту земјина тежа. Таму сум само јас, и сето она што има да ми се каже одвнатре. А, кого ќе пуштам внатре и со кого ќе бидам на таков пат, избирам јас. Веќешност доаѓаат оние за кои сево ова е видливо. Оние кои имаат слични вакви светови или дури и оние кои не знаат за нивното постоење, ама сакаат да го видат. Доаѓаат оние кои не се плашат. Од што!?? Па, од вистината. Оти опасно е да се тргне на таков пат ако човек има намера да лаже некого. Така едни тргнаа, мислеа дека знаат, патуваа кратко и се загубија. Значи велам, ги примам оние или доаѓаат оние кој не се плашат ниту од слободата, ниту од убавото и реков, ниту од вистината. Оти за жал човекот сѐ уште се плаши од овие неколку нешта. Ама знаете кој човек. Оној, кој тргнувајќи по патеката ќе седне да се одмора и предолго ќе се одмора и ќе си рече, толку! И оној човек кој што мислеше оти се многу 30 години, оти нештата треба сега тука и веднаш. Е, не може. Не сите. И некога ти ќе посакаш. Не е доволно тоа! Не е доволно само да посакаш. Прво треба да препознаеш, па да изработиш, па..... Многу!! Многу да сакаш!!!

**Триесет и пет илјади луѓе на раце**

И затоа сега многу ми е јасно, и затоа сега точно знам како може еден 80 годишен старец да свири цели 48 часа. Без здив, без одмор без леб! За Hariprasad Chaurasija зборувам, човекот кој што 48 часа свиреше на бансури-флејта (индиска флејта-слична на кавалот). Тоа се тие космички патеки, реални и нереални, каде што не постои време, каде што не постои тело, храна, каде што не постојат нешта што можат да се допрат, каде што сѐ е лесно, сѐ е бестежинско и се може да се крене в раце.

Знаев дека можам и јас ова да го правам со себе, знаев дека можам, и дека во тоа има сила за уште неколку мина, но не знаев дека може многу, многу повеќе. 35 000 илјади луѓе! Сега знам! Беше тоа на еден концерт во Германија. На стадион! Огромен отворен простор, со огромна маса луѓе. Мојот настап беше веднаш по настапот на една група чиј музички израз беше сосема поинаков од мојот. Се уплашив, си помислив, што сега, ќе успеам ли, ќе ја разберат ли овие луѓе мојата музика. Како ретко кога во животот се уплашив и се соочив со стравот од неуспех. Излегов на сцената. 35000 луѓе пред мене, а јас сам. Почнав да се местам, столчето, микрофонот, кавалот, но никако не можам да престанам да ја слушам еуфоричната и нескротлива толпа луѓе. Седнав и почнав. Почнав да свирам. „Љубов и смрт„ беше мелодијата! На почетокот само јас го слушав кавалот. Но, толку требаше. Си помислив зошто сега ти треба некој друг, кога цел живот го правиш ова, ти и твојот кавал. И почна да ме совладува потребата да се исклучам и да отпатувам. Се исклучив и се најдов на познато. Се најдов на моите безгрижни и топли космички пространства. И не знам колку долго бев таму, (не знам никогаш колку долго сум таму) кога одеднаш, неочекувано, нешто ме врати назад. Беше неверојатно! 35 000 луѓе во тишина, која ја создаде кавалот! Или јас!? Којзнае!? Јас и кавалот!? Љубовта и смртта!? Нешто друго!? Не знам! Никогаш не дознав дали јас ѝ го правам тоа на музиката или таа мене. Но, не мора секогаш сѐ да се знае! Можеби после 30 години......

*Тања* ТРАЈКОВСКА

*Авторот е уредник во „Телма„*



Носиме енергија и духовно наследство од родителите и од почвата на која сме чекореле во детството




Јас сум Драган Даутовски, детето кое отсекогаш мечтаеше да биде на сцената. Уште од најраните, најискрените детски соништа знаев дека го сакам токму тоа, да сум на сцена со моите играчки и со оние кои ќе знаат да патуваат со мене.

ИНТЕРВЈУ

# ДРАГАН ДАУТОВСКИ



# ДД СИНТЕЗ Е САМО ЕД

**Драган Даутовски до неодамна лидер на една од нашите најуспешни етно формации ДД Синтезис, по успешната турнеја во Јапонија, „се разведе“ од останатиот дел од бендот. Групата продолжува под името Синтезис, а тој продолжува соло... За своите понатамошни планови и за минатите денови поминати во бендот, овојпат говори исклучиво „во прво лице еднина“...**

**- Како ја доживеа Јапонија?**

● Со самото пристигнување во Токио, со стапнувањето на тлото на оваа земја, веднаш бев шокиран, од првата средба... Прво, непосредноста и срдечноста на луѓето, второ од начинот како се организирани... Букавално функционира сè – она за што најмногу сме „гладни“... Околу организирањето на културните настани видовме нешто што не бевме го доживеале досега. Бевме „во рацете“ на една од најголемите фондации што е под покровителство на државата и е задолжена програмски да ја „храни“ Јапонија со сè она што се вика култура, светска, нели? Така, тие секоја година носат културни програми од разни делови на светот, односно програми врзани со нивната култура и традиција за кои јапонскиот аудиториум е исклучително отворен.

**- Како се случи гостувањето на ДД Синтезис во Јапонија?**

● Па добро, интересно е и тоа да се спомене. ДД Синтезис имаше неколку настапи во придружните приредби во рамките на Струшките вечери на поезијата пред неколку години. Пред две години, на таа манифестација, бевме поканети да свириме на затворањето, односно на вечер, посветена на јапонскиот поет Макото Ока, актуелниот лауреат на СВП таа година. Тоа беше срекна шанса да се запознаеме со повеќе Јапонци, луѓе од културата... Нормално, во тој момент ништо конкретно не се случи, но по дватри месеци група од деветдесет луѓе од јапонското културно аташе за култура за Европа, стационирано во Виена, дојдоа на нашиот концерт во Уневерзалната сала во Скопје. Утредента, веднаш по концертот, ме повикаа на разговор со конкретен предлог за гостување на групата во Јапонија, со тоа што ни оставија да бираме два термина

во годината – во декември пред Новата година и втората варијанта во мај, кога патем, е најубавото време во Јапонија.

**- Тие и го финансираа гостувањето?**

● Да, целата кампања беше на товар на јапонската фондација. Беше максимално професионално организирано со извонредна претходна реклама и медиумска поддршка. Се работеше за седум наши концерти.

**- Колку чинеше турнејата? Во бројки...**

● Многу... Замислете, авионски превози за девет луѓе не само до Јапонија ами и внатрешни, потоа со нас одеше и целата екипа техничари што работеше на озвучувањето и светлото итн. Спиевме во скапи хотели...

**- Имавте ли хонорари?**

● Како не! Групата имаше хонорар по секој концерт, потоа дневници што ни беа исплатени веднаш по пристигнувањето во Токио (малку повисоки од вообичаено)...

**- Тајна ли е колку е финансиската заработка на бендот?**

● Па, нека остане тоа „внатре" во групата... Де не се случи е нормална и не е неочекувана работа. Второ, нема причина тоа да се нарекува делба – делби се случуваат кога има големи материјални добивки... Едноставно се разидовме. Јас сметав дека треба да продолжам по друг музички пат. Групата не е расформирана, таа продолжува по оној пат по којшто го трасиравме заеднички... Вистината е во тоа што со ДД Синтезис не работам по концертирањата во Израел, значи точно една година... По Израел веќе беше јасно (и мене и на останатите) дека ќе мора да се случи ова. Интимно, јас чекав да се случи Јапонија, турнеја што беше договорена од поодамна и мораше да се исполнат обврските... Така, по „оваа обврска", беше многу логично да ставиме точка на ДД Синтезис во овој персонален состав

**- Која беше основната причина?**

● Ако некој сака да бара




# ...ИС ЗА МЕНЕ НА ЕТАПА!

речам, аjде, нека биде деловна тајна...

**- По пристигнувањево дома, веднаш по јапонската турнеја, се слушнаа гласови дека групата се дели на два дела. На една страна ти, а на друга останатиот дел од членството. Што е причината за ова?**

● Знаеш, во суштина нема никакви делби. ДД Синтезис беше замислена како проект, а не како група. Според тоа, проектот ДД Синтезис заврши и тоа што

причини во смисла на некакви малограѓански нетрпеливости или не знам какви работења зад грб, нема. А и кога би ги имало, мислам дека тоа се неблагодарни работи за кои не би вредело да се говори... Мали недоразбирања, нормално дека имаше. Но едноставно тоа многу спонтано се случи. Екипата ќе остане да работи и понатаму, под името Синтезис, а веќе најдоа нов човек. Тоа е една многу уиграна музичка дружина, компактна во своите настапи, но ќе мораат да работат на уште еден сегмент, освен изведувачкиот – да создаваат музика! И верувам дека тоа ќе им биде главната угорнина...

**- Што станува со заедничкиот материјал на ДД Синтезис? Кој ќе го има правото на изведба, со оглед на тоа дека е со твој авторски потпис?**

● Па, добро, околу тоа апсолутно нема да има никаков проблем и можат да го свират тој материјал онолку колку што сметаат дека треба да го свират или воопшто да не го свират – тоа е исто така нивно право... Мислам јас како автор нема да одам на таа карта да им забранувам и сл. Сепак станува збор за група (а со некои луѓе од нив) со кои сум работел десетина години. Не дозволивме да имаме расправии или некакви навреди. Напротив, се беше во границите на едно џентлменство, имавме една преубава турнеја низ Јапонија која јас ја сметам за кулминација на тој проект и конечно јас имам свои убедувања, тие пак свои зошто тргнуваме во различни насоки...

**- Како ќе продолжиш? Што планираш во блиска иднина? Дали планираш да оформиш нова група од овој или од сличен тип?**

● Морам да ти речам дека ДД Синтезис беше еден многу логичен чекор во мојот професионален живот. Ако правам некоја ретроспектива, во смисла на посветување на фолклорот и неговиот третман, ДД Синтезис е уште една етапа од мојот музички развој и дел од моето уметничко размислување за фолклорот (впрочем како што беше и кусата епизода со „Анастасија"). Нормално дека понатаму ќе продолжам со уште посериозни истражувања... Морам да потсетам дека во таа формација на ДД Синтезис, јас бев единствениот човек кој професионално се занимаваше со таа проблематика. Јас продолжувам ➔

понатаму и драго ми е што ги изведов на добар... Би сакал да опстанат. Во блиска иднина моја преокупација ќе бидат повеќе проекти. Сега за сега, не размислувам за формирање група. Сега се чувствувам некако многу покомотен, затоа што „тврда формација" на група носи со себе обврски да создаваш музика, да размислуваш за сценски настап итн. Поточно, обврски кон повеќе луѓе. Па, сепак, најголемата причина поради која решив на излезам од ДД Синтезис беа различните музички ставови на групата околу концепцијата на вториот албум. Како најодговорен во бендот за „дизајнирањето" на музичката линија по која ќе тргне



групата, јас цела година бев оптоварен. Во светот на музичкиот бизнис одамна е познато дека токму вториот албум е крстопатот на една група. Јас имав свои размисли, имав свои предлози, планови во тоа време, но некои членови не се сложија и тоа беше насигурниот показател дека треба поскоро да заминам по мојот пат.

**- Точно ли е дека поради несогласувањата, а како последица на тоа и неработата на бендот, безмалу една година, пропадна турнеја низ Бразил?**

● Лично сметам дека Оливер (Белопета, импресариото на ДД Синтезис н.з.) групата не ја застапуваше од нашиот настап во Израел, значи една безмалу цела година, без разлика што турнејата во Јапонија веќе беш договорена, нормално дека пропаднале некои настапи. Не знам точно дали настапите во Бразил биле во фаза на преговори или конкретна понуда. Тоа Оливер повеќе го знае... Мислам дека имало и покана за повторен настап во Израел што не се оствари. Меѓутоа, факт е дека оваа година имало и имаше понуди за настап на ДД Синтезис, но ставот на Оливер беше дека тој не ја води групата сиот овој период... Најбитно беше на сите – мене, на Оливер и на сите од групата, максимално да направиме напори од музички аспект и турнејата низ Јапонија да а направиме уживање.

**- Контактирате ли со членовите од некогашната формација ДД Синтезис?**

● Нормално. Контактиравме и сеуште контактираме. Со тие луѓе реков дека сум поминал повеќе години. Јас сум многу задоволен од односот на луѓето, максимално професионален и коректен кон музиката, кон концертите и воопшто како културно однесување надвор од тоа, приватно...

**- Имавте некаков снимен материјал што беше, да речеме, некоја меѓуфаза, меѓу официјалниот албум и оној што допрва требаше да се случи. Снимивте неколку нумери во тонското студио „До ре ми" во Скопје. Што станува со тие материјали? Ќе се објават или ќе останат „во мрак"?**

● Не сум размислувал и не сум решил што со нив... На тие материјали имам авторски права. Можеби ќе се случи да се издадат во догледно време на некаков носач на звук, меѓутоа ДД Синтезис за мене е дефинитивно – завршена работа.

**- По едно одлично искуство на соработка со Кокан Димушевски, си размислувал ли за соработка со некој музичар од џез или рок провиниенција а кој патем и има и тоа уште колку допир со фолклорот од типот да речеме на еден Влатко Стефановски или Бодан Арсовски, вклучувајќи тука и странци итн.**

● Па, секако. Мене многу ми недостасуваат тн. сејшн свирки. Учествував на еден музички проект во Атина, како гостин на Михалис Николидис и на Јота Веј. Тие издадоа еден албум каде што јас партиципирав во една форма каде на лице место се создава музика (малку џезерски пристап, нели?) и тоа многу ми се допадна. Мислам дека тоа ми недостасува... И една од главните причини што решив да продолжам соло е потребата од едно такво музицирање... Јас и пред тоа бев многу отворен за многу соработки. Сум учествувал на многу проекти овде, на пример, на групата „Алшар" на еден нивни концерт, па бев гостин на „Архангел" на саундтракот за „Збогум на дваесеттиот век" итн.

**- Колку ти останува време да се посветиш на твојата друга голема љубов како музички педагог?**

● Годинава многу внимание посветив на моите студенти, со кои имав еден прекрасен концерт ден пред да заминам во Јапонија. Многу ми е драго што се создаваат многу млади музичари со кои најверојатно ќе соработувам се повеќе.

**- Имаше многу позитивно искуство со создавање театарска музика во случајот со музика за претставата „Цезар". Ќе има ли уште од твојата работилница?**

● Апсолутно, да! И тоа е еден предизвик. Јас во овој момент буквално сум ориентиран кон предизвици од секој тип. Можеби ДД Синтезис како форма и мене и на другите веќе им здодеа. Според мое убедување не може тоа да трае „сто години", иако Оливер сметаше обратно – дека тоа е група за „долги години"...

**- Твојот син тргнува по твоите стапки. Како го гледаш ти, не како татко (значи не пристрасно), ами како професионалец музичар и педагог?**

● Син ми е дел од една поголема група млади луѓе кои доаѓаат од средното музичко училиште на Факултетот за музички уметности, на кои им посветувам многу внимание. Нему не му посветувам ништо повеќе од она што му „припаѓа" како дел од таа средина, меѓутоа, мислам не само за него туку воопшто на повеќе млади луѓе им треба една реална и вистинска насока... Јас кога почнав да го истражувам фолклорот бев осамен. Оние наши гении на фолк музиката од типот на чичко Пеце (Атанасовски н.з.) или Миле Коларовски многу малку водеа сметка за педагошкиот дел и пренесување на знаетот... Оној пат што јас го поминав до денес, ме научи и ме обврза дека треба да оставам „зад себе"...

**- Каков е твојот став за фестивалот во Долнени, каде што свират самоуки музичари, а сепак народни уметници? Каков е твојот став како образуван музичар „контра натуршчиците", а во исто време во бранша во која сте многу блиски?**

● Па, мој став е дека тие наши блага треба да се зачуваат, да се зачува нивната изворна форма. Плус тоа сметам дека оние што ги организираат таквите фестивали како во Долнени (или било кој друг од сличен тип во земјава) треба да имаат многу блиска соработка со луѓе што работат професионално во таа музика. Само на таков начин можат да се испреплетат она што се нарекува професионализам и она што се нарекува аматеризам, односно да се избегне академизмот, а истовремено да се поттикне ентузијазмот на повисоко ниво. Мислам дека е многу важно да се соработува со нив...

**- Имаш ли покани за настапи во странство, овојпат соло, особено по успехот во Јапонија ?**

● Јас имам свои контакти. Верувам дека доаѓаат допрва покани на име на ДД Синтезис. Тоа е добро, за нашата музика воопшто. Конкретно немам некоја покана во овој момент, но секако дека ќе настапувам и дома и во странство.

**- Ќе продолжи ли соработката на релацијата Драган Даутовски - Оливер Белопета?**

● Па, да, ние сме многу блиски...Како нема да продолжи? Тој како импресарио беше многу битна фигура во професионалниот музички живот, во мојот развој, сиот овој изминат период... Јас можам само да жалам што во моментов има некаков мал дисконтинуитет во тој наш професионален однос, меѓутоа јас сум убеден, а верувам и тој од негова страна дека може да се случи многу лесно во блиска иднина да соработуваме, без разлика што во овој момент ја води понатаму групата Синтезис.

**Љубомир Грбевски**

*ДД Синтезис* во Јапонија

# НА ПАТ КОН СОНЦЕТО



Кога од средиштето на Балканот ќе отидете на едно организирано патување во далечната Јапонија, со себе го носите предубедувањето за надалеку расприкажуваните особини на домаќините: традиционалната гостопримливост, студиозност и педантност. Сепак, и со јасното првично очекување, од Јапонија се враќате восхитени и возбудени од "директната средба" со таквата јапонска "бајка". Јапонската *Фондација за култура* (престижна институција формирана од државата во 1972 година) годинава реши својот клучен проект за претставување на странската култура да ѝ го посвети на презентацијата на македонската култура. За таа цел ја одбра музиката на групата *ДД Синтезис*. Турнејата на групата Фондацијата ја подготвуваше цела година, а во Јапонија беше лесно да се почуствуваат ефектите од таквата педантност. Седум прекрасно организирани концерти, свирени во до последно место исполнетите преубави сали во најразлични краишта на земјата на изгрејсонцето: од крајниот север - Хокаидо, островот Шикоку, до крајниот југ - тропската Окинава; се разбира и во "централните", најголеми градови - Токио, Осака, Нагоја... Настапите беа проследени со богато отпечатени брошури за музиката на групата, за македонското културно наследство и за Македонија, воопшто. Концертите беа "покриени" со извонредно внимание од печатените и од електронските медиуми, со организирана дистрибуција на компакт дисковите на *ДД Синтезис* низ големите продажни синџири, како и со технички услови недопирливи и за највисоките европски стандарди. Неповторливо искуство.

Во тоа силно темпо на патувања од едно до друго место, концерти, интервјуа и средби со познати личности од јапонскиот јавен живот, на крајот, сепак, најмногу нè возбудија две нешта: нескриените симпатии кон Македонија (чиешто географско одредиште по случајот на последните настани кај и околу нас, сега му е познато и на последниот Јапонец) и френетичниот прием на музиката на *ДД Синтезис* од јапонската публика. Разбирливо, "тремата" беше разбиена на првиот концерт, во познатата сала *Интернешнл Форум* во Токио, по кој во чест на Македонија и на оваа турнеја организаторот направи велелепен прием. На благородниот јапонски аудиториум *ДД Синтезис* возврати со особено инспирирани настапи, во кои, за оваа пригода, покрај вообичаениот репертоар, специјално беше подготвена и една композиција, *Пат кон сонцето*, со "синтеза" на македонскиот и јапонскиот фолклор.

Со блескавата турнеја во Јапонија оваа наша група ја заокружува фазата на своето успешно дејствување во изминатите две години (*ДД Синтезис* беше музичкиот состав со најмногу настапи надвор од нашата земја). По возбудливите концертите на Далечниот Исток групата ќе продолжи да работи под името *Синтезис*, но без својата најистурена фигура **Драган Даутовски**, а со новиот "фронтмен" на кавал и гајда, **Гоце Димовски**.




О.Б.

3. 12. 2001 Вечер

КОНЦЕРТИ

# ПОЗИТИВНА ЕНЕРГИЈА НА ПАТОТ КОН СОНЦЕТО

***• ЗА КОНЦЕРТОТ НА ДРАГАН ДАУТОВСКИ КВАРТЕТ ВО УНИВЕРЗАЛНАТА САЛА***

По "Корени и цутови" првиот проект на Драган Даутовски и неговото трио, во четвртокот во Универзалната сала се случи и втората промоција на новиот материјал симболично насловен како "Патот на сонцето". Ако првиот носач на звук беше инспириран од корените и изворите на македонскиот музички фолклор и беше посветен на доаѓањето на новиот милениум, вториот е посовремен во својот израз, со различни фолклорни содржини, се чувствува влијанието од ориентот, но и етносот типичен за македонскиот народен израз.

Она што и овој пат се издвои како специфика, беше спојот на традиционалниот со модерниот начин на музичко изразување, кој течеше и се одвиваше паралелно, преку музиката на триото и специфичниот начин на интерпретација на вокалот Александра Поповска. Интересна е токму таа интеракција, бидејќи ако го апстрахираме вокалот, и се задржиме само на музичкиот материјал презентиран преку инструментите и пред се изразот на триото, музиката добива сосема вообичаена традиционална димензија, без поголеми иновации и "игра" со фолклорот. Значи музиката тече стандардно, задржани се основните хармониски и мелодиски карактеристики, нема многу бегање од прототипот и во начинот на изразување и во самата импровизација. Но, кога сето тоа ќе се спои со фантастичниот вокал на Александра Поповска, музиката на Квартетот добива сосема нова димензија, пред се оригинален и посовремен звук, кој се наппластува над традиционалната подлога, давајќи му сосема нов и различен призвук на музичкиот материјал. Тоа најмногу се должи на оригиналниот начин на интепретација на Александра, која од сосема различен агол се надоврзува на традиционалниот вокален израз.

Музичарите, предводени од мајсторот на народните инструменти, Драган Даутовски, со новиот материјал уште еднаш го потврдија својот потенцијал, музичка инвенција и вештина со која го интерпретираат музичкиот фолклор. "Патување", "Наспроти ветрот" и фантастичната преработка на традиционалната обредна - додолска песна насловена како "Молитва" се само еден дел од "Патот на сонцето" - музички материјал кој дефинитивно освојува со својата позитивна енергија и едноставниот и чист израз.

Ангелина ДИМОСКА

KONCERTNI VODIČ:

# MAKEDONSKI ETHNO U PULI - AUSTRIJSKI JAZZ U LABINU

**PULA - LABIN** - Koncertom dvaju makedonskih sastava danas u kinu Pula na Giardinima u 21 sat započinje glazbeni dio obilježavanja 50. obljetnice donošenja Deklaracije UN-a o ljudskim pravima.

»DD Synthesis« makedonski je osmeročlani sastav kojega je 1995. godine osnovao i današnji njegov lider, multiinstrumentalist Dragan Dautovski, nakon uspješne umjetničke suradnje s tradicionalnim bandom Mile Kolarovskog te nakon sudjelovanja u stvaranju glazbe za svjetski priznati film makedonskoga redatelja Milče Mančevskog »Before the rain« (Poslije kiše). Godinu dana nakon osnivanja sastav snima i svoj prvi nosač zvuka, da bi uskoro nastupio i na mnogim međunarodnim festivalima. »DD Synthesis« u svojemu izrazu koristi originalne makedonske instrumente (kaval, gajde, zurle,...), a u novim aranžmanima obrađuje tradicionalne makedonske pjesme i napjeve.

»Dertum« je peteročlani makedonsko-slovensko-bosansko-hercegovački sastav, nastao također 1995. godine, a osnovali su ga bosanski studenti-izbjeglice, koji su boravili u ljubljanskomu izbjegličkom centru. Odmaknuvši se od novokomponiranoga izraza, ali i etnomuzikološkoga akademskog pristupa, kreirali su svoj vlastiti stil svirajući izvorne makedonske skladbe i bosanske sevdalinke.

## Rock, punk, jazz,...

Iste večeri, s početkom u 22 sata, nastupit će pulski sastav Rock & Roll Angels u Incognito-baru.

Subotu će još glazbeno označiti i koncert dviju istarskih i jedne riječke mlade grupe u labinskomu KuC-u Lamparna. Nastupit će tako labinski alternativci »Visoki napon«, zatim žestoki Riječani iz sastava »Salion« te pulski punk/HC-povratnici »Antiotpad«. Koncert bi trebao započeti u 21 sat.

Istoga dana i u istomu gradu (subota) u Župnoj crkvi u Labinu održat će se i koncert austrijskog free-jazz klavirista Petera Pongera. Bečki će jazzist nastupiti u povodu zatvaranja izložbe jednoga od vodećih arhitekata mlađe austrijske generacije Roberta Felbera, koja je otvorena od 30. listopada u galeriji KuC-a Lamparna u Labinu.

Ponger će, kao predstavnik novoga austrijskog jazz-vala, u jednosatnomu programu izvesti većinu vlastitih kompozicija, ali i neke jazz-klasike u maniri free-jazza. Ovaj iznimni mladi glazbenik uskoro izdaje i novi album, za koji će omot uraditi upravo Robert Felber, a koncert će se održati u, kako ističe organizator - L.A.E, »prekrasnom i grijanom prostoru Župne crkve u Starom gradu Labinu«.

**D. MANDIĆ**

ИНТЕРВЈУ

# Д.Д. Синтезис ќе постои и без мене

**Драган Даутовски**

**(роден 1957 година во с. Русиново, Беровско) е доцент на Факултетот за музичка уметност во Скопје, на отсекот за народни инструменти. Истражувач и "реставратор" на македонското музичко наследство. Речиси будистички мирен и мариовски итар виртуоз на повеќе од дваесет народни инструменти, кој ухна кавал во клавирот. Во музичкото наследство на македонската модерна музика ги остава двата компакт диска на "Д.Д. Синтезис" и, со домородечки чисто уво врз македонскава почва, со почит ги наслушнува современите притоки на туѓите музики**



**СТАРТ: Неодамна се вративте од турнејата низ Јапонија. Како дојде до неа и кои се впечатоците?**

**ДАУТОВСКИ:** Иницијативата е покрената можеби уште пред две години, кога во рамките на еден наш настап на Струшките вечери на поезијата беше организирана и вечер во црквата "Св. Софија" посветена на тогашниот лауреат од Јапонија, Макото Оока. Тука се случија првите контакти, а вториот контакт беше кога истите овие луѓе дојдоа ненајавено, со купени влезници на нашиот прв промотивен концерт во Скопје, во Универзалната сала. Тогаш дојдоа деветмина од аташето за култура од Виена, и потоа ме повикаа на разговор во кој ми соопштија дека нé канат на настап во Јапонија. Организатор на нашиот настап беше една државна фондација за култура и уметност чија програмска цел е промовирање на уметноста и културата на туѓи земји во Јапонија. Бевме преубаво примени, како амбасадори на Македонија, како големи уметници судејќи според она што значи ниво на организација. По нашиот концерт беше организиран коктел на кој присуствуваа и членови на кралското семејство, министри од нивната влада, а поетот Макото Оока одржа и еден инспиративен говор за Македонија. Сé на сé може да се рече дека Македонија доби едно навистина достоинствено претставување. Свиревме од 18 до 29 мај во Токио, Хокаидо, Осака, Аичи, Кочи, Мие и Окинава.

**СТАРТ: Како бевте прифатени од тамошните медиуми?**

**ДАУТОВСКИ:** Медиумската презентација беше на високо ниво, зашто сепак наш организатор беше една државна, јапонска фондација. Ме зачуди една работа: со нашиот менаџер Оливер Белопета, редовно дававме интервјуа пред и по секој наш настап, а новинарите беа мошне добро подготвени за интервјуата, во таа смисла што знаеја доста работи за историските аспекти на Македонија, за културата, за музиката, па дури и за актуелната политичка состојба. Ме прашаа дури и на кој начин може Јапонија да и помогне на Македонија, а јас бев отворен и искрен, и им реков дека најмногу сме погодени од економска криза и нивната помош би требало да биде насочена во оваа насока.

**СТАРТ: Зачудувачки, но по сите досегашни успеси на Д.Д. Синтезис, веднаш по оваа турнеја, Вие најавивте дека ја напуштате групата. Зошто?**

**ДАУТОВСКИ:** Сé е многу спонтано и нема тука никакви спектакуларни најави, кавги, делби или што и да е друго. Јас сметам дека овој проект, зад кој стојам како потписник, како автор и како продуцент, иако е тој дело на една група луѓе, веќе ја доживеа својата најубава кулминација, својот врв со овој настап во Јапонија, а и околностите беа наклонети кон сето тоа. Јас ќе продол- ⇨

жам понатаму со истражувања на македонскиот фолклор од аспект на мојот професионален ангажман, како доцент на Факултетот за музичка уметност на групата за народни иструменти. Д.Д. Синтезис си продолжува понатаму да постои со нов човек на моето место задолжен за народните инструменти, со тоа што можеби ќе имаат малку поголем товар бидејќи ќе мораат да пишуваат музика. Во секој случај тоа е група која е добро уиграна и усвирена, но малку се заситивме едни од други, мора да има нови сили, нови идеи, циркулација на нови луѓе, нова енергија. Таму има и мои ученици и досегашни сопатници со кои сум работел повеќе од десет години.

**СТАРТ: Но, Вие ќе го доработите вториот албум на Д.Д. Синтезис. Дали тој го задржува препознатливиот музички профил на бендот?**

**ДАУТОВСКИ:** Да, да. Тој албум би требало да биде готов есенва. Јас веќе направив еден препознатлив звук, една препознатлива синтеза и верувам дека луѓето од групата ќе одат по тој трасиран пат. Јас сега сакам да се движам по едни други форми, други истражувања и експериментирања со фолклорот, а и крајно време беше да си се посветам малку на самиот себеси, и како автор и како изведувач.

**СТАРТ: Кој е човекот што го спомeнавте што ќе Ве замени во групата?**

**ДАУТОВСКИ:** Гоце Димовски, еден одличен инструменталист, син на познатиот кавалџија Ангеле Димовски. Станува збор за едно многу музикално момче кое многу добро музицира на народни инструменти.

**СТАРТ: Кога е формиран отсекот за народни инструменти на ФМУ, и дали се имаше за цел да се промовира и да се заштити македонското културно музичко наследство, исто како што постојат тенденции за заштита на занаетите за изработка на народните инструменти?**

**ДАУТОВСКИ:** За наша среќа веќе не им се заканува изумирање и заборав! Јас сум доцент на оваа катедра, а сметам дека со овој гест на ФМУ во тоа најмногу се придонесе. Отсекот за народни инструменти е отворен уште пред осум години во Средното музичко училиште, а потоа се воведе и во високошколската институција. Јас сум единствениот во Македонија што има завршено висока музичка школа, а се занимава со народните инструменти! Тоа зборува дека мошне малку и се посветува(ло) внимание на оваа проблематика. Но, со наплив на разноразни музички стилови и влијанија однадвор, веќе беше на повидок згаснување на нашата традиција, особено инструменталната. Тогаш, пред дванаесет години, јас и една група луѓе го направивме ансамблот "Миле Коларовски", што беше и ренесанса за изворната македонска музика! Многу млади луѓе почнаа да се вртат кон традицијата, а сè дотогаш беше некако срамно да се занимаваш со фолклорот. Тоа го знам од сопствено искуство, кога моите родители и соседите ми велеа "А бе како ти професор, па срамота е да свириш гајда!?". Сега пак, тоа е тренд, а јас повторно се борам против него, оти трендот е само временска категорија: ќе постои година- две-три и ќе спласне. Се борам заедно со моите студенти фолклорот да си добие третман на трајна вредност, впрочем таква каква што вистински и е.



*Снимки од концертот во Токио, големото финале на Д.Д. Синтезис*

**СТАРТ: Колку е прифатен од студентите тој отсек на ФМУ?**

**ДАУТОВСКИ:** На моја огромна среќа, отсекот е прифатен многу, многу добро. Идеја е тој да прерасне и во поширока катедра, во која ќе се вклопат и другите елементи на фолклорот, традиционално пеење, кореографија, игра, костимографија, ергологија, изработка на инструменти, тоа се сите тие елементи кои, за жал, малку или многу доцна ги разбудуваме, го фативме речиси последниот воз во оваа насока. Сепак, утре од оваа катедра ќе излегуваат луѓе кои ќе се занимаваат со фолклорот полнокрвно и компетентно.

**СТАРТ: Дали на изворниот мелос му пречи разбивањето преку мондијализација во транснационален музички хибрис, или пак, напротив, го прави поплоден?**

**ДАУТОВСКИ:** Во секој случај, јас сметам дека односот е позитивен, оти е задржана онаа изворна функција на фолклорот: базата мора да постои, инаку нема да биде препознатлива и надградбата, така што, секој автор , секој композитор, без разлика со што прави синтеза, во која насока излегува од основата, мора да внимава да остане свој, препознатлив. Значи сметам дека е тоа позитивно, но со една мала резерва, затоа што фолкорот е една проблематика која опстојува илјадници години, исто толку колку што се пренесувал од колено на колено, а работите можат брзо да се разводнат, да се искомерцијализираат. Значи треба еден долг, еден искрен период за човек да се запознае со суштинските и препознатливи карактеристики на фолклорот, па потоа да може да се користи со него како со своја база, како со своја ризница.

Е, тука сум малку скептик, оти фолклорот не е комерцијална категорија, зашто ако бил таква досега ќе се истрошел. Фолклорот е уметничка категорија. Никогаш во фолклорот не сум гледал комерција. Секогаш за мене фолклорот бил еден духовен мир, љубов, мој внатрешен, национален и професионален мир.За да се занимавате со музика, со хармонија, мора најпрвин да си ја најдете вашата духовна хармонија, вистинскиот пат.

**СТАРТ: Што подразбира Вашиот ангажман во истражувањето на македонскиот фолклор?**

**ДАУТОВСКИ:** Јас, со моите студенти сум насочен кон реставрација на фолклорот. Тоа го правам уште од времето на ансамблот "Миле Коларовски", во смисла на ритмика, на мелодика, на комплетирање инструментариум на сцена, пеење. Поминав и еден период на теренска работа во овие петнаесеттина години мој ангажман околу фолклорот, така што цели пет години имам посветено на теренската работа.



Последен групен портрет



**СТАРТ: Постојат ли посебни специфики на фолклорот од Западна, и оној од Источна Македонија, или пак станува збор за единствен македонски музички код?**

**ДАУТОВСКИ:** Апсолуто дека има разлики. Јас обожавам кога зборувам на оваа тема да правам споредба со говорните дијалекти. И ден денес можеме да забележиме дека говорното подрачје, дијалектите на Македонецот од Западна и од Источна Македонија се толку различни што често се случува да не се разберат во многу поими. Впрочем, тоа се случува и во фолклорот. Македонскиот фолкор е една од обединувачките клетки, исто како и говорот, и тоа е единствениот успов којшто останал со илјадници години. Една од најинтересните работи е тоа што генијот на чичко Пеце Атанасовски успеа од генерални гајдарски и други стилови во Македонија да извлече еден, генерален гајдарски стил, кој е синтеза на сите нив. Потоа, тоа се случи и со кавалскиот стил на чичко Миле Коларовски. Сè се тоа нераскинливи нишки на македонскиот дух кој го одржале низ вековите.

**СТАРТ: Дозволете ми, за крај, едно мошне елементарно прашање во ова наше т.н. "постмодерно време": Што е за Вас музиката?**

**ДАУТОВСКИ:** Музиката? Живот! Начин на живеење, животна филозофија! Имав среќа што навремено се втурнав во фолклорната музика, во нашите музички корени. Знаете, колку побргу ќе се втурнете до корените, толку побргу ќе ги јадете плодовите! Тоа е мојата филозофија. ■

***Виктор Шиков***



平成11年度国際交流基金外国文化紹介事業
プラチナセンター自主文化事業
民族音楽シリーズ Vol.6
シンテシス
マケドニア旧ユーゴスラビア共和国
現代と歴史が統合（シンテシス）したバンド
'94年度のベネチア映画祭グランプリなどを受賞、東京でもロングラン上映された、英・仏・マケドニアの合作映画「ビフォア・ザ・レイン」に挿入されている音楽の一部を作曲し、伝統楽器の担当で演奏にも加わっているのが、ドラガン・ダウトフスキである。この大きな仕事を終えた後、彼がマケドニア民族音楽を、独自の方法でさらに深化するために結成したのが、「シンテンス/DD Synthesis」なのである。
「シンテシス」の音楽は、マケドニア地域にキリスト教が広まる9世紀頃より以前から存在していた古い民謡を取り入れ、現代風に作曲・アレンジしたものばかりである。女性ヴォーカル3名、伝統楽器、パーカッション、キーボードなどの楽器奏者5名は、いずれも国内の精鋭を集めた実力派だ。深みのある哀愁を帯びた旋律に、郷愁に似た気持ちを抱くかと思えば、力強い独特の複合リズムには、思わず身体が動いてしまうに違いない。
DD Synthesis
DD synthesis's member
Dragan Dautovski
ドラガン・ダウトフスキ
Vane Jovchev
ヴァネ・ヨフチェフ
Goce Uzunski
ゴツェ・ウズンスキ
Aneta Shulankovska
アネタ・シュランコフスカ
Radoslav Shutevski
ラドスラフ・シュテフスキ
Biljana Ristevska
ビリヤナ・リステフスカ
Mirjana Joshevska
ミリヤナ・ヨシェフスカ
Marjan Jovanovski
マリヤン・ヨヴァノフスキ
本山町プラチナセンター




DD Synthesis
平成11年度国際交流基金外国文化紹介事業
プラチナセンター自主文化事業
民族音楽シリーズ Vol.6
シンテシス
マケドニア旧ユーゴスラビア共和国
1999年5月25日(火)
開場/18:30 開演/19:00
本山町プラチナセンター文化ホール
問合わせ先
本山町プラチナセンター
TEL 0887(76)2084
入場料 前売り
一般 1,500円(当日2,000円)
高校生以下 1,000円(当日1,500円)
全席自由(407席)
現代と歴史の見事な統合
洗練された民族音楽、バルカン半島より上陸！
アジア初公演、待望の初来日




沖縄タイムス
音楽は民族文化の支え
マケドニアの楽団
平和へ思い込め沖縄公演
きょう石川市
体長5センチ足らず 初めて捕獲

Проф. д-р **ДРАГАН ДАУТОВСКИ**




СПИСАНИЕ: "КОМПЛЕТНА"
МАРТ - 98



# СИНТЕЗИС






**"ДД СИНТЕЗИС"** е логично продолжение на сè што се случуваше во културата во Македонија пред тоа. Особено по филмот на Милчо Манчевски "Пред дождот", со музика на "Анастазија", што ја промовира македонската изворна музика и се покажа дека тоа беше исправно одбран пат по кој треба да се продолжи понатаму. Тоа го почувствував и собрав луѓе што по десетина години се занимавале со тој звук. Базата е од поранешниот ансамбл "Миле Коларовски". Имаме една единствена цел: сите фолклорни специфики: мелодија, ритам, хармонија, инструментариум, вокал... да го надградиме колку што е можно во духот на времето. Членови на групата: **Драган Даутовски**, кавал, гајда, зурла, тамбура; **Ване Јовчев**, пиано; **Марјан Јовановски**, тамбура и акустична гитара; **Гоце Узунски** тапан, тарабука, конги и бонгоси; **Радослав Шутевски**, перкашн; **Анета Шуланковска**, **Билјана Ристевска** и **Мирјана Јошевска**, вокали.

**Дали во духот на времето е и името на групата и што значи тоа?**

*Името многу кажува токму во смисла во која зборував пред малку. Определбата ни е целото наше музичко фолклорно богатство да му го приближиме на западниот свет. Нашата традиционална музика е многу специфична и тешко ќе му биде на некој што сака да нè запознае преку музиката да ја разбере. Друго, на фолклорот не смее да му се робува. Мора да се излезе од него. За мене е погрешно во денешно време млад човек да учи народни инструменти за да биде народен свирач. Затоа, ние, со синтези на сè што е популарно во светот во модерната, во поп музиката, во џезот, во класиката, правиме спoеви. Сакаме со нашата музика да ја ублажиме таа бариера меѓу истокот и западот. Тоа ни го овозможува и времето. Во ситуација сме да слушаме сè што е актуелно во светот, а што се заканува да го згази сето наше традиционално. Тргнавме со проучување на нашите корени и битие за да можеме компетентно да правиме некакви спoеви. "Синтезис" е синтеза на сè што е популарно во светот со нашиот фолклор. Тргнуваме од базата, од нашето, па одиме кон светот. Досега беше тренд да се направи нешто според западното. Имаме инструменти, ритмика... и со тоа одиме кон запад.*

**Кои инструменти ги користите?**

*Кавал, гајда, тамбури, тапани... ќе вклучиме и канони и утови, сè што е карактеристично за ова наше поднебје. Користиме синтисајзер и тапани. Тоа е синтезата во инструментариумот. Сите звучни перформанси на синтисајзерот се обидовме да ги прилагодиме на нашиов менталитет.*

**Имате и женски вокали што звучат многу интересно "народно". Кои се тие девојки и каква е нивната "храброст" да се определат за такво пеење, наместо во некоја "прозападна" група?**

*Јас тие девојки ги знам уште од деца, кога имаа 10, 12 години. Им укажував на тоа дека треба да се знае кој е што е, каде живее и од каде потекнува, каде е неговиот корен и битие. Тоа во нив се разбуди и последниве 10 години се определија да го презентираат тоа што го чувствуваат, што ни е исконско, што ни е врежано во генот.*

**Дали имате обезбедено поле за комерцијални настапи?**

*Ова не е комерцијално поставено, што не значи дека "Синтезис" нема да ни донесе некоја материјална корист. Но, поважно ни е тоа што го работиме да остане како трајна уметничка вредност. Да излезе на запад на најдобар можен начин, а колку ќе се врати никој од нас не размислува.*

**Концерти?**

*За почетокот на 98 планираме концерт во Скопје. Досега сме имале десетина концерти во Унгарија, Австрија, Словенија... Добивме многу добри критики и пофалби и имавме многу публика. Овде: "Струшки вечери...", "Охридско лето"... 98ма ни е пребукирана . Се чека светска турнеа на групата: Њујорк, Лондон, Париз и уште 20-30 концерти низ Европа. Ќе има и нов материјал. Се надеваме дека на почетокот на годинава ќе издадеме сингл, а на крајот и нов CD.*

**Дали сте во некоја конкуренција или во некоја стилска сличност со "Анастазија"?**

*Нема конкуренција. Никого не го чувствувам за конкурент. Ниту пак има звучна сличност. "Анастазија" си има свој свет на истражување. Тоа е таа византиска музика. Моја желба е да има што повеќе такви групи. Да се појават десетина групи. Тоа е добро за културава. Ќе се создадат повисоки дострели. Фолклорот ќе добие свое култно место.*

"РЕСТАВРАТОРИ НА ТРАДИЦИОНАЛНИОТ ИЗВОРЕН ЗВУК", ВЕЛИ ЗА "СВОЈОТ" АНСАМБЛ ДРАГАН ДАУТОВСКИ, ЛИДЕР НА ГРУПАТА КОЈА СЕ ПОВЕЌЕ КАЈ НАС ПРИВЛЕКУВА ВНИМАНИЕ И НА ЧИЕ РУСТИКАЛНО (ЕТНО) ПЕЕЊЕ НЕ МОЖЕМЕ ДА ОСТАНЕМЕ РАМНОДУШНИ. ЗОШТО Е ВО МОДА ТАА РЕСТАВРАЦИЈА НА ИЗВОРНИТЕ ТЕМИ И ЗОШТО ТОА И МЛАДИТЕ МНОГУ ГИ ЧЕПКА ПО ДУШАТА? ДАЛИ ЕДИНСТВЕНОТО ЗАДОВОЛСТВО ГО ДАВААТ ТУЃИТЕ КОМЕРЦИЈАЛНИ ФОРМИ, ИЛИ ЕДНАКВО МОЖЕ ДА СЕ УЖИВА И ВО НАШИОТ ДОБРО ОБРАБОТЕН ФОЛКЛОР?

**Стефани Стефановска**

**РАЗГОВОР СО ДРАГАН ДАУТОВСКИ**



Драган Даутовски е повторно на музичката сцена. Овој пат со неговиот квартет. Токму на Втори август, во предворието на "Света Софија", во рамките на алтернативната програма на "Охридско лето", имал концерт за кој со денови се зборуваше во Охрид, што секако беше повод за разговор со Даутовски.

**Концертот беше многу успешен. Чинам дека сè беше погодено и 2 Август и амбиентот, предворието на "Света Софија", вашата музика? Кажете ми како се чувствувате со оглед на тоа што изгледавте многу задоволни по концертот?**

-Добро, фала Богу. Задоволен сум, по еден добро организиран концерт од музички и технички аспект, супер е. Она што го поставивме како цел го остваривме.

**Како го одредите овој состав за квартетот?**

# НА СЦЕНАТА ДОМИНИРА МОЕТО ИСКУСТВО



-Кога ќе најдеш на сродни души, особено кога знаеш што можеш да очекуваш од нив, кога знаеш што можеш да им дадеш и како умеење и како обврска. Тоа е многу добронамерно, сиe резултатот што го постигнавме се виде на концертот.

**Изгледавте како една душа и ми беше неверојатно да гледам нешто што одамна го немам видено, компактност во она што го изведувавте, многу позитивна енергија имаше на тој простор?**

-Се случува многу таленти, и од уметнички аспект, и многу ретко четворица луѓе да покриваат еден голем опус на музика, особено инструментален. Сите тие свират, и автоматски тоа овозможува да има различна музика, имавме различни музички изрази, повторно карактеристични и автентични за нас.

**Но, типични за Драган Даутовски квартет?**

-Да, типични и препознатливи за нас.

## КОСМОПОЛИТСКИ ИЗРАЗ

**Типични, да не сфати некој како општо македонски?**

-Не, не, ние одиме кон еден космополитизам, еден космополитски музички израз, воопшто, како претставници на македонската традиција, како претставник на балканската музика нели, и како претставник на човечката традиција воопшто. Така што години наназад, десет, ова ни е предиспозиција и обврска и потреба и патриотизам. Од времето на оформувањето на музиката за филмот "Пред дождот", овој израз ни стана македонски музички јазик. Сега јас сум растоварен од тој багаж кој го носев со себе, во текот на мојата 20 - годишна работа и традиција. Сега овозможи најлесно и најкомотно да излезе од мене сè она што е внесено во мене во мојата дваесетгодишна работа во традицијата.

**Гледам со кој елан свирите во квартетот? Квалитетни се, чинам дека тие, пред сè, живеат за музиката?**

-Како не? Прво сето тоа е плод на моето долгогодишно искуство со нив, во музичката сфера, па и животно нели, второ и мојата педагошка активност ја користам и во таа сфера. Значи не само да ги анимираш и да ги насочиш музички, како музички естети, туку да ја сфатат музиката и уметноста како духовна потреба, а комерцијалниот ефект??? Колку ќе дојде, мене тоа не ме оптоваруваше годинаве наназад, ниту пак сум размислувал дека ќе се збогатам од тоа, ниту дали ќе бидам сиромав. Комерцијалниот ефект си доаѓа сам по себе.

## ОРИГИНАЛНИ ИНСТРУМЕНТИ

**Дали сè уште го користите компјутерот во работата или пак се вративе**

**МУЗИКА**

**Концерт**

# ДД СИНТЕЗИС ВО СВЕТСКАТА МУЗИКА

Откако ја заврши работата со оркестарот на изворна народна музика "Миле Коларовски" и на музиката за филмот *Пред дождот*, нашиот познат инструменталист **Драган Даутовски** во 1996 година го формира составот *ДД Синтезис*. Својот прв CD групата го сними во Љубљана, во студиото *Тиволи*, а тој беше издаден за "СЈФ рекордс" во почетокот на 1997 година. Минатата година групата направи една турнеја, свирејќи на разни фестивали низ Европа: во Словенија, Австрија, Унгарија, но и на "Охридското лето" во Македонија.

Во музиката на *ДД Синтезис* се содржани корените на македонскиот фолклор, соединети со богатото мелоритмично наследство во една модерна инструментална целина. Самиот CD наиде на одличен прием не само во Македонија, туку и во светот. Интересно, тоа е првото македонско музичко издание што се дистрибуира во соседна Грција. Музиката на оваа група е ставена и на компилацијата на големата американска куќа Elipsis Arts, наречена "Unblock - The Music of Eastern Europe", што во овој момент е една од најпродаваните изданија на т.н. World Music во светот.

Во моментов, групата работи на своите нови песни и се подготвува за многубројните гостувања каде што е поканета, на разни музички сцени низ светот.■

**ДД СИНТЕЗИС**
*прв концерт во Скопје*
четврток, 16 април, 20.30 ч.
универзална сала

Драган **ДАУТОВСКИ**
*кавал, гајда, зурла, тамбура*
Ване **ЈОВЧЕВ**
*пијано, клавијатури*
Марјан **ЈОВАНОВСКИ**
*тамбура*
Гоце **УЗУНСКИ**
*тапан, тарабука*
Радослав **ШУТЕВСКИ**
*тапани, удиралки*
Мирјана **ЈОШЕВСКА**
*вокал*
Анета **ШУЛАНКОВСКА**
*вокал*
Билјана **РИСТОВСКА**
*вокал*



ФОРУМ 8, 10 април 1998

**КОНЦЕРТИ**

# Синтеза на музиката и возбудата

***Кои концертот на „ДД Синтезис", четврток, 16 април, Универзална сала, Скопје***

„Да имаше на сцената контрабас и „Дјего ќе го свиреше". Ова беше еден од полапидарните коментари на еден гледач после воодушевувачкиот предвелигденски концерт на „ДД Синтезис" (четврток, 16 април), а се однесуваше на музицирањето на Драган Даутовски. Имено, во целиот спектар инструменти, на кои Даутовски го покажа своето умеење (кавал, гајда, тамбура, зурла, конги), би рекле сосема нетипично се најде и електрична гитара. Но, токму таа нетипичната електрична гитара, се чини, најдобро ја илустрира музиката на Драган Даутовски и на неговата група - спојот на виртуозните инструменталисти (вклучувајќи ги тука и женските вокали) со музичките фолклорни корени, современиот аранжман и возбудата на музиката на XX век.

И што би било тука толку важно! Иако не е за споредба, на авторот на овој текст му паѓа на памет еден концерт на Горан Бреговиќ и неговиот „Оркестар за погреби и свадби". И тие свиреа своевидна етно-синтеза. И тие имаа тапан. И нему пееја три женски вокали. Но, разликата е во тоа што Горан Бреговиќ и неговите придружници одлично и професионално ја свиреа таа музика, а „ДД Синтезис„ ја живееше.

Токму како резултат на спојот на доживувањата меѓу публиката и музичарите, овој прв вистински долгоочекуван концерт на „ДД Синтезис" пред скопската публика, мораше да доживее неколку бисови и по два часа полни со музика апсолутно да ја исполни инаку пробирливата публика. Со други зборови, се функционираше идеално, озвучувањето беше моќно квалитетно, музичарите (освен Драган Даутовски, во групата се уште Радослав Шутевски, Марјан Јовановски, Горан Узунски и Ване Јовчев) беа апсолутно уиграни за да произведат идеално созвучје, „нежните" кореографски елементи ја надополнуваа целата слика...



А трите женски вокали, Анета Шуланковска, Билјана Ристевска и Мирјана Јошевска, се прикажаа за себе. Станува збор за навистина невообичаено квалитетни и ретко чуени гласови, чија боја вонредно се вклопува во музичкиот израз на „ДД Синтезис". Впрочем, по онаа првична фасцинација од инструменталистичката поливалентност на Даутовски, токму овие три девојки беа следниот силен впечаток што им се врежа на гледачите на концертот.

Како и да е, „ДД Синтезис" се претставија пред скопјани во вистинско светло, на тој начин најдобро потврдувајќи ги вестите што стигаат до нас за нивните успешни настапи по светските сцени и за добрата продажба на нивниот албум надвор од Македонија. Едноставно, „ДД Синтезис" се екстраквалитетен производ на современата македонска музика.

S.Г.

ПУЛС, 23 април 1998 65

Драган Даутовски, основач и водач на *Д.Д. Синтезис* 17.04.1998г

интервју

# Борец за *вистински* вредности



*Вчера во Универзалната сала во Скопје ДД Синтезис одржа голем концет за љубителите на етно - музиката. За предизвиците на тој звук и интересот на младите за него, како и за плановите за презентација во странство, разговараме со Драган Даутовски, лидер на ДД Синтезис*

● *Кажете ни нешто повеќе за Вашите професионални почетоци во етно-музиката?*

ДД: Моите почетоци беа таму некаде пред 15-ина години, кога и се разбуди оној ген за одржување и проучување на традицијата. Инаку, професионално почнав да се занимавам со оваа проблематика кога го завршив Факултетот за музичка уметност. Едноставно, се постави прашањето што понатаму во животот. Така се вработив како професор по музичка култура, но сето тоа не ме исполнуваше целосно. Во тој период се појави интересот што подлабоко да се втурнам во проучување на фолклорот, особено во областа органологија. Тоа е наука што ги изучува народните инструменти.

Така практично почнав да ги изучувам, истражувам и осознавам народните инструменти и во тој период го формирав детското студио *Детелинки*. Другиот дел од тоа студио се трите девојки што денес членуваат во *Д.Д.Синтезис*.

● *Значи, Д.Д.Синтезис дојде како реална последица на Вашата дејност во тој период?*

ДД: Па нормално дека *Д.Д.Синтезис* е резултат на еден подолготраен процес во таа област. Инаку, ми се чини дека целата приказна за ренесансата на традиционалната македонска музика ја почна еден оркестар, кој се создаде како последица на детското студио, а тоа е ансамблот на народни инструменти *Миле Коларовски*. Така почна ренесансата во македонската музичка култура на полето на традиционалната музика. Потоа се појави филмот *Пред дождот*, со кој можеби на најубав начин беше презентирана нашата традиционална музичка култура во светски рамки.Така, и *Д.Д.Синтезис* е еден многу логичен чекор не само во мојот професионален живот ,туку и во целокупниот културен живот кај нас.

Преку нашата работа настојуваме да дојдеме до еден нов музички израз, кој би бил глобален претставник на поширокиот простор т.е. светската музика.

● *Ваша заслуга е и отворањето на Катедрата по етномузикологија на ФМУ. Како дојде до реализација на таа идеја?*

ДД: Таа идеја ја туркав со години, можеби седум-осум до десет. Сметав дека образовниот систем треба да ја гарантира вистинската положба на фолклорот. Така, благодарение на разбирањето на деканот Димитрие Бужаровски, деканската управа и целокупниот колектив на Факултетот, е остварена можноста таа област да влезе во високо-школскиот образовен систем. Целта на таа образовна институција е да создава кадри што ќе го чуваат и негуваат фолклорот, ќе го промовираат и надградуваат. Целта е тие да се градат како академски музичари, а не како народни свирачи.

● *Во Вашата уметничка професија соработувате со други млади уметници. Какви се искуствата од соработката?*

ДД: Сметам дека е добро сето тоа што се случи во минатите години. Искуствата се секако позитивни, зашто се појавија и израснаа млади луѓе што научија да го почитуваат етносот и традицијата, зашто, потребно е да се знае коренот за да се оди понатаму во развојот.

● *На 16 април имате концерт во Скопје (разговорот е воден пред концертот), а потоа заминувате на турнеја. За каде се подготвувате?*

ДД: Нè очекува една посериозна турнеја, во странство. Ќе одиме и на фестивали и на концерти. Сè уште не е оформена комплетна мапа на настапите во странство, за неа - кога ќе имаме конкретни договори. Извесни се настапите на домашната сцена, односно на Скопско лето и на Хераклејските вечери.

● *Денес етно-музиката е многу прифатена од младите. Мислите ли дека тоа е само тренд или нешто што ќе трае?*

ДД: Па да, во моментот состојбата е трендовска, иако јас не го сакам тоа. Дефинитивно ќе се борам против трендовското прифаќање на фолклорот и традицијата зашто трендот е со краток век. Целта ми е што повеќе луѓе да го почитуваат фолклорот за да ги откријат неговите вистински вредности, како трајна и долговечна база што треба да се надградува. Впрочем, тој е дел од нашиот идентитет.■

С.Т.



АНТЕНА 17.04.1998 г.

**Борец за вистински вредности**

*Вчера во Универзалната сала во Скопје, ДД Синтезис одржа концерт за љубителите на етно музиката. За предизвиците на тој звук и интересот на младите за него, како и за плановите за презентација во странство, говори лидерот на групата, Драган Даутовски*



ТВ-ОКО 29.03.1998 г.

ДРАГАН ДАУТОВСКИ, ПРВИОТ ЧОВЕК НА "СИНТЕЗИС"

**СО КАВАЛОТ ПАТУВАМ НИЗ ВРЕМЕТО**

концерт





# Неповторливо доживување

Оние што не присуствуваа на минатонеделниот концерт на „ДД Синтезис" во Универзалната сала во Скопје, веројатно никогаш и нема да дознаат колкаво уживање пропуштиле. По бројните настапи надвор од земјава и неодамна објавениот компакт диск, ансамблот на Драган Даутовски ја претстави својата музика „во живо" пред пробирливата скопска публика и... И го освои Скопје...

Или барем ги освои оние што ја почитуваат изворната музика, оние што го сакаат етно-звукот и ги ценат вредностите на македонската музичка традиција. А, бурните аплаузи и долгото повикување на „бис" во не преполната Универзална сала покажаа дека таквата публика во Градов можеби не е многу бројна, но е многу искрена.

Неповторливо доживување... Колективно празнење на публиката... Духовна хигиена... Музиката на „ДД Синтезис" треба да се консумира како лек против секојдневните отрови од секаков вид, барем три пати на ден, барем по половина час.

Анета, Мирјана, Билјана... убави како горски самовили, со гласови како морски нимфи... Како да дошле на сцената на Универзалната сала директно од митовите и приказните...

„ДД Синтезис" го реставрира македонскиот музички етнос во најизворна најтрадиционална форма. Драган Даутовски ги свири сите изворни народни инструменти и... ѕиркајќи во огништето на традицијата, со младите сили на ансамблот, го создава неверојатно функционалниот спој на македонските музички корени со новите музички трендови.

Во општата еуфоричност на публиката од концертот, поразувачки делуваше празната почесна ложа, каде што единствен посетител беше градоначалникот Ристо Пенов. Други политичари немаше. Не ја почитуваат ли македонската етно-традиција или страхуваат да не бидат облагородени од оваа чудесна музика? Зошто, како потоа би се снашле во бескрупулозната и сурова реалност во чие создавање и самите учествуваат?





УМЕТНОСТА Е ОПОМЕНА ЗА НАУКАТА ДА СИ ГИ ПРИЗНАЕ ГРАНИЦИТЕ

*Утре, во „Стоби", концерт на квартетот „Драган Даутовски"*

# Македонските корени ќе расцутат во Зимбабве



Утре, во античкиот театар на археолошкиот локалитет "Стоби" со почеток во 21 часот, Квартетот Драган Даутовски ќе одржи концерт во организација на Центарот за култура и уметност на град Велес. Гости на концертот се Василичарската група од село Бегниште, Кавадаречко, кои ќе се претстават со своја кореографија, а кои македонската музичка јавност ги запозна на неодамна одржаниот концерт на Квартетот Даутовски во Универзалната сала.

"Многу ми е мило што добивме можност да соработуваме со Центарот за култура од Велес кој, преку нашиот концерт, сака да ја промовира идејата "Стоби" континуирано да живее", вели Даутовски. "Локалитетот "Стоби" ни е многу драг, бидејќи токму таму го снимивме нашиот спот, а тамошната атмосфера е типична за карактерот на нашата група. Сметам дека овој простор треба сериозно да заживее, бидејќи, на Македонија и недостасува амбиент што ќе ги промени стереотипите на концертите, на сцената."

Слабиот одзив на медиумите на вчерашната прес-конференција, која квартетот ја одржа по повод концертот во "Стоби", го предизвика Драган Даутовски да констатира: "Настојувавме годинава да ги расцутиме корените, но за мене ова значи дека плодовите треба да ги лоцираме некаде во Зимбабве, а не во Македонија."

Квартетот Драган Даутовски во состав: Драган Даутовски, народни инструменти, Александра Поповска, вокал и синтисајзер, Басја Арифовска, кавал и тамбура и Ратко Даутовски, тапани, на утрешниот концерт ќе изведуваат композиции од нивниот досегашен целокупен музички материјал. Концертот се предвидува да трае повеќе од два часа. Организиран превоз за концертот ќе има само од Велес, а влезниците, кои во Скопје можат да се набават во музичките продавници "Југотон" и "Чув де чув", чинат 120 денари. (Т.И.)



Вечерва на „Скопско лето"

## Патувачки театар, инсталација, филм и концерт

Вечерва на плоштадот "Македонија" во 20 часот, во организација на Францускиот културен центар, уличниот театар "Алхемичари" од Франција ќе изведе патувачка претстава без зборови во која играат тројца актери. Претставата е базирана само на играта на маските и телесниот израз. Во Даут пашиниот амам пак, со почеток во 20.30 часот, ќе биде поставена инсталација под наслов "Стебло на желбите" на нашиот скулптор Ибрахим Беди.

Во рамките на манифестацијата "Кафе кино", во Музејот на град Скопје - бифе "Музеум", во 21 часот ќе се прикаже филмот "Адаптација" во режија на Спајк Џоунс. Улогите ги толкуваат: Николас Кејџ, Мерил Стрип и Крис Купер.

Во рамките на вонредната програма на "Скопско лето" пак, во Куршумли ан со почеток во 20.30 часот, концерт ќе одржи Мандолинскиот оркестар "Скопје" под мотото "За Скопје-градот на солидарноста", со што се приклучува кон одбележувањето на 40 години од катастрофалниот земјотрес. Под диригентство на Рамадан и Ерхан Шукри, ќе бидат изведени дела од Џамбазов, Терзиев, Вивалди, Глук, Бочели. Солисти на концертот се Виолета и Јован Радаковиќ, сопран и баритон од Србија и Црна Гора, како и нашата певица, мецосопранот Милка Ефтимова. (Т.И.)

от фестивал на театар и музика „Дионизиа", каде што секоја вечер имаше по еден концерт и една театарска претстава. Потоа Словенија, каде оваа година имавме повеќе концерти. Таму имаме огромен број почитувачи. Во Германија имавме два концерти во рамките на најголемиот етно фестивал во Европа „Танц и фолк фест" - Rudolstadt, пред повеќе од триесет илјадна публика. Потоа седум дена бевме во Израел, Западна Галилеја, а тоа беше всушност прекрасно заокружување на концертната активност на ДД Синтезис за 1998 г.

**Кој е следниот проект на групата?**

Следен проект на групата е турнеја во Јапонија (8 концерти), која ќе започне на 15 мај. Тоа е единствено за што

# Синтезис



во овој момент можам со сигурност да дадам информација. Сигурно е дека во текот на 1999 година групата ја очекува многу работа, во смисла на концерти и нови изданија, но за тоа потоа.

**Колку концертните настапи и свирките во живо бараат подготовки имајќи во предвид дека се работи за специфична музика со поголем број изведувачи?**

Нормално е дека концертите во живо имаат своја тежина и бараат посебна подготвеност. Тој проблем групата одамна го надмина иако станува збор за „специфична музика со поголем број на изведувачи" како што велите вие. Нашата музика од една страна и публиката од друга страна се редовна инспирација така да на сцената всушност групата се забавува. Нема место повеќе за проблеми од типот на озвучувањето, светлото или пак некаква трема. Сето тоа го надминавме.

**Корените на музиката на ДД Синтезис лежат во македонскиот фолклор. Од каде е идеата да се искористи нашата музика и да се создаде една ваква институција, ако така може да се каже, која на оваа музика ќе ѝ го даде современиот шарм?**

Пред сè, не станува збор за никакви идеи, напротив тоа е цел! Впрочем одговорот на ова прашање лежи на самиот почеток од овој наш разговор. Знаете идентитетот на секој млад човек уметник, односно воопшто човек, лежи во неговата бит, традиција, автентичност, од длабочината на неговите корени. Всушност функцијата на фолклорот како естетска вредност е сето тоа да го зачува. Втурнувањето на секоја индивидуа во тие длабочини на сознанието му го дава правото на индивидуална или колективна оригиналност, одбележувајќи го времето во кое живее и твори. Времето на современоста!



интервју

**На Плоштадот на поезијата во Струга каде за дочекот на Новата година беа спремни да свират членовите на групата ДД Синтезис, се сретнавме со водачот, Драган Даутовски – доцент на Академијата за музички уметности, на отсекот за етно–музика, тапан, гајда, кавали. Оваа прилика ја искористивме за еден краток разговор со него.**

# време на современост

# ДД

**Како и кога настанала „ДД Синтезис“?**

Групата ДД Синтезис настанува кон крајот на 1995 година како резултат на културните збиднувања во Македонија, од една, и мојата долгогодишна работа на полето на фолклорот од друга страна.Во овие мои активности се си имаше свој логичен и природен тек. Во 1992 година како резултат на моите истражувања се „роди“ оркестарот од народни инструменти „Миле Колароски“, со една единствена цел, да се реставрира сета звучна специфика на Македонскиот фолклор како единствен музички израз, тргнувајќи од ритмиката,мелодиката , инструментариумот, рустикалното пеење. Всушност со формирањето на овој ансамбл отпочна ренесансата на изворната музика во Македонија. Во тоа време се поголем број на млади луѓе почнаа да живеат со таа музика, со народните инструменти, па така и кругот на пријатели на овој оркестар се повеќе се ширеше. Со ансамблот настапувавме на сите културни манифестации во Македонија и во повеќе европски земји. Стана популарно меѓу младите да се шета со кавал и гајда, тоа стана тренд. Тоа го зборувам затоа што во групата ДД Синтезис сето тоа што значи база, изворност, традиција, доаѓа токму од ансамблот „Миле Коларовски“. Покрај мене тоа се: Мирјана Јошевска, Биљана Ристеска и Анета Шуланковска,трите грации на Синтезис и Марјан Јовановски кој свири тамбура.Тоа се млади луѓе со кои работам повеќе од десет години. Потоа Радослав Шутевски – бубњеви, и човек кој што неизмерно го подржуваше и поттикнуваше формирањето на групата. Клавијатури Ване Јовчев, ударалки Гоце Узунски, млади луѓе кои со висок просек ги завршија нивните студии на Факултетот за музичка уметност,се исто така многу битен фактор во групата.

**Дали во неа сеуште членуваат истите членови од стартот?**

Да. Тоа се луѓе кои одлично соработуваат и се дружат како на сцената, така и надвор од неа.

**Која е врската меѓу ДД Синтезис и Анастасија?**

Нема врска! Тоа е прашање на кое најдобро ќе ви одговорат луѓето кои се бават со рецензирање на музичките изданија.

**Во јавноста се слушна нешто за вашиот спор со нив. Дали би можеле нешто поблиску да ни кажете околу ова?**

Тоа е минато. Веќе заборавив на тоа, иако....

**ДД Синтезис во Македонија изгради свој имиџ по кој е препознатлив и вистински ја освои својата публика овде. Што станува со вашите настапи во светот. Каде до сега сте се претставиле?**

Покрај концертите во Македонија, групата во годината што измина имаше настап, односно целовечерен концерт во Рим на интернационални-

ЗАВРШИ ФЕСТИВАЛОТ „ИЛИНДЕНСКИ ДЕНОВИ“ ВО БИТОЛА

# ДОДЕЛЕНИ НАГРАДИ ЗА НАЈУСПЕШНИТЕ

**БИТОЛА, 3 АВГУСТ.** – Во Битола заврши 23 Републички фестивал за народни игри и песни „Илинденски денови“ на кој настапија 36 фолклорни друштва и ансамбли. За најуспешна вокална изведба наградата му припадна на женското трио при КУД „Весели пензионери“ од Пробиштип, а за најуспешен и најкомплетен оркестар на фестивалот наградата на доби ОНИ „Миле Коларовски“ од Скопје. За најуспешна пионерска фолклорна група е прогласена „Орце Николов“ при КУД „Гајда“ од с. Ињев а за презентација на староградски фолкор наградата ја освои „Изгрев“ од Кочани. Награда за најуспешна презентација на изворниот фолкор им припадна на КУД „Панче Пешев“ од Куманово и на КУД „Јата е ре“ од с. Слупчане, кумановско, додека, пак, наградата за обработен фолклор ја доби КУД „Гоце Делчев“ од Битола. За најусешешен автор на новосоздадена фолкорна содржина ја доби Валентин Соклевски – Битола за кореографиите на КУД „Илинден“. П.С.

ДЕНОВИ НА МАКЕДОНСКА МУЗИКА

# ИЗВОРНА НАРОДНА МУЗИКА

Вечер, во рамките на манифестацијата „Денови на македонската музика“, во Студиото М-1 на МТВ, со почеток во 20 часот, ќе се одржи концерт на изворна народна музика, на кој ќе настапи Оркестарот од автентични народни инструменти „Миле Коларовски“.

На програмата се изворни македонски народни песни и ора. Уметнички раководител на вечерта е Драган Даутовски, а водител Марија Поповска. Л. С.

ПРЕД ГОДИНАШНИТЕ „ДЕНОВИ НА МАКЕДОНСКАТА МУЗИКА“

# За првпат – духовна музика

**● Изведби со автентичните народни инструменти, и настапот на Ансамблот на Операта при МНТ. – Вкупно 60 дела, од кои 40 се праизведби, и зголемено присуство на младите композитори и исполнители**

Деновиве, во Сојузот на композиторите на Македонија беше особено живо, зашто привршуваа подготовките и се дефинираше програмата за годинашната манифестација „Денови на македонска музика“. Оваа традиционална манифестација е централна во вкупните програмски активности на Сојузот и, токму затоа, ѝ се посветува посебно внимание и ангажман. А, она што посебно треба да се издвои за годинашното издание на манифестацијата, тоа е вклучувањето во програмата и на духовната музика, како и изведбите со автентични народни инструменти. Исто така, годинава, за првпат на манифестацијата учествуваат и ансамблите на Операта при Македонскиот народен театар. Белег на манифестацијата е и нагласеното присуство на млади композитори и исполнители, покрај веќе афирмираните творци и изведувачи. А, земено во целост, посебно треба да се одбележи дека „Деновите“ се манифестација за презентација на новото македонско музичко творештво, при што годинава ќе бидат исполнети околу 60 дела, од кои 40 се праизведби.



**Повеќе изведби на негови дела: композиторот Томислав Зографски**

На почетокот на манифестацијата (на 22 март, а ќе трае до 6 април), ќе настапи Камерниот оркестар на Македонската радио–телевизија под диригентство на Фимчо Муратовски, а со дела од: Гоце Коларовски, Ристо Аврамовски, Димче Николески и Димитрие Бужаровски. Потоа, во следните денови, претстојат и: настапите на Македонскиот женски хор при Домот на младите „25 Мај“ и Женскиот хор на Македонската радио–телевизија и Детскиот хор „Развигорче“, под диригентство на Запро Запров, на делото „Етнографофонија“ од Ристо Аврамовски. Авторски концерт ќе има композиторот Михајло Николовски, а водител на неговата вечер ќе биде Марко Коловски. Македонската филхармонија ќе се претстави со дела од Гоце Коларовски, Тома Прошев и Љубомир Бранѓолица, а ќе настапи и Танцовиот (ревиски) оркестар на МРТ под диригенство на Александар Џамбазов и Кире Костов.

Во црквата „Свети Димитрија“, ќе се одржи вечер на македонска духовна музика, со настап на ансамблот „Св.Јован Кукузел“ и Детскиот хор „Развигорче“, а под диригенство на Запро Запров. На камерниот концерт, ќе бидат изведени дела од Јане Коџабашија, Томислав Зографски, Стојан Стојков и Тома Прошев, а приредбата „По избор на уметникот“, годинава, ќе биде со пијанистот Валери Стефановски.

Во студиото М–1 на Македонската радио–телевизија, ќе се одржи уште еден камерен концерт – со дела од: Властимир Николовски, Стојан Стојков, Благој Цанев, Драгослав Ортаков и Томислав Зографски.

Концертот на изворна народна музика со автентични инструменти, ќе биде во исполнение на Ансамблот „Миле Коларовски“ со Вокалната група „Детелинки“ и со Големата вокална група. На концертот на Оркестарот на Операта при МНТ, Хорот на МРТ и Академскиот хор „Мирче Ацев“, со диригентите Ванчо Чавдарски, Мирослав Спасов и Саша Николовски, а со дела од: Благоја Ивановски, Александар Лековски, Благој Цанев, Михајло Николовски, Томе Манчев, Драган Шуплевски, Стојче Тошевски, Тодор Скаловски и Томислав Зографски.

Во рамките на „Деновите на македонската музика '93“ е предвидена и посебна програмска вечер за младите композитори, а сите програмски содржини ќе се одржуваат во Студиото М–1 на МРТВ, фоајето на МНТ, Домот на АРМ и во црквата „Свети Димитрија“.

Х.П.

DD Synthesis

# Združitev tradicije in sodobnosti

**DD Synthesis je nova etno-folk atrakcija iz Makedonije, ki je na Drugi godbi '97 predstavila svoj prvi album in očarala ljubljansko občinstvo. K nam prihajajo spet v Bovec (12. avgusta, trdnjava Kluže), v Ljubljano (13. avgusta, Trnfest, KUD France Prešeren) in v Izolo (15. avgusta, Mediteran festival).**

**Dragan Dautovski** je avtor in idejni vodja tega projekta, ki z akademskim znanjem in veliko dobrega okusa zajema iz zakladnice tradicionalne makedonske ljudske glasbe in sodobnih glasbenih smernic in vse to združuje v njemu lastni DD sintezi.

***Donedavna si igral pri Ansamblu Mile Kolarovski. Zanj so nekateri prvič slišali zaradi omembe na albumu Anastasie – Pred doždot (Pred dežjem; op.a.). Kakšen ansambel je bil to?***

Mile Kolarovski je bil znan makedonski kavaldžija (kaval je piščal; op.a.). Uveljavil je prepoznaven makedonski kavalski slog. Pred približno petnajstimi leti je umrl. Ansambel sem ustanovil leta 1992, da bi v njem raziskoval makedonsko ljudsko glasbo. V ansamblu so bila izključno makedonska tradicionalna glasbila: štirje kavali, štiri tambure, dva kemeneta (godalo podobno guslam; op.a.), gajde (dude; op.a.), tapan (boben; op.a.) in šest deklet vokalistk. Tri od njih so zdaj tudi v DD Synthesis. Z ansamblom smo imeli veliko nastopov po Makedoniji in v tujini. Po njegovi zaslugi je prišlo v makedonski kulturi do renesanse izvirne folklore. K nam so se prihajali učit igranja inštrumentov fantje iz Anastasie in mnogi drugi.

***Od tod torej navezava, da so te fantje povabili kot gosta pri ustvarjanju glasbe za film Pred dežjem?***

Fantje iz Anastasie so se prihajali k meni učit igranja ljudskih inštrumentov, prav tako pa še k drugim članom. Ko je prišlo do projekta *Pred dežjem*, je bilo sodelovanje pač logično. Čeprav na plošči piše, da sem bil samo gost, to ne drži. Bil sem enakopraven soustvarjalec glasbenih idej in zvoka filma. Bilo je sicer nekaj problemov, vendar se je vse srečno končalo.

***Film je dobil v Benetkah zlatega leva, kako pa jo je odnesla glasba?***

Menim, da ravno tako dobro. Razen redkih posameznikov, kot so Pece Atanasovski in Mile Kolarovski, ni še nihče posnel tako uspelega filma. Uspeh je mladim ljudem vlil več samozavesti in jim dal spodbudo, da nadaljujejo začeto smer.

***Imaš kako razlago za razmeroma temen val makedonskih skupin z vplivi tradicionalne glasbe, kot so Misar, Arhangel, Padot na Visantia, Anastasia, Lola V. Stein pa tudi tvoja skupina?***



V času delovanja teh skupin sem jaz kot akademski glasbenik igral jazz po raznih lokalih. Takrat nisem razmišljal, kaj bom sam s seboj, ker sem imel precej obveznosti na fakulteti in srednji glasbeni šoli. Vsi ti fantje so vsekakor pustili sledove v makedonski kulturi. Vendar je še pomembneje to, da se zdaj vsi vračajo h koreninam. Makedonska kultura je vsekakor precej globlja in starejša od bizantinske. V Makedoniji imamo še danes mnoge specifičnosti, ki so ohranile svojo prvotno obliko. To sta govor in tradicionalne pesmi. To so glasbila, ki so ohranila svojo prvotno obliko. Poleg melodije je tu še ena pomembna lastnost makedonske folklore – ritem. Pred mnogimi leti bi ga skorajda pozabili pod vplivom šunda in ritmov z vzhoda. Tako smo prišli do zamisli, da z vso to specifiko, ki na našo srečo in srečo Balkana še vedno obstaja v Makedoniji in tudi širše, poskusimo dati pečat času, v katerem živimo. Ampak pod pogojem, da se to napravi tako, kot se spodobi. Končno je napočil čas, da tudi mi sami, Makedonci, uporabimo svojo folkloro, kot so jo do zdaj izkoriščali Goran Bregović in mnogi drugi. Jaz imam do izvorne makedonske folklore strahotno spoštovanje. Z njo se ukvarjam zdaj že petnajst let. Že deset let ne igram nič drugega kot samo izvirne inštrumente. To tudi predavam na fakulteti. Zaradi tega strahospoštovanja si dolgo nisem upal narediti sinteze makedonske tradicionalne glasbe in sodobnih svetovnih glasbenih smernic. Da sem premagal ta strah, mi je največ pomagal film *Pred dežjem*.

***Ravnokar si omenil sintezo. Od tod verjetno tudi izvira ime skupine, ki bkrati izdaja princip delovanja?***

Da, natanko tako. Poskušamo in upam, da smo pri tem uspešni, narediti sintezo s svetovnimi trendi, ne glede za katero vrsto glasbe gre. Tu so zvoki, ki spominjajo na renesanso, pa pop in jazz itn. Mi jih torej prilagajamo makedonski mentaliteti, folklori. Da pa bi vzeli neko tujo temo in jo obdelali na makedonski način, ne pride v poštev.

***Kako to, da ste ploščo snemali prav v Ljubljani v studiu Tivoli z Janezom Križajem?***

Z odličnim Janezom Križajem! Ploščo smo želeli posneti zunaj Skopja in Makedonije. Predvsem smo potrebovali mir. Nismo hoteli, da bi vsakdanji življenjski problemi vplivali na delovni elan skupine. Priznam, da je bilo to ogromno tveganje, vendar smo pri tem imeli veliko srečo. Janez je pokazal strašno profesionalen pristop k delu. V Makedoniji je namreč zelo težko posneti tradicionalne inštrumente zaradi postavitve mikrofonov. Veliko sva se pogovarjala o specifikah teh inštrumentov. Igral sem mu kaval, gajde in zurlo v studiju in zunaj njega. Zelo mi je bilo všeč njegovo videnje inštrumentov kot barve in ne kot tone. To pa je vrlina samo velikih producentov, ki znajo svoj posel posel opraviti najbolje.

***Slišim, da bo letos Anastasia nastopala po zahodni Evropi. Verjetno brez DD?***

Seveda. V tem pogledu smo se tovariško razšli. Morda manj tovariško in bolj profesionalno. Menim, da je to kljub vsemu dobro, ker če do tega ne bi prišlo, ne bi bilo DD Synthesis. Upam, da bo takšnih skupin še veliko več, v Makedoniji in tudi širše, ker se mi zdi, da je zdaj ravno prava priložnost da balkanska folklora dobi končno obliko. Neskromno lahko povem, da se to dogajanje lahko začne iz Makedonije.

Besedilo in foto: Zlato Kreč

14.08.1997 ГОДИНА МАКЕДОНСКО СОНЦЕ 19 СТРАНИЦА

**Драган Даутовски - ДД СИНТЕЗИС**

# МАКЕДОНСКИОТ ФОЛКЛОР ВО МОДЕРНИТЕ СТРУЕЊА

**● Деби албумот на ДД СИНТЕЗИС наречен по името на групата, буквално ја восхити публиката. Компакт дискот на самиот старт е продаден во повеќе од 1000 примероци. За музиката на оваа група, верувале или не, заинтересирани се мнозина во светот... За и околу ДД СИНТЕЗИС со водачот на групата Драган Даутовски...**



Даутовски: Во Љубљана имавме подобри услови за работа

Пишува Дејан ПОПОВСКИ

Покрај Драган Даутовски во ДД Синтезис настапуваат Радослав Шутевски, во јавноста познат како Шуте, тапани, Мирјана, Билјана и Анета се вокалистки, Ване Јовчев свири клавијатури, Гоце Узунски удиралки и Марјан Јовановски е задолжен за жичаните инстументи. Разговарав со Драган Даутовски, како идеен творец на ДД Синтезис и човек кој во групата свири гајда, кавали, зурли и тамбури. Драган има големи заслуги во реализацијата на познатиот албум на "Анастазија", во музиката од филмот "Пред дождот", во повеќе композиции и смета дека токму оваа група е под притисок на успехот на овој албум, и дека со новите материјали не се снаоѓа баш најдобро.

**Мнозина сметаат дека вашата музика на најдобар можен начин го преставува македонскиот фолклор?**

**ДАУТОВСКИ:** До сега многу македонски музичари се обидувале да го доловат македонскиот фолклор на начин на кој тие сметаат дека тоа е најдобро. Сепак сметам дека "Леб и Сол" тоа го чинеа најдобро. Кога таа група престана со работа, се виде кој што може да стори. Бодан има солиден албум во кој има доста македонско, албумите на Коки сметам дека не се она што тој го може, а Гаро со новите материјали ветува многу...

Сметам дека не смее да се кокетира со нашиот фолклор. Сакав нашата музика да произлегува од нашето поднебје и сметам дека успехот на албумот е токму во тоа што сме ние блиски до нашиот изворен фолклор. Тоа е многу битен фактор за успехот што го забележуваме...

**Искрено, навистина се изначекавме на Вашиот албум. Беше најавуван многу од поодмана?**

**ДАУТОВСКИ:** Па искрено, не скавме да избрзуваме. Но сега кога албумот е готов и кога почетните реакции кажуват многу нешта за нас, сметам дека сме на вистинскиот пат да ги постигнеме нашите цели. Многу луѓе се заинтересирани за нашиот проект и имаме многу понуди за свирење како кај нас, така и надвор од нашава земја. Неодамна имавме генерална проба преку концертот што го одржавме во Штип, треба да свириме на џез фетивалот во Љубљана и така...

**Албумот го снимивте во Љубљана, зашто токму таму?**

**ДАУТОВСКИ:** Сакавме да "избегаме" од Скопје од повеќе причини. Најголемите "причини" беа во тоа што нашите пријатели би не прекинувале со работата... Знаеш во стил "да видиме до каде сте стасале"... Во Љубљана работевме во многу добри услови и во едно од најдобрите студија, **ТИВОЛИ**. И таму на некој начин отидовме со некаков ризик. И покрај условите што ги имавме, човекот кој работеше на микс пултот не беше многу упатен во македонскиот фолклор и не ги знаеше сите наши инструменти кои се користени на албумот. Но сепак добро се снајде и солидно ја направивме работата. Задоволни сме и ние, а и тој не го криеше своето задоволство. Инаку Јанез Кризај важи за еден од најдобрите тонци во Словенија.

**Покрај Драган Даутовски во ДД Синтезис настапуваат Радослав Шутевски, во јавноста познат како Шуте, тапани, Мирјана, Билјана и Анета се вокалистки, Ване Јовчев свири клавијатури, Гоце Узунски - удиралки и Марјан Јовановски е задолжен за жичаните инструменти. Драган Даутовски, како идеен творец на ДД Синтезис и човек кој во групата свири гајда, кавали, зурли и тамбури.**

**На албумот издавачот на вашиот ДД, Оливер Белопета има двојна улога, продуцентска заедно со тебе и менаџерска. Колкава е неговата помош и во едната и во другата варијанта?**

**ДАУТОВСКИ:** Ние со Оливер имаме одлични разбирања во секој поглед. Тој пред сè е голем професионалец во рабатата што ја работи. Неговите сугестии во освежувањето на музичкиот материјал се навистина големи и добредојдени. Знаеш, она во стил, овде треба да се вметне ова или она... Или овде треба да има нешто што ќе те дигне на нозе...

**Критиките за албумот се повеќе од поволни. Колку новите ангажмани ќе го изменат твојот живот?**

**ДАУТОВСКИ:** Засега ништо битно не се менува кај мене. Живеам, работам, примам честитки од пријателите... Сакам реални критики и сметам дека тие се многу битни за нашиот албум.

**И покрај успесите што ги забележувате во последно време, сметам дека не сте премногу "наметливи" во јавноста?**

**ДАУТОВСКИ:** Токму така. Нема потреба за тоа. Самото време ќе покаже што сме направиле и до каде ќе стасаме. Имавме промоција на албумот, но за концерти сè уште е рано да планираме. Ова важи за Скопје. Можеби тоа ќе се случи до крајот на годинава, поточно пред Нова година...

**Драган, што понатаму?**

**ДАУТОВСКИ:** Да не излезе чудно, но ние работиме на нови материјали кои планираме да ги издадеме во наредната година. Претходно, веројатно ќе издадеме една сингл најава, а потоа ќе дојде новиот албум. Можеби на сингл најавата ќе бидеме "покомерцијални", но ќе видиме. Работата со Оливер бара форсираност на некој начин, всушност тоа е негов стил на работа.

**Драган, многу успеси во презентацијата на македонскиот фолклор. За крај некоја порака за сите што ве слушаат во Македонија и надвор од неа?**

**ДАУТОВСКИ:** Ги поздравувам сите што ми пружија поддршка, новинари и публика. Верувам дека ДД СИНТЕЗИС никогаш нема да ги изневери. Чесниот приод кон работата, мора да донесе соодветни резултати. А ние навистина чесно ѝ приоѓаме на работата...

9.01.97 ЕКРАН

АЛБУМ ШТО ТРЕБА СЕКОЈ ДА ГО ИМА!



# И НИЕ ИМАМЕ КАВАЛ–(ЕРИЈА) ЗА ТРКА!

## „Д.Д. Синтезис“

Долгоподготвуваниот деби албум на „Д.Д. Синтезис“ деновиве излезе на виделина на денот во финална форма на носач на звук – компакт диск (за кусо време ќе се појави и на аудиокасета) и веднаш ја има „срeќата“ да биде вистински подарок за музичките гурмани од било каква провиниенција. Пред сè, се работи за едно ново видување на фолклорот, продукциски и стилски стокмен по сите

ПУЛС 14.05.1998

## Драган Даутовски



Членовите на „ДД Синтезис“: Анета Шуланкоска, Билјана Ристеска, Мирјана Јошеска, ги пеат традиционалните македонски изворни песни во групата. Марјан Јовановски – тамбура, Ване Јовчев – клавијатури, Гоце Узунски – ударни инструменти, тапан и тарабука, Радослав Шутевски-Шуте – на тапани и перкашуи и Драган Даутовски – народни инструменти, веќе подолго време се „распространуваат“ на музичкото поле во нашата земја. Сврзувачката линија меѓу минатото и сегашноста, „ДД Синтезис“ го вклопуваат на еден волшебен начин.

– Веќе три години постоиме и тоа постоење го крунисавме со првото издание – првиот носач на звук насловена како „ДД Синтезис“. По концертот што неодамна го одржавме во Скопје, заминуваме на една поголема турнеја која ќе почне од Германија од еден голем фестивал во јуни и половина од месец јули. Нашиот препознатлив стил, традиционалната македонска музика остануваат белег на групата. Всушност, тоа е и базата на групата – народните инструменти и фолклорот. Некаде пред Нова година планираме да издадеме ново ЦД и повторно планираме голема концертна турнеја по европските фестивали. Групата ќе настапи на „Скопско лето“ и на „Хераклеини денови“ во Битола.



## ТАЈВАНЦИТЕ СО УРНЕК В РАКА БАРААТ МУЗИЧАРИ

На Тајванците многу им се допаднала нашава музика толку многу што претставници од новоотворената тајванска амбасада во Скопје отишле во Министерството за култура со урнек в рацете за нагледно да покажат што сакаат одовде да им испратат на своите во Тајван. Урнекот бил фотографија што тие ја снимиле во една скопска кафеана каде што луѓето од амбасадата биле на вечера. Таму ги забавувал оркестар, веројатно од оние скопски мераклиски забавувачи по кафеаните, и на луѓето ептен им легнал на срце.

Инаку, при првата посета на претставниците од Тајван во Скопје имаше и делегација која ги посети културните институции и уште тогаш паднал договор и за пријателска културна размена. Тајванците ќе ни испратат музичари на Охридско лето, а за возврат бараат музички состав.

Во Министерството за култура кога разбрале што би сакале тајванските дипломати да испратат во својата земја, ги предложиле нашите нарелевантни и репрезентативни музички групи кои го негуваат етно-звукот: Влатко Стефановски – трио, „ДД Синтезис“ и „Анастасија“. За сите други договори ги упатиле на нивните менаџери.

**The music performed by Dragan Dautovski and his companions touches the roots of Macedonian musical experience and shows their toughness and authenticity, their over all outstanding qualities, their relevance both to today and at any time. In a nutshell, it springs from the wisdom of the folk composer over time, and the love and sensitivity of those who continue the tradition**

# D.D. *SYNTHESIS*: WAITING FOR THE HARVEST

D.D. SYNTHESIS basically take the original folk composition with its melody, rhythm, harmony, lyricism... and treat it as a form perfect in itself, but also as a form susceptible to more daring arrangements and changes which can bring it closer to the spirit of the time in which we are living. With this as their basic aim, they still display their skills as virtuosos with particular instruments (Dautovski plays the bagpipes, fife, zurle (a type of woodwind instrument), tamburitza, with equal skill and inspiration...). In fact, they insist on the very specific and incredibly noble sound of folk instruments. In this way, D.D. SYNTHESIS give themselves enough space for the originality and authenticity of the material to express itself, whilst basically the role of the electronic instruments is only to complement the overall effect



SIF 107

First of all, a quite ordinary question: After the ensemble *Tanec*, the in spired folk artists: Pece Atanasovs ki, Tale Ognenovski, Vaska Ilieva, Aleksandar Sarievski, Vanja Lazarova... the groups *LEB I SOL* and *ANASTASIA*, the virtuoso Ferus Mustafov, will it be D.D. *SYNTHESIS* who will open themselves up to the world and will give it a bit of happiness and a great deal of warm sound from the soil where, for centuries, we have been living happily but also sometimes grieving, giving birth with a cry and cherishing our musical language—that which is Macedonian? I have no doubt they will be. Objectively speaking, the essential preconditions for it already exist. The company of Dragan Dautovski already has behind it its début performance, the album named after the group, which came out at the end of last year. It recently gave its first very successful concert appearance at the outstanding Slovenian music festival *Druga Godba*.

Let's proceed in a logical order:

**D**ragan Dautovski is not unknown to the local, and if you like, even to the global musical world. He has the experience of many years working as an teacher and researcher of traditional Macedonian folklore. As from 1992, he has been one of the founders and leaders of the folk instruments ensemble *Mile Kolarovski*—definitely one of the finest and most original ones both in local circles and beyond. With this orchestra, members of which are top instrumentalists and lovers of Macedonian folklore, he has many a time bestowed upon audiences here and abroad the magical and special quality of our traditional music, thus raising the ensemble into one of the best interpreters of secular music in general.

**F**urthermore, for a time Dautovski also worked with the members of the group *ANASTASIA*, so his virtuosity in playing the fife, bagpipes, zurle and tamburitza, was also recorded on the soundtrack for the music of what has been to date the most successful Macedonian film *Before the Rain* by Milcho Manchevski.

**F**ollowing completion of work on that soundtrack, he found himself faced with new challenges and, turning towards his own interests, he started his new project, simply called D.D. *SYNTHESIS*, whilst continuing to conduct the orchestra *Mile Kolarovski* and his work as teacher and instrumentalist, always ready to work with everybody. Knowing that he ought to be active in the field where he is best as an instrumentalist, and wishing to give a part of himself to the music that coursed in his veins, if possible, raising the quality, of the sounds he grew up with, it was logical that he should look for colleagues nearby - first of all amongst the ensemble of which he was the leader. Thus, he found a like-minded person in Radoslav Shutevski (academic musician and member of the orchestras of Macedonian Radio Television). At the same time, he co-opted the singers Aneta Shulankovska, Biljana Ristevska and Mirjana Joshevska (members of the children's folklore ensemble *Detelinki* (Clovers), established by himself), and then he also included in the group the young musicians Marjan Jovanovski (tamburitza, guitar), Vane Jovchev (piano, keyboard instruments) and Goce Uzunski (drums, snare-drum and percussion instruments).

**D**autovski himself says about the guiding idea behind the setting up of the group"...The establishment of D.D.*SYNTHESIS* represented a very logical step after all that has happened to the culture of our country. This step for-



*"Synthesis": To preserve in a new form all the characteristics of the folklore*

ward was made possible by the work of the *Mile Kolarovski* ensemble, but also, to be honest, by all that was happening after the success of *Before the Rain* and the music in it, which demonstrated the renaissance of Macedonian traditional music. Basically, our idea was to work on the principal functions of the folklore, to preserve the basis of that musical expression and to give it the stamp of the time in which we are living. I think it is ridiculous for folklore constantly to be treated as if it had been created by some folk genius and can be reworked nowadays only according to strictly given rules; our intention was, and still is, to preserve all its specific features...the melody, the rhythm, the harmony, ...which arise from the very wide range of instruments, and to enrich them as much as our power and knowledge allow. At the same time, we would not like at all to raise any doubts about the sincerity of such a concept!" In mid 1995 D.D.SYNTHESIS appeared for the first time in public with a number of demo-recordings, made in local studios and almost immediately they attracted notable attention. They did not avoid public performances from the very beginning, although they had no track record. Of key importance for the further development of the group was the meeting with Oliver Belopeta, the senior organiser of the Skopje Jazz Festival.

Since he could see that he had in front of him a group that had all the potential for making a mark on the world ethno-musical scene, Belopeta plotted the necessary course very carefully. First of all, the group continued with its preparations for the material for its début album, particularly with finalising and recording the soundtracks. Thus, contrary to the expectations of those who follow musical developments in our country, D.D.*SYNTHESIS* set out for Slovenia in May, last year.

There, in the Ljubljana studio *Tivoli*, under ideal technical conditions and an exceptionally favourable working atmosphere (without the everyday concerns and "the usual visits of friends and curious people", with the assistance of a very skilled sound engineer (Janez Krizhaj), Dautovski and his colleagues recorded the eight pieces which were planned for the début album.

Immediately upon finishing this work, without much coverage in the mass media, in August last year, D.D. *SYNTHESIS* left for Hungary, where they were the Macedonian representatives at the European Ethno-festival held there. Noteworthy, too, was their later performance in the Ohrid church of *St. Sofia*, as part of the Struga Poetry Evenings festival.

Yet, the story took a different turn after the publication of their album which aroused interest both in domestic circles and everywhere where the promotional copies and background information about the group were publicised. It is no secret that considerable numbers of copies have been sold in Japan and in some European countries. At the moment, negotiations are being held about the possibility of the soundtracks being incorporated into the distributive network of some of the best known record producers in the world, which includes the possibility of the material being republished by a renowned world record label (there are indications that this might take place this fall, a certain label from the USA being involved).

In the expectation of a favourable outcome, D.D. *SYNTHESIS* performed their first great concert and "earned their combat stripes". It was only right that this should take place in the environment where they had recorded the album, thus, they recently appeared (June 11) at the great Ljubljana festival of modern and folk music *Druga Godba*, beside Caesaria Evora, TRANSGLOBAL UNDERGROUND, and many other world-class names of a similar background.

"We were exceptionally pleasantly surprised by the reception of the audience at Krizhanke. It was a night to remember. Even the heavy rain at the beginning of the performance did not drive away the several thousand fans, who remained until the early morning hours and enjoyed our music. That gave us a real impetus to do our best and to leave the doors wide open for future appearances in Slovenia. We can say that that is a real possibility since we have already received several offers for solo concerts in that country and, curiously enough, literally all the copies of our album which we brought along with us were bought up that night. This, I must admit, encourages us and makes us go on!"—Dautovski said upon his return from the Krizhanke festival.

LJUPCHO JOLEVSKI

ПУЛС, 8 август 1997




# Драган Даутовски

Никогаш нема да знаеме какви ќе бидеме доколку не дознаеме какви сме биле. Ако оваа реплика ја примениме на нашето поднебје и ја насочиме во правец на музичката културна опстојба на нашиот народ, тогаш ни се наметнува прашањето за фолклорот, за изворот, за суштината облечена во бојата на мелосот, која неопходно треба да е ситуирана и во звукот на новото време. Пар екселанс за ваквата ситуираност е групата „Синтезис", која со својот прв албум го промовира своето маркантно присуство на македонската сцена и пошироко, на еден автентичен начин, градејќи го мостот меѓу културата на минатото и иднината. Впрочем, неодамна одржаниот концерт, (кој предизвика вистинска сензација), изведен во рамките на Охридско лето, како и предвидените гостувања во Австрија, Словенија, Турција, Грција, сè повеќе ја шират духовната мапа на нивната мисија: креативно осврнување, полно со почит кон македонските музички корени. Впрочем, на оваа тема говори и Драган Даутовски, (музичар и доцент на ФМУ, отсек органологија и професор во МБУЦ („Илија Николовски Луј"), душата на оваа група–еден од најдобрите познавачи на јазикот на древните македонски инструменти–кавалот, гајдата, зурлата, тапаните:

Звучната концепција на групата е синтеза меѓу сето она што е актуелно во светот и изворната народна музика, која е всушност базата во рамките на таквата синтеза. Тоа е трајна определба на



„Д.Д. Синтезис". Инаку, групата својот звучен идиом го заснова на традиционалните македонски народни инструменти: гајдите, кавалите, тамбурите, тапаните, кои го ткаат нејзиниот карактер.

Групата го почитува коренот на нашиот народ, коренот на духовната традиција. Мислам дека најголемото богатство на македонскиот народ е неговото богато културно наследство. Тоа е наедно, единствениот начин светот да ја запознае Македонија со нејзиното модерно враќање кон корените. Во таа смисла, почитта кон музичкиот фолклор е нешто без кое не може да зачекориме кон новото време

Инаку, во групата музицирам речиси на сите народни музички инструменти, со кои познанството го остварив години наназад, па така, моето познавање врзано за нив го пренесувам и како доцент на ФМУ. СЕ надевам дека на тој начин, генерациите што доаѓаат ќе имаат извонредна прилика да го запознаат музичкиот јазик на нашето минато со чија помош ќе го водат дијалогот со новото време кое само ја надоградува оригиналноста на коренот.

44 ПУЛС, 20 јуни 1997



# НАСТАП НА „ДД СИНТЕЗИС" ВО ЉУБЉАНА

По долго очекување „ДД Синтезис", група која го издаде својот прв компакт диск некаде кон крајот на минатата година, и од која, поради нејзиниот специфичен етно-звук, се очекува сериозен пробив надвор од границите на нашата земја, го одржа својот промотивен концерт.

Концертот беше одржан на 11 јуни, во рамките на еден од попрестижните европски фестивали на таканаречената world music, „Друга годба" што се одржа во Љубљана од 4 до 13 јуни. Само како референца ќе спомeнеме дека покрај „ДД Синтезис", на фестивалот настапија и имиња од типот на Луис Склавис, Цезарија Евора, „Гангстер бенд", „Трансглобал андерграунд"...

Се разбира дека не случајно е избран токму овој фестивал и токму Љубљана како домаќин на светскиот промотивен концерт на „ДД Синтезис". Имено, компакт дискот на „ДД Синтезис" беше комплетно реализиран токму во Љубљана, па, што би се рекло, традицијата е запазена: сите први големи работи на оваа група да се случуваат во главниот град на Словенија.

Според информациите на издавачот на дискот „Скопје џез-фестивал", дискот оди неочекувано добро, особено надвор од границите на земјата. Инаку, во првиот тираж албумот е печатен во 1.500 примероци и овој тираж е исцрпен, па така веќе се пристигнати уште илјада примероци. Се очекува, албумот летово да се појави во продавниците низ САД, а наесен да бидат покриени и сите делови на Европа. Исто така, интересно е да се спомене дека тиражот на дискот што е дистрибуиран во Словенија, исто така е распродаден.

Инаку, концертот е одржан на репрезентативната летна сцена „Крижанке", а според менаџерот на групата Оливер Белопета, настапот бил изведен пред преполн аудиториум и групата доживеала вистински триумф. Расположената публика еуфорично го проследила концертот, за што како потврда можат да послужат дури трите биса.

Патем, концертот бил одлично изрекламиран, а групата дала интервјуа на речиси сите словенечки медиуми, додека целиот концертот на групата бил сниман за Радио Словенија.

Како што сега стојат работите, плановите се „ДД Синтезис" да настапува исклучително на големи фестивали: до крајот на годината групата во август ќе настапи на еден голем фестивал (групата сè уште не го открива местото на настапот), додека во Скопје ќе настапи дури кон крајот на годината. За следната година веќе со сигурност можат да се предвидат три големи концерти: во Париз, во Лондон и во Њујорк.

Како и да е, „ДД Синтезис" ја почна својата светска концертна кариера. Резултатите ги очекуваме! □

**LI BI PRI NAS RAJE POZABILI ALI RAZKRIVALI?**

i v poletni vročini odmaknili cerkveni duri v Soči in padli v hlad ed slovanske svetnike Toneta Kralja, pod negibni pogled angela, zmaguje zlo tega stoletja? Bi pri Devici Mariji v Polju, sedeč pri rneju iz Loke poslušali zvoke godal? Bi se dotaknili nezaupljivih dov trdnjave, ko se kopljejo v svetlobi reflektorjev in z vojaško epso opazujejo transilvanske godce? Bi bili zelo veseli, če zašemo, da kultura ni dekorativna, da ne podcenjuje lepote prosto- in da tudi na tem polju vas lahko nagovori svet? Da dodaja ovo vrednost temu prostoru? Da je bovški mešani zbor, ki ga vodi ladi skladatelj Ambrož Čopi, eden najuspešnejših na Slonskem, da društvo Ars redno prireja razstave in da trdnjava luže po dveh uvodnih instalacijah kiparskih objektov postaja rdba duha?

Erik Cuder

**ISITANDO BOVEC PREFERITE DIMENTICARE O SIETE RONTI AD ESPLORARE?**

areste tentati, allo zenit di una calda giornata estiva e sotto l'imperrbabile squardo di un angelo che sconfigge il male di questo seco-, ad aprire il portone ed entrare nel fresco della chiesa di Soča, tra i nti slavi del maestro sloveno Tone Kralj? Vi piacerebbe ascoltare musica eseguita con degli strumenti a corda nella chiesa della Santa ergine Maria a Polje, ammirando gli antichi affreschi del maestro rnej di Loka? Vi piacerebbe sfiorare le diffidenti mura della fortez- illuminate dalla luce dei riflettori che osservano scetticamente i viinisti transilvanici? Sareste felici, se ritenessimo, che la cultura non valore decorativo, che non sottovaluta la bellezza dello spazio, che quest'ambito un villaggio pun rivolgersi al mondo intero ed inoltre, e pun aggiungere un nuovo valore a questo luogo?

Sapevate che il coro canoro misto di Bovec, diretto dal giovane ompositore Ambrož Čopi e uno dei cori di maggior successo in lovenia; sapevate che l'associazione culturale locale Ars organizza golarmente esposizioni, e, che la fortezza di Kluže, dopo due allesmenti di sculture d'arte, sta velocemente diventando la fortezza del- spirito?

Erik Cuder



Foto: Damijan Kracina

Damijan Kracina, *Brez naslova (Ribe) / Untitled (Fish)*

**WÜRDEN DIE GÄSTE BEI UNS LIEBER VERGESSEN ODER ENTDECKEN?**

Würden sie in der Sommerhitze das Kirchentor in Soča aufdrücken und in der Kühle zwischen den slawischen Heiligen von Tone Kralj, unter dem unbeweglichen Blick des Engels versinken, der das Böse dieses Jahrhunderts besiegt? Würden sie bei der Jungfrau Maria im Felde, neben Jernej aus Loka sitzend, den Klängen der Streicher lauschen? Die mißtrauischen Mauern des Festung berühren, wenn sich diese im Scheinwerferlicht baden und mit militärischer Skepsis die transsilvanischen Musikanten beobachten? Würden sie sich freuen, wenn wir sagen, daß die Kultur nicht dekorativ ist, daß sie nicht die Schönheit des Raumes unterschätzt und daß die Welt auch auf diesem Feld anzusprechen vermag? daß sie diesem Raum einen neuen Wert hinzufügt? daß der gemischte Chor von Bovec, den der junge Komponist Ambrož Čopi leitet, einer der erfolgreichsten in Slowenien ist, daß der Kunstverein Ars regelmäßig Ausstellungen organisiert und daß die Festung Kluže nach zwei einführenden Installationen von Objekten zu einer Festung des Geistes avanciert?

Erik Cuder



Foto: Aleš Fon

.D. Synthesis

„Екран" на лице место на штипскиот концерт на „Д.Д.СИНТЕЗИС"

# ЕЗДЕА ПОЛНОЌНИ ЕЗГИИ!



Минатиот четврток (5 јуни '97) во Штип, во одличен сценски простор, адаптиран од некогашното летно кино, едни од нашите најголеми експортни музички фаворити – „Д.Д.Синтезис", одржаа свој концерт. Иако овој настап групата го сметаше за еден вид „јавна проба", пред, за нив многу значајниот настап во Љубљана на Интернационалниот музички фестивал, на 10 јуни о.г. (во време на излегување на списанисво, веќе и тој настап ќе биде – passe), оваа „проба" ги имаше сите атрибути на – целовечерен концерт...

Почетокот на концертот беше најавен за 23 часот, но задолжителните доцнења на овој вид манифестации го пролонгираа за безмалку еден час така што концертот доби тајминг на „полноќен концерт"...

Навистина предолгото барање вистински саунд, по малку несоодветно озвучување и мали проблеми со мониторинг системот (музичарите немаа до крај контрола) создаде мала нервоза во редовите на групата пред самиот настап... Но, со самото излегување на сцена пред веќе насобраната публика, групата доби позитивен импулс... Се редеа песните „Две девојки", „Селска игра", „Аjде поминувам заминувам", „Чума" итн... Драган Даутовски и неговата дружина веднаш ја имаа поддршката на штипската публика. Покрај нумерите што ги знаеме од нивниот компакт диск, „Д.Д. Синтезис" исполнија и некои нови музички броеви, како на пример одличната „Гороцвет"... Петтемина музичари и одличниот вокален триплинг девојки го држеа вниманието на публиката во една скокотлива тензија на музичко задоволство, безмалку два часа...

Овој концертен настап на „Д.Д.Синтезис" беше во пре ред да се „загрее" „Д.Д. Синтезис" пред горе спомонатото концертирање во Љубљана, како и повеќето планирани настапи низ неколку европски летно – фестивалски сцени. И уште една убава работа од „таборот" на „синтезисовци" – тиражот од нивниот компакт диск веќе е исцрпен. Допечатувањето на овој материјал, следува...

Љ.Г.



става што ја носи изворната форма и фолклорна специфика на „Миле Коларовски", оркестар што инаку брои дванаесет членови, а разликата пак е во тоа што „Д. Д. Синтезис" не е само фолклорен оркестар ами е чекор напред кон надградување на етно базата во некакви посовремени музички визии. Поточно, современа (се разбира, автентична) етно музика, а не архаична...

**– Аjде малку сликовито да се изразам: Има два џина во оваа наша музика блиска до она кон што оди „Д. Д. Синтезис" – „Леб и сол", „Анастасија". Да речеме тие „произлегуваат" од некакво друго музичко милје – џез, џез-рок, рок и тн. па дури потоа се навраќаат на своите етно корени, додека пак „Д. Д. Синтезис" се автентични од таа страна, но затоа пак, се приближувате до она што значи синтеза на етно матрицата и современиот музички говор, што ќе рече близу до она што се нарекува world music. Каков ќе биде тој некаков, условно, „трет пат" на „Д. Д. Синтезис" и воопшто какви се твоите размислувања за таа корелација во овој наш музички микропростор?**

● Мене како музички педагог ми е туѓо – „она што го знам – го чувам за себе". Ниту пак сум во натпревар со некого... Напротив, сето она што се случува во тоа „братство" може да биде само – позитивно за културата во Македонија. Е сега, нашата предност, ако можам слободно да речам – предност, во овој дел, е тоа што ние тргнуваме од базата, „во коренот", веќе десет години (со „Миле Коларовски"), така што нашиот пат е малку попрочистен што се однесува до оние музички влијанија од светот, од типот на техно, поп, рок и не знам уште кои сè не правци, во таа смисла тргнувајќи од мене, па сè до другите членови од „Д. Д. Синтезис" сме „прочистени" на некој начин, за разлика од некои групи што ги спомена што веќе имале големи резултати во една музичка сфера, во еден музички правец, па се принудени да се „прочистуваат" да се вратат кон коренот... Тоа е апсолутно поволно и може да раудва, меѓутоа во секој случај тој пат треба да се измине, каков и да е, колку и да е долг, за да може да се ослободи токму од тие влијанија. А она што значи осовременување, техничко и во квалитетот на звучната слика, па тука сме рамноправни како пред Бога... Сите ги имаме „на дофат". Мајсторијата е во синтезата на идеите не нарушувајќи го скалодот на музичкиот корен...

**– Имаше некакви недоразбирања со „Анастасија" околу обемот на твојата партиципација во саундтракот „Пред дождот". Или пак сметаш дека медиумите тоа го предимензионираа?**

● Немам коментар на тоа.

**– На промоцијата вашиот промотер Оливер Белопета најави неколку настапи на „Д. Д. Синтезис". Што значи тоа? Каде сè настапувате?**

● Имаме светска промоција на Љубљанскиот џез фестивал, всушност услов за да настапиме на фестивалот е да се има третман на светска промоција, тоа ќе биде во јули годинава, во јули имаме настап во Анталија, како културна размена меѓу Македонија и Турција, со посредство на Министерството за култура, и некаде на 8-9 август заминуваме на голем светски фестивал во Австрија каде што имаме одлична минутажа за презентација – 40 минути. Тоа, всушност е можност за презентирање на севкупниот звучен материјал на групата.

**– Кога ќе има можност домашната публика да го види концертот на „Д. Д. Синтезис"...?**

● Во Скопје? Најверојатно кон крајот на годината. Инаку нè радува можноста да настапиме на „Охридско лето" и „Хераклејски вечери". Тие се два сигурни настапа на „Д. Д. Синтезис" во Македонија. Настапот во Скопје е малку поделикатен...

Љубомир Грбевски

# КОНЦЕРТ НА ДРАГАН ДАУТОВСКИ КВАРТЕТ



На 29 ноември 2001 г., во Универзалната сала во Скопје со почеток во 20,30 часот, ќе се одржи концерт на една од нашите најуспешни етно формации Драган Даутовски Квартет, насловен поетски – Патот кон сон-цето. Оваа музичка дружина предводена е од искусниот музичар Драган Даутовски (кавал, тамбура, мандола), а покрај него музицираат исклучително надарените млади музичари – Александра Поповска (вокал, дајре), Ратко Даутовски (удиралки) и Бајса Арифовска (кавал,тамбура, мандола).

Концертот е во организација на Дирекцијата за култура и уметност на Скопје. Екран 29. XI. 2001 г.

ВО УНИВЕРЗАЛНА САЛА

# Концерт на Драган Даутовски квартет

Вечерва во Универзалната сала, со почеток во 20.30 часот, ќе се одржи концерт – музички проект на квартетот на Драган Даутовски, со наслов "Корени и цутови". Покрај Даутовски, кој на концертот ќе свири на кавал, гајда, тамбура и на мандола, учествуваат и Александра Поповска како вокалист и клавијатурист, Бајса Арифовска на кавал, тамбура и на тапан и Ратко Даутовски на тапан, тарабука и на удиралки. (Ц.Н.)






*Ало, ние сигурно довѓаме, порачуваат членовите на ДД „Синтезис" чиј настап воодушеви на двете вечери*

15

20. XI. 1995 г.
25 години Екран. Универзална сала

НА ОЛИМПИСКИТЕ ИГРИ

## „Искра" ќе светне во Атина

Во погоните на кумановската Фабрика за челични конструкции „Искра- инженеринг" привршува изработката на цинковскиот постамент за факелгорилник за Олимписките игри 2004 во Грција, кој деноноќно ќе гори на централниот стадион во Атина. Ова вчера го соопшти стечајниот управник на „Искра-инженеринг", Зоран Стојановиќ:

– Станува збор за импозантен објект, висок 30 метри, а тежок 20 тони - рече Стојановиќ.

Тој информираше дека во нивните погони деновиве престојувале претставници на Одборот за подготовка на Олимписките игри и изразиле задоволство од изборот на изведувачот на постаментот. (Б.Д.)

## Два целовечерни концерти на квартетот на Даутовски

1. 06. 2004 г. – Дневник

„Драган Даутовски-квартет" на 19 и 20 август, во центарот на Атина, во текот на Олимписките игри ќе одржи два целовечерни концерта, по покана од организаторот на Олимпијадата. Концертите на македонската група се во официјалната олимписка програма.

– Поканата за настап е голема чест и можност за нас како уметници и ќе ја претставиме македонската култура. Признанието е уште поголемо ако се знае дека во културно-уметничкиот дел на Олимпијадата ќе настапат многу малку уметници од Балканот - ни рече Драган Даутовски.

Преговорите за концертите, одборот на Олимпијадата ги направил преку македонскиот амбасадор во Атина, Благој Хаџиски. (С.П.)

Петок... секој 28.12.2001 7

Со повод

# Нас нѐ води пораката на сонцето

**Во изминатава година „Драган Даутовски Квартет", на чело со ненадминливот професор Драган Даутовски, следејќи ја пораката на сонцето тргнаа по неговиот пат, а со ведрите звуци на народните инструменти ја промовираше македонската музика и надвор од границите. За впечатоците и за добрата изведба би било излишно да се зборува. Кога Драган Даутовски има вмешано прсти, тогаш неспорно е дека квалитет ќе излезе на површина.**

*Оваа година имавте навистина многу работа. Покрај стандардните обврски на Музичката академија правевте музика за балетот „Леди Магбет", музика за комерцијални потреби на „Македонија Табак", како и песните за Вашиот албум „Патот на сонцето", објавен неодамна. Кога ќе се собере сѐ, Ви се исполнија ли плановите во целост?*

- Многу е неблагодарно човек да прави планови во вакви времиња. Единствено што ни преостанува е да работиме, што е и една глобална карактеристика. Јас сум задоволен од сето тоа што го сработивме и од тоа што го реализиравме од предвиденото. Во основа сум задоволен од сѐ: од проектите, концертите, изданијата... Мислам дека годинава најдобро ја завршивме со концертот во Скопје.

*Како и каде ја замислувате пошироката промоција на „Патот на сонцето"?*

- „Патот на сонцето" е еден преубав симбол, човек не може ни од далеку да го замисли неговиот пат. Тоа е една максимална ширина, максимален простор. Ние се водиме од таа порака на сонцето, за што повеќе и подалеку да го изодиме тој пат, во смисла на презентација на нашата музика во пошироки светски рамки. Тоа полека и стратегиски почнува да се поставува на здрави нозе, а од јануари веќе се договорени некои настапи надвор од земјата. Верувам дека сите светски сцени и фестивали најмалку шест месеци однапред си ги имаат испланирано шемите. Јас очекувам до февруари да ја заокружам нашата концертна шема за настапите за в година. Во тој поглед сум голем оптимист затоа што оваа година се покажавме како една од поретките активни групи, во однос на концерти, учества на фестивали, помали и поголеми културни настани...

*Колку сте Вие, како човек со префинет вкус, задоволни од постигнатото со албумот? Морам да констатирам дека критиката Ви е многу наклонета.*

- Мојот вкус е моја интима и мојата естетска изграденост е, исто така, моја интима. Меѓутоа, од друга страна, посетеноста на нашите концерти и поволните критики и убави зборови за нашата работа во изминатиов период, за цела година, зборува дека човек треба да биде максимално задоволен.

*По успехот на Вашите некогашни соработници „Анастасија" и „Синтезис" како гледате на заедничката работа?*

- Во нашата средина не се практикува многу меѓусебна соработка: Најмногу затоа што ние многу интимно ги преживуваме болесттините од нашите некогашни меѓусебни соработки. Јас ја следам нивната работа и ми е многу драго што тие формации опстојуваат и функционираат. Од аспект на педагог, уметник на овие простори, може само да ме радува успех на кој било од Македонија. Мене ме засегаат неуспесите бидејќи сме мала земја, мала држава и секој неуспех се одразува и врз другите. Лично сметам дека треба да се работи многу. Јас сум човек кој што почитува буквално сѐ што се работи, без разлика дали тоа се мои некогашни соработници или некои што се подалеку од мојот видокруг.

*Знаете ли што ве очекува во 2002 година на приватен и на професионален план?*

- Никој не може да знае што го очекува. Оставаме на Божјата волја да бидеме здрави и живи. Единствено што очекувам е со исто темпо да продолжиме да работиме и резултатите од таа работа повторно да бидат на увид на јавноста. Другото е Божја волја и временска категорија.

*Каде и со кого Драган Даутовски ќе ја дочека Новата година? Што значи за Вас тој прост премин на броевите, на стрелките во часовникот?*

- Тој премин речиси ништо не ми значи. Бројките ми се важни од аспект на настапи и датумите во моментите кога се појавуваме и сме заедно со почитувачите на нашата музика. Инаку не сум имун на сето ова и сметам дека имаме колективен и неубав однос кон тој прост премин на броеви. И јас сум дел од тој колектив и сметам дека не би можел да се отпуштам и да бидам максимално весел. Меѓутоа, среќен сум и задоволен што има две варијатнти. Во секој случај ќе бидам со моето семејство. Едната од можностите е дека Нова година ќе ја дочекам заедно со квартетот.

Тоа ќе биде работно, еден новогодишен полноќен концерт. Во тој поглед сум малку скептичен, иако идејата е многу убава.

Се работи за наши големи почитувачи, кои се мала група од стотина луѓе. Сѐ уште не е дефинитивно решено дали ќе бидам со моето семејство или со квартетот, но, дефинитвно, ќе му бидам препуштен на настанот.

Ирена **Гранкова**



**Драган Даутовски,** професор

**КАКО СЕ СНИМАШЕ ФИЛМОТ "ПРАШИНА" НА МИЛЧО МАНЧЕВСКИ**

# ЗА НАПРАВЕНОТО ВО МАКЕДОНИЈА: ЗОШТО ЕДЕН ДЕН ШТАВИЦА ОСАМНА БЕЛА? ВО БИТОЛА МОЖЕ ДА СЕ СНИМА ПАРИЗ, НО НЕ И ЊУЈОРК? КАДЕ МОЖАТ ДА СЕ НАЈДАТ ТРИ ИСТИ КОШУЛИ ОД 19. ВЕК? КАКВИ ЧЕВЛИ НОСАТ ГРЧКИТЕ АНДАРТИ? ЗОШТО "СТОРИБОРДОТ" НЕ Е СТРИП? И ЗА ТОА ДЕКА ХИЧКОК РАБОТЕЛ СО "ЖЕЛЕЗНА" КНИГА НА СНИМАЊЕ

Иако голем дел од локациите биле најдени од Манчевски, како што се Штавица, Трескавец и Штип, сепак и Јазаџиски нашол многу локации потребни за филмот - од ситните, како рамка на прозорец, чардак и порта до локации за сцени како шаторот на Мајорот, Галеријата во Париз, Синема кафе во Париз... Со режисерот Манчевски, тој работел и на рекламата "Купувајте македонски производи", но и многу пред тоа - на филмот "Пред дождот". И како што вели самиот, ја има "свртено" цела Македонија и таа дава секакви можности за снимање, освен да се снима Њујорк. Пред снимањето на "Прашина", заедно со режисерот, директорот на фотографија, сценографот, продуцентот, тие извршиле извидување на локациите, што, како што рече Јазаџиски, за филмските работници е сигурен знак дека ќе се снима филм. "А, кога ќе дојдат уште и странци - тоа е веќе жешко!"

Првата локација на снимање на филмот "Прашина" во Македонија е сцената на Борделот. Таа била снимана во близина на Штип, на патот кон Струмица. Борделот е изграден со комплетен екстериер и ентериер, а снимањето траело четири до пет дена. За да се опреми целосната внатрешност на борделот биле донесени тапети од Англија и "дресинг" од повеќе странски земји: Италија, Англија, Турција, Бугарија и Хрватска.

Инаку, главна локација на снимање во Македонија била Мариово, поточно селото Штавица. Тоа е навидум лесно пристапен предел, во кој се пристигнува по 15 километри асфалтен пат од Прилеп. За да се оспособи за филмско снимање на "Прашина", во ова село многу се работело на сценографијата: преку вадење на бандери, покривање на покриви, фарбање на фасади, иако речиси целото село има изглед како во 19-от век. Имаше многу анегдоти за

## AND ACTION...!?! ABOUT THE DUST.

Филмот е уметност, што опфаќа многу луѓе и пари. За седмата уметност, како "Прашина" на режисерот Милчо Манчевски, односно за таква продукција, важи истото. Но, за да не зборуваме за парите, ќе зборуваме со луѓето од Македонија што работеа на некои интересни аспекти околу овој филм. Тоа се Роберт Јазаџиски, менаџер за локации; Зорица Тодорова-Младеновиќ, костимограф на македонската актерска екипа и Душан Дракалски, "сториборд" уметник. Сите тие се премногу задоволни затоа што имале можност да соработуваат со овој режисер, бидејќи, како што велат: тоа е режисер што има изградено висок критериум за естетика, вели Јазаџиски; дека е човек и режисер кој знае што сака, прикажува Тодорова-Младеновиќ и дека по заслуга на режисерот Манчевски, Дракалски е "сториборд" уметник.

### ЛОКАЦИИ

На наоѓањето на локациите, или како location menager за Македонија на филмот "Прашина" работи Роберт Јазаџиски, филмски работник со диплома по географија. Неговата работа била наоѓање и избор на локации за снимање, како и организација на снимање, што опфаќа логистика за поддршка на локацијата, но и воопшто на филмот.

време на снимањето, вели Јазаџиски, смеејќи се. Еве една од нив: "Бидејќи ни требаше село од 19 век, какво што е Штавица, и секако со камена фасада, кога отидовме во селото, само неколку куќи беа со бели фасади. Тогаш ги посетивме сопствениците на тие куќи и се договоривме дека сакаме да ги префарбаме оти не ни требаат бели фасади. Рековме дека ќе им платиме за да ги префарбаат повторно бели или пак ако сакаат, ние ќе им ги искречиме. И се договоривме, како што треба за тие неколку куќи, меѓутоа наредниот ден, Штавица цела осамна со бели фасади." Како што е познато, ова село не првпат се соочува со снимање на филм, па така сите селани организирано работеле на снимањето. "Меѓутоа, сé си има своја цена", се смее Јазаџиски, "без разлика дали тоа е снимање на куќа, ограда, двор или овца. Во ова село беше поевтино да се купи една овца, отколку да се позајми за снимање. И така, логично беше дека ние ќе ја купиме овцата, но ќе им ја оставиме таму, зашто, што би ѝправеле?"

Над селото Штавица изградивме бачило, за сцената со Бачилото, вели Јазаџиски, кое беше инспирирано од постоечко бачило во селото Маково, битолско Мариово. Една од поглавните сцени т.е. сцената со Црквата исто така е снимена во село Штавица. Црквата инаку, пред снимањето на филмот, не постоела, односно почнала да се гради



Александра Поповска: клавијатури и вокал



Баја Арифовска: кавал и тамбура и Драган Даутовски



водителка и пејачка кај северниот сосед. Водеше емисии во познатата телевизиска куќа Пинк, а беше и еден од водителите на нивната престижна манифестација Оскар на популарноста. Своето ЦД, со песни претежно од Дарко Димитров и снимени во неговото студио, го издаде во музичката куќа Сити Рекордс. Со песната "Степски вук" настапи на фестивалот Сунчане Скале, не освои награда, беше четврта, но песната стана голем хит во Југославија и





на повеќе радио и телевизиски топ-листи беше на прво место и по неколку недели. Последниве месеци од оваа година скоро и да нема дискотека во Србија и Црна Гора каде не настапувала.Тијана во 2002 год. ја очекуваат повеќе настапи во Европа.

Марјан Стојановски годинава успеа да освои 2 први места на фестивалите во Будва и Котор. На фестивалот во Будва, во конкуренција на многу познати имиња од ЈУ-естрадата, меѓу кои Жељко Самарџиќ, Марина Перазиќ, Маја Николиќ, Владимир Савчиќ - Чоби и други, со медитеранскиот сентиш на Григор Копров "У чекању једне жене" ги освои првата награда од жири и првата награда од публиката. Овој голем успех му овозможи да се појави на многу медиуми. Како што и самиот кажува - немал ни 5 мин. слободно време, бил опкружен со новинари и дал околу четириесетина интервјуа. Истиот успех го повтори и на фестивалот во Котор, каде повторно со сентиш-темата од Копров, Обало дугиних боја ја освои првата награда од жирито и третата награда од публиката. Со неговиот менаџер Божидар Кошча потпишаа договор со најпрестижната дискографска југословенска куќа, Сити Рекордс, за снимање на два албума.

Драган Даутовски и оваа година беше активен, како во Македонија така и надвор.Успешен концерт Драган Даутовски Квартет имаа во Будва во рамките




на фестивалот Будва-град театар. Неговите студенти од класата на народни инструменти при факултетот за музичка уметност, учествуваа на балканскиот младински фестивал во Грција, каде што освоија втора награда. Драган оваа година настапи и на Атинскиот џез фестивал одржан во месец октомври, како гостин на грчка група со која лани го сними ЦД-то "Бахар". Тој годинава го издаде и ЦД - то "Патот на сонцето" составено од 9 нумери, каде повторно го негува фолклорот и цел албум е акустичен, само вокали и народни инструменти, без никакви синтисајзери и електроника. Автор на нумерите е тој и како коавтор се појавува и Александра Поповска, девојката која ги пее вокалите на нумерите.





И продуцентската куќа Авалон годинава имаше голем успех надвор од нашата земја. Каролина Гочева го издаде својот прв албум. На фестивалот Сунчане скале ја освои третата награда, а песната "Кажи ми", стана огромен хит кај нас и во Југославија. Нејзините спотови се вртат по белградските ТВ-станици, а таа полека но сигурно станува се попопуларна во Југославија и пошироко. За тоа зборува и фактот дека во месец ноември настапи во Љубљана на манифестација организирана од УНИЦЕФ.

За Тоше Проески иднината секако ќе биде розова. После минатогодишниот успех на Сунчане скале, и годинава ја освои втората награда за песната Сонце во твоите руси коси. Албумот на Тоше во Југославија е меѓу најпродаваните албуми, а тој е присутен и на сите ЈУ топ листи како за песни, така и на листата за најатрактивни пеачи. Својот успех годинава го заокружи со големиот концерт во Сава центар во Белград во месец октомври. Тој годинава направи дует со една од водечките поп-ѕвезди во Југославија, Гоца Тржан, а песната Илјада и една ноќ ја испеаја и на македонски и на српски јазик и со двете верзии постигнаа огромен успех.

Останува на овие и на другите наши музички ѕвезди да им посакаме да нè претставуваат и понатаму во музичка Европа, c$ повеќе и повеќе, па и ние Македонците да се радуваме на успесите на нашите изведувачи на разни европски фестивали, на разни странски топ-листи и да ги видиме нашите спотови на многубројните музички европски ТВ станици.

Вечер 26 ЈУЛИ 2001

# "СИНТЕЗИС" И "ДД КВАРТЕТ" НА "ОХРИДСКО ЛЕТО"



ДРАГАН ДАУТОВСКИ

Годинава програмата на "Охридско лето" беше збогатена и со неколку алтернативни програми, со добар избор на концерти. Според најавите пред една недела концерт требаше да одржат "Сет", но без најава дечките својот настап го одложија за еден ден... мимо програмата на летото. Настапот на Бодан Арсовски и "Езгија оркестра" е откажан. Како причина Арсовски ја наведува "неквалитетната понуда од организаторот на фестивалот "Охридско лето". Штета, особено по перформансот што Бодан и "Езгија оркестра" го изведоа минатата година во Стоби. На "Охридско лето" секако дека му требаат такви програми, но до завршувањето на фестивалот останува уште доста време, па можеби Арсовски и Дирекцијата на "Охридско лето" ќе најдат заеднички "јазик".

Но, затоа се сигурни концертите на "ДД квартет" и "Синтезис". "Ние сме подготвени за нашиот концерт што треба да се одржи на втори август во предворјето на Света Софија. Со организаторите немавме никакви проблеми и сметам дека ќе ги имаме "Сфингс". Во Македонија се враќаат во недела навечер. Нивниот концерт на "Охридско лето" е закажан за четврти август, а просторот е Античкиот театар... И тие немале никакви проблеми со организаторите на "Охридско лето" околу условите за концерт.

Како што неофицијално дознавме можни се и други алтернативни прог-



Драган Даутовски

# Премиера на балетот "Леди Магбет"

НА 23 јули, во рамките на фестивалот "Охридско лето"- 2001, на просторот пред црквата "Св. Софија" премиерно ќе биде изведен балетот "Леди Магбет", во режија и кореографија на Рисима Рисимкин. Автор на музика е Драган Даутовски, а сценографијата и костимите се на Благој Мицевски. Главните улоги им се доверени на Ирена Ветерова и гостинот од Естонија, Андреј Изместјев, а учествува како и целата млада балетска екипа на МНТ, меѓу кои: Марија Јосифовска, Наташа Николова, Александра Стефановиќ, Кире Павлов, Олга Боев, Елисавета Скаловска. Балетската претстава е дел од редовната програма на Балетот на МНТ.

"Леди Магбет" е психолошки балет, со посебен акцент на ликот на Леди Магбет. Инаку, следејќи ги тековите на модерниот балет, кои бараат автентичност, за првпат во место десетгодишно работење на сцената на МНТ, ќе се постави балетско дело кое ќе биде изведено со музика во живо, односно музичари на сцена. Исто така, за првпат едно балетско дело ќе биде поставено во амбиент на тетарскиот просторот во дворот на црквата "Св. Софија". Музиката е типична за нашите простори, но надградена со препознатливиот стил на Даутовски. Начинот на работа и подготовка на овој балет е онаков каков отсекогаш сум посакувала", рече кореографот Рисимкин, на средбата со новинарите, по повод најавата за премиерата.

**На просторот пред црквата "Св. Софија" премиерно ќе биде изведен балетот "Леди Магбет", во режија и кореографија на Рисима Рисимкин. Автор на музика е Драган Даутовски**

"Преставува предизвик за квартетот презентацијата во живо на една програмска музика, каков што е случајот овде. Околу 90% од музиката за балетот е веќе готова, меѓутоа останува еден сегмент кој ќе се создава на лице место, каде до израз доаѓа инвенцијата и инспирацијата. Со модернистички третман на нашите музички инструменти, таа претставува всушност едно ново третирање на македонскиот фолклор", истакна Даутовски.

Скопската премиера на балетот "Леди Магбет", се најавува за крајот на септември, на сцената на МНТ.

**Н.И.**

## ДРАГАН ДАУТОВСКИ КВАРТЕТ

По запазеното учество во реализацијата на, веќе, легендарниот саундтрак "Пред Дождот" од 1994 г. со групата "Анастасиа", во 1995 Драган Даутовски го оформува составот "ДД Синтезис", со кој го продлабочува истражувањето на македонското фолклорно богатство, пресликано во модерна аранжманско-продукциска рамка. Наредните години активно концертира и снима со музичари од странство. Овие средби резултираат со неколку звучни записи, како ЦД-ата "Gaia" снимено со грчкиот мајстор Michalis Nikoloudis и со Yiota Vei (1998) и "Bahar" со Makis Ablianitis (2000).



Музичкиот концепт на актуелната формација на Драган Даутовски Квартетот е логично продолжение на идејата загатната со ДД Синтезис уште во 1995 г. До сега имаат реализирано два носачи на звук - тоа се сингл ЦД-то "Корени и цутови" ("Roots and Blossoms") и албумот "Патот на Сонцето" ("The Path of the Sun").

Членови на Драган Даутовски Квартет се:

**Драган Даутовски** (кавали, тамбури, гајда). Работи како професор по народни инструменти на Факултетот за музичка уметност во Скопје. Мултиинструменталист, владее над 20 различни инструменти.

**Александра Поповска** (глас, синтисајзер, тамбура). Наставник по музика.

**Бајса Арифовска** (кавал, тамбура, перкашн). Наставник по музика.

**Ратко Даутовски** (перкашн). Студент на ФМУ во Скопје.



август 2002

Локација: Универзална Сала
Повод: Промоција на албумот "Пат кон Сонцето" на Драган Даутовски



Ратко Даутовски (удиралки)



ПЕРФОРМАНС НА КВАРТЕТОТ НА ДРАГАН ДАУТОВСКИ

# Македонскиот етно звук на двоен бис





Фото: Г. Чочков

Со овации и аплау[illegible] по неколку пати викање на бис, беше обележан перформансот "Корени и цутови" на Драган Даутовски квартетот, во петокот вечерта, во Универзална сала. Воедно претставена новата музичка формација која понатаму ќе настапува заедно. Покрај Даутовски кој свиреше на тамбура, мандола и кавал беше претставен вокалот Александра Поповска, Басја Арифовска тамбура, кавал и Ратко Даутовски ударни инструменти. Гости на концертот беа 3 ансамбли за народни игри и песни од Македонија: "Китка"-Истибања, "Дедино" од Дедино и "Гоце Делчев" Другово, кичевско. Публиката со еуфорија ја проследи изведбата на "Заjди заjди" и прекрасниот и интересен аранжман на песната "Јано". На концертот дојдоа премиерот Георгиевски со сопругата, министерката за култура Ганка Самоилова-Цветановска, министрите Герчев, Балкоски и Димовска, Данило Глигоровски и претставници од дипломатскиот кор во Македонија. Концертот го организираше Дирекцијата за култура и уметност. **(М.Б.)**


ДРАГАН ДАУТОВСКИ
КВАРТЕТ
ДРАГАН ДАУТОВСКИ
КАВАЛ, ГАЈДА, ТАМБУРА, МАНДОЛА
АЛЕКСАНДРА ПОПОВСКА
ВОКАЛ, КЛАВИЈАТУРИ
БАЈСА АРИФОВСКА
КАВАЛ, ТАМБУРА, ТАПАН
РАТКО ДАУТОВСКИ
ТАПАН, ТАРАБУКА, УДИРАЛКИ
УНИВЕРЗАЛНА САЛА 3.11.2000
ПОЧЕТОК 20.30 ЧАСОТ
Под покровителство на Министерство за култура на Република Македонија
Дирекција за култура и уметност на Скопје
БИЛЕТИ ВО: ЈУГОТОН, BLOW UP И НА КАСАТА ВО УНИВЕЗАЛНА САЛА


КОРЕНИ И ЦУТОВИ
МУЗИЧКИ ПРОЕКТ НА ДРАГАН ДАУТОВСКИ
Звуци на внатрешни потреси, крици на љубов, пискотници на болки, удари на аритмии и тахикардии, тонови на мир и сигурност на мигот, толку неизвесно краток што станува безмерно скапоцен, како да е вечен. Драган Даутовски нема лесно наследство. Го има наследено звукот на потеклото. Како неговите собеседници од Памтивек, го носи онака како единствено знае: слободно, точно и без компромис пред патосот на патетиката и неговата тежина и жештина.
Затоа што ја има "волшебната" моќ наследството да го претвори во наследство.
Гости:
Корените се врвни репрезенти на македонскиот изворен фолклор и добитници на највисоки македонски и меѓународни награди:
ФОЛКЛОРЕН АНСАМБЛ "КИТКА", С. ИСТИБАЊА
ФОЛКЛОРЕН АНСАМБЛ "ДЕДИНО", С. ДЕДИНО
КУД "ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ", С. ДРУГОВО
Спонзор: ТУТУНСКИ КОМБИНАТ СКОПЈЕ
Медиумски спонзори: МТВ, ТЕЛМА, НОМА, JAZZ FM, STAR FM, АНТЕНА 5, РАВЕЛ, МЕГА, УНО
Дирекција за култура и уметност на Скопје
Бул. "Св. Климент Охридски" 6.6.
тел. факс ++ 389 91 222 341, 235 064, 238 372

# Драган Даутовски

**Четири години беше дел од музичката етногрупа „ДД Синтезис", која го привлече вниманието и на домашната и на светската публика. За одделувањето од неа коментира само - „Така требаше"... Во текот на годинава го оформи новиот етносостав „Драган Даутовски квартет". Во петокот во Универзалната сала го одржаа својот прв концерт со него...**

1 Би направил голем концерт со:
а) Горан Бреговиќ
б) Влатко Стефановски
в) Драган Ѓаконовски-Шпато
г) Зоран Мациров

Драган Даутовски квартет

2 Кога не би бил музичар, би бил:
а) лекар
б) правник
в) економист
г) музички новинар

ништо

3 Со „ДД Синтезис" се разделив затоа што:
а) така требаше
б) доволно траеше
в) поради нетрпеливост со другите членови
г) сакав да пробам сам

4 Мојот син од мене наследи:
а) музички талент
б) трпение
в) како да ги процени луѓето
г) ведар дух

5 За музиката на групата „Анастасија" мислам...

добро

6 Најдобриот изведувач на македонски народни песни е...

Кирил Манчевски

7 Кога ќе погледнам зад себе, си велам...

гледај напред

8 Мојот најголем успех во животот е...

моето семејство

9 Денот ми почнува со...

кафе и разговор со мојата сопруга пред да замине на работа

10 Кога би добил многу пари...

би ги потрошил

11 Македонската етномузика е слична со...

самата себе

12 Од моите ученици најчесто барам...

самата себе

13 Би сакал да сум надарен за...

веќе сум надарен – музиката

14 Кога повторно би имал 18 години...

би почнал да свирам на народни инструменти



15 Од светските искуства научив...

малку

16 Сакам да настапам на Евровизија

Н

17 Музичката кариера ја почнав со рокенрол

да

18 Имам трема пред секој настап

не

19 Македонскиот фолклор е најинспиративен

најмногу

20 Никогаш не би ги избричил мустаќите

да

21 Луѓето околу мене се искрени

само најблиските

22 Подобро работам кога сум сам

не секогаш

23 На жените треба да им се ласка

искрено и [illegible]

24 Читам музички критики

кога ги има

25 Животот е убав

кога има љубов, духовен мир и простор за креативност



**1957** роден, како прво дете и тоа „седмаче"
**1877** - средно музичко училиште завршува во Штип, а факултет за музичка уметност во Скопје во 1984
**1981** - му се раѓа синот Ратко, негов наследник, меѓу другото и во музиката
**1984** - се раѓа неговата ќерка Драгана, денес одлична пијанистка
**1988** - го оформува детското фолклорно студио „Детелинки"
**1992** - го оформува ансамблот „Миле Коларовски"
**1994** - придонес во компонирањето на музиката во филмот „Пред дождот"
**1996** - го почнува проектот „ДД Синтезис", кој го гледа како логичен чекор во неговото творештво и живот
**2000** - година на многу симболики и божји дарови, на многу уметност, промоција на неговиот нов материјал, проектот „Корени и цутови".

3. 11. 2000 екран

Концерт на

# ДРАГАН ДАУТОВСКИ КВАРТЕТ



# КОРЕНИТЕ ДЛАБОКИ, ЦУТОВИТЕ ШАРЕНИ



фотоси: А.Георгиев





Минатиот петок, на 3-ти ноември, во Универзалната сала во Скопје се одржа концерт на Драган Даутовски Квартет насловен како „Корени и цутови". По напуштањето на групата ДД Синтезис, ова е прва јавна промоција на музички проект на Драган Даутовски (во кој покрај лидерот учествуваа уште и Александра Поповска–вокал и клавијатури, Бајса Арифовска –кавал и тамбура и Ратко Даутовски–удиралки) и воопшто не е чудно што предизвика големо внимание кај домашните музички вљубеници. И не само затоа... Концертот беше најавуван како

„звуци на внатрешните потреси, крици на љубов, пискотници на болки, удари на аритмии и тахикардии...". Нејсе... Концертот беше закажан во 20,30 (објавен на рекламниот материјал и во медиумите) па потоа поместен за половина час, заради сателитски тв пренос на истиот, и конечно, вклучително со продолгите „говоранции", музичкиот дел започна во 21,30, што само од себе оди на душа на организаторот

– Дирекцијата за култура и уметност на Скопје. Но, домашната музичка публика брзо имаше надоместување со првите звуци на Драган Даутовски Квартет. Повторно, како и многу пати досега бевме сведоци на едно исклучително инструменталистичко мајсторство на Драган Даутовски (на кавал, на тамбура и на мандола). Тоа беше очекувано, но она што беше вистинско откритие за публиката, беше исклучителниот глас на Александра Поповска. Тука секако не треба да се заборават и останатите двајца музичари, кои со својот придонес ја комплетираа звучната слика на бендот. Во музичкото мени на бендот можеше да се „најде" изворна музика („Зајди зајди") третирана низ една постмодерна, современа визура, потоа фолклор кој е надграден и „миксуван" со додавки од други блиски музички кодови на пример – ориенталии (во интроската тема „Балкан") и од други подалечни ритмички егзибиции како – рок/рокабили/регтајм во една матрица од сплет на традиционални песни, и конечно, додавки од некакви искуства од вокалното пеење од литературата на сериозната музика... (ова последново, особено се чувствуваше во интерпретацијата на извонредната Александра!)

Програмата вклучуваше и гости – три фолклорни ансамбли: „КУД „Гоце Делчев" од село Друговоо, потоа фолклорниот ансамбл „Дедино" од село Дедино и фолклорниот ансамбл „Китка" од село Истибања. Настапите на овие ансамбли со „свирка", песна и танц и особено со исклучителните народни носии ја разнежнија публиката и измамија долги аплаузи (ова особено се однесува на последниве). Севкупно, убаво – корените, значи, беа тука, за цутовите, веќе проговоривме...

Сепак, едно останува како констатација – дека манифестацијата беше неумерено долга, дека во својата комплексност (концерт на една музичка дружина и премногу гости!) беше некаде на пола пат меѓу фестивал и промовирање на една музичка група од која многу се очекува (а перформансите на бендот неспорно одат во прилог на големите очекувања), дека лидерот на бендот беше пренагласено во преден план на сметка на останатите музичари од групата и конечно, дека во сето тоа имаше одно малку „шаренило" и амплитуди во стилската доследност... Но и покрај ова, концертот на Драган Даутовски Квартет кој заврши некаде пред полноќ, го задржа интересот на публиката и беше награден со долги аплаузи.

Љ. Грбевски

РАЗГОВОР СО ДРАГАН ДАУТОВСКИ

ПОРТРЕТ



# Традиција преточена во МОЌЕН ЗВУК



ата традиционална музи-
, со сите свои обележја.

*Какви се Вашите пла-
ови за тој вид презента-
ја на Вашата музика во
етот?*

По концертната појава
квартетот и најавата на
шите аудиоизданија, пре-
танува, следната година,
почнеме еден „напад" врз
ропските и врз светските
ени, пред сè врз фестивал-
ите, засега, а и врз клупе-
те, така што, следната го-
на, имаме сериозни пла-
ови концертно да ги про-
овираме нашите музички
дувања на фолклорот.

*Да се вратиме на „ар-
ичето" што го издадов-
е сега. Каде е работено?*

Работено е во студиото
Дарко Димитров, а изда-
ето е печатено во Сони,
Австрија. Како издавач-
кука, се јавува студиото
етар Пан, а идејното ре-
ение го направи Билјана
ецман, додека концертот
промоцијата беа во орга-
зација на Дирекцијата за
лтура и уметност. Целиот
оект е максимално по-
ргнат од Министерството
култура.

*И, на крајот, која е
рмулата за патот кон
пехот?*

Единствениот начин е
се вложи голема љубов
она што се работи. Тоа
еба да навлезе дури и во
нот. Покрај секојдневни-
обврски, мојата музика,
јот однос и љубовта кон
лклорот, јас ги доживу-
м и во сонот, а резултати-
од ова мое сонување се
чните записи и концер-
те. Резултатите се врзани
еден голем вложен труд,
многу работа, за почиту-
ње, за респект кон тради-
јата, пред сè од уметнич-
аспект, не од комерција-
н. Фолклорот беше, ќе
де и ќе остане мој духо-
мир, што се рефлекти-
и на моето семејство и на
рмациите во кои рабо-
м, а резултатите, потоа,
доаѓаат сами по себе.

**Анета СТОЈКОВСКА**

"ДД КВАРТЕТ" ВО ПРЕДВОРЈЕТО НА СВЕТА СОФИЈА

# ОРИГИНАЛНИ УМЕТНИЦИ СО МНОГУ СЕНС

***• КОНЦЕРТОТ ШТО "ДД КВАРТЕТ" ГО ОДРЖА НА 2. АВГУСТ ВО ПРЕДВОРЈЕТО НА "СВЕТА СОФИЈА" ВЕРОЈАТНО НА СИТЕ ПРИСУТНИ ЌЕ ИМ ОСТАНЕ ВО ДОЛГО СЕЌАВАЊЕ. ТОА Е НЕШТО НОВО, НЕШТО НАПОЛНО ПОИНАКВО ОД СÈ ШТО ДОСЕГА СМЕ СЛУШНАЛЕ КОГА СТАНУВА ЗБОР ЗА МАКЕДОНСКАТА ТРАДИЦИОНАЛНА МУЗИКА.***

Празничната четврточна вечер беше малку ладна, барем на просторот во предворјето на "Света Софија" дури и за Охрид. Сепак, тоа не беше причина љубителите на музиката на Драган Даутовски да не дојдат на закажаниот концерт на "ДД Квартет". Додека посетителите во тишина ги исполнуваа местата за седење, во воздухот се чувствуваше блага напнатост. Атмосфера која е нетипична за почетокот на еден концерт. Светлата се гаснат и на импровизираниот подиум се појавуваат изведувачите. Слушаме кавал и клавијатури... и чувствуваме магија... Некое чудно волшебство ги освои сите. Музиката завршува, блага, секундарна тишина и аплауз... без крај. Почеток на концертот на "ДД квартет". Веднаш потоа следи "Зајди, зајди..." во нивна обработка, освојува и сето тоа на "Св. Илија" и Илинден два големи празника за нашата држава.

Изведувачите со првите две нумери ја воспоставија врската со публиката. Присутните пак молчешкум коментираат колку е ладно, ама никој не помислуваше да си замине. Напротив, се очекуваат следните нумери. "ДД квартет" пак ги изведува "Со мајки сум се родил..." и повторно одличниот вокал на Александра Поповска, "Не си го продавај чифликот", "Јано мори Јано" во исклучителна изведба на Даутовски на еден од неговите жичани инструменти и вокалот на Поповска. Навистина фантастично. Истото можеме да го кажеме и за неколкуте обработки на македонски ора кога само навидум се наслутуваше за која нумера станува збор. Музи-



"ДД КВАРТЕТ" НА СЦЕНАТА

нели, но во негови раце нис слушате некои звуци кои се типични за островите од јужните морниња. Тамбурите

во предворјето на "Света Софија" веројатно на сите присутни ќе им остане во долго сеќавање. Тоа е нешто ново, нешто наполно поинакво од се што досега сме слушнале кога станува збор за македонската традиционална музика. Иако некои музички критичари на оваа музика на Даутовски и припишуваат многу џез, ние можеме да го забележиме само преку вариациите што за време на своите вокални делници ги изведуваше Александра Поповска. Инаку, ова е нешто наполно ново, музика која можете да ја сакате или не сакате, но морате да признаете дека има многу енергија, ритам, емоции и љубов.

Г.Оџакова



ПУБЛИКАТА НЕ ИМ ДОЗВОЛИ ДА СИ ЗАМИНАТ БЕЗ НЕКОЛКУ БИСОВИ



НАСЛЕДЕН ГЕН: РАТКО ДАУТОВСКИ

а за нас и прва средба со гласот на Александра Поповска. Таа девојка плени со гласот но и енергијата која беспоштедно ја пренесува



ОДЛИЧЕН СЛЕДБЕНИК НА УЧИТЕЛОТ: БАЈСА АРИФОВСКА

на сите околу неа. На колегите од квартетот, но и на публиката. Сите сме веќе освоени. Се беше тука - на едно место. Се наоѓаме во колевката на македонската држава, култура и традиција, слушаме македонска етно музика со сензибилитет што

ката на "ДД квартет" освојуваше. Без оглед дали изведувал инструментал при што и Даутовски и Поповска и Бајса Арифовска и Ратко Даутовски ги покажуваа своите виртуозни способности, но и љубовта кон тоа што го работат.

Нас пак за време на концертот не плениваа тоновите кои доаѓаа од инструментите што ги свиреше Драган Даутовски. Кавал е кавал,

пак не ве носеа во македонската историја и традиција туку на некои сосема други меридијани. Навистина чудно, но како инструментите да беа магепсани.

Сите присутни пак беа магепсани од гласот на Александра Поповска. Таа девојка навистина има исклучителни гласовни способности, а за време на нејзините интерпретации на публиката и пренесуваше многу силна позитивна енергија. Но и ја примаше за возврат.

Концертот што "ДД квартет" го одржа на 2. Август

## "ДД КВАРТЕТ" СЕ:

**Драган Даутовски:** професор на универзитетот "СВ.Кирил и Методиј", предава фолк инструменти кавал, гајда, тамбура. Во квартетот свири кавал, тамбура, мандола.

**Александра Поповска** завршила ФМУ - основна теорија на музиката. Работи како професор во средно училиште. Во квартетот пее, свири клавијатури, дајре.

**Бајса Арифовска**, дипломира на ФМУ во класата на Драган Даутовски, предава фолк инструменти во средно училиште. Во квартетот свири кавал, тамбура, звончиња...

**Ратко Даутовски**, студент на ФМУ, а во квартетот свири тарабука, бонгос, ашико, џембе...



ГЛАС НА КОЈ МОРАМЕ ДА СЕ ВОСХИТУВАМЕ: АЛЕКСАНДРА ПОПОВСКА



ОРИГИНАЛЕН И НЕПОВТОРЛИВ: ДРАГАН ДАУТОВСКИ




УМЕТНИЧКА КРШТЕВКА

ПРОМОТИВЕН КОНЦЕРТ НА ОРКЕСТАРОТ ОД НАРОДНИ ИНСТРУМЕНТИ

*"МИЛЕ КОЛАРОВСКИ"*

ПРОГРАМА

"КИТКА ОРО" - *ИНСТРУМЕНТАЛНА ИЗВЕДБА*
ПРИГОДНА РЕЧ И ВРАЧУВАЊЕ ПОВЕЉБА НА СЕМЕЈСТВОТО НА ПАТРОНОТ - *ДИМЧЕ НИКОЛЕСКИ*
"АЈДЕ ЗАЈДЕ ЈАСНА МЕСЕЧИНА" - *ЖЕНСКА ПЕАЧКА ГРУПА "ДЕТЕЛИНКИ"*
"НЕ ИГРАЈ МОМЕ СОМЕНЕ" - *ДУЕТ ЦВЕТАНОВСКИ-БОЦЕВСКИ И ЖЕНСКА ПЕАЧКА ГРУПА "ДЕТЕЛИНКИ"*
"МНОГУ МИ ГО ФАЛАТ БАБО" - *ВАЊА ЛАЗАРОВА*
"ПРОШЕТА СЕ ЈОВКА КУМАНОВКА"
"СТОЈНЕ ЛЕ МЛАДА НЕВЕСТО" - *МИМОЗА НИКОЛОВА*
"ТРГНАЛА ЛИЧНА РАДА" - *ДУЕТ ЦВЕТАНОВСКИ - БОЦЕВСКИ*
"ЗАПЕЈ МИ БРЕ ПЕТРЕ" - *ВИДАНКА ГЕОРГИЕВА*
"ИЗВИЛА СЕ ЗМИЈА ИЗВИЛНИЦА" -
"ЕЈ СОКОЛЕ" - *ЖЕНСКА ПЕАЧКА ГРУПА "КИТКА" ОД С.ИСТИБАЊЕ, КОЧАНСКО*
"МОРИ ВЕНО"
"ЗАЖЕНИЛ СЕ КОЈ СИ ЖЕНА НЕМА"- *ДУЕТ ЦВЕТАНОВСКИ - БОЦЕВСКИ*
"АНГА ПЕРЕ НА РЕКАТА" - *ЗАХАРИНКА МИЛОСАВЛЕВИЌ*
"НЕДЕНО МОРИ НЕДЕНО"
"ЕЛЕНА МАЈКА КАРАЛА" - *ЖЕНСКА ПЕАЧКА ГРУПА "ДЕТЕЛИНКИ"*
"НИКО, НИКО - МЕАНЏИКО" - *ДУЕТ ЦВЕТАНОВСКИ - БОЦЕВСКИ*
"ДРАЧЕВКА" - *ИНСТРУМЕНТАЛНА ИЗВЕДБА*

Уметнички раководител: ДРАГАН ДАУТОВСКИ

Александра Поповска

Музика

# Млада професорка со волшебен глас

На 3. ноември во *Универзалната сала*, Драган Даутовски ја претстави својата нова група, која всушност е квартет што го носи неговото име. Тоа беше концерт каков што скопската публика одамна нема видено - изворна македонска музика презентирана со инструментална виртуозност и со вокална перфекција доведени до ниво на уметнички чин. Главна "виновничка" за вокалната перфекција е Александра Поповска, девојка со диплома од *Музичката академија*, чиј глас досега сме го слушале во поинаков контекст. Како членка на триото Ема, Ана и Цака (Александра) таа ги има отпеано придружните вокали за песните на многу наши познати и помалку познати пејачи. Концертот во *Универзална* сосема сигурно е пресвртен момент во нејзината кариера и точка од која нештата ќе тргнат во поинаква, поафирмативна насока.



*Пораснав во Србија слушајќи македонски патриотски песни*

● Какви се твоите впечатоци по минатонеделниот блескав настап со квартетот на Драган Даутовски?

- Ќе ми треба многу време за да ги средам впечатоците. Полека се будам од сонот, од тоа што се случи во петокот, но и од тоа што се случуваше во изминативе шест месеци. Вредно работевме, и за целото време уживавме, исто како што уживавме на концертот. Се надевам дека сликата допрва ќе ми се оформува, оти сега сè ми е како во сон.

● Очекуваше ли дека ќе имаш толку успешен настап?

- Додека работевме воопшто не размислував за тоа колку ќе биде успешен концертот. Сакав само на најдобар начин да го презентирасм тоа што го научив од професорот Даутовски. Тој успеа да ми се приближи со своите педагошки методи, ми помогна да се спознаам самата себеси и успеа многу нешта да извлече од мене.

● Во Скопје дојде пред седум години, на студии.

- Да, родена сум во Лебане, мало гратче на југот на Србија, каде што живеев до 18. година. Двајцата мои родители, инаку беровчани, се просветни работници и таму заминале во потрага по вработување. Во Македонија дојдов кога се запишав на *Музичката академија*. Дипломирав пред три години, што значи дека цели седум години сум овде. Работам како професорка во две средни училишта, Кочо Рацин и МУЦ, а веќе две-три години, заедно со уште две девојки, Ана Костова и Емилија Ангелова, пеам придружни вокали за голем број познати македноски пејачки ѕвезди. Настапот во *Универзална сала* беше моето прво солистичко искуство.

● Како стапи во контакт со Драган?

- Тоа се случи пред една година. Во почетокот мислев дека познанството дојде случајно, но сè повеќе верувам оти ништо не е случајно, дека нештата се случуваат точно кога треба и оти енергиите си доаѓаат на вистинското место. Прво имавме заеднички настап во лондонскиот *Милениум Доум*, во состав на вториот *ДД Синтезис*. Тоа беше привремена формација, собрана само за тој концерт. Кога почнавме да соработуваме, јас немав јасна слика за тоа што требаше да го работам. Знаев дека е нешто поврзано со фолклорот и оти ќе треба да пеам рустикално. Бев малку скептична и мислев оти тоа не е мојот музички израз, односно го гледав како карикирање на таквиот вид пеење. А, излезе многу успешна соработка.

● Кој оддел го заврши на *Академијата*?

- Музичка теорија и педагогија. Значи, мој фах не е соло-пеењето, иако во Македонија дојдов со желба една година да студирам теорија, па да се префрлам на соло-пеење.

● Имаше ли настапувано во Србија, пред студиите?

- Не, пеев само дома. Никогаш на јавни приредби. Меѓутоа беше забележано дека сум музикално девојче и сакав да го продолжам образованието на *Академија*. Пораснав со македонски патриотски песни, кои моите родители ги пееја секојдневно.

● Чувствуваше ли психичка бариера, кога од улогата на придружен вокал, требаше да ја преземеш одговорноста на соло-пејач?

- Почнав со многу трема. Не можев да се замислам како соло-изведувач, сè додека не започнав да го работам ова. Сега мислам дека како солистка не би можела да изведувам никаква друга музика. Сакам да работам на ова поле, бидејќи е нешто многу интересно, со големи можности за експериментирање.

● Колку свесно го избра фолклорот? Имаше ли желба да работиш со изворната музика или решавачки беше авторитетот на Даутовски?

- Желбата постоеше, но не бев свесна дека фолклорот може да се интерпретира на ваков начин и оти може да си дозволам толкава слобода во музичкиот израз, односно тоа што го правам да биде поврзано со фолклорот, а сепак да е свое.

● Каква музика слушаш во слободното време?

- Откако почнав да се занимавам со ова, многу слушам етно - персиско, турско, наше. Ја следам и електронската сцена: амбиент, драм енд бејс... Инаку, отсекогаш сум била фасцинирана од женските вокали, како што се Марија Жоао и Лиза Жерард.

● Дали по новото искуство и натаму ќе работиш како придружен вокал?

- Да, ќе продолжам и со квартетот и со работата како студиски музичар.

● Имаш ли време за приватен живот?

- Апсолутно. Пробите траат по неколку часа на ден, нормално, одам на работа, излегувам навечер, се дружам со Ема, Ана и со Дарко Димитров... Тие ми се најдобрите другари.

● Знаат ли твоите ученици со каков вид музика се занимаваш?

- Некои знаат, но јас не сакам да зборувам за тоа на часовите. Занимавањето со вакво нешто не го менува мојот однос кон децата.

● Кои ти се интересите надвор од музиката?

- Учењето странски јазици. Сега, на пример, учам јапонски, а бидејќи сакам да цртам, калиграфијата ми е многу интересна и вистински уживам во откривањето нови техники. Сè уште сум на почетокот - досега имам научено околу 150 знаци, а ги има повеќе од 19.000.

● За крај, кому би му се заблагодарила за успешниот настап во *Универзална*?

Заслужни се многу луѓе, но ќе ја издвојам Мони, сопругата на Драган Даутовски, која покажа големо трпение во изминативе шест месеци. Вежбавме кај нив дома, и таа не третираше мене и Бајса Арифовска (втората членка на квартетот) како членови на своето семејство. Тоа многу ни помогна да го извлечеме најдоброто од нас во текот на пробите и на концертот.

**Миодраг Мишолиќ**

„Екран“ на лице место:



## КОНЦЕРТ НА „ДД СИНТЕЗИС“

# МАГИЈАТА НА КАВАЛИТЕ И САЈЗЕРИТЕ

**... или концерт со високофреквентно зрачење од архаични и модерни созвучја**

Минатиот четврток на 16 април музичкото братство „ДД Синтезис“ дебитираше пред скопскиот корпус почитувачи на нивната музика со целовечерен концерт. Групата веќе безмалку една година го има издадено својот прв ЦД и има одржано повеќе успешни концерти во Македонија и странство, по што, овој долгоочекуван деби концерт пред Скопјани со право предизвика голем музички интерес што резултираше и со полна сала со публика и покрај цената на билетот од 300 денари.

Шоуто започна некаде пред 21 часот и уште со првите звуци на гајдата од увертирата на нивната веројатно најсилна музичка тема „Две девојки“, со која Драган Даутовски и дружината го отворија концертот, измамија продолжен аплауз на одобрување и поткрепа. Едноставно, публиката беше позитивно „наелектризирана“ за добар хепенинг... Се редеа песните „Клетва“, „Аде поминувам, заминувам“... Од песна во песна атмосферата добиваше емоционален интензитет што ќе рече публиката „генски ја препозна“ длабоко затреганата мелоритмиката на своето битие, така што многукратно ги прекинуваше музичарите со жешки аплаузи. Фронтменот на групата Драган Даутовски се претстави со едно маестрално мултиинструменталистичко умеење – на гајда, кавал, зурла, тамбура, конги и конечно на електрична гитара (во една нумера), додека пак останатиот дел од ансамблот го надополнуваше својот солист во манир на искусен профи бенд. Особено со многу шармантерија го „одработи“ својот дел вокалниот сегмент од „ДД Синтезис“, трите девојки – Анета, Билјана и Мирјана кои со својот архаичен гласовно високопотентен придонес ја зблогатија звучната магија на групата. Тука мора да се спомене и нивната многу вкусна костимографија од стилизирани народни носии со што пак ја дополнија вкупната аудиовизуелна импресија.

Сѐ на сѐ, писокот на зурлите, грмежот на тапаните и лирските вознеси на кавалот заедно со електонската матрица на нововременскиот синтисајзер создадоа едно волшебство на музичка плетенка, едно премостување на архаичното и модерното поимање на музичкото „распостилање на душата“... Вистински „синтезис“...

Час и половина програма, два биса и долго паметење на првиот скопски концерт на „ДД Синтезис“.

**Љ. Г.**

екран 1432 • 23.IV.1998

"ЕКРАН" НА ЛИЦЕ МЕСТО: 1998



# СВИНГ НА КАВАЛОТ И ТАПАНОТ

16.VII.1998

**Кон концертот на „ДД Синтезис“ во „Куршумли ан“ во Скопје, од 13 јули годинава во рамките на „Скопско лето“**



Концертот на групата „ДД Синтезис“ во „Куршумли ан“ во Скопје што се одржа на 13 јули годинава, беше оддолжување кон публиката, по одложувањето на нивниот настап; што требаше да се одржи на 8 јули, во истиот простор. Причината за поместување на тајмингот на одржување на концертот е познат. Настапот е на отворена сцена, а временските услови не одеа на рака (вечерта на 8 јули, заврна!) Дополнителен фактор за отсуство на публика, таа вечер, беше што во исто време се одржуваше и „малото финале“ меѓу Хрватска и Холандија на Мондијалот во фудбал...

Како и да е, поместувањето за пет дена воопшто не влијаеше за посетеноста на концертот на групата „ДД Синтезис“. Напротив... „Куршумли ан“ беше преполн. Почетокот на хепенингот беше закажан за 22 часот и по полчасовно доцнење, конечно, Драган Даутовски и дружината го отворија концертот. Овој убав и автентичен простор има една амбиентална сродност со музичката експресија на „ДД Синтезис“ што само ја надополни магијата на комплетно уживање. Повторно бевме сведоци на вдахновено музичко умеење на комплетниот оркестар, а во прв ред, на лидерот на групата Драган Даутовски. Се редеа познатите теми од нивниот, засега, единствен албум: „Две девојки“, „Готен“, „Клетва“, „Аjде поминувам заминувам“... Покрај стариот материјал „ДД Синтезис“ исполни и неколку нови песни, а на нумерата со симболичен наслов „Балкан“, еден инспиративен мелоритмички мињон, со нагласена ориентална база, публиката ја „препозна исконската пулсација на крвта“ и долготрајно, долготрајно аплаудираше... Што би се рекло со модерен вокабулар – „еден архаичен седумосмински свинг“! По час и половина програма, „ДД Синтезис“ го напушта стејџот испратен со продолжен аплауз. Публиката бара уште... Следуваше бис. Бонус од две песни и крај...

Сѐ на сѐ, концерт што љубителите на музиката ќе го паметат како едно од поубавите доживувања на годинашново „Скопско лето“.

**Љ. Г.**

ОКО 29.03.1998 НЕДЕ

ЗБОР, ДВА СО ДРАГАН ДАУТОВСКИ

# СО КАВАЛОТ ПАТУВАМ НИЗ ВРЕМЕТО

„Кога ќе се вратам во детството се сеќавам на песната „Јано мори" што прекрасно ја пееше татко ми, и на многуте мелодии кои уште како мал ги свирев на мандолина, на која свиреше и мајками. По школувањето (средно музичко и академија) љубовта кон музиката, кон фолклорот кај мене повторно воскресна и драго ми е што сега повторно сум, духовно, на огништето. А главен виновник за тој пресврт, без сомнение е ансамблот „Миле Коларевски", основан пред 10 години, каде заедно со своите сродни души: Мирјана, Анета, Билјана, Марјан, Шуте, Гоце и Ване, ја спознав силината на автентичниот фолклор и тоа стана моја животна преокупација", вели Драган Даутовски, идејниот творец и водач на ДД „Синтезис", група чиј истоимен прв албум, на годинашнава манифестација 12 Величествени го доби признанието – најдобар во изминатата 1997 година, а Даутовски заедно со Оливер Белопета беше прогласен и за најдобар продуцент.

– Не очекуваме многу, без оглед на номинациите (4), но секако беше пријатно и убаво се забавувавме, зашто обично кога сите ќе се собереме тоа значи работа. Иако за мене стимул за натамошна работа е единствена љубовта кон фолклорот, а не наградата, уште еднаш се потврди мојата теза дека скороноста е одлика на работливите, а резултатите доаѓаат сами по себе. Ние осумина во групата десет години заедно ги истражуваме сите таіни на фолклорот, а мојата професионална мисија ја гледам токму во тоа, да се втурнам што подлабоко во корените, што секој од нас ги носи во себе, што ги чувствува, иако дозволивме времето полека да не оддели од самите себе, од минатото.

● Ваша цел е реставрирање на стариот звук, негово прочистување и давање на нова уметничка вредност?

– Се трудиме да ја надградиме базата, што веќе ја имаме и да и дадеме универзален карактер, нов културен израз. Ако се нурнете длабоко во душата полесно ќе дојдете до суштината, до сржта. Инаку нашиот фолклор, како совршено уметничко дело овозможува секој кој успешно се занимава со него да биде различен, да ја негува својата индивидуалност.

● Вие свирите на сите изворни инструменти, а освен тоа шест години тоа е и ваш предмет во средното музичко училиште и две години на ФМУ, каде сте доцент и имате катедра за народни инструменти. Сепак, ако избирате, кој е вашиот инструмент?

– Кавалот за мене е пре, тој е мојата интима, тој е најблиску до мојот темперамент и со него патувам низ времето и се слевам со музиката.

● Какви се реакциите на публиката на вашите концерти?

– Сме настапувале многу и тука и во странство, а и на нашите проби редовно има по 50 – 100 луѓе, Ме радува тоа што младите и се враќаат на традицијата и се помасовно доаѓаат на концертите. Првиот грч во средба со друга публика го имавме на Евросонг во Унгарија, но уште на стартот луѓето беа на нозе, зашто ако правите нешто искрено тоа ќе допре до луѓето.

Албумот „Синтезис" е спој на фолклорот и на она што е модерно и современо на музички план во светот.

– Го снимавме '96-97, а издавач е Скопски џез фестивал. Тука морам да го споменам Оливер Белопета, кој е наш промотор, продуцент, издавач, човек кој го обмисли и го насочува нашиот пат. Сега заедно се подготвуваме за светска турнеја на групата, во сите поголеми центри во Европа и во Америка и наше промовирање пред поширок аудиториум.

● Кога ќе се претставите пред скопјани?

– По Охридско лето на 16 април со концерт во Универзалната сала ќе свириме пред скопската публика. Не подготвуваме спектакли туку наш скоромен и спонтан концерт, за сите вљубеници во музиката на Синтезис. Во јуни сме поканети, како претставници на македонското радио по вторпат да настапиме во Австрија.

● **Фамилијата и музиката, како што велите, се вашиот живот, како балансирате меѓу нив?**



● *ПО СКОПСКИОТ КОНЦЕРТ НА 16 АПРИЛ, „СИНТЕЗИС" СЕ ПОДГОТВУВААТ ЗА СВЕТСКА ТУРНЕЈА*

**– И во мојот дом сите сме поврзани со музиката: сопругата Мони е професор по музика, свири тамбура и е моја најголема поддршка да издржам во она што го работам. Синот Ратко е мојот иден наследник, а ќерката Драгана, засега е единствениот класичар во семејството и свири клавир. Најсреќен сум дома, со најблиските и во секојдневен допир со инструментите, кои ми носат духовен мир, а од тука произлегува и се буди сè.**

**М.Т.АНАСТАСОВСКА**



1421 ● 18.IV.1998
● 30 ден.
НОВА МАКЕ
ДД СИНТЕЗИС
Rodeo LIGHTS






Dragan Dautovski Quartet
29.11.2001 Universal Hall, Skopje

Вечер 24 НОЕМВРИ 2000

ДРАГАН ДАУТОВСКИ НАСЛЕДСТВОТО ГО ПРЕТВОРА ВО НАСЛЕДСТВО

# САКАВ КОМОЦИЈА ВО МУЗИЧКИОТ ИЗРАЗ

Во музиката која ја продуцира и изведува, Драган Даутовски се инспирира директно од изворот, па не случајно за неа велат дека ја поседува „волшебната моќ наследството да го претвори во наследство". Тоа се случи и на последниот проект на кој Даутовски со својот Квартет го промовираше најновиот музички проект „Корени и цутови".

● Како почнавте со реализација на овој проект и која беше вашата примарна идеја?

– Идејата беше да се претстави проект кој што ќе има своја функција, свое значење и белег. Мотивацијата беше 2000 година, заминување на еден милениум, доаѓање на друг. Идејата беше покрај традиционалната музика да се претстави и убавината на македонските носии, преку ансамблите кои беа гости на концертот. Мислам дека успеавме сите заедно да докажеме дека и најтрадиционалната фолклорна форма на изведба на сцена знае да биде значајно и високо уметничко дело, уметнички чин од највисок ранг. Можеби беше малку храбро од моја страна, како автор, кој секогаш уметнички го надградувал фолклорот, во исто време да го има традиционалниот фолклор со сета своја силина и убавина на музичкиот израз и она што од друга страна претставува авторски внес и надградба на таа иста заокружена и чиста форма.

– Дали можете да направите разлика помеѓу музиката која ја создавате со Квартетот и онаа која ја продуциравте заедно со Д.Д. Синтезис?

– Со самиот начин на музицирање на некој начин си автентичен, рамен си на она што значи индивидуален творец. Разликата помеѓу тие два проекти според мене е односот кон фирмата. Јас во музичкиот проект со Д.Д. „Синтезис" сè уште се придржував до некакви форми, правила и дефиниции. Музиката денес нема цврсто определена форма. И не само денес, тоа го докажаа и класичарите. На истекот на овој век се чувствува потреба за нов глобален музички стил во светот. Јас лично чувствував потреба и едноставно сфатив преку работата со Квартетот и сиве овие години наназад, дека формата ми претставува пречка, за да го искажам она што вистински го чуствувам додека ја создавам мојата музика. Разликата помеѓу овие два проекта е токму тоа. Во најновиот проект не ме интересира формата, се задржува само на музичкиот израз, кој по природен пат ја достигна својата градација и каденца.

– Зошто си заминавте од „Синтезис"?

– Заминав од едноставна причина, бидејќи ми требаше токму ова што сега го работам. Ми требаше, ми недостасуваше една таква формација за да бидам максимално комотен во својот музички израз. Јас од овој Квартет, од овие музичари сакам да направам луѓе кои ќе водат музичка битка со мене. Разликата помеѓу овие два проекта е во тоа што овде внесувам нешто, што апсолутно беше непознато за „Синтезис", а тоа е импровизацијата. Тоа всушност е основниот адут и квалитет на овој состав – во нив има многу потенцијал, многу музика и тоа ме тера целосно да им се посветам и сето мое знаење и животно искуство да им го ставам на располагање.

– Дали планирате да издадете албум со новиот состав, и дали во него ќе бидат искористени материјалите од последниот музички проект „Корени и цутови"?

– Јас направив еден обратен процес. Обично прво се промовира еден албум, а потоа се прави концерт. Затоа ова не беше класичен концерт, туку проект преку кој се промовираа „Корените и цутовите". Многу малку размислував и знаев дека не е важно дали имам носач на звук или немам, важно ми беше да го реализирам овој проект. Сеедно дека размислувам околу издавањето на овој музички материјал, и мислам дека тоа ќе се случи многу брзо, некаде околу Нова година, на почетокот на новиот милениум. На дискот ќе се најдат материјалите од овој проект, но и некои нови, кои се во подготовка.

– Какви се вашите планови, дали подготвувате некој нов музички проект заедно со Квартетот, нови концерти, настапи...?

– Пред сè, планираме многу концерти и настапи надвор од нашата земја. Исто така, дел од нашите проекти ќе се реализираат со познати светски имиња, кои сега нема да ги откријам, значи соработка и со други музичари кои ќе гостуваат на нашите идни музички проекти.

А. Димоска



КОНЦЕРТ НА КВАРТЕТОТ НА ДРАГАН ДАУТОВСКИ 3. XI. 2000 г.

# Цутат корените

Во 20. 30 часот, вечерва, во Универзалната сала, концерт ќе одржи квартетот на Драган Даутовски, во кој, освен него, членуваат и: Александра Поповска (вокал, клавијатури), Бајса Арифовска (кавал, тамбура, тапан) и Ратко Даутовски (тапан, тарабука, удиралки). Гости на вечерта се врвните репрезенти на корените на македонскиот изворен фолклор: Фолклорниот ансамбл "Китка" од с. Истибања, Фолклорниот ансамбл "Дедино" од с. Дедино и КУД "Гоце Делчев" од с. Другово.

Проектот "Корени и цутови", според Даутовски, е посветен на вечната тема на враќање кон корените која е особено актуелна на почетокот на новиот мулениум.

Концертот го организира Дирекцијата за култура и уметност-Скопје под покровителство на Министерството за култура на Република Македонија. **М.П.**

YAMANO

Драган Даутовски 3. 11. 2000

Музика




# Музиката ја живеам *на јаве и на сон*

Со музичкиот проект *Корени и цутови*, кој ќе се реализира вечерва (3. ноември) во *Универзалната сала*, во организација на *Дирекцијата за култура и уметност* - Скопје, Драган Даутовски најавува враќање во голем стил пред македонската публика. Станува збор за концертен настап на кој ќе се претставаат квартетот на Даутовски и неговите гости: Фолклорните ансамбли *Кишка* од с. Истибања и *Дедино* од истоимененото село, како и КУД *Гоце Делчев* од с. Другово. Покрај професорската работа на Факултетот за музичка уметност, Драган е максимално посветен на истражувањето на фолклорот и пронаоѓањето млади таленти, заинтересирани за традицијата.

● Според од организаторот, се подготвува голем спектакл во *Универзалната сала*. Што ќе може да слушне и да види публиката во петок вечер?

- Програмата на концертот произлегува од мојата вечна тема - враќањето кон изворната музика и моето интелектуално доживување на традицијата, односно на автентичниот музички израз. Публиката ќе слушне музика која е резултат на долгогодишно истражување, на многу сонувани и отсонувани ноќи исполнети со македонскиот мелос. Значи, моето уметничко видување на старото, земајќи го во предвид и времето во кое живееме, со многу симболика, сонови, божји дарови. Меѓу другите, ќе ја изведеме композицијата со работен наслов *Којнеж*, потоа нашето видување на *Зајди, зајди*, па *Ој Јано, Јано*, но не шпицата што е веќе обработена во *Чума*, туку овој пат со сосема поинаков приод. Петочниот настап е круна на едногодишна, интензивна работа (по најмалку пет часови дневно) со младите луѓе кои ме опкружуваат. Времето поминато заедно, ние не го користиме само за музицирање, туку и за разговори, прераскажување преданија и историски моменти, анализа на спецификите на музичкиот јазик... Сето тоа ќе го изнесеме од нашиот простор ограден со четири ѕида, каде што се создаваше материјалот, и во форма на концерт ќе го презентираме пред публиката.

● Зошто концертот е наречен проект *Корени и цутови*?

- Проект е заради обемноста на програмата. Сигурно немаше да го насловиме така ако се појавев само со мојот квартет. Вклучени се околу 120 учесници, кои на крајот заедно ќе излезат на сцената. Насловот *Корени и цутови* дојде многу спонтано. *Корените* се трите ансамбли кои го носат во себе битието на овој народ, и се во функција на чувари на нашата традиција, а *цутови* се членовите на мојот квартет. Значи, ние ќе бидеме цутови, кои процветале врз веќе длабоко пуштените корени.

● Како ја составивте листата на учесници?

- *Кишка, Дедино* и *Гоце Делчев* не се избрани случајно. Со години сум член на комисии на разни фестивали, кои во својата концепција имаат програми од традиционален карактер, што ми овозможува комплетен увид во таа област. Сите три ансамбли се носители на повеќе награди од манифестации во Македонија и во странство. Според мене, некои од нив се најзначајните промотери на автентичната македонска култура. Сите три доаѓаат со иста тематска основа - корените - видени преку нивна призма.

● Кои услови треба да ги исполнуваат младите музичари за да станат членови на Вашата група?

- Главно тоа се мои ученици, кои добро го познавам, а и тие мене. На пример, во квартетот членува Бајса Арифовска, една од моите најдобри студентки, која веќе дипломира, така што нашите обврски во образовниот систем завршија. Сега продолжуваме со комуникација на уметнички план. Моја задача, како добар педагог, е да ѝ овозможам да го покаже на сцена сето тоа што успеала да го научи, да го осознае, да го изгради како уметник. Втор член е син ми Ратко, за кого верувам дека ќе биде мојот наследник. Свири повеќе народни инструменти, а на претстојниот концерт е задолжен за удиралки. Имав големата среќа да ја пронајдам Александра Поповска, девојка за која сметам дека е најмузикалната личност што ја имам сретнато. Таа е професорка по музичка култура, со извонредни гласовни ресурси и сметам оти со интензивна работа ѝ претстои блескава иднина, за доброто на македонската култура. Во неа добиваме модерен вокал, цврсто врзан за традицијата.

● Се сметате ли себе заслужен за експанзијата на македонската етно музика во последниве пет-шест години?

- Не мислам дека сум заслужен, туку привилегиран да бидам инволвиран во почетоците на експанзијата за која зборувате. Јас сум сведок на тоа каков третман имаше изворната музика пред десетина години. Блиските пријатели и роднините, кога почнував да се занимавам со оваа работа, најдобронамерно ме предупредуваа дека е чудно што еден професор толку се посветува на таков вид музика. Тоа зборува за општествениот третман на традицијата. Многу сум горд на цврстата определба да останам доследен на таа проблематика, кога решив дека тоа ќе биде мојот животен позив и мој уметнички израз. За продорот на етно звукот придонесоа многу млади луѓе, но заслужен е и амбиентот во средината на 90-те години. Без сери-

озната поддршка на поголем број луѓе, немаше да се случи ништо значајно. Добро е што дојде до таа ренесанса, која почна со ансамблот Миле Коларовски□, а нема потреба од припишување заслуги и давање ордени. Доволно ми е задоволството што конечно фолклорот зазема видно место во општеството.

● Како водач на *Миле Коларовски* и на *ДД Синтезис* имате настапувано во повеќе земји. Каде најдобро ја прифаќаат македонската музика?

- Секаде. Разликите се само во мали нијанси. Во Израел, Германија, Јапонија... луѓето не́ слушаа со голем респект. Секој на специфичен начин реагираше на нашите концерти, но сите ги врзува една карактеристика, а тоа е нивото на култура за слушање музика и обемот на емоции кои можат да ги примат. На пример, фантастично е кога ќе видите како 35.000 млади во Германија, потполно се смируваат на темата *Љубов и смрт*, која ја изведовме само со кавал и клавир. Тие луѓе занемеа поради големата сила на музичкиот израз, и естетската изграденост на стилот, како и на самите уметници. Тогаш сфатив дека 20-те години уметничко живеење имале смисла.

● Македонската етно музика доби голем импулс со филмот *Пред дождот*. Дали филмот е единствениот медиум за интернационален пробив и на музичарите?

- Не, иако мора да се признае дека филмот овозможува голем дел од светот на брз начин да се запознае со тоа што го нудите. *Пред дождот* се погоди на вистинското место, во вистинското време и на вистинскиот начин. Меѓутоа, нема поубава презентација на музичката култура од таа што се прави на сцена, особено свирењето во живо. Каде и да се појавеше ансамблот *ДД Синтезис* предизвикуваше големо внимание, бидејќи станува збор за спонтаност и чиста уметност, блиска до секој народ. Сведок за тоа што значи сцената, сум од мојот настап во *Милениумската купола* во Лондон. Публиката одеднаш се судри со нешто ново, непознато за неа. Моите идни планови се насочени во таа насока, квартетот максимално да го насочам кон интернационалната сцена.

● Во еден разговор, Горан Трајковски ми откри дека многу научил од Драган Даутовски и оти сте имале важна улога во неговото музичко изградување. Но, потоа дојде до конфликт меѓу Вас и *Анастасија*, па дури имаше и најава за судски спор.

- Горан беше многу драг гостин во мојот дом. Го сметавме како член на нашето семејство. Тој ми пријде со голема искреност и го прифатив поради тоа. До нашата разделба дојде поради третманот и изборот на тоа што треба да се внесе во музиката на филмот *Пред дождот*. Точно е дека имаше непријатни нешта, но тоа веќе не е битно. За мене останува споменот за убавата соработка во тој период.

● Во какви односи сте денес?



*Нема поубава презентација на музичката култура од таа што се прави на сцената*

- Не знам. Јас сум постар, па го имам правото да бидам малку арогантен и резервиран. Ниту сме во добри, ниту во лоши односи, особено поради фактот што не сме се сретнале две-три години.

● Ја следите ли работата на сегашната група *ДД Синтезис*, која продолжи без Вас?

- Не, од едноставна причина што ја знам нивната работа. Јас ги изведов на тој пат, а потоа се повлеков... на убав начин. Секој има право да го креира својот уметнички живот, па така и членовите на групата може да изберат што ќе прават. Работата со нив беше убава етапа во мојот живот, но денес секој оди по сопствениот пат. Сметам дека проектот *ДД Синтезис* треба да постои заради културата во Македонија.

● Не Ви пречи што групата уште го носи името во кое се вклучени Вашите иницијали?

- Ми пречи, но што е тука е. Нека им е со среќа.

● Може ли да се каже дека има пари во овој вид музика?

- За да дојде до ренесанса на етно музиката, работата на Миле Коларовски ја финансиравме јас и луѓето кои членуваа во ансамблот. Од мојата професорска плата издвојував за патни трошоци, инструметнти и други потреби, без голема поддршка од државата. Финансиски ефекти има кога ќе се направи добар проект, каков што е *ДД Синтезис*. Иако и тие се далеку од тоа што треба да се плати, сепак значат некаква сатисфакција за вложениот труд.

● Во што Вашиот пристап кон фолклорот се разликува од пристапот на другите? На пример на *Анастасија*, Бодан Арсовски, *Леб и сол*, Гаро Тавитјан...

- Со тоа што јас работам по шест часови секој ден со моите ученици, приодот е различен. Мојот третман е релаксирачки, зашто воопшто не се оптоварувам со мислата дали ќе помине или нема да помине некој тренд. Мој белег е што таа музика ја живеам и на јаве и на сон. Верувам дека секој уметник го доживува истото. Со фолклорот сум 24 часа дневно, а цутовите и плодовите од таа посветеност ќе ги покажеме на 3. ноември во Универзална сала.

● Колку инструменти свирите имајќи во предвид дека на музичката академија го предавате предметот Етноорганологија (наука која ги изучува народните инструменти)?

- Повеќе од 20. Ги свирам сите народни инструменти, а на секое патување задолжително обезбедувам некој нов, па веќе престанав да ги бројам. Секој инструмент има карактер, особен белег и како на такви им пристапувам. Не од потреба Даутовски да покажува дека знае да свири на одреден инструмент, туку од желбата да се запознаам со нешто ново. Инструментите се моите најдобри и најверни пријатели и сакам тој круг да се шири. Не верувам дека постои инструмент на светот кој ќе успее да ми "избега", без да воспоставам контакт со него.■

**Миодраг Мишолиќ**




# КОРЕНИ И ЦУТОВИ

## МУЗИЧКИ ПРОЕКТ НА ДРАГАН ДАУТОВСКИ

Звуци на внатрешни потреси, крици на љубов,пискотници на болки,удари на аритмии и тахикардии,тонови на мир и сигурност на мигот,толку неизвесно краток што станува безмерно скапоцен, како да е вечен.Даутовски нема лесно наследство.Го има наследено звукот на потеклото.Како неговите собеседници од Памтивек,го носи онака како единствено знае: слободно,точно и без компромис пред патосот на патетиката и неговата тежина и жештина.

Затоа што ја има "волшебната" моќ наследството да го претвори во наследство.

Гости:
Корените се врвни репрезенти на македонскиот изворен фолклор и добитници на највисоки македонски и меѓународни награди:

ФОЛКЛОРЕН АНСАМБЛ "КИТКА", С.ИСТИБАЊА
ФОЛКЛОРЕН АНСАМБЛ "ДЕДИНО", С.ДЕДИНО
КУД "ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ", С.ДРУГОВО

Спонзор: ТУТУНСКИ КОМБИНАТ СКОПЈЕ
Медиумски спонзори: МТВ, ТЕЛМА,НОМА, JAZZ FM, СТАР FM, АНТЕНА 5, РАВЕЛ, МЕГА,УНО

Дирекција за култура и уметност на Скопје
Бул."Св.Климент Охридски" 6.6
тел/факс:++ 389 91 222 341, 235 064, 238 372

ВЕЧЕРВА ВО ТЕАТАРОТ ЗА ДЕЦА

# Славенички со "Македонска приказна"

Вечерва (во 20 часот), Театарот за деца и младинци ќе ја прикаже својата "Македонска приказна" Поводот е наменски : славенички, да го покажат проектот за кој минатата недела на интернационалниот Фестивал на театри за деца во Суботица ги добија Гран при за претстава во целина и наградата за колективна актерска игра, во конкуренција со 17 театри од 20 земји од светот.

"Македонска приказна" е невообичаена претстава за деца, но и за постари, поради оригиналноста на идејата - низ анимација да се прикаже етно традицијата во Македонија. Идејата и режијата е на Боњо Лунгов, дизајнот е на Љубомир Чадиковски, со актерските креации на Тања Кочовска, Олгица Христовска, Катарина Илиевска, Владимир Лазовски и Предраг Павловски. Во претставата, автор на аранжманите и инструментален изведувач на музиката е Драган Даутовски.

ПЕТОК 29 СЕПТЕМВРИ 2000

# "Корени и цутови" на наследството

УТРЕВЕЧЕР КОНЦЕРТ НА ДРАГАН ДАУТОВСКИ КВАРТЕТ

Во Универзалната Сала во Скопје, утревечер, во 20.30 часот, Драган Даутовски Квартет ќе одржи концерт, на кој ќе ја претстави својата нова музичка формација. Концертот, во организација на Дирекцијата за култура и уметност, е насловен "Корени и цутови". Квартетот, освен Драган Даутовски, кој ќе свири на кавал, гајда, тамбура и на мандола, го сочинуваат младите музичари: Александра Поповска - вокал, Ратко Даутовски - ударни инструменти, Бајса Арифовска- тамбура, кавал. Гости на концертот ќе бидат три изворни ансамбли: "Китка"- Истибања, "Дедино" од село Дедино и КУД "Гоце Делчев" од село Другово, Кичевско. Концертот ќе биде пренесуван и преку сателитската програма на МРТВ.



—ДИРЕКЦИЈА ЗА КУЛТУРА И УМЕТНОСТ—

## Концерт на „Драган Даутовски квартет"

Музичкиот проект „Корени и цутови" на „Драган Даутовски квартет", вечерва во 20.30 часот ќе биде промовиран во Универзалната сала. Ќе настапат Даутовски на кавал, гајда, тамбура и мандола, Александра Поповска - вокал и клавијатури, Бајса Арифовска на кавал, тамбура и тапан и Ратко Даутовски - тапан, тарабука и удиралки. Квартетот ќе го придружуваат фолклорните ансамбли „Китка" од селото Истибања, „Дедино" од селото Дедино и КУД „Гоце Делчев" од селото Другово.

- Вечерва ќе понудиме една вечна тема, враќање кон корените. Со неа ќе ги одбележиме божјите дарови што ги носи новиот милениум, на наш специфичен начин. Се ставив во функција на „Корени и цутови", што ја носи традицијата и плодовите што таа ги дава. Ќе настапам со млади, плодни луѓе, спремни за соработка. Само така се создава убава уметност - смета Даутовски.

ДИРЕКЦИЈАЗА КУЛТУРА И УМЕТНОСТ- С К О П Ј Е

"КОРЕНИ И ЦУТОВИ" МУЗИЧКИ ПРОЕКТ НА

ДНЕВНИК, ПЕТОК, 27 ОКТОМВРИ 2000

**ДРАГАН ДАУТОВСКИ**

**КВАРТЕТ**

Универзална сала 03 .11. 2000 год. (петок) , 20,30 часот

2 НОЕМВРИ 2000 Вечер

ПО ПОВОД 60-ГОДИШНИНАТА ОД СМРТТА МАНУ ОРГАНИЗИРА

# НАУЧЕН СОБИР ПОСВЕТЕН НА ЧУПОВСКИ

Денеска со почеток во 12.00 часот во Македонската академија на науките и уметностите ќе се одржи свечен собир по повод 60-годишнината од смртта на Димитрије Чуповски.

За творештвото на Чуповски ќе зборува академик Блаже Ристевски на тема: „Државносната мисла на Чуповски и вистината за еден миг“.

А. Д.



УТРЕВЕЧЕР ВО УНИВЕРЗАЛНАТА САЛА

# КОНЦЕРТ НА ДРАГАН ДАУТОВСКИ

Утревечер, со почеток во 21.00 часот во Универзалната сала, македонската публика ќе има можност да го чуе најновиот музички проект на Драган Даутовски, насловен како „Корени и цутови“. На концертот воедно ќе биде промовирано и триото со кое Даутовски ќе соработува во иднина во состав: Александра Поповска (вокал и клавијатури), Бајса Арифовска (кавал и тамбура) и Ратко Даутовски (ударни инструменти).

Гости на концертот ќе бидат трите фолклорни ансамбли, кои како што вели Даутовски ќе бидат „оригиналната форма на корените“: „Китка“ од селото Истибања, „Гоце Делчев“ од с. Другово и фолклорниот ансамбл на село Другово.

А. Д.



ИНФО



# КОНЦЕРТ НА ДРАГАН ДАУТОВСКИ КВАРТЕТ

Утре, на 3 ноември во Универзалната сала во Скопје ќе се одржи концерт на **Драган Даутовски Квартет** под името "**Корени и цутови**". Ова е најнов проект на овој извонреден музичар (познат како водач на неколку музички дружини: Ансамблот "Миле Коваровски", групата ДД Синтезис, по соработката со групата "Анастасија" во нејзиниот ран период, како учесник на повеќе проекти на наши и странски музичари итн.) Покрај **Драган Даутовски** (кавал, гајда, тамбура, мандола) во квартетот учествуваат и **Александра Поповска** (вокал и клавијатури), **Ејса Арифовска** (кавал, тамбура, тапан) и синот на Драган **Ратко Даутовски** (тапан, тамбура, удиралки).

На концертот како гости ќе настапат и Фолклорниот ансамбл "Китка" од село Иститвања, фолклорниот ансамбл "Дедино" од село Дедино и КУД "Гоце Делчев" од село Драгово. Гостите, патем, се врвни репрезенти на македонскиот изворен фолклор и добитници на македонски и ... награди.

Концертот е ... зација на Дир... култура и ул... Скопје. Почето... сот. Влезниците 250 денари.

ИНФО

## Нов проект на Драган Даутовски

# КОРЕНИ И ЦУТОВИ



На 3 ноември во Универзалната сала во Скопје концертно ќе биде презентиран новиот проект на **Драган Даутовски** (кавал,гајда, тамбура, мандола) "**Корени и цутови**" во кој покрај него учествуваат уште и **Александра Поповска** (вокал и клавијатури), **Бајса Арифовска** (кавал, тамбура, тапан) и **Ратко Даутовски** (тапан, тарабука, удиралки) во кој ќе се чујат звуци на "внатрешните потреси, крици на љубов, пискотници на болка, удари на аритмии и тахикардии, тонови на мир и сигурност на мигот..." Хепенингот е закажан за 20.30 часот.

ПОПУСТ



Проф. д-р **ДРАГАН ДАУТОВСКИ**



АЛТЕРНАТИВНА ПРОГРАМА

19 Јули — *Долни Сарај, 22.00 ч.*
**Џез Рок Концерт - „СЕТ“, Македонија**

26 Јули — *Антички Театар, 22.30 ч.*
**Бодан АРСОВСКИ и „ЕЗГИЈА“ Оркестар, Македонија**

2 Август — *Долни Сарај, 22.30 ч.*
**„Драган ДАУТОВСКИ Квартет“, Македонија**

4 Август — *Антички Театар, 22.30 ч.*
**„СИНТЕЗИС“, Македонија**

19-25 Јули — **СЕМИНАР ПО КОМПОЗИЦИЈА**
Раководител: ***Александар ШЧЕТИНСКИ***, Украина

50

OFF PROGRAM

July 19 — *Dolni Saraj, 10.00 p.m.*
**SETH - Jazz Rock Concert, Macedonia**

July 26 — *Ancient Theatre, 10.30 p.m.*
**Bodan ARSOVSKI and EZGIJA Orchestra, Macedonia**

August 2 — *Dolni Saraj, 10.30 p.m.*
**Dragan DAUTOVSKI Quartet, Macedonia**

August 4 — *Ancient Theatre, 10.30 p.m.*
**SYNTHESIS, Macedonia**

July 19-25 — **THE COMPOSITION SEMINAR**
Director: ***Alexander SHCHETYNSKY***, Ukraine

51

XV Festival Grad Theatre City Budva

14. avgust **Dragan Dautovski**
kvartet, Skoplje

Rođen 1957. godine u selu Rusinovo, Berovo, Makedonija. Obrazovanje: magistar muzičke teorije (1984, Univerzitet »Sv. Ćirilo i Metodije«)

Komponovao je mnnoga djela za različite instrumentalne i vokalne soliste, grupe i orkestre, koristeći tradicionalne istrumente Makedonije i okolnih regiona.

Osim komponovanja, bavi se i pedagoškim radom; radi na Univerzitetu »Sv. Ćirilo i Metodije« kao profesor narodnih instrumenata: kaval, gajda, tambura.

1992. je osnovao ansambl »Mile Kolarovski« s kojim je nastupao na mnogim koncertima u Makedoniji i inostranstu. Ovaj ansambl je napravio i mnogo snimaka za makedonsku RTV.

Poslije velikog uspjeha s tradicionalnim ansamblom »Mile Kolarovski«, te saradnje na komponovanju muzike za film *Pre kiše*, osnovao je DD Sythesis 1995. godine. Početna ideja je bila dublje istraživanje makedonskog narodnog blaga.

Dautovski je muzičar ogromnog talenta koji svira više od dvadeset instrumenata.








Драган Даутовски
квартет
Драган Даутовски
кавал,
тамбура,
мандола
Александра Поповска
вокал
дајре
Ратко Даутовски
удиралки
Бајса Арифовска
кавал
тамбура
мандола


Дирекција за култура и уметност на Скопје
Ц.О.П. Универзална сала
Драган Даутовски
квартет
ПАТОТ НА СОНЦЕТО
Универзална сала 20 30
29. 11. 2001 (четврток)
БИЛЕТИ ВО ПРОДАЖБА: ЈУГОТОН, ЧУВ ДЕ ЧУВ, УНИВЕРЗАЛНА САЛА
Медиумски спонзори:


Roland



Три работи што ме вадат од кожа

## Ме иритира вадењето визи

Драган Даутовски, музичар

**1** Јас сум човек кој не дозволува да се извади од кожа, но има некои работи што ме иритираат. Секако, тука спаѓа лошо отсвирена и истретирана традиционална македонска песна од страна на комшиите.

**2** Вадењето визи. Ние многу често патуваме во странство и на секои пет-шест месеци мораме да внимаваме навреме да ги средиме сите тие формалности, што ни одзема многу време.

**3** Аматеризмот и дилетантството.




ΔΔΘ


© Gjorgji Klincarov


ΔΔΘ






THEFTS






© 2009 Alberto Jona Falco






Dragan Dautovski
Quartet
DISCOGRAPHY




MEGA
PRODUCTION











МАГИЈАТА НА ТАМБУРАТА
Ефтим Клетников-поет
Беседа на промоцијата на Драган Даутовски по повод книгата "Тамбурата во Македонија", музеј-ресторан Стара куќа,Скопје,23 Декември 2011.

Почитувани, книгата "Тамбурата во Македонија" на Драган даутовски кај мене буди асоцијации и аналогии,кои,некаде во свеста се одврзуваат самите од себе.Ми доаѓа на ум една сјајна од славниот роман на Казанѕакис "Гркот Зорбас".Во неа,на палубата од бродот што патува за Пиреја боемот Зорбас,на кого најголема слабост му се играта и музиката,ја слуша долгата интелектуална на неговиот благороден господар,инаки Филозофски настроен кон толкувањето на светот и неговите феномени.На крајот,откако трпеливо го ислушал,тој му рекол ;Господару сето тоа што го кажавте е одлично,ама да можете да го отсвирите ќе биде уште поубаво и вистински ќе ве разберев.

Ете,Зорбас е апсолутно во право.Музиката со се стои над интелектот.Таа е волшебен клуч на кој мослскавично ја отвора дишата на шовекот.Таа е еден од најубавите пронајдоци на Бог.Според Индусите и создавањето на омни универзумот почива на музичка основа.Прапразвукот Ом или Аум е зрното од кое се отвораат и шират концентрично небеските свери.Нив ги наоѓаме и во математичките визии равенки и на питагора.Конечно,и секој од нас,кој има длабоко уво нив ги наслутува како ангелски предели на битието.Се разбира,преку звукот на многуте музички инструменти.Меѓу нив е и тамбурата,основниот лирски субјект на книгата на Драган Даутовски.Таа е еден од најмагичните инструменти кои му ги потшепнал Создадетолот на човекот. Незнам дали таа не е малку занемарена и потценета,а најверојатно дека е така,но доволно е неа да ја земе во рацете некој како Драган Даутовски, волшебникот на макдонското музичко cante mondo,па да го видиме сето богатство на нејзиниот музички лиризам,божилачните бои на нејзиниот префинет звук.

Мене лично тамбурата ме враќа длабоко во детството и младешките години,кога честопати го слушав со подзината уста од возбуда негревскиот волшебник на тој инструмент Ристо Цингов.Секогаш свиреше и пееше во екстаза,си накривен качкет,небаре излегуваше пред сите што го слушавме од рамката на некој шпански сликар: Гоја,или Зурбаран,сеедно. Сум слушал тамбури на селски средини,лупенки на пченка,или на серенади под прозорците на подзаспаните куќи над кои стежнале звездените лозјарници на длабоко модрото малешевско небо.На тоа ме потсетува,во тие предели на животот и сонот ме потсетува и води книгата на за македонската тамбура на Драган Даутовски.

Почитувани,патот на свилата е добро познат,но патот на тамбурата се уште не е докрај откриен, и Даутовски го констатира тоа во краткото поглавје заисторијата и потеклото на тој инструмент.Според некои истражувачи тој доаѓа од Азија.Некои него го пронаоѓаат и во древниот Египет.Можеби,имено,со неговите звуци и ја развејувале,како сонцето маглата покрај НИл,фараонските свирачи и меланхолијатана преубавата Нефертите.Многу асоцијацииибуди тамбурата,небаре со неа идеално може да се демонстрира Бодлеровиот принцип на универзалната аналогија.Генезата на зборот тамбура (танбур) не води во светот на арапите,а со тоа,зошто да не, и во светот на арапската душа.Можеби е пресмела асоцијацијата што искрснува во мојата свест,но мене звукот на тамбурата ако го имаме во предвид изворот на тој збор,може да ми залиши на лирската,благо зоблена и во добра мерка мистична калиграфија на арапското писмо.Во секој случај изгледа дека е повеќе од сигурно оти не седнувал да

ги пишува без тамбура своите вински стихови Омер Хајам,на некоја сончева тераса,или Саади во градината преполна со цут и мирис на персиските ружи.А,сигурно и Фирдуси се одмарала со неа некаде меѓу две поглавја на своите долги епови.

Од каде доаѓа магијата на звукот на звукот на тамбурата?Разбирливо,доаѓа од звукот на металите,кои алхемичарите и астролозите ги доведувале во тесна родствена врска со ѕвездите и планетите.Минало долги столетија на мрак и студ додека не го открил човекот магичниот звук на металите,на жиците во кои се крие чудесна звучна хармонија и екстаза,без разлика дали станува збор за меланхолија,или за радост.Да се потсетиме дека и митскиот свирач,пејач и поет Орфеј исто така свирел на жичен инструмент-лирата.Со нејзините звуци,во придружба на неговата песна тој ги скротувал ѕверовите и целата природа се престорувала во уво за да го слуша.Не знам дали Орфеј знаел за тамбурата и ако знаел дали некогаш засвирел на неа,но повеќе од сигурно е дека ако засвирел нејзиниот звук да биде во магијата под звукот на нејзината сестра-лирата.

Не знам и колку е жива денес тамбурата во македонските помали градчиња и села.Не занм,но претпоставувам дека е на смртна постела,како што се тоа,впрочем ии многу наши села.Кај нас веќе одамна умре битот,пресушил изворот и сеуште се фрла ѓубре врз него.наместо автентични инструменти и звуци,се тегнат дречливи армоники ис е произведува  во огромни количини новокомпониран фолклорен отпад.Тоа некои го викаат цивилизациска придобивка,без да ја знаат разликата меѓу поимите цивилизација и култура.А таа понекогаш,како во нашето време,може да биде прилично голема.Цивилизацијата и техничкиот прогрес,не секогаш носат духовна придобивка и душевна благосостојба за човекот.Тие можат да значат сериозно губење на автентичната среќа која,како што вели Готфрид Бен,има архаични црти.Старински и длабоки. Цивилизацијата и технологијата  честопати го покажуваат својот фаустовски карактер и во нив лесно може да се загуби душата,односно да му се продаде за ефтина забава и материјална благосотојбаи техничкиот Мефистофел.И тоа не само индивидуалната,туку и колективната душа.душата на народот.Една од таквите загуби еи пропаѓаењтотна селото,било на неговото физичко,било на неговото духовно изумирање преку прилагодување на модерната цивилизациска шунд-култура,како се случи тоа и со македонските села.

Оти како што велеше Солженицин,кого го болеше истата ситуација во Русија,селото а не  градот е душата на еден народ.Тоа е златното антрополошко ковчеже  во кое се чуваат митовите,сказнито,музиката,песните и игрите на еден народ.Го снема ли,или цивилизациски се кичизира.Селото,тоа ковчеже од живиот живот се сели да чмае во пајажината на музеите.Живата функција на неговото антрополошко благо е загубена.Длабокиот извор на народната душа пресушува,а на негово место се јавува суводолицата низ која течат плитките порои на фолклорниот и секаков друг кич.Тоа е болно.Но таква е реалноста,која покрај радост знае да пружи и болка.Но,се разбира,за длабоките хиперсензибилни уметнички души.

Ете,почитувани.Книгата тамбурата во Македонија на Драган Даутовски не води и кон такви невесели размисли,коои некоои ги стѕаваат под графата со наслов антрополошки песимизам.Од таа гледна точка,оваа книга и дело што буди длабока меланхолија и носталгија за едно одминато,идилично време во кое бликаше со полн интензитет и митска и магиска моќ длабокиот креативен дух на колективната душа,како што би рекол Јунг.Нејзините духовни производи поседуваа симетрија и сјај на кристалите,создавани и обликувани  на протекот на цели долги столетија,онака како што водата со милениуми совршено ги мазни и обликува камењата во себе.На се

тоа и на многу други слични нешта не потсетува книгата што ја промовираме денес. Мене лично ме потсетува,се разбира и на големата љубов на нејзиниот автор кон изворот за кој станува збор.Со своите сјајни изведби и формирање на ансамбли тој сврте вниманието кон автентичното фолклорно богатство кон крајот на осумдесетите години на минатиот век.Успеа интересот кон него да го подигне на ниво на емотивна и духовна плима,покажувајќи колку голема магија има во него и колку е истовремено аи архаично и и модерно,вонвременско како елементите од кои е создаден светот.

Драган Даутовски е волшебник на речиси сите народни инструменти што постојат кај нас,вклучувајќи ја тука и неговата митска,неолитска окарина.Тука е,како што гледаме и тамбурата за која сега станува збор и за која тој има посебен аф.Тоа е разбирливо ако знаеме дека и првиот инструмент на кој ја вежбал и отклучувал магијата на звукот е од семејството на жичените инструменти.Тоа е мандолината што му ја подариле родителите на шестгодишна возраст и самите не наслутувајќи во какви раце на музички волшебник ја предаваат неа.Сум ја слушал многу пати тамбурата на Драган.И секогаш сум ја доживувал синестетички со,како што би рекол Рембо,растроени сетила,не само на звуци,туку и во бои и слики,кога окото слуша а увото гледа.Нешто што е природна состојба на битието во духовна екстаза од убавото.Во “Цигански романсеро“ ,култна поетска книга на модерната европска поезија од Лорка,големиот шпански поет звукот на гитарата го конкретизира во сликата на црни коњаници кои минуваат низ длабоките патеки на овој магичен жичен инструмент.Навистина гитарата и можесо своите моќни звуци да досегне темни длабочини и да го издржи галопот на тешките црни коњаници сосе метафизичката моќ низ која се движат тие,но тамбурата –не.Нејзиниот кантиленски лиризам е премногу топол и нежен за да изрази такви грамадни и темни метафизички слики.Таа навистина може во рацете на мајстори каков што е Даутовски сите богати чувства на длабока радост и меланхолија,но на еден префинето нежен лирски начин.Може да се изрази со звучни слики се што е лирски прозирно,лелеаво и воздушесто,се што има мирис на носталгија и спомен.Со тамбурата можат да се доловат облаците што минуваат над испустените македонски села и што говорат за мигот како за вечност.Може да се долови заљубениот поглед на момето,налактено на некој осамен прозорец,што го очекува либето од туѓина,сјајот на ружите што говорат за еден дамнешен сппомен полн со радост и болка,пурпурниот  залез што го гледаме сега,но што не води во пределот  на детството...Може којзнае уште  што да се долови.Едно е важно.како вид на семеен инструмент тамбурата во многу македонски куќи,тогаш кога нашето село беше живо  и населението на ритамот на својот длабок битов извор,беше леб и сол на тпезта на душата на домаќините и гостите.Но сега веќе го нема идилично време на тамбурата.Книгата на Драган Даутовски Тамбурата во Македонија само не потсетува,ја буди живо нашата носталгија на него.Но,разбирливо,тоа сега е и една од нејзините намени,нејзина поширока педагошка функција.Таа е одлично напишана и композициски структурирана книга.Основниот нејзин предмет е осветлен од сите негови технички,уметнички,па водобар дел и антрополошки аспекти.Нејзе не може да и се најде никаква забелешка од таа страна,но како јас одбрав да зборувам повеќе она што го побудува и сугерира во мене таа како архетип,симбол,носталгија,време и автентичен предел на душата.Затоа на некого од вас може да му се пристори дека излегов надвор од темата на часот.Но,веројатно дека не излегов,бидејќи во моето излагање досега досега и јас,како Драган Даутовски во својата книга,но на поинаков начин,не мрднав ни чекор без тамбурата под мишка,не мрднав надвор од кругот што го опцртува нејзиниот радосен и копнежлив звук.Ви благодарам на вниманието.



9月15日

谭盾和西湖一起玩音乐

这场国际范十足的音乐会将"无所不奏"



# ОКАРИНАТА НА ЧОВЕКОТ

Окарината на човекот
На Драган Даутовски
Еве ја, свири окарината на човекот
по толку милениуми прележана зима
првата пролет ја слави,
во која крвта и музиката измешани
течат низ глината оживеана.
Живото ребро на Адам е таа
што свири со првиот ветер
од првата зора на создавањето.
Еве ја, свири окарината на човекот.
О, среќен Неолит во заветрина
од чашката на храбриот цвет
што ги победил студот и стравот,
отворен во самото срце на судбината.
И сé е исцелено, ништо не е болно.
По толку милениуми зима човекот
чекори низ раната како низ плодна нива
со звукот ипостасен на окарината.
Дадено му е на тој звук
да ги слави првите нешта
првото жито и првата чинија полна со него,
првото улиште наполнето со мед
од пчелите – свештенички,
првиот оган што ги испече садовите,
тркалезни и радосни како битието,
кое í рекло збогум на тагата и го слави,
прво бачило и првото стадо
што го наполни првото ведро со млеко,
првото дрво што расцвета
и запеа над бездната на постоењето,
првото лозје и првата чаша вино
стокмено од Создателот
за првите младоженци на новиот свет.
Еве ја, свири окарината на човекот
и по шест милениуми од нејзиното создавање,
како да не излегла
од првата пролет и првите нешта,
исконски радосна дека се сретнала со оној
што го чекала толку долго во тишина,
оној што и неа ја чекал нероден
и што знаел дека таа тишина е ОМ,
самото Слово оплодено од звукот скриен
што ги ткае сферите,
звучен лотосов цвет
отворен врз водите на хаосот
и проширен со круговите на вечноста.
Еве ја, свири окарината на човекот
и сé е блиско и прибрано под стреа.
Еве ги кај идат далечините и бескрајот
на конак во нас,
седнуваат заедно во куќата
крснозе крај огнот и огништето
и пеат старинска песна
на која не í се гледа крајот.
Поило е тој звук на кое доаѓаат
да пијат sверовите и sвездите.
Дури и камењата сури клекнале
и слушаат со ипостасен восхит.
И свири окарината како семето лебородно
што го фрла сејачот во браздата,
свири пробивајќи се како сноп од ведрина
низ тагата и болката на човекот.

Ефтим Клетников

# ПРАИСТОРИСКА ТОПЧЕСТА ФЛЕЈТА ОД МАКЕДОНИЈА
# PREHISTORIC GLOBULAR FLUTE FROM MACEDONIA



Чувано во утробата на Мајката Земја повеќе од шест илјади години
повторно се разбранува ехото на минатото...
(Мрамор, Чашка, Велес - Македонија)

Kept in the Womb of the Earth for six thousand years the echo of the past
is waving again...
(Mramor, Caska, Veles - Macedonia)

## Окарината на човекот

На Драган Даутовски

Еве ја, свири окарината на човекот
по толку милениуми прележана зима
првата пролет ја слави,
во која крвта и музиката измешани
течат низ глината оживеана.
Живото ребро на Адам е таа
што свири со првиот ветер
од првата зора на создавањето.

Еве ја, свири окарината на човекот.
О, среќен Неолит во заветрина
од чашката на храбриот цвет
што ги победил студот и стравот,
отворен во самото срце на судбината.
И сè е исцелено, ништо не е болно.
По толку милениуми зима човекот
чекори низ раната како низ плодна нива
со звукот ипостасен на окарината.

Дадено му е на тој звук
да ги слави првите нешта
првото жито и првата чинија полна со него,
првото улиште наполнето со мед
од пчелите - свештенички,
првиот оган што ги испече садовите,
тркалезни и радосни како битието,
кое ѝ рекло збогум на тагата и го слави,
прво бачило и првото стадо
што го наполни првото ведро со млеко,
првото дрво што расцвета
и запеа над бездната на постоењето,
првото лозје и првата чаша вино
стокмено од Создателот
за првите младоженци на новиот свет.

Еве ја, свири окарината на човекот
и по шест милениуми од нејзиното создавање,
како да не излегла
од првата пролет и првите нешта,
исконски радосна дека се сретнала со оној
што го чекала толку долго во тишина,
оној што и неа ја чекал нероден
и што знаел дека таа тишина е ОМ,
самото Слово оплодено од звукот скриен
што ги ткае сферите,
звучен лотосов цвет
отворен врз водите на хаосот
и проширен со круговите на вечноста.

Еве ја, свири окарината на човекот
и сè е блиско и прибрано под стреа.
Еве ги кај идат далечините и бескрајот
на конак во нас,
седнуваат заедно во куќата
крсноѕе крај огнот и огништето
и пеат старинска песна
на која не ѝ се гледа крајот.
Поило е тој звук на кое доаѓаат
да пијат ѕверовите и ѕвездите.
Дури и камењата сури клекнале
и слушаат со ипостасен восхит.
И свири окарината како семето лебородно
што го фрла сејачот во браздата,
свири пробивајќи се како сноп од ведрина
низ тагата и болката на човекот.

Ефтим Клетников
Јануари 2006

Непосредно до населбата Чашка (на 15-тина км. од Велес) на локалитетот Мрамор, со археолошки истражувања потврдена е неолитска населба. Подигната на блага зарамнета тераса, а омеѓена со лакот што го формираат реките Тополка и Мала Река, како и плодната рамница, изобилието од вода, пасишта и шуми, благата клима, биле основните предуслови за долгиот живот на населбата.

Времето покрило богата материјална култура, завиткана во превезот на желбата да се опстане, дозволувајќи да го спознаеме битот на неолитскиот човек, не само во она што било негово секојдневие, туку да продреме и во најдлабоките и најисконските бранувања на неговата душа.

Пронајдените материјални докази ги имаат сите одбележја на Анзабегово - Вршничката културна група во нејзините 2 - 4 фаза. Двата хоризонта на живеење, животот на населбата го определуваат во средниот и доцен неолит или во широките рамки на периодот од пред 5000 г.п.н.е до 4000 г.п.н.е.

Топчестата флејта изработена е од пречистена глина со нерамномерна црвена боја, на места потемна, како последица од горење. Наодот е целосно зачуван, со неправилна топчеста форма и дијаметар од 4,7 см и шуплива внатрешност. На предметот има три отвори, распоредени во форма на триаголник. Отворот на врвот е нешто поголем, а останатите два речиси се идентични (0,6 - 0,4 см).

Кои биле предусловите и потребите човекот од длабоката праисторија да почувствува потреба да ги изрази своите чувства преку музиката и за тоа да го создаде музичкиот инструмент.
„Тешко е да се најде одлучувачка детерминанта за уметноста која се развива во рамките на хомогени заедници, како што е неолитот. Сепак сосема е извесно дека неолитската пластика стои во некој определен однос спрема движечките општествени, економски и психолошки сили како и промените кои се одразиле на неа, законито ритмувајќи со пулсирањето на целокупниот живот на времето. Никогаш не се создавани за разонода туку форма која нужно израснува од спротиставувањето на човекот со неговата средина, како средство на приспособување и заштита чија вистинска смисла лежи во совладувањето и стекнувањето со животно потребните вредности."*

*(Д. Срејовиќ, Неолитска пластика централнобалканског подручја, Неолит централног Балкана, Београд 1968,178-223)

Топчестата флејта е голем прилог во расветлувањето на мистеријата на музиката, како дел од духовниот порив на неолитскиот човек, на пошироките простори на Балканскиот Полуостров.

Forum of Slavic Cultures
Ministry of Culture of the Russian Federation
Ministry of Foreign Affairs of the Russian Federation
Permanent Mission of the Russian Federation to the United Nations
Russian State Concert Company "Sodruzhestvo"
Intergovernmental Foundation for Educational, Scientific and Cultural Cooperation

Forum of Slavic Cultures

**Concert Gala**
**May 24th 2011**
**General Assembly Hall**
**United Nations**
**New York, NY**

# Folk Music of Slavic Peoples

United Slavic Orchestra with
Osipov National Academic Folk Instruments Orchestra of Russia
Soloists-instrumentalists and vocalists from Slavic countries
Artistic director and Chief conductor **VLADIMIR ANDROPOV**

## Program

Slavic hymn
United Slavic Orchestra
Conductor **Vladimir Andropov**

### Republic of Bulgaria
Bulgarian folk song "Water"
Soloists – **Elitsa Todorova** (vocal, percussion), **Stoyan Yankulov** (percussion)
Fantasy on the Bulgarian folk themes "Northerners"
The Orchestra

### Republic of Slovenia
Slovenian folk songs "Faronica fish", "Chin, chin, chin, Dre
Soloist – **Ljoba Jenče** (vocal)

### Republic of Poland
Polish folk song "Polka"
The Orchestra

### Montenegro
Montenegro folk song "Pod Lovchenom zeleni se trava"
("Near Lovchen a green grass")
Soloist – **Stevan Čavor** (diple)

### Czech Republic
A. Dvořak – Slavic dance
The Orchestra

### Republic of Serbia
L.Pavkovic– "Medeno kolo" (Honey kolo)
and "Virtuozna harmonica" (Accordion virtuoso) Musical arrangement A. Stepič
Soloist – **Alexander Stepič** (accordion)

### Ukraine
Ukrainian folk songs "Misyats na nebe" (Moon in the sky), "Handzya"
Soloists – **Kateryna Kovryk, Ievgeniia Zgurovska** (bandura duet)

### The former Yugoslav Republic of Macedonia
Macedonian folk song "Kumanovsko oro"
Soloist – **Dragan Dautovski** (haida, tanbur)

### Republic of Croatia
Croatian folk song "Haida you haida"
Soloists – **Antun Bozič** (tanbur, vocals), **Marko First** (haida, vocal)

### Republic of Belarus
Belorussian folk dance "Kryzhachok"
The Orchestra

### Special guest of program
G. Diniku – "Chokorlia" ("skylark")
Soloist – **Marian Gheras** (nai)

### Russian Federation
Russian folk song "Smolensky Goose"
Ensemble of buglers (Russian folk instrument "rojok) from Osipov Orchestra
Russian folk song "Kalinka"
Soloist – **Aleksandr Zakharov** (vocal)
Апсолутно, но се сметам и за нешто постаро од славјанството. Јас свирам окарина стара 6.000 години, така што не прифаќам некој да ме поврзува само со 18-тиот или со деветти век. Мојот личен културен ген, на Драган Даутовски, е многу постар од славјанството, па би рекол и дека влече корени од почетокот на човештвото.

**Имате работено со некои од најзначајните групи или проекти поврзани со традиционалната музика во земјава. Ги поставивте темелите на музичкиот израз на Анастасија и на Синтезис, кои беа некој вид перјаница на жанрот. Но, едниот состав денес не фукнционира, а другиот не привлекува внимание како некогаш. Дали е во криза овој музички правец во Македонија?**

Не, напротив. Се појавија нови имања, како Баклава, Љубојна и уште неколку млади луѓе, кои ја збогатија сцената и и' вдахнаа голема виталност. Од тој аспект, Македонија стои подобро од многу други. Неодамна бевме во Словенија и видовме дека таму нема сцена. Ако се завртиме околу нас, на пример во Србија - исто така нема сцена или е полоша од нашата. Престојував во Америка и лично се уверив дека голем број музичари настапуваат речиси бесплатно, бидејќи немаат друга опција. Ниту во Европа не е подобро. Кризата ги погоди сите. Поради егзистенцијалниот момент многумина мора да прават компормиси и да го свират тоа за што се плаќа, а не тоа што го сакаат. Затоа јас сум релатвино задоволен. Мала земја сме, а даваме многу солидна музика во овој жанр.

**Што мислите за глобализацијата? Дали таа им наштети на малите култури, или пак, им отвори врата подобро да се презентираат?**

Повеќе им наштети. Во принцип, поборник сум на глобалниот пристап, но проблем е што градењето општа цивилизација бара уривање на традиционалните вредности и создавање некој вид едноумие. Слично како со модерната технологија. Таа ги потисна старите алатки, произведувајќи нешто што „повеќе одговора“ во одреден момент, а всушност така се прави поголема штета. Клучно е нивото на кое се поставуваат глобаните стандарди. Доколку разменуваме само кич и шунд, тогаш се нанесува непоправлива штета, а ако претставуваме квалитет и вистински вредности, во таков случај поврзувањето со светот е корисно. За жал, сведоци сме дека првата опција е многу позастапена. Инаку, јас сум горд што можам на иста сцена со Марија Жоао и со било кое друго светско име, да излезам со Квартетот и да ја презентирам македонската култура. Во тие ситуации, глобалното е предност. Наша задача е да направиме такви ситуации да има повеќе. Нема ништо лошо ни во комерцијализацијата, доколку таа не значи жртвување на квалитетот. На Деновите на македонска музика во Вашингтон ме повика нашиот амбасадор Зоран Јолевски да ја свирам окарината пред еминентни гости. Заменик директорот на Светската банка тогаш пријде да се запознае и ми рече: „Ова е инструмент кој треба маркетиншки да се експлатира максимално, за да донесе поени на културата на вашата земја“. А тоа е само еден сегмент.

**Во историјата на уметностите постои традиција на меценство, или како што денес се нарекува, спонзорство. Какво е Вашето искуство со луѓе кои имаат пари или со државните институции?**

Факт е дека целата класика се базирала врз меценството. Да не било така денес не би ги имале делата на Моцарт, Бетовен и на многу други великани на светската музика. Тоа е она што јас го нарекувам добронамерна поддршка и ја има до модерново време. Кога Англичаните го увидоа потенцијалот на Битлси, целата англиска машинерија стана мецена на тие момци за да го освојат светот и барем на музички план да им ја вратат Империјата. За жал, такви позитивни мецени нема многу овде, или барем јас не сум дошол во контакт со нив. Минатата година имав двајца спонзори на Охридско лето,

кои вложија одредени средства од почит кон мојата работа, но проектот помина и тоа заврши.

**Ќе добие ли публиката наскоро продолжение од „Патот на сонцето“, првиот албум на ДД Квартет?**

Ние имаме подготвено повеќе од сто композиции, односно доволно за неколку албуми. Но, малку поради мојата интертност, а повеќе поради свеста дека пиратеријата се’ уште работи во Македонија, ништо од таа музика не е ставена на диск. Имавме одличен тираж со „Патот на сонцето“, но пет пати повеќе се најде на пиратскиот пазар. И политиката на дистрибутерите не оди на рака на нас уметниците. Поради сето тоа немам голем интерес за објавување носач на звук, но затоа Квартетот ќе биде многу активен, особено на светската сцена, каде веќе сме препознатливи. А ако се создадат услови секако дека ќе издадеме албум. Свесен сум дека тоа им го должиме на луѓето кои не’ сакаат.

**Миодраг Мишолиќ**

Датум: 06.10.2011, 19:46

ДРАГАН ДАУТОВСКИ СО НОВАТА ИНСТРУМЕНТАЛНА ФОРМАЦИЈА

Со импровизации до нов музички правец



Новиот проект го основа зашто Даутовски смета дека како изведувач с` уште се нема изнасвирено, па инструментален состав е вистинскиот начин да го задоволи овој апетит

Покрај тоа што с` уште е активен со својот квартет, како и со проектот врзан со древниот инструмент окарина, македонскиот мултиинструменталист Драган Даутовски денеска во 21.30 часот во клубот и ресторан МКЦ ќе промовира нов проект. Станува збор за комплетно нова формација со која ќе настапува само со инструментална музика. Тој на електрична тамбура и младите музичари: Мартин Јосифовски на бас, Живко Чиртоски на саксофон и неговиот син Ратко Даутовски на перкусии, ќе настапат со нови нумери, но и со веќе познат репертоар. Идејата за формацијата кај него постоела 10-ина години, а сега дошло време за да ја реализира. Се одлучил на овој чекор бидејќи смета дека како изведувач с` уште се нема изнасвирено, па инструменталниот состав е вистинскиот начин да го задоволи овој апетит.

- Самата формација, и според изборот на инструменти, се гледа дека е поинаква, па бара и различен музички израз. Јас сум музичар што црпи инспирација од традицијата, но има и многу блуз, џез, а акцент е ставен на импровизацијата. Тешко е денес да се каже во која насока е музиката затоа што е во 21 век и светот веќе има потреба од нов музички правец и секој зрел уметник се обидува да направи нешто ново или барем да покрене некој процес кој ќе изроди нешто ново - вели Даутовски.

**Со млади музичари најдобро се работи**

Популарниот музичар повторно соработува со млади инструменталисти. Вели дека за него тоа е најдобар начин за работа.

- Со нив може да се сподели искуство и од друга страна тука е желбата за работа. Тоа се млади луѓе кои имаат завршено или с` уште студираат на Факултетот за музичка уметност. Само Ратко во формацијата е дел и од квартетот - појаснува Даутовски.

Иако првично е замислено формацијата да биде отворена, лежерна и подложна на промени, музичарот признава дека неговата досегашна професионална биографија кажува дека ја сака постојаноста.

- Мислам дека само со стандардна формација може да се постигне нешто. Се работи за енергија, еден вид едноумие во музичка смисла. Не сум љубител на проекти на кои ќе гостуваат минливи имиња и инструменталисти - додава тој.

**С` уште одушевува со окарината**

Даутовски не паузира од другите музички обврски. На почетокот на септември одушеви со настап на голем фестивал во Марибор, Словенија, заедно со квартетот и со окарината.

- Со квартетот имав целовечерен концерт, а јас по два дена настапив со окарината во рамки на една голема музичка ретроспектива која ја направи фестивалот. Почнуваше 45.000 години пред Исус со Абориџините, втората точка беше мојата, 6.000 години, и одеше низ епохите на класичната музика, џез, блуз и завршуваше со денес, со Мајкл Џексон, Мадона - открива Даутовски.

Во план албум и настапи на светски фестивали

Вечерва ќе биде премиерниот настап на формацијата. Даутовски посочува дека проектот постојано ќе го „храни“ со нов репертоар и во иднина планира албум, настапи на светски фестивали, клупски свирки.

- Кај мене ништо не е еднократно. Ќе продолжам да правам музика и во оваа формација имам шанса да се релаксирам и да му се вратам на квартетот - појаснува тој.

**Андријана АНДОВА**

22.11.2010, 15:49

ЕДЕН ОД НАЈИСТАКНАТИТЕ МАКЕДОНСКИ ЕТНО-МУЗИЧАРИ В НЕДЕЛА ВО МОБ ПРОСЛАВУВА ЈУБИЛЕЈ НА НЕГОВИОТ СОСТАВ

10 години патување кон Сонцето со «Даутовски квартет»

В недела, во Македонската опера и балет концерт за 10-годишнината од постоењето ќе одржи “Драган Даутовски квартет”. Даутовски најавува оригинален настап со кој, како што вели, ќе го одбележи овој јубилеј, и поминатите години, настап на кој ќе се види дека некогашните деца од Квартетот, станаа учители, рамноправни со нивниот учител. Тие и во практиката се занимаваат со педагогија.
“Но на сцена ми е најубаво. Ќе го промовираме новиот албум
‘Патот на Сонцето 2’. Иако постоиме 10 години, имаме само три цедиња, но Квартетот е концертно многу жив, ние сме истурена единица на нашата земја во светот. Се подготвуваме за турнеја во Австралија, Франција, во Турција”, ни рече Даутовски во најавата на јубилејниот концерт, за кој со радост зборува, особено зашто првпат ќе настапи во МОБ.
Со Даутовски сите овие години се единствената вокалистка Александра Поповска, Бајса Арифовска, кавал и тамбура, сега професорка на НМБУЦ во Скопје, и синот Ратко Даутовски на удиралки, тапан и на тарабука.
Народниот музички гениј што Даутовски со успех го негува и го пренесува во изминативе 10 години, ќе продолжи, најавува, тој, поканувајќи ја публиката в недела на уште едно ново патување кон Сонцето. (М. За.)

29.11.2010, 15:06

ДРАГАН ДАУТОВСКИ СО КОНЦЕРТ ЗА 10 ГОДИНИ “ДРАГАН ДАУТОВСКИ КВАРТЕТ” ВО МОБ

Од копнежи фајде нема



”Оваа вечер свириме за вас. Благодарение на вас, еве, опстојавме 10 години, од нашиот прв настап како Квартет во Универзалната сала. Тоа е голема чест за нас”, рече Драган Даутовски на завчерашниот јубилеен концерт, и прв за нив во Македонската опера и балет. Пред речиси полна сала, Квартетот од врвни професионалци, лесно ја водеше својата приказна, за која често велиме оти е космичка. Нивниот етнозвук, аранжиран на современ начин, ја води публиката во различни емоционални состојби, будејќи асоцијации за традицијата, за светската музика денес, за онаа музика која допрва доаѓа.



”Многу сум задоволен, иако пред концертот не одеа сите нешта во наш прилог. Но ние сме посветени професионалци, и за нас е лесно да свириме во секакви околности. Имавме убава вечер зашто тоа нашата публика го заслужува. Тоа се интелектуалци, не се случајно дојдени. За да имате добар домашен состав, мора да имате и добра домашна публика, не е работата во тоа да се поддржува само што ни доаѓа од страна. Мора и дома да се негуваме, тие две работи одат заедно”, ни рече Даутовски по концертот.

Јубилејниот концерт на “Даутовски квартетот” траеше саат и половина, со еден бис, за кој Драган рече: “Ајде нешто повесело, од копнежи фајде нема”. Составот беше следен од публиката со долги аплаузи, со извици браво на отворена сцена, со потпевнување заедно со оригиналниот вокал на Александра Поповска на “Со маки сум се родила”, “Јана”, “Не си го продавај Кољо чифлигот”, “Пацо, дреновчанке”, песни-за многумина во публиката химни, изведени и доживеани со искрено воодушевување.

**(М. За.) Фото: В. Тануровски**

22.05.2011, 15:09

УТРЕ НА ДЕНОВИТЕ НА СЛОВЕНСКА КУЛТУРА СО АНСАМБЛОТ «ОСИПОВ» ОД МОСКВА

Даутовски свири во ОН

Македонскиот музичар Драган Даутовски утре настапува во конгресната сала на Обединетите нации во Њујорк како солист со московскиот оркестар «Осипов». Оркестарот е еден од најстарите и најпознати ансамбли со традиционални инструменти во Русија, а концертот е во рамките на Деновите на словенската култура кои се одржуваат во седиштето на ОН, а во организација на концертната агенција «Содружество» од Москва и една од најголемите концертни агенции во светот «Опус3артистс» од Њујорк.
Како што ни рече Даутовски пред поаѓање, неговото учество на овој настан е партиципација на нашата земја на Деновите на словенската култура во ОН, што за него претставува уште една можност силно да прозвучи македонскиот идентитет преку музиката. Настапот на Даутовски е поддржан од Министерството за култура.
(М. За.)

Датум: 24.11.2010, 14:17

"Даутовски квартет" со концерт ќе прослави јубилеј



Составот на познатиот македонски музичар Драган Даутовски, во чест на својот 10-годишен јубилеј в недела, во 20 часот, ќе одржи концерт во Македонската опера и балет во Скопје.

Покрај професорот Даутовски, кој настапува на кавал, гајда, тамбура, во квартетот членуваат и Александра Поповска (вокал, клавијатури), Бајса Арифовска (кавал, тамбура) и Ратко Даутовски (ударалки, тапан, тарабука).
"Даутовски квартет" настапува на многу фестивали низ Европа, Австралија и Јапонија, промовирајќи ја македонската етномузика. Составот е основан во 2000 година, како резултат на нивниот обид да се втурнат во богатата ризница на македонскиот музички фолклор.

Датум: 27.11.2010, 01:03

Повеќе не сум локомотива во квартетот



Во чест на десетгодишнината од основањето, „Драган Даутовски квартет“ утревечер во Македонската опера и балет во Скопје ќе настапи пред домашната публика. Даутовски, кој свири на повеќе инструменти, најавува целовечерен концерт, со материјали од нивниот досегашен репертоар, како и неколку нови нумери. Искусниот музичар и професор вели дека покрај свеченоста за јубилејот, овој концерт е важен и по тоа што останатите музичари од квартетот, неговите некогашни ученици, повеќе не се деца, туку врвни музичари со огромно концертно искуство.

l В недела „Драган Даутовски квартет“ во Македонската опера и балет ќе одржи концерт во чест на јубилејот десет години од основањето. Како е замислена таа прослава?

- Со едноставно сценарио со излегување на квартетот на сцената, како и многупати досега во изминатите десет години, но овој пат со нагласена свеченост во чест на 10 години постоење на „Драган Даутовски квартет“. Моето мото или скриената порака на овој јубилеј е „Децата пораснаа“. Тие сега се учители. Тие десет години убаво дружење и макотрпно создавање нови композиции, постојано освежување на материјалот, со многу концерти и турнеи кај нас и во светот направија квартетот максимално да созрее на уметнички план.

l Каков ќе биде репертоарот за овој јубилеен концерт на Вашиот квартет?

- Политиката на репертоарот кај секој уметник е да ги потсетува почитувачите на неговата работа, неговата музика, на постарите композиции и познати наслови, но и обврска на сцената да се носи една свежина. Така и овој пат квартетот носи свежи материјали, нови композиции, кои се во функција на освежување на репертоарот. Значи, покрај познатите нумери, ќе има и голем број нови композиции, во препознатлив стил, но со естетски израз на повисоко уметничко ниво.

l Што претставува овој јубилеј за вас?

- Тоа е доказ дека со добра работа, а со оглед на тоа што мојата општествена функција е професор и педагог, дека со правилното и добронамерно откривање млади луѓе и нивниот талент, и сериозно вложување во нивниот уметнички процес и надградба, се добива квалитет. За мене, сознанието дека моите млади соработници, синот Ратко, како и Бајса и Александра, кои кога почнувавме имаа по 17, 18 и 21 година соодветно, сега имаат едно многу сериозно

свирачко и сценско искуство, е потврда дека со работата се создаваат млади кадри што можат да се носат не само со својот учител туку и со сите предизвици на сцената и да бидат достојни презентери на културата на државата.

l Дали тоа претставува гордост за еден професор?

- Секако дека е голема гордост, бидејќи пред тие да дојдат и да тропнат на мојата врата јас имав 20 години искуство -со педагогија се занимавам од 1979 година. Веќе редовно создавам и откривам млади таленти, вложувам во нив и се трудам да создадам уметници, кои не само што ќе го надминат својот учител туку ќе имаат и свое место во државата и пошироко. Сепак, најголемата сатисфакција е што имате следбеници, бидејќи ако еден педагог и уметник нема следбеници или наследници по него, тогаш се поставува прашањето на успешноста на неговата работа.

l Спомнавте дека учениците го надминуваат учителот. Колку останатите членови во квартетот, кои почнаа како Ваши ученици, Ве надминаа?

- Во многу работи ме надминаа бидејќи младоста е на нивна страна, рефлексот е на нивна страна, како и свежината во идеите. Сепак, она што треба да го достигнат е моето искуство, а со годините напред ќе го стекнат и тоа.

l Колку спојот на нивната млада енергија и на Вашето искуство ја прави силата на „Драган Даутовски квартет“?

- Токму тоа е причината. Таа свежина, односно уметнички и естетски заокружен профил на младите, придонесува дури и стариот репертоар на квартетот да звучи свежо, односно многу пософистицирано во една уметничка смисла. Тоа придонесува веќе да не чувствувам потреба да бидам оној што ќе ги влече како локомотива, ќе ги мотивира и ќе им ја собира тремата бидејќи веќе се зрели уметници и затоа формацијата „Драган Даутовски“ е една од најсериозните формации кај нас, но и пошироко. Прво, се одржавме десет години, кои беа лесни за нас бидејќи творевме, создававме, растевме, а допрва доаѓаат тешките десет години, бидејќи човек мора да се бори и со економскиот фактор. Што се однесува до инспирацијата и креативноста, тоа никогаш не било проблем. Сепак, времињата сега се други и следните десет години ќе бидат интересни, и добра провокација, но со еден фактор ризик кој се вика економија или комерцијална.

l Работевте на проектот „Клуч“. Дали дел од тој материјал ќе биде вклучен во утрешниот концерт?

- Речиси воопшто нема да биде вклучен тој материјал бидејќи квартетот си има богат репертоар. Ќе има неколку композиции од „Клуч“ бидејќи станува збор за мое творештво. „Клуч“ е моја животна приказна и врзана за стаклените инструменти и за филозофијата на музиката и не е врзан со репертоар, туку е баш оној филозофски третман на традицијата или воопшто на музиката како култура. Нема да користам некои од стаклените инструменти на овој концерт, ниту, пак, окарината, бидејќи концертот има порака и заднина дека ете ние пораснавме и нема простор за филозофија. Нема потреба да изнесувам на сцената нешто што ќе одвлече внимание од јубилејот.

l Во која мера искуствата од настапите надвор од земјава ќе Ви помогнат на концертот пред домашната публика?

- Најтешки се настапите пред домашна публика. Овој пат концертот е во МОБ и е

провокација плус бидејќи не сме имале целовечерен концерт таму, а тоа е навистина убава сцена. Искуствата од надвор само придонесуваат уметникот да расчисти со комплексот на средината во која живее, комплекс од идентитет и комплекс од мала и сиромашна средина. Ние со тоа расчистивме уште одамна, токму поради настапите надвор на светски сцени и со големи музички имиња. Се' тоа се сведува на потребата човек да го гради своето искуство на сите основи, и од добрата и од лошата страна на медалот. Кога човек се занимава со музика, особено кога се бави со уметност во средина како што е нашата, каде што може комотно да кажам дека не е многу почитувана бидејќи се' е сведено на бизнис, на борба за егзистенција и барање начини како да се преживее, не е важно дали некој води грижа за традицијата и за културниот идентитет.

**Димитар Петровски**

34. ДЕНОВИ НА МАКЕДОНСКА МУЗИКА

Музичката програма - најбогата досега

Манифестацијата ќе започне на 21 март со концертот на Ревискиот оркестар на МРТ во чест на композиторот Драган Ѓаконовски-Шпато, а ќе настапат Драган Мијалковски, Калиопи, Каролина Гочева, Ѓоко Танески... Програмата на Деновите на македонската музика, кои годинава ќе се одржат по 34. пат, ќе биде најбогата досега. Според Марко Коловски, претседател на Сојузот на композитори на Македонија во чија организација ќе се одржи настанот, публиката ќе има можност да слушне изведби на голем број реномирани ансамбли и солисти од државата и странство. Манифестацијата ќе започне на 21 март во МОБ со концертот на Ревискиот оркестар на МРТ, во чест на основоположникот на македонската современа музика, композиторот Драган Ѓаконовски-Шпато (80 години од раѓањето), а ќе настапат Драган Мијалковски, Калиопи, Каролина Гочева, Ѓоко Танески, Андријана Јаневска... Деновите исполнети со музика ќе траат до 30 март, кога ќе бидат затворени со концертот на Московскиот ансамбл за современа музика.

“Годинашниве Денови на македонската музика се програмски најбогати досега и во однос на понудата и квалитетот, но и во однос на придружните активности, работилници и трибини. Манифестацијата и годинава е преглед на остварувањата на македонските композитори во текот на минатата година, а во еден дел ќе им биде оддадено признание и на композиторите кои ја ја граделе историјата на македонската музичка култура, вели Коловски.

На отворањето на манифестацијата ќе биде промовирана монографијата и авторското ЦД на Ѓаконовски-Шпато, композитор на македонската џез и поп-музика. Интересно е што во текот на манифестацијата некои од делата ќе бидат изведени за првпат, односно ќе имаат своја светска или македонска премиера, а ќе бидат доделени и наградите на СОКОМ. Според Јана Андреевска, уметнички раководител на манифестацијата, во рамките на Деновите на македонска музика ќе можеме да видиме и странски изведувачи и дела на странски композитори. Веќе во вторник во МОБ ќе се одржи концерт на џез-квинтетот “Сцхултзинг” од Германија, заедо со Драган Даутовски на традиционалните инструменти и Владимир Николов на гитара, а меѓу делата кои ќе се изведат е и “Не си го продавај Кољо чифликот” од Кире Костов. Во текот на наредните денови публиката ќе има можност да ги слушне концертите на триото “Е.А.Р.УНИТ” од САД, на Македонската филхармонија, на клавирското дуо “ЛП” од Србија, гудачкиот квартет “Креутзер” од Велика Британија, како и камерните концерти на кои ќе настапат нашите еминентни музичари, а ќе бидат изведени дела на македонските композитори Драган Стојковски, Борис Светиев, Михајло Николовски, Стефан Гајдов... Коловски ја потенцира и соработката со странските композитори и изведувачи, посочувајќи дека македонските дела како никогаш досега се изведуваат во странство.

*( . .)*



SPEKTAKULAREN KONCERT NA DRAGAN DAUTOVSKI

Otsvirena makedonskata prikazna

So prekrasnite zvuci na topchestata flejta od staklo so identichna forma na neolitskata flejta, kavalot i okarinata, drevnite instrumenti izraboteni od staklo, makedonskiot multiinstrumentalist profesorot m-r Dragan Dautovski na binata na Antichkiot teatar vo Ohrid ja pleni publikata. Muzikata chista kako staklo ushte ednash ja raskazha makedonskata prikazna preku avtentichnite instrumenti. Svetskata premiera na proektot Kluch go napolni Antichki teatar do poslednoto mesto. Pesnite bea otsvireni so stakleni instrumenti chii koreni se od vreminjata na mitovite, a prikazhana e i vrvnata interpretacija na umetnicite. Ohrigjani i turistite imaa edinstvena mozhnost da prosledat spektakularen performans na makedonskiot umetnik i da bidat del od golemiot muzichki spektakl. Vrvniot umetnik Dautovski pokraj na kaval, gajda i tambura, svireshe i na topchesta flejta stara 6000 godini. Zaedno so nego na scenata nastapi i negoviot kvartet koj izvede kompozicii od postariot materijal, kako i novi koi dosega ne se izvedeni.



# Morikone otvara Ohridsko leto

Sun, 07/12/2009 - 13:39.
/

- Vest
- Festivali
- Makedonija
- Muzika
- Ohrid



Slavni italijanski kompozitor Enio Morikone (Enio) otvara 12. jula gala koncertom 49. Ohridsko leto, najznačajniju letnju kulturnu manifestaciju u Makedoniji, koja će do 20. avgusta predstaviti raznovrstan pozorišni, muzički i likovni program, uključujući predstave Harisa Pašovića, Roberta Vilsona, Ljubiše Ristića i Egona Savina, te koncerte pijaniste Borisa Berezovskog, makedonskog multiinstrumentaliste **Dragana Dautovskog** i džez muzičara Džordža Bensona i Lerija Vučkovića iz SAD.

Gala koncert Morikonea i Simfonijskog orkestra Budimpešte nazvan je “Bilo jednom u Makedoniji” - prema čuvenom filmu “Bilo jednom u Americi” za koji je Morikone komponovao muziku.

Morikone će nastupiti u Antičkom teatru, uz učesće Hora Makedonske opere i baleta, a povodom prvog nastupa u Makedoniji, dobio je, na osnovu ukaza predsednika Đorđa Ivanova, visoko državno odlikovanje Medalju za zasluge za Makedoniju.

Osim Ivanova, organizatori su najavili na otvaranju i predsednika Albanije Bamira Topija i Kosova Fatmira Sejdiua, zbog čega će i saobraćaj u starom delu grada biti ograničen, počev od “turističkog” bulevara do hotelskih kompleksa u gradskom centru.

Direktor Ohridskog leta Toni Simonovski izjavio je da su ulaznice za Morikoneov koncert, po ceni od 30 do 50 evra, odavno rasprodate.

Slavni kompozitor, za razliku od drugih zvezda koje su nastupale na ohridskom festivalu, nije imao posebne zahteve, osim želje da proba makedonsku nacionalnu kuhinju i razgleda

gradske kulturne znamenitosti.

Problem organizatorima Ohridskog leta predstavljaju, međutim, vremenske (ne)prilike, budući da nemaju alternativni prostor za koncert u slučaju kiše.

Morikone je najpoznatiji po muzici za više od 500 filmskih i TV dela, a kao dirigent je rukovodio najvećim svetskim orkestrima. Sa orkestrom "Roma Sinfonietta" gostovao je prvi put u februaru ove godine i u Beogradu, u završnici Gitar art festivala, a tročasnovni koncert u Beogradskoj areni završen je sa čak tri bisa, uz ovacije publike na teme iz špageti vesterna "Dobar, loš i zao", kao i filmova "Cinema Paradiso", "Bilo jednom na Divljem Zapadu", "Bilo jednom u Americi", "Nesalomivi", "Misija"…

Pozorišni program 49. Ohridskog leta počeće 13. jula Šekspirovim delom "Bura", u režiji Vladlena Aleksandrova i izvođenju bugarskog Dramsko-lutkarskog teatra "Konstantin Veličkov" iz Pazardžika, a obuhvatiće i predstave iz Srbije, Bosne i Hercegovine, Italije, Turske...

Dramski teatar iz Skoplja učestvuje predstavom "Aleksandar" Ljubiše Georgievskog, sarajevski East-West centar "Norom" Henrika Ibzena i "Klasnim neprijateljem" Najdžela Vilijamsa, u režiji Harisa Pašovića, a baletska kompanija EgriBjankoDanca iz Italije predstaviće se "Makedonskim baletom", u koreografiji Rafaela Bjanka.

Makedonski narodni teatar učestvuje predstavom "Troil i Kresida", zasnovanom na istoimenom delu Viljema Šekspira i Homerovoj "Ilijadi", u režiji Ljubiše Ristića. Predstava će biti izvođena na gradskom pristaništu tokom celog dana, a podrazumeva totalni teatar - dramu, ples, operu, balet, muziku, video.., kao i besplatan ulaz.

Publika Ohridskog leta videće i "Srećne dane" Semjuela Beketa, u izvođenju Crt Artificio iz Milana i režiji čuvenog Roberta Vilsona, a najavljena je i albanska scena iz Skoplja, koja će izvesti "Generala mrtve vojske" Ismaela Kadarea, u režiji Dina Mustafića. Teatar "Vojdan Černodrinski" iz Prilepa izvešće predstavu "Krpen život" Stoleta Popova, u režiji Vlade Cvetanovskog.

Najavljeno je i gostovanje Gradskog teatra Koadželi iz Turske, koji će izvesti čuvenu dramu Meše Selimovića "Derviš i smrt", u režiji Nurule Tunčera (Nurullah Tuncer) i adaptaciji Nebojše Bradića, aktuelnog ministra kulture Srbije. Ta drama učestvovala je nedavno na zeničkom festivalu, a početkom juna izvedena je i u Narodnom pozorištu u Beogradu, koje se protekle sezone istaklo sopstvenom verzijom "Derviša", u režiji Egona Savina i dramatizaciji Borislava Mihajlovića Mihiza, sa makedonskim glumcem Nikolom Ristanovskim u naslovnoj ulozi.

Na Ohridskom letu gostovaće i Beogradsko dramsko pozorište nagrađivanom predstavom "Cheif" Mirze Fehimovića, u režiji Egona Savina.

Bitoljski Narodni teatar izvešće u završnici "Braću Karamazove" Dostojevskog, u režiji Dejana Projkovskog.

U okviru muzičkog programa, nastupiće ruski violinista Valerij Ojstrah i italijanski pijanista Frančesko de San, španski pijanisti Karlos Lama i Sofia Kabruha, a koncert filmske muzike održaće francuski Orkestar KFH. Najavljen je i koncert pijanističkog seminara profesora Borisa Romanova, kao i austrijskog kvinteta gitara Gitarisima.

Simfonijski koncert Makedonske filharmonije, pod vođstvom dirigenta Borjana Caneva, najavljen je za 30. jul u predvorju crkve Sv. Sofija, a kao solisti će nastupiti crnogorski pijanista Ratimir Martinović i Serdžo Tjempo iz Argentine.

Nastupiće i Muzička omladina Makedonije sa solistima u crkvi Sv. Sofije, dok će u Antičkom teatru biti održana svetska premijera projekta "Ključ" makedonskog multiinstrumentaliste **Dragana Dautovskog**, kojim će biti obeležen i nacionalni praznik Ilinden.

Među zvezdama Ohridskog leta biće i Swingle Singers, globalni akapela fenomen, a nastupiće i slovenački kvartet Tartini, kamerni hor "Sv. Kliment Ohridski", kao i violinista Maksimilijan Brat i švdski pijanista Karl Ponten, čijim će koncertom 9. avgusta u crkvi Sv. Sofije biti obeleženo predsedavanje Švedske Evropskom unijom.

Najavljen je koncert slavnog ruskog pijaniste Borisa Berezovskog, kao i hrvatske violončelistkinje Monike Leskovar, u pratnji pijanistkinje Marije Vrškove iz Makedonije, te švajcarskog Trija Georgiu. Nastupiće i Suela Mulaj (violina) iz Albanije i Masimo Palumbo (klavir) iz Italije.

Svečano zatvaranje Ohridskog leta 20. avgusta obeležiće koncert Ujedinjenog evropskog kamernog orkestra, koji će nastupiti u dvorištu crkve Sv. Sofija sa lautistom i gitaristom Edinom Karamazovim, koji se početkom godine predstavio na koncertima u regionu sa engleskim muzičarem Stingom, sa kojim je i objavio zajednički album "Songs from the Labyrinth".

Likovni program obuhvata izložbe Riste Pucoskog, Irene i Marka Nikoloskog, Stefana Hadži Nikolova, Marka Butine iz Slovenije, Sergeja Andrejevskog, Ilinke Popovske.

Organizatori Ohridskog leta najavili su i raznovrstan OF program, koji obuhvata, između ostalog, i koncert čuvenog američkog džez i fank gitariste, kompozitora i pevača Džordža Bensona 25. jula u Antičkom teatru, organizovan u saradnji sa Avalon produkcijom.

Višestruki dobitnik Gremi nagrade prethodno će, 23. jula, nastupiti i na Samertajm festivalu u Sava centru u Beogradu.

U Of programu nastupiće i makedonska pevačica Karolina, kao i džez muzičar Leri Vučković sa svojim bendom, koji živi u SAD, a jedna je od zvezda i ovogodišnjeg Beogradskog letnjeg festivala (BELEF).

Sajt Ohridskog leta je www.ohridskoleto.com.mk, a kompletan program nalazi se i u Kalendaru Portala za kulturu jugoistočne Evrope SEEcult.org

Saraevska zima Sarajevo,
Ovogodišnja Sarajevska zima je u prošlom tjednu obradovala publiku s nekoliko glazbenih sadržaja koji će se pamtiti: u nedjelju 17. februara u Domu policije nastupio je Kvartet **Dragana Dautovskog**, jedna od najzanimljivijih pojava novije makedonske glazbene scene.

# Jubilej kvarteta Dautovskog

03.Dec.2010, 23:15, Izvor: SEEcult.org

Kvartet makedonskog multiinstrumentaliste Dragana Dautovskog, jedan od najboljih sastava vorld muzike na Balkanu, obeležio je velikim koncertom u Skoplju deset godina postojanja, tokom kojih je nastupao širom sveta, oduševljavajući i publiku i kritičare. I slavljenički koncert kvarteta Dautovskog, koji čine i vokal Aleksandra Popovska, perkusionista Ratko Dautovski i Bajsa Arifovska na kavalu, bio je pravo zadovoljstvo za publiku u sali Makedonske opere i baleta, koja ih je ispratila stajaćim ovacijama.

Za ohritsko leto 2009
Do 20. avgusta predstaviće se i pozorišta iz Bosne i Hercegovine, Italije, Turske, publika će imati priliku da vidi predstave Harisa Pašovića, Roberta Vilsona i uživa u koncertima pijaniste Borisa Berezovskog, makedonskog multiinstrumentaliste **Dragana Dautovskog** i džez muzičara Džordža Bensona i Larija Vučkovića iz SAD.

INSTRUMENT STAR
6000 GODINA

(http://img74.imageshack.us/img74/1823/draganme8.jpg) (http://imageshack.us)

Poznati makedonski muzičar Dragan Dautovski svira na muzičkom instrumentu starom najmanje 6.000 godina, nazvan "topčasta flejta iz Makedonije". Skopski mediji prenose da je 1989. godine instrument pronašla arheolog iz muzeja u Velesu Trajanka Jovčevska tokom istraživačkih radova na lokalitetu iz perioda neolita Mramor kod Čaške, 15 kilometara udaljenog od Velesa. Ona je do sada čekala da objavi svoje otkriće, strahujući za sudbinu instrumenta. "Flejta je jedini predmet takve vrste jer je izrađen od zemlje, zatim pečen, i takav instrument ne postoji u Evropi", izjavila je Jovčevska. Dautovski će na ovom instrumentu, za koji je napisao četiri kompozicije nastupiti 19. aprila na svečanom zatvaranju Dana makedonske muzike.

**Razgovor:**

**Za početak, kako su etnolozi, psihologinja, antropolog, ekonomistica i pravnik stvorili jedan od najboljih hrvatskih etno bendova? Molio bih vas da ispričate same početke, jer s ovakvom galerijom likova djeluje kao scenarij za Tarantinov film?**
Lidija: Na radionici **Dragana Dautovskog** na prvom festivalu Nebo, upoznala sam dirigenta zbora i orkestra makedonske zajednice Stefka Kaćurova koji me pozvao da pjevam u zboru. Tamo je bilo ležerna atmosfera uz priču, druženje, pjevanje, ispijanje čajeva i mastike. Uskoro sam nagovorila svog prijatelja Danijela da dođe svirati u Zajednicu jer je baš bio u životnoj situaciji kad je imao puno vremena i nije znao šta bi sa sobom. Onda je Danijel na jednom jam sessionu pozvao Nenada da dođe svirati u Zajednicu, a ovaj je bio u fazi kada nikome nije znao reći ne pa je više da ga skine s grbače rekao da će doći. U Zajednici smo upoznali Tanju koja se došla raspitati se za nošnju pa su je nagovorili da ostane svirati flautu. Tako smo se mi nekim slučajem našli u Makedonskoj zajednici, a nitko od nas nije bio Makedonac. U prvom Afionu uz nas je svirao i Stefko Kaćurov na tamburi te osebujni lik Safko Alimovski, stari roker i gažer iz narodnjačkih klubova, koji je u Afionu svirao kaval. Svirali smo samo makedonske pjesme,

s vrlo jednostavnim aranžmanima. Prvi samostalni koncert bio je 22. 6. 2003. u sada, na žalost, pokojnom prostoru Attacka. Nakon što su Stefko i Safko zbog obiteljskih razloga napustili bend, priključio nam se Dario na kontrabasu vidjevši oglas na Filozofskom fakultetu da etno bend traži kontrabasistu. Marijelu smo Danijel i ja upoznali u jesen 2004. preko zajedničke prijateljice u Melinu. Usput je saznala da pjevam u nekom bendu makedonske pjesme, a pošto nam je otišla pjevačica Ana Krolo, na licu mjesta smo održali malu audiciju, vidjeli da cura ima sluha te je odlučili zadržati. Eto, tako smo se mi nekim slučajem - a možda i nije bio slučaj, već sudbina - sreli. Šestero različitih ljudi koji žive različitim životnim stilovima i bave se različitim poslovima, ljudi koje je spojila muzika.

**Što znači vaše ime i kako ste došli do njega?**
Ime znači mak na makedonskom, ali ujedno i opijum. Još dok smo bili u makedonskoj zajednici, kolegica s faksa je zamolila da odsviramo na veceri Kluba studenata etnologije nekoliko makedonskih pjesama. Za tu prigodu Safko nam je dao ime Afion. Nama je ime ok zvučalo pa je ostalo i nakon što smo počeli svirati i hrvatske i bosanske pjesme.

**Autor:** Mirna Marić, Petak, 26 Rujan 2008

**Ocjena:**

**Ocjena čitatelja:**
(0 glas)



Završio je treći **Zagreb etno festival**, na kojem je upečatljivo dominirao balkanski i istočnoeuropski melos, a skoro su svi izvođači bili iz Europe, naročito iz jugoistočne Europe (Hrvatska, Slovenija, Bugarska, Makedonija). Najjači dojam ostavio je upravo Makedonac **Dragan Dautovski**, inače najpoznatiji po *soundtracku* za kultni film **Prije kiše**, koji je nastupio sa svojim kvartetom. Dautovski je inače etnomuzikolog i profesor narodnih instrumenata, a muzicira na čak preko 20 instrumenata.

Dio svog glazbenog umijeća je pokazao i na zagrebačkom koncertu, gdje je zasvirao na nekoliko različitih glazbala, uključujući i okarinu, staru preko 6000 godina. Okarina potječe iz neolitika i samo je "malo" mlađa od najstarijeg dosad poznatog glazbala – kineske flaute Gudi, koja je datirana u period od prije 6000 do 7000 godina, i kojoj je donekle slična. Prije nego li je zasvirao na tom minijaturnom puhačkom instrumentu sa samo tri rupe, *Dautovski* je ispričao i prigodnu priču o tom neobičnom predmetu koji su arheolozi pronašli na nalazištu u blizini *Velesa* u *Makedoniji*, ni ne znajući da se radi o glazbenom instrumentu prije nego li je *Dautovski* , kao akademik, dao svoju ekspertizu. S obzirom na dragocjenost tog pronalaska, *Dautovski* je na koncertu zasvirao ipak na kopiji okarine, no i to je bilo dovoljno impresivno: nevjerojatno je koliko je efekta izvukao iz jednog primitivnog glazbala koje može proizvesti tek nekoliko tonova. Radi se, u biti, o specifičnoj okrugloj keramičkoj flauti (nalik na Spielbergovog E.T.-ja, kako *Dautovski* reče), koja je prodornim i odjekujućim zvukovima vidljivo impresionirala brojnu publiku u kinu SC-a. Većinu pjesama je *Dautovski* ipak odsvirao na žičanim instrumentima, i jednu na gajdama. Ansambl je izvodio makedonsku etno glazbu, više ili manje osuvremenjenu modernim aranžmanima, ali uvijek vrlo inspirativno i tehnički ispolirano. Treba svakako spomenuti i pjevačicu **Aleksandru Popovsku**, izuzetnog glasa, vokalističke tehnike i improvizacijskih sposobnosti, koja je svojim vrhunskim *scat* improvizacijama davala dodir jazza tradicionalnoj makedonskoj glazbi. Ostali članovi kvarteta su **Bajsa Asifovska** (kaval, tambura) i **Ratko Dautovski** (djembe, bongos, tarabuka).

# OVACIJE ZA KVARTET DAUTOVSKOG U ZAGREBU

Fri, 09/19/2008 - 22:02.

seecult.org writes, "*ZAGREB (SEEcult.org) - Kvartet makedonskog multiinstrumentaliste* ***Dragana Dautovskog*** *potvrdio je status najvece zvezde ZGetno festivala u Zagrebu, okupivsi 19. septembra dosad najbrojniju publiku, koja je s posebnim odusevljenjem reagovala na kompozicije koje su ukljucivale gajde i tapan. Dautovski je izazvao narocitu paznju i improvizacijom na okarini, jedinoj kopiji 6.000 godina starog instrumenta, pronadjenog u Makedoniji, a pevacica Aleksandra Popovska standardno je plenila lakocom kojom je izvodila poznate melodije, kao i kreativnoscu u improvizacijama.*"

Dautovski i clanovi njegovog kvarteta, koji su i bili najavljeni kao hedlajneri ZGetna, okupili su u bioskopskoj sali Studentskog centra oko 700 ljudi, sto je najvise od pocetka tog festivala 15. septembra, koji predstavlja u trecem izdanju grupe iz devet zemalja koje izvode etno otvoren uticajima drugih vrsta muzike i savremenim, modernim elementima.

Kvartet **Dautovskog**, jedan od najboljih bendova vorld muzike na Balkanu, svirao je oko dva sata, sa jednim bisom, stvorivsi veselu atmosferu i sjajnu komunikaciju sa publikom.

**Koncert** je zavrsen prakticno zajednickim izvodjenjem Kvarteta **Dautovskog** i publike, koja je do kraja pesme "Metronom" ucestvovala, dajuci ritam tapsanjem.

Osim hitova "O, Jano, Jano", "Ogledalo", "Balkan" i "Gorocvet" s prvog albuma "Put sunca", Kvartet **Dautovskog** svirao je i nekoliko melodija sa novog albuma "Razboj", izdatog u Makedoniji pre dva meseca. Deo tog materijala pre dve godine objavljen je u Ceskoj, pod nazivom "Makedonska narodna muzika".

Bend je svirao i neobjavljen materijal, koji ce se naci na narednom albumu, a najvise aplauza izazvale su prepoznatljive melodije, obrade tradicionala "Ajde, ne ti lici Dafino mome", "Ne si go prodavaj, Koljo, ciflikot", "Koga padna na Pirina", kao i kolo "Kumanovka", za koje je najvise aplauza dobio Dautovski na gajdama.

Dautovski je posebnu paznju skrenuo improvizacijom na okarini, vrsti flaute iz neolitskog perioda, koja je otkrivena 80-ih godina 20. veka na arheoloskom nalazistu u blizini Velesa.

Osim **Dautovskog**, posebnu paznju izazvala je i vokal Aleksandra Popovska, koja je rodjena u Srbiji, a na studijskom je usavrsavanju u Holandiji, gde ucestvuje u razlicitim umetnickim projektima, kako u oblasti muzike, tako i vizuelne umetnosti.

U kvartetu su i perkusionista Ratko Dautovski i Bajsa Atrifovska na kavalu i tamburi.

Kvartet **Dautovskog** osnovan je 2000. godine, a prvi album "Put Sunca", koji je rezultat njihovog prvog CD singla "Koreni i pupoljci", objavili su 2001. godine. Radili su i muziku za vise igranih filmova, baleta i pozorisnih predstava, a nastupali su sirom sveta, ukljucujuci Australiju, Belgiju, Ukrajinu, Italiju, Veliku Britaniju, Holandiju, Hrvatsku, Sloveniju, BiH i Srbiju.

Dautovski je 1992. osnovao ansambl "Mile Kolarovski" sa kojim je nastupao u Makedoniji

i inostranstvu, a snimio je i veliki broj ploca za drzavnu radio - televiziju. Ucestvovao je sa grupom Anastazija u muzici za film “Pre kise” Milca Mancevskog 1994. godine, nakon cega je osnovao grupu DD Sintezis i bio producent njihovog prvog CD-a.

Manifestacija Musica Mediterranea (26. april - 26. maj), peti put za redom okuplja muzičare iz gastarbajterskih zemalja Južne Evrope i Sredozemlja i domaće bendove sličnih/toplijih afiniteta, koji zajedno ruše međunarodne kulturne i jezičke barijere

Dario Stajić

FOTO: Dario Stajić

Mesto: Freiheizhalle, Minhen

Vreme: Ponedeljak, 11. maj 2009.

Organizacija: Musica Mediterranea

Koncertna dvorana Frajhajz Mihnenu nalazi se nedaleko od Hauptbahnhofa, glavne železničke stanice. Nekada se tu okretala turbina toplane koja je grejala ljude koji su izlazili iz vozova, ulazili u vozove, željno dočekivali ili s tugom u grlu ispraćali. Ljude.

U brižljivo saniranom i ekskluzivno opremljenom prostoru, ispod impozantne krovne konstrukcije i između 10-ak metara visokih zidova od prastarih ogoljenih cigli, pored redovnog repertoara - kabaretskih predstava, poslovnih konferencija, fensi žurki – povremeno zaluta i neki putujući muzički metak.

Tačno pre godinu dana, sa ukulele gitarom, queer svitom Magnetic Fields i “kuferom punim pesama”, na bini Frajhajza se u dva čina okušao Stephin Merritt. Nezaboravno veče u nestvarnom ambijentu, alkohol su posluživali samo na pauzi, pre i posle koncerta. Možda se baš zbog toga mnogi posetioci i dan-danas svega sećaju.

“I had a dream and you were in it

The blue of your eyes was infinite

You seemed to be

In love with me

Which isn’t very realistic”

(I Don t Belive You, Magnetic Fields)

Uz Portugalca Joséa Manuela Barrosoa, predsednika Evropske komisije, sponzori manifestacije Musica Mediterranea su ličnosti iz javnog života, privrede i lokalnih bavarskih organa vlasti. I pored svega toga, čak su i cene povlašćenih penzionerskih/studentskih ulaznica prilično nepristupačne za prosečne penzionere/studente. To se može primetiti po sastavu publike - za stolovima ispred bine sedi svečano odeveni poslovni svet, pije se vino, šampanjac. Pozadi mlađi stalež, vidi se poneko otvoreno flaširano pivo ili ništa. Prazna

Glavni i jedini razlog zbog kog je vredelo to veče biti u ulici Rainer-Werner-Fassbinder-Platz 1 je bila i ostala muzika. Muzika kao iskon, muzika kao spas, muzika kao lek.

Korpulentnog multiinstrumentalistu, rođenog u selu Rusinovo (Berovo) na istoku Makedonije, najavila je Aleksandra Popovska. Članica Kvarteta **Dragana Dautovskog**, pevačica upečatljivog izgleda i glasa, školovana na univerzitetima Portsmoth i Utreht, pored izvornih pesama, dela Mortona Feldmana, repertoara Joni Mitchell u slobodno i radno vreme istražuje i klasične pop/jazz forme. Večeras je skoro isključivo posvećena muzici koja glavnu inspiraciju crpi iz tradicije, narodnih makedonskih pesama, uz povremene improvizacije i skat vratolomije.

Posle dve rečenice na nemačkom i tri na engleskom, Aleksandra se povlači u bekstejdž. Kratkotrajnu tišinu prekida lider u crnom dugom monaškom kaputu sa kapuljačom. Na ramenu izduvane gajde, u ustima okarina, okrugli keramički instrument, star 6000++ godina. Dvorana odzvanja od dolby surrounda i od spravice sa tri rupe. Posle nekoliko minuta tamna star track odora pada na pod, izuzetna koncentracija koju duvanje očigledno zahteva popušta i na bini i u publici. Dragan koristi pauzu da bi naduvao ovčiju mešinu, manje zahtevan instrument koji poznajemo i iz pesama Škota Roda Stewarta (Every Beat Of My Heart) ili još lepše Australijanaca Church (Under the Milky Way).

Potom izlazi golobradi Ratko Dautovski sa velikim bubnjem (tapan) okačenim oko vrata, sa unutrašnje strane lupa debelom, a s vanjske tankom palicom. Deo publike mu odgovara tj. automatski se legitimiše aplauzom i rukama dignutim u vazduh. Nemci sa kojim delim sto, deluju prilično zbunjeno, što bi se moglo reći i za njihove reakcije tokom ostatka koncerta. Ali, ni oni ne štede dlanove. Virus Balkana se brzo širi po sali.

Posle gajdi maestro svira kaval i udara u tamburu. Četvrti član postave, libero Bajsa Arifovska, skoro sve vreme neupadljivo, ali kao mali mrav "…" vredno čuva instrumentalnu pozadinu centarforu Dautovskom i lagano pomera harmonije leve i desne polutke Popovske.

Teško je reći u kojim pravcima se danas razvija muzika koja je u stanju da menja i nadživi imena naroda koji su doprineli njenom nastanku. Pa čak i da im predvidi sudbinu. Iako još od pojave bendova Padot na Vizantija, Lola Von Stein ili Anastasia opšti interes konstantno raste, čini se da bi ta forma istinski ukorenila i doživela procvat tek kad bi se našao neki makedonski Moses Asch (Smithsonian Folkways Mission) ili Harry Smith (Harry Smith Archives) i na prikladan i depolitizovan način sistematizovao i diskografski validirao ovo neprocenjivo bogatstvo.

Iz ekonomskih razloga, to je danas praktično nemoguće. Preostaje nam jedino gomila podataka razbacana po bespućima interneta. Profesor Dragan Dautovski zajedno sa bivšim i sadašnjim studentima, projektom DD Synthesis, pesmama iz filma Pre kiše, bije bitke protiv vetrenjača u okruženju.

Publika je tokom koncerta vikala, klicala, skakala, tražila bis, a neko je i viknuo „Zajdi, zajdi!". Dubokim, promuklim i toplim glasom Dragan odgovara: "To kad dođete u Skoplje". Oseti se da se čovek s daleko više radosti i elana izražava vrednim-radničkim-zlatnim prstima nego rečima.

Neko mu daje jednu iz gomile papirnih zastavica kojima posetioci mašu u mraku. On diže u vazduh žuto sunce na crvenoj pozadini. Ono se vraća u publiku i lagano nestaje u mraku.

23. oktobar 2011.

## Kvartet kvalitetne makedonske tradicionalne muzike

Šetajući po Balkanu nailazite na nestvarne predele, zanimljive ljude i skriveni kvalitet. Danas smo se zaustavili u Makedoniji da upoznamo *kvartet Dragana Dautovskog*.

This musician has mastered more than twenty different musical instruments. He is playing the zurla, tapan ..., and at the University he is teaching kaval, gajda and tambura. Dragan has used the traditional instrument tambura (kind of mandolin) to perform even some of Mozart's works. He tells us that the tambura can be used to perform nearly all of the Vivaldi's concertos, originally written for a mandolin, and that, in addition to Mozart and Vivaldi, he has also played fragments by Schubert.
Prof. Dautovski holds a Master's degree in Ethnomusicology. With traditional music and folklore instruments being the essential mark of the three decades of his artistic pursuits, he is performing with many groups and ensembles both at the domestic and international stage.
This, in many ways, original artist and pedagogue has been recognized by UNESCO because of his work with the traditional music. Dautovski performed at the UNESCO'S 60th Anniversary concert in Havana - Cuba, at UNESCO'S concerts in Nigeria, Africa ... He is also well known in Europe, because he has performed with the musical groups such as the "Dragan Dautovski Quartet" and "DD Synthesis" at a great number of world music festivals in Hungary, Slovenia, Austria, Italy, Germany, Japan, Russia, Australia, Israel, Belgium, the Netherlands, etc. Dautovski frequently takes part in the Days of Macedonian Culture organized in many countries abroad.
The more recent cultural revolution, which in Macedonia took place in the 90s, was launched also by his work with the traditional ensemble "Mile Kolarovski", which was formed by Dautovski in 1992. After this success, Dragan had been exploring the folk and ethnic treasures of his country with the band "DD Synthesis", which

was formed in 1995. In 1997, their song “Two Girls” was included in the three-CD compilation, released by the renowned world music label “Ellipsis Arts”, dedicated to the music of Eastern Europe, and bearing exactly that title: “Music from Eastern Europe”. Then he formed the “Dragan Dautovski Quartet” and since than, they are enthusing the audience with their exceptionally original reshaping and artistic building upon the traditional Macedonian music. They are the authors of the imposing world music record “The Path of the Sun”, which has become a bestseller in Macedonia immediately upon its release in 2001. There is another gem among their other albums, the record “Razboj” (“Loom”), where one may find traditional songs such as “Jasna Mesecina”, “Uci me Majko, Karaj me” ... The music critics compare this album with the music of the bards of Macedonian folk music, such as Aleksandar Sarievski, Vanja Lazarova, Kiril Mancevski, etc.
In addition to all of these engagements, few years ago Professor Dautovski had caught the attention of the public by his personal, intimate music performance – playing the Ocarina at sunrise, at the site of the prehistoric observatory Kokino! This world renowned ancient observatory, which is located in the vicinity of the town Kumanovo, was ranked fourth by the North American Space Agency (NASA) on the list of 15 such observatories in the world, right after Abu Simbel (Egypt), Stonehenge (UK) and Angkor Wat (Cambodia). It was right there that Dautovski, with the magical sounds of the primeval instruments, perched high on the ancient observatory, confirmed once again his statement that music is the oldest cosmic language!
His next project is titled “The Key”, which, in Dragan’s words, will be his life work and is connected with the spherical Neolithic flute and its replica made of glass.

30.11.2010, Јубилеен концерт

Виртуозна прослава на јубилејот

Со силни аплаузи по секоја песна и во одлична атмосфера квартетот на Драган Даутовски завчера во Македонската опера и балет го одбележа јубилејот - десет години од основањето. Пред исполнетата сала составот докажа зошто има репутација на една од најдобрите македонски етноформации. Драган Даутовски со своите помлади колеги изминатава деценија настапи на голем број фестивали низ светот, а овој пат го имаше најтешкиот предизвик - целовечерен концерт пред сопствената публика.

Концертот почна со дует на таткото и синот, Драган и Ратко Даутовски, кои на гајда и на тапан ја отворија вечерта најавувајќи дека настапот ќе биде врвно музичко доживување. Набргу на сцената им се придружи и Бајса Арифовска, а по завршувањето на воведот групата се комплетира со вокалот Александра Поповска. Предводен од Драган Даутовски, како и неверојатниот вокал на Александра, која си поигрува со пеењето како тоа да е најлесната работа, квартетот почна да ја раскажува својата приказна, со која веќе десет години ја освојуваат публиката. Се разбира, приказната не би била целосна без мултиинструменталистката Арифовска и перкусионистот Ратко, кои и овој пат го презентираа својот раскошен талент.

Во чест на јубилејот квартетот направи избор на композиции од почетокот на нивната дискографија, па и некои понови материјали, а публиката возвраќаше со силни аплаузи за секоја песна. Бурно беа поздравени нумери како „Јано, Јано“, „Учиме мајко карај ме“, „Не си го продавај Кољо чифликот“.

Забележително беше дека меѓу музичарите од квартетот имаше одлична енергија и комуникација, а дел од тоа се пренесе и врз публиката, која целосно се препушти на нивната музика. Сите членови на групата ја презентираа својата виртуозност во музицирањето.

Дел од концертот, на кој присуствуваа многу луѓе од културниот живот како и многубројни дипломати од странските претставништва во земјава, беа и одличното светло и одличниот звук, кои се задолжителни за публиката вистински и со целосно отворени сетила да го доживее настанот и да ужива во музиката.

Кон крајот на концертот, кој траеше околу час и половина, квартетот се сврте кон повесели нумери, кои иако ја имаат основата во македонската традиционална музика, кокетираат и со рокенролот, хард рокот, блузот и фанкот. Групата се врати на еден бис.

Идејата на Драган Даутовски за музички проект со неколку негови млади и талентирани ученици денес прерасна во формација која многу сериозно и квалитетно ја исполнува македонската музика со сите нејзини уникатни одлики. Ако на почетокот тој беше учителот што ги води останатите членови од квартетот, денес заедно, од исто рамниште, ја прават силата на „Драган Даутовски квартет“.

**Димитар Петровски**

# 6 BİN YILLIK FLÜT

15 Nisan 2007 Pazar 04:29

Müzik Akademisi profesörlerinden Dragan Dautovski, 'Okarina olarak bilinen bu özel flüt neolitik döneme ait.

Dünyanın en eski flütü Makedonya'da tanıtıldı. Dünyanın en eski flütü Makedonya'nın başkenti Üsküp'te basına tanıtıldı. Küre şeklinde olan 6 bin yıllık flütü basın mensuplarına tanıtan Makedonya Müzik Akademisi profesörlerinden Dragan Dautovski, "Okarina olarak bilinen bu özel flüt neolitik döneme ait. Ve 4.7 cm'lik büyüklüğe sahip" dedi. Okarinaların günümüzden ilk olarak 12 bin yıl önce yapıldığı sanılıyor. Çin kültüründe özel yere sahip olan ve sadece 3 ya da 4 deliği bulunan müzik aleti, 19'uncu yüzyılda İtalyan müzisyen Giuseppe Donati tarafından gerçek bir enstrümana dönüştürüldü

Bu haber toplam 37 defa okunmuştur

Yorum Ekle Arkadaşına Gönder Y



Informacii od imternet za mojata kariera.

Dragan Dautovski Quartet was created in July,2000 in Skopje,Macedonia. This band's basic inspiration is Macedonian music folklore idiom. From depth of the folklore, throuhg the various contemporary music aesthetic elements and styles our goal is to create a synthesis of the traditional i modern. The authentic ambient is captured by traditional music instruments (kaval, pipe, tambura,) Album "The Path of the sun " resulted from first CD single "Roots and Blossoms". Members of the Quartet: -Dragan Dautovski-founder of the band ,composer,multiinstrumentalist on traditional instruments. PROFESSIONAL EXPERIENCE: - Professor of folk instruments: kaval, gajda, tambura.at the University "Sts. Cyril and Methodius. - In 1992 formed the ensemble "Mile Kolarovski". - Performed many concerts in Macedonia and abroad. Also this ensemble has recorded a lot of recordings for the National Radio - Television. - Participation on the music score for the film "Before the Rain," 1994. - Formed the group DD Synthesis in 1995. - Production of the second CD of DD Synthesis, present. DISCOGRAPHY: with ANASTASIA - Before The Rain Original motion picture soundtrack - Philips 526 407-2, 1994 DD SYNTHESIS - DD Synthesis SJF Records SJF 107 - 1996 with Yiota Vei and Michalis Nikoloudis - GAYA, Libra Music LMO 15-2 - 1998 with Makis Ablianitis -BAHAR,Libra Music LM 020 - 2 - 2000 Dragan Dautovski Quartet - ROOTS AND BLOSSOMS, Pan Produkcija FD 001-2000 Dragan Dautovski Quartet - THE PATH OF THE SUN, Pan Produkcija FD 002 - 2001 - Compilations: UNBLOCKED: Music of Eastern Europe Ellipsis Arts... (3 CD pack) CD 3571; 3572; 3573 - 1997 CD 3; 12. - DD Synthesis "Dve Devojki" 7:44 Published by Edition Mawi / GEMA " Tanz & Folk Fest - Rudolstadt '98 Hei Deck Folklabel HD 98/8 - 1998 15. DD Synthesis "Ljubov ili smrt" 6:07 Live recording - Heinepark July 3, 1998 Published by Edition Mawi / GEMA " stands for Dragan FRANCOPHONIE À L'EST CFC 03 - 1998 10. - DD Synthesis "Dve Devojki" 7:44 Published by Edition Mawi / GEMA Members of the Quartet: -Aleksandra Popovska-vocal and keyboard; studied music theory and pedagogy at the Faculty of Music in Skopje,Macedonia.During studies performed with a female vocal trio and collaborated with almost all producers in the country. She participated in recordings of over twenty CDs in different music genres. With several group she appeard on many pop music festivals, Eurovision song contests. Real international career began since 2000, as a vocal and keyboard player in the Dragan Dautovski Quartet, performing in more than fifteen countries worlwide. Currently finishes her postgraduate studies at faculty of Art in Utrecht. -Bajsa Arifovska-traditional instruments,Bachelor in Music theory,play more than twenty instruments,founder of the Roma mandolin orchestra " Darhia"in Skopje. -Ratko Dautovski-percussiion,student of the Faculty of Music art,Skopje,Macedonia. Concerts/ Dragan Dautovski Quartet February 2000-Millenium Dome, London, UK November 2001: Promotion of new album „Path of the sun" , Universal Halll, Skopje,Macedonia January 2002: Audiovisuel eureka, Bruxelles, Belgium February 2002 Sarajevo winter, Bosnia&Hercegovina May 2001: Kiev,Ukraina May 2002: Festival „Goce`s days" Bitola, R. Macedonia June 2002:Festival „Racin`s meetings" Veles, R. Macedonia July 2002: Festival „Galicnik wedding" R. Macedonia July 2002: Festival „Alarm" , Ohrid,R. Macedonia July 2002: Festival „Prilep summer" , Prilep, R. Macedonia September 2002: Festival „Kumanovo Jazz"R. Macedonia Oktober 2002: Festival „Sky" , Zagreb, Croatia May 2003: Festival „FABRIKA EUROPA" Florence, Italy June 2003: Festival „EKO" , Ohrid, R. Macedonia June 2003: Festival „Vojdan Cernodrinski" Prilep, R. Macedonia August 2003: Macedonian Cultural Festival 100 Years Ilinden, Australia -Sydney Opera House,Australia -Dallas Brooks Hall,Melbourne -Enmore theatre Newtown, Sydney -Wollongong Entertainment Centre September 2003: Festival

Vuk`s convention",Loznica, Serbia and Montenegro November 2004 Theatar Caffe Borra-Amersfort,The Neatherlands December 2004 Club Paradox-Tilburg, The Neatherlands January 2005 Facuteit Kunst,Media&Techologie, Hilversum, NL February 2005 Concert Noble-Brissel, Belgium April 2005 Agnietencapel,Gouda,Neatherlands Multimedia Projects November 2000-Multimedial project „Roots and blossom", Universal hall, Skopje,Macedonia April 2001 TOBACCO ALBUM - Multimedia project Skopje - Macedonia April 2001 Appears as Guest on concert of DJIVAN GASPARYAN Skopje - Macedonia July 2001 LADY MACBETH - Music for ballet,e-live OHRID SUMMER FESTIVAL,Macedonia September 2001: Music for ballet „Lady Macbeth" ,e-live Macedonian National theatre October 2001: Documentary film „Roots,blossom,fruits" Martch 2002: Music for theater play „Pisanie" Macedonian National Theatre - Skopje,Macedonia February 2003: Music for Theatre play „Jonadab" ,Macedonian National theatre April 2003: Multimedia project „Maria`s dream" ,Universal Hall, Skopje, Macedonia February 2005 Musictheater „Ex..o..dus"-Academie theater-Utrecht April 2005 „Night of Filosophy"-Felix Meritis -performing music from Jan Van Der Ven, Amsterdam, Neatherlands.

ЛИЧНОСТ НА ДЕНОТ



Драган Даутовски

Драган Даутовски вели дека задачата да свири на уникатната топчеста флејта, чијашто старост е проценета на над шест илјади години, му е „доверена од Бога“. А, од Бога му е дадена и способноста да го оживее звукот на сите македонски традиционални инструменти кои, кога ќе се најдат во рацете на нашиот виртуоз, пеат моќно, вонвременско. Вечерва Даутовски ќе биде првиот кој ќе ја оживее неолитската окарина за што, вели, чувствува огромна возбуда. Ќе свири музика која тој самиот ја носи во себеси, вплотувајќи ја со звукот кој речиси шест милениуми седел „скаменет“ во глинестите пазуви на овој необичен инструмент.

Како што ќе рече и самиот во една прилика, културата е најискрениот, најголемиот и најдобриот амбасадор и промотор на една сериозна држава. Драган Даутовски е нејзиниот гласник, човек кој со извонредните вештини во свирењето на македонските народни инструменти ја претставува македонската култура и уметност на највисоко ниво, а за тоа светската јавност го поздравува со овации.

Гласот од минатото, како што е насловен вечерашниот концерт, ќе биде првиот чекор кон претставување на флејтата во светот, а нејзиниот специфичен звук, кој ќе излегува од душата на Даутовски, ќе стане глас на сегашноста и, секако, на иднината. (Т.И.)

„Глас од минатото“ со квартетот на Драган Даутовски



Промоцијата на уникатниот македонски инструмент, топчестата флејта-окарина, ќе се случи вечерва во Универзалната сала во 20 часот, на концертот на „Квартетот Драган Даутовски“ насловен „Глас од минатото“. Македонскиот мултиинструменталист Даутовски ќе свири на флејтата чија старост е проценета на над 6000 години и претставува еден од најстарите инструменти во светот, но Квартетот ќе изведува и композиции од нивните досегашни албумски остварувања.

Македонскиот инструмент, топчестата окарина, својата прва јавна светска презентација всушност, ќе ја доживее токму на вечерашниот концерт. Овој инструмент датира од неолитскиот период, изработен е од теракота (глина), а е пронајден во 1989 година при археолошки истражувања непосредно до населбата Чашка на археолошкиот локалитет Мрамор, кој се наоѓа на 15 километри од Велес.

„Возбуден сум од даденоста да бидам јас токму тој кој по толку многу години ќе го изнесе во јавноста овој уникатен инструмент, а ќе изведувам музика која и јас и инструментот ја носиме во себе. Мислам дека задачата да свирам на оваа флејта ми е доверена од Бога“, вели Даутовски.

Концертот на „Квартетот Драган Даутовски“ е во организација на „Литиум рекордс“, Концертната агенција „Алеа“ и СОКОМ и претставува завршен настан на јубилејното, 30-то издание на манифестацијата „Денови на македонска музика“. (Т.И.)

Драган Даутовски на концерт на УНЕСКО во Париз

Во рамките на прославата на шеесетгодишнината од постоењето на УНЕСКО, меѓу 45 музичари од целиот свет, свој настап ќе има и Драган Даутовски. На манифестацијата во Париз, Даутовски ќе настапи во дует со Лиу Фанк, артист од Кина кој свири на традиционалниот инструмент пипа.

бави звуци на едно мистично време



Топчестата флејта во рацете на Даутовски звучеше топло, опојно, древно

**ТИНА ИВАНОВА**

Опојно, топло... древно. Звук кој раскажува приказни од едно мистично време, тонови кои се разлеваат со тага, со радост, ти ја милуваат душата, ја возвишуваат мислата создавајќи богато обоени пејсажи чие пространство, за нас луѓето, е бескрајно, недофатливо. Магично звучеше неолитската топчеста флејта, минијатурна по форма, но со широка палета на музички изрази кои силно извираа од уметничкиот сензибилитет на маестро Драган Даутовски. Го оживеа нејзиниот звук, нејзината моќ и убавина што скоро шест милениуми окарината скржаво ги чувала во својата глинена утроба.

Прексиноќа многубројната публика во Универзалната сала ја имаше честа да присуствува на првата промоција на уникатниот инструмент кој е од непроценлива археолошка, музичка и воопшто културна вредност. Не само за Македонија, туку и за светот. Концертот на „Квартетот Драган Даутовски“ насловен „Глас од минатото“, во чиј разновиден репертоар кулминираше токму музиката изведена на топчестата флејта, остави длабока импресија кај посетителите. За нас новиот звук, историјата која во себе ја носи окарината, а со тоа и тајните скриени во неа, му даде на прексиноќешниот настан митска димензија.

Квартетот на македонскиот виртуоз на традиционални инструменти, Драган Даутовски, завчера на скопската публика и понуди композиции од неговите минати албумски остварувања, но и нови дела меѓу кои се најдоа и четири конкретно создадени за топчестата флејта, извонредно креативни, а во едната од нив вплотена и песната „Окарината на човекот “ на Ефтим Клетников - создадена токму за неодамна откриениот инструмент. Изведбата на култната „Си заљубив едно моме“, пак, како да си го пронајде изворот.

И овој пат неспорна беше, како и во минатите концертни претставувања на Квартетот, виртуозноста во изведбата и на останатите членови на овој состав кој го негува т.н. етно- израз, во кој македонските народни песни, „облечени“ во нови, современи „костими“, го имаат почесното место во нивната богата програма. Извонредната вокалистка Александра Поповска, Ратко Даутовски на перкусии, Бајса Арифовска на тамбури и Драган Даутовски кој изведуваше на кавал, тамбура, гајда и секако, на топчестата флејта, а поддржани од гостинот Влатко Георгиев на синтисајзер, сите подеднакво се вклопија во вештината на музицирањето, со своевидна перфекција и голема страст кон уметноста што ја создаваат. „Не си го продавај Кољо Чифликот“, “Со маки сум се родила“ или најпознатата, омилена кај публиката „Ој Јано, Јано“, чии мелодиски линии се само една суптилна реминисценција во оригиналните аранжмани на Квартетот, предизвикаа бурни аплаузи кај публиката. Преубаво звучеа и останатите, во кои ритуалните, обредните подзнаци во јазикот на „музичката универзалност“, прават своевиден музички театар кој поседува свежо, ново музичко искуство. Изненадување на концертот беа двајцата тапанџии, наследници на познатите Ратевски од беровскиот крај, кои заедно со Даутовски на гајда, фрапираа со брзината, прецизноста, атрактивноста на својот настап.

„Глас од минатото“ навистина ни го донесе звукот на едно време кое секој од нас, слушајќи го „гласот“ на милозвучната флејта, може да си го претстави на личен и единствен начин. Македонското музичко наследство со откривањето на инструментот доби нови перспективи, освои нови пространства. Како што ќе запише филозофот Клод Леви-Строс, „...за музиката не може ниту да се зборува, зошто нејзина привилегија е да

знае да го изрази она што со ниту едни други средства не би можело да се искаже...“А, топчестата окарина, сплотена со музиката која во себе ја носи маестро Драган Даутовски, го изразува неискажливото.

Топчестата флејта - светска атракција



На 19 април во Универзална сала „Квартетот Драган Даутовски“ ќе одржи концерт на кој ќе ја промовира уникатната окарина

**ТИНА ИВАНОВА**

„Глас од минатото“ е насловот на концертот на „Квартетот Драган Даутовски“ на кој, македонскиот виртуоз на народни инструменти, ќе го промовира неодамна откриениот археолошки наод-топчестата флејта, окарина, чија старост е проценета на над 6000 години и претставува еден од најстарите инструменти во светот. Концертот, кој ќе се одржи на 19 април во Универзалната сала во 20 часот, е во организација на „Литиум рекордс“, Концертната агенција „Алеа“ и СОКОМ и претставува завршен настан на јубилејното, 30-то издание на манифестацијата „Денови на македонска музика“.



Македонскиот уникатен инструмент, топчестата окарина, својата прва јавна светска презентација ќе ја доживее токму на концертот на „Квартетот Драган Даутовски“. Овој инструмент датира од неолитскиот период, изработен е од теракота (глина), а

е пронајден во 1989 година при археолошки истражувања непосредно до населбата Чашка на археолошкиот локалитет Мрамор, кој се наоѓа на 15 километри од Велес. Инструментот е пронајден од страна на Трајанка Јовчевска, советник-кустос при Народниот музеј во Велес, која вели дека предметот треба да се наметне како наод кој ќе побуди голем интерес не само кај нас, туку и во светот. „Не сакав инструментот само да го изложам во витрина, туку сакав оваа флејта која го симболизира животот, да живее и во иднина. Ова е инструмент направен од некој голем ум, од човек кој точно знаел што сака и каков звук да произведе. Иако е пронајден пред 18 години, дури сега се чувствувам зрела да ја потврдам вредноста на инструментот и покрај мислењето на некои луѓе дека моето толкување за неговото потекло е преамбициозно“, вели Јовчевска.

„Голема чест ми е што ќе настапам во рамките на фестивалот „Денови на македонска музика“ кој годинава слави еден извонреден јубилеј - 30 години од постоењето. Секогаш кога настапувам во Скопје, имам поголема грижа отколку било каде во светот“, вели Драган Даутовски. Концертот „Глас од минатото“ ќе биде поделен на три дела, каде во третиот сегмент, по 6 илјади години првпат ќе прозвучи топчестата флејта. „Возбуден сум од даденоста да бидам јас токму тој кој по толку многу години ќе го изнесе во јавноста овој уникатен инструмент, а ќе изведувам музика која и јас и инструментот ја носиме во себе. Мислам дека задачата да свирам на оваа флејта ми е доверена од Бога. Ќе споменам еден податок. На концертните настапи со мојот Квартет во Москва и Санкт Петербург, два месеци пред телефонскиот повик на Трајанка Јовчевска, сонував чуден сон кој што најпрвин сериозно ме загрижи. Сметам дека малку е невкусно, па затоа ќе ги изнесам само последните зборови од испишаната порака на ливче кое на рака ми падна од височините. „… од друг свет ќе чуеш глас“. Се друго беше на мое барање, и секако во договор со Трајанка. Таа ми го донесе археолошкиот наод на експертиза пред две години и се воспостави дека станува збор за еден многу редок инструмент кој е совршено сочуван, кој совршено штима“, вели Даутовски. За него, топчестата флејта претставува симбол како да се однесуваме кон културното наследство. Даутовски вели дека инструментот не му припаѓа само на нашето културно наследство, туку на целото човештво.

Концертот „Глас од минатото“, кој се најавува како светска атракција од највисок уметнички и културолошки ранг, е почеток кон промоцијата на окарината низ светот.

Концертната промоција на топчестата флејта е прво искуство во Македонија на поинаков начин да се постави еден движен археолошки наод. Според Данче Голубовска, советник за археолошки локалитети при Управата за заштита на културното наследство, окарината е исклучително важен археолошки наод за Македонија и нејзината вистинска вредност може да се согледа само преку континуирани активности. Голубовска вели дека на соодветен начин се регулирани и утврдени правата и обврските кои се однесуваат на времено користење на овој предмет, заради негово проучување, користење и презентација.

**Драган Даутовски - музичар**
**Испитната сесија на ФМУ е во полн ек, па речиси целиот ден ми минува во друштво со студентите. Планот за денот обично го приспособувам според термините за испитите, иако ми се чини дека не ми останува празен простор во времето за ништо друго. Ама она што мора да се направи не е тешко.**

Драган Даутовски

Од друг свет ќе чуеш глас



**Окарината ми беше донесена на експертиза и се воспостави дека станува збор за еден многу редок инструмент, вели македонскиот музичар**

**ТИНА ИВАНОВА**

На 19 април, јубилејното издание на манифестацијата „Денови на македонска музика“, свечено ќе се затвори во Универзалната сала со концертот на „Драган Даутовски Квартет“, на кој македонскиот виртуоз на традиционални инструменти звучно ќе го промовира неодамна откриениот предмет - топчеста флејта, окарина, чија старост е проценета на над 6.000 години. Концертот носи наслов „Глас од минатото“ и посетителите ќе имаат можност да го чујат необичниот и уникатен звук на овој македонски инструмент кој е од непроценлива вредност. Тоа е и повод за разговор со Драган Даутовски, кој зборува и за останатите негови активности:

Централен настан на манифестацијата „Денови на македонска музика“ ќе биде токму вашиот концерт кој го насловивте „Гласот на минатото“. Насловот, всушност, укажува и на спецификата на овој настан. Ќе свирите на неодамна откриената топчеста флејта-окарина, чија старост е проценета на над 6.000 години и претставува еден од најстарите инструменти во светот. Па, какво беше чувството кога првпат се сретнавте со овој предмет кој е од непроценлива вредност?

- Според информациите на Трајанка Јовчевска, археолог при музејот во Велес, (која впрочем е клучната фигура и „главниот виновник“), во 1989 година при археолошки истражувања непосредно до населбата Чашка на археолошкиот локалитет Мрамор, на 15 километри од Велес, во делот кој беше преоран со механизација, на површина бил исфрлен мал глинен топчест предмет од неолитскиот период, со старост погелема од 6000 години. Археолошкиот наод од страна на Трајанка ми беше донесен на експертиза и се воспостави дека станува збор за еден многу редок инструмент изработен од теракота (глина), а тоа е топчеста флејта.

Можете ли накусо да ги запознаете читателите за каков инструмент станува збор, со оглед на тоа што досега македонската публика немала можност да се сретне со неговите звуковни карактеристики?

- Како што реков, станува збор за редок и уникатен инструмент кој што јас настојувам, секако сето тоа научно и практично поткрепено, да не се именува како инструмент од фамилијата на теракотните окарини, за кои знаеме дека датираат исто така од неолитскиот период. Неколку посебности за кои нема сега да зборуваме ја прават посебна, односно различита од окарината.

Не залудно токму вам ви е доверена задачата да го презентирате овој инструмент, бидејќи вашето искуство во интерпретацијата на традиционалните инструменти е огромно. Како го осмисливте концептот на концертот „Гласот на минатото“, што, всушност, ќе и презентирате на скопската јавност?

- Па, да бидам искрен задачата ми е доверена од Бога, на концертните настапи со мојот Квартет во Москва и Санкт Петербург, два месеци пред телефонскиот повик на Трајанка, сонував чуден сон кој што најпрвин сериозно ме загрижи. Сметам дека малку е невкусно, па затоа ќе ги изнесам само последните зборови од испишаната порака на ливче кое на рака ми падна од височините. „… од друг свет ќе чуеш глас“). Се друго беше на мое барање, и секако во договор со Трајанка. Практично, концертот е програмски, односно музички осмислен за концертна промоција на топчестата флејта од Македонија.

Неодамна, за чешката дистрибутерска куќа „Фонтана“ го издадовте ЦД-то „Разбој“ на кое се сместени традиционални македонски песни. Зошто се решивте најпрвин ова издание да го објавите во Чешка и кога тоа ќе го види македонското светло?

- Чешкиот издавач направи професионален контакт со мене, тие се и една од најголемите електронски библиотеки во Европа и имаат стратегија на промовирање која мене ми се допадна. На македонскиот пазар ќе се појави кон крајот на мај.

„Разбој“ е малку поинакво издание од оние кои досега ги издадовте со „Драган Даутовски Квартет“. Овде се фокусирате стриктно на изворот, на корените…

- Да, „Разбој“ е проект кој всушност е уште еден мој допринос, односно наш допринос за зачувување на оргиналноста на традиционалниот музички израз на македонскиот фолклор и е во функција, како и се друго што се создава кај нас на културен план, на системот (ако го имаме воопшто) за одбрана од културна агресија врз културното наследство на овој народ.

Минатиот месец ја претставивте македонската музичка култура во Хавана, на меѓународната манифестација „Дијалог меѓу цивилизациите низ културата“, настапувајќи во Интернационалниот оркестар на традиционални инструменти. Ја изведовте „Недовршената симфонија“ од Шуберт. Накусо, со какви впечатоци се вративте од оваа манифестација на која учествувале педесетина земји од светот?

- Веќе трета година како артист на Унеско на светот ја претставувам македонската култура на највиско уметничко ниво, секако во доменот на моите можности. Во Хавана,

покрај концертниот настап на кој што заедно со Кубанската филхармонија имавме интересен осврт на Шубертовата „Недовршена симфонија“, на државниот институт за уметност и музичката академија имав опширно предавање на тема македонски фолклор и народни инструменти, кое патем беше проследено со особен интерес. Впечатоците се огромни, затоа што во такви моменти ви приоѓаат уметници и дипломати од целиот свет и сосема растеретени од историски и политички комплекси на помали поголеми народи и традиции, ви приоѓаат со нескриен восхит, а во случајот ти доаѓаш од Македонија. Културата сепак е најискрениот, најголемиот и најдобриот амбасадор и промотер на една сериозна држава.

Од: SINDIKALEC

Датум: 02.04.2007 09:04:51

Bravo Dragane Sabjata na Dedo Ilo i Kuburite na Dedo Dimitar Berovski ti gi zameni so novo oruzje. Posilno od site voeni arsenali na NATO. Ako imame sreka svetot, namesto pole na voen natprevar, da se transvormira vo pole na kulturen natprevar medju narodite, togash, ne samo shto nema da ni go sporat imeto, tuku so stravopocit ke go izgovaraat. Na toj lud svet mu gi dadovme ili prenesovme osnovnite civilizaciski vrednosti, i namesto pocituvawe i pristojno mesto pod zaednickoto sonce, semkata saka da ni ja sotrijat. Muzikata, a ne oruzjeto, e instrument za obedinuvanje na svetot.

Од: Brsjak.

Датум: 02.04.2007 17:32:57

Za Dragan moze da se kazat samo najubavi i najgolemi zborovi za ova zto go cini za nasava napatena,najgrabana , naj prisvojuvana od komsiite i od onie sto go dobija pismoto jaziko i verata, a denes ni pravat deka nie sme nivni, a Dragan mu go pokazuva na svetot koja e Makedonija i Makedonski narod. Vo sonot na Dragan ima mnogu vistina, Toj na samo sto ke slusne glas odozgoa tuku Toj e praten da e vrsi taa misija za Makedonija.

Драган Даутовски

Од друг свет ќе чуеш глас



**Окарината ми беше донесена на експертиза и се воспостави дека станува збор за еден многу редок инструмент, вели македонскиот музичар**

**ТИНА ИВАНОВА**

На 19 април, јубилејното издание на манифестацијата „Денови на македонска музика“, свечено ќе се затвори во Универзалната сала со концертот на „Драган Даутовски Квартет“, на кој македонскиот виртуоз на традиционални инструменти звучно ќе го промовира неодамна откриениот предмет - топчеста флејта, окарина, чија старост е проценета на над 6.000 години. Концертот носи наслов „Глас од минатото“ и посетителите ќе имаат можност да го чујат необичниот и уникатен звук на овој македонски инструмент кој е од непроценлива вредност. Тоа е и повод за разговор со Драган Даутовски, кој зборува и за останатите негови активности:

Централен настан на манифестацијата „Денови на македонска музика“ ќе биде токму вашиот концерт кој го насловивте „Гласот на минатото“. Насловот, всушност, укажува и на спецификата на овој настан. Ќе свирите на неодамна откриената топчеста флејта-окарина, чија старост е проценета на над 6.000 години и претставува еден од најстарите инструменти во светот. Па, какво беше чувството кога првпат се сретнавте со овој предмет кој е од непроценлива вредност?

- Според информациите на Трајанка Јовчевска, археолог при музејот во Велес, (која впрочем е клучната фигура и „главниот виновник“), во 1989 година при археолошки истражувања непосредно до населбата Чашка на археолошкиот локалитет Мрамор, на 15 километри од Велес, во делот кој беше преоран со механизација, на површина бил исфрлен мал глинен топчест предмет од неолитскиот период, со старост погелема од 6000 години. Археолошкиот наод од страна на Трајанка ми беше донесен на експертиза и се воспостави дека станува збор за еден многу редок инструмент изработен од теракота (глина), а тоа е топчеста флејта.

Можете ли накусо да ги запознаете читателите за каков инструмент станува збор, со оглед на тоа што досега македонската публика немала можност да се сретне со неговите звуковни карактеристики?

- Како што реков, станува збор за редок и уникатен инструмент кој што јас настојувам, секако сето тоа научно и практично поткрепено, да не се именува како инструмент

од фамилијата на теракотните окарини, за кои знаеме дека датираат исто така од неолитскиот период. Неколку посебности за кои нема сега да зборуваме ја прават посебна, односно различита од окарината.

Не залудно токму вам ви е доверена задачата да го презентирате овој инструмент, бидејќи вашето искуство во интерпретацијата на традиционалните инструменти е огромно. Како го осмисливте концептот на концертот „Гласот на минатото“, што, всушност, ќе и презентирате на скопската јавност?

- Па, да бидам искрен задачата ми е доверена од Бога, на концертните настапи со мојот Квартет во Москва и Санкт Петербург, два месеци пред телефонскиот повик на Трајанка, сонував чуден сон кој што најпрвин сериозно ме загрижи. Сметам дека малку е невкусно, па затоа ќе ги изнесам само последните зборови од испишаната порака на ливче кое на рака ми падна од височините. „… од друг свет ќе чуеш глас“). Се друго беше на мое барање, и секако во договор со Трајанка. Практично, концертот е програмски, односно музички осмислен за концертна промоција на топчестата флејта од Македонија.

Неодамна, за чешката дистрибутерска куќа „Фонтана“ го издадовте ЦД-то „Разбој“ на кое се сместени традиционални македонски песни. Зошто се решивте најпрвин ова издание да го објавите во Чешка и кога тоа ќе го види македонското светло?

- Чешкиот издавач направи професионален контакт со мене, тие се и една од најголемите електронски библиотеки во Европа и имаат стратегија на промовирање која мене ми се допадна. На македонскиот пазар ќе се појави кон крајот на мај.

„Разбој“ е малку поинакво издание од оние кои досега ги издадовте со „Драган Даутовски Квартет“. Овде се фокусирате стриктно на изворот, на корените…

- Да, „Разбој“ е проект кој всушност е уште еден мој допринос, односно наш допринос за зачувување на оргиналноста на традиционалниот музички израз на македонскиот фолклор и е во функција, како и се друго што се создава кај нас на културен план, на системот (ако го имаме воопшто) за одбрана од културна агресија врз културното наследство на овој народ.

Минатиот месец ја претставивте македонската музичка култура во Хавана, на меѓународната манифестација „Дијалог меѓу цивилизациите низ културата“, настапувајќи во Интернационалниот оркестар на традиционални инструменти. Ја изведовте „Недовршената симфонија“ од Шуберт. Накусо, со какви впечатоци се вративте од оваа манифестација на која учествувале педесетина земји од светот?

- Веќе трета година како артист на Унеско на светот ја претставувам македонската култура на највиско уметничко ниво, секако во доменот на моите можности. Во Хавана, покрај концертниот настап на кој што заедно со Кубанската филхармонија имавме интересен осврт на Шубертовата „Недовршена симфонија“, на државниот институт за уметност и музичката академија имав опширно предавање на тема македонски фолклор и народни инструменти, кое патем беше проследено со особен интерес. Впечатоците се огромни, затоа што во такви моменти ви приоѓаат уметници и дипломати од целиот свет и сосема растеретени од историски и политички комплекси на помали поголеми народи

и традиции, ви приоѓаат со нескриен восхит, а во случајот ти доаѓаш од Македонија. Културата сепак е најискрениот, најголемиот и најдобриот амбасадор и промотер на една сериозна држава.

По топчестата флејта, уште еден инструмент од неолитот



Неолитското свирче направено од глина го промовираше Драган Даутовски

**БИТОЛА** - Инструмент стар повеќе од 5 илјади години беше промовиран во Битола при отворањето на Светскиот центар за истражување на македонскиот неолит. Станува збор за инструмент од сигнален карактер, со многу продорен звук. Бил пронајден во охридско-струшкиот регион, што води кон размислувања дека најверојатно ловџиите и рибарите го користеле како средство за комуникација. Неолитски мобилен телефон.

„Ова е свирче направено од глина“, вели Драган Даутовски, кој по промоцијата на топчестата флејта, го промовираше и овој инструмент. „Не е многу мелодиски богат, но е многу значаен зашто со ова и се дава уште една тежина на музиката, не само како уметност, туку и како практикум којшто неолитскиот човек знаел да го примени во својата филозофија на живеење“.

Луѓето во неолитот знаеле да љубат, да почитуваат, имале висока свест за начинот на живеење. Сознанието дека користеле вакви инструменти и фактот дека досега во светот не е најдено неолитско оружје, одат во прилог на тврдењата на поетите и филозофите дека тоа е време на човековата пролет.

Даутовски очекува во неговите раце да се најдат и други стари инструменти. „Само Бог знае што се има по депоата на нашите музеи .Мислам дека не сме далеку од вистината дека, како тргнале работите, ќе правиме филхармонија од неолитски инструменти“.

Даутовски вели дека во неговиот репертоар ќе се најдат специјални перформанси со флејтата, кавалот и сега со неолитското свирче,кои ќе ги изведува на посебно убави места . „Се’ со единствена порака - дека треба и ние да се трудиме на нашите деца да им

оставиме некакво културно наследство. Дури и љубовта, убавиот збор и почитувањето кон луѓето. Ако овие вредности не им се потенцираат како наследство, животот ќе го продолжат во тензии кои ги пласира декадентниот Запад, ќе живеат со мисла дека преку војните може се' да се постигне, ќе заборават на љубовта и на убавото". (С.Т.Г.)

Деновите на македонска музика" во интензивни подготовки

Организаторите на традиционалниот фестивал „Денови на македонска музика", Сојузот на композиторите на Македонија, велат дека се во интензивни подготовки за јубилејното, 30-то издание на манифестацијата која ќе трае од 27 март од 5 април. Годинашните „Денови на македонска музика" ќе почнат со духовен концерт на хорот „Драган Шуплевски" со кој ќе диригира Даринка Матиќ - Маровиќ од Србија, а ќе се затворат со концерт на „Квартетот Драган Даутовски" насловен како „Глас од минатото", кој ќе се одржи во Универзалната сала.



Во рамките на јубилејниот, десетдневен фестивал „Денови на македонска музика" кој години station наназад ја има улогата да ја афирмира македонската современа музичка култура, ќе бидат содржани голем број на концерти на домашни и странски ансамбли. Меѓу нив се и настапите на Македонската филхармонија, Македонската опера и балет, Ансамблот на современа музика „Алеа", Гудачкиот оркестар „Арката Штудгард", Хорот на Косовската филхармонија, Квартетот тромбони при МОБ... Од солистичките имиња кои ќе настапат на ДММ се споменуваат басот Игор Дурловски, сопранот Весна Гиновска-Илкова, виолонистот Михајло Куфојанакис, виолистот Блерим Груби, пијанистите Тодор Светиев, Маја Кастратовиќ, дуото Гелебешеви... Централен настан на ова јубилејно издание, сепак, ќе биде концертот на Драган Даутовски на кој нашиот виртуоз на народни инструменти, ќе свири на неодамна откриениот археолошки наод-топчестата флејта, окарина, чија старост е проценета на повеќе од 6000 години и претставува еден од најстарите инструменти во светот. Ова ќе биде прва јавна презентација на уникатниот инструмент. Концертот на Даутовски е во организација на „Литиум рекордс" и Концертната агенција „Алеа".

На фестивалот и годинава ќе има Оф програма во чии рамки е содржан експериментален концерт на Оливер Јосифовски кој ќе настапи со својот нов инструментариум наречен „Олистаклофон", како и настапот на Ансамблот за изворна музика "Бистри Води".

Традиционално, покровители на „Деновите на македонска музика“ се претседателот на Република Македонија, Бранко Црвенковски и Министерството за култура. (Т.И.)

Култура

Јубилејни македонски музички денови




Од 27 март до 19 април, фестивалот „Денови на македонска музика“ со интересни концерти ќе го одбележи 30-годишното постоење

**ТИНА ИВАНОВА**

Јубилејното, 30. издание на манифестацијата која го афирмира македонското современо музичко творештво, „Денови на македонска музика“, свечено ќе се отвори на 27 март (вторник) во Соборниот храм „Св. Климент Охридски“ со концертот на Мешаниот хор при ФМУ „Драган Шуплевски“, под диригентство на Даринка Матиќ-Маровиќ од Србија. На отворањето ќе настапат и Женскиот хор „Менада“ и Детскиот хор „Лале“ од Тетово, како и солистите Анастасија Кептелова, мецосопран, Дејан Стоев, тенор, Горан Начевски, баритон и Владимир Саздовски, бас, а премиерно ќе биде изведена вокалната кантата „Псалми“ на македонскиот композитор Стојан Стојков.

Следејќи ја традицијата, но и концепцијата на фестивалот, и годинава „Деновите...“ ќе го промовираат најновото творештво на македонските автори, како и постари дела кои досега биле и не биле изведени, а го чинат елементарниот сегмент на авторското современо музичко творештво. Премиерна изведба на ова јубилејно издание ќе доживеат околу дваесет дела, а останатите композиции ќе претставуваат ретроспектива на македонската музичка творечка мисла, со што ќе се одбележи и 30 годишниот јубилеј и на долгогодишниот организатор на ДММ, Сојузот на композиторите на Македонија. Селекторот на ДММ, Сони Петровски, вели дека фестивалот има разновидна програма која и нуди на македонската јавност несекојдневна можност да се запознае со творештвото на македонските автори на едно професионално ниво. Настапите на домашни и странски ансамбли и солисти

Проф. д-р **ДРАГАН ДАУТОВСКИ**